965

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/ 337 од 31- 12. 2018 год.

Врз основа на член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018) и член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 22. седница одржана на 27.12.2018 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за стекнување на звање редовен професор доживотно и засновање работен однос на неопределено време

Член 1

Се констатира дека проф. д-р Митко Хаџи-Пуља, избран по втор пат во звањето редовен професор со одлука на Универзитетскиот сенат бр. 02-359/10 од 31.3.2017 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Архитектонски факултет – Скопје, се стекнува со звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Член 2

Со констатирање на статусот од точка 1 на оваа одлука се врши усогласување на статусот редовен професор на именуваниот со одредбите од член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018).

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Архитектонски факултет - Скопје

Декан

Вонр. проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:
- Архивата
- Именуваниот наставник
- Персоналната служба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

Б И Л Т Е Н

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ВО СКОПЈЕ

Број 1141

Скопје, 1 март 2017 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:

проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска - Цветановска

Бр. _____

_5.8. 2013_

Скопје

Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***ѓ***', '***ѝ***', '***ѝ***', '***ї***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ-Ректорат

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

Содржина на Билтен број 1141 од 1 март 2017 година

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на редовен професор од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студи во Институтот за архитектонско пшроектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Митко Хаџи-Пуља)**.....9-28

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средните претпријатија** од **м-р Ива Дујак,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....29-35
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Мкедонија** од **м-р Аземина Машовиќ,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..... 36-43

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Константина Кузевска Манева, д-р Лидија Карева, д-р Светлана Кочева, д-р Марина Крстевска Константинова)**.....44-82
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметот хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Елена Шукарова-Ангеловска)**.....83-104
3. Реферат за избор на научен работник по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје **(н. сор. д-р Емилија Шахпазова)**.....105-117
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење** од м**-р Искра Геразова,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....118-125
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитацијата како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија** од **д-р Анета Петрушевска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....126-135
6. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р Мирлинда Билали, м-р Димитринка Јорданова Пешевска)**..... 136

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правната положба на лицата со душевни пречки – извршители на казнени дела** од **м-р Драгана Кипријановска,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..... ..137-148
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија** од **м-р Сашо Огненовски,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....149-154

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: туристичка географија (предмети: туристичка географија на Република Македонија, туризмот и сообраќајната географија), регионална географија (предмет: географија на Африка, Америка и Австралија), туристички агенции (предмет: туристички агенции), хотелиерство (предмет: хотелиерство), економика и организација на туризмот (предмет: економика на туризмот) и други специфични подрачја (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Милена Талеска)**.....155-171
2. Реферат за избор на асистент од областа на општествената географија (економска), на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Марија Љакоска)**.....172-174
3. Реферат за избор на асистент од областа на физичката географија, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Анита Тодорова, д-р Марјан Темовски)**.....175-178
4. Реферат за избор на асистент од наставно-научните области: материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и Средниот Исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија, на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Виктор Трајановски)**.....179-182
5. Реферат за избор на еден асистент од наставно-научната област на регионалната географија, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Владимир Златаноски)**.....183-185
6. Рецензија на ракописот под наслов **Геохемиски атлас на Скопје** од авторите **д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети,** пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....186-191
7. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Ѓорѓи Божиновски, Сандра Чанчалова, Бојан Богатиновски, Драгана Трајковиќ)**.....192-193

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област јавно здравство во стоматологијата на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Јулијана Николовска)**.....194-253
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Методологија за проценка на трајноста на суптотална телескоп протеза** од **д-р Ана Спировска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....254-259
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Ортодонтските аномалии ризик фактор во иницирањето и прогресијата на инфламаторнодеструктивните промени на парадонтално ткивниот комплекс,** изработена од **д-р Сабетим Черкези,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....260-267
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Будима Пејковска Шахпаска)**.....268
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Владимир Димитровски, д-р Јана Милутиновиќ, д-р Јана Бајевска)**.....269

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: преработка на метали во течна состојба и металуршко инженерство, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Благој Ризов)**.....270-279

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи** од **Владо Петрушевски,** пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје.....280-288
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки и наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори** од **м-р Симона Димчевска,** пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје....289-300

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Vestibulum latinitatis grammatica** од авторките: **Весна Димова-Јањатова** и **Светлана Кочовска-Стевовиќ,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.....301-305
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ефектите од (не)завршената задача на постконфилктното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година** од **м-р Оливер Станоески,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....306-313
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност** од **м-р Марија Ѓошева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....314-327

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: историја на албанската книжевност и историја на општата книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Агим Лека)**.....328-339
2. Реферат за избор на лектор по француски јазик (наставно-научна област: романистика) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Ирена Павловска)**.....340-352
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Аспекти на интертекстуалноста во албанската поезија на преродбата,** изработена од **Мерал Шехаби-Весели,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...353-359
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Игор Станојоски)**.....360

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на еден наставник во научното поле економски науки, наставно-научна област економика на туризмот и угостителството на Економскиот институт во Скопје **(д-р Марија Таковска)**.....361-382
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научното поле општествени науки, научна област: економика на јавните служби на Економскиот институт во Скопје **(д-р Елена Давитковска)**.....383-403
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија,** изработена од **м-р Татјана Стојческа,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....404-410

4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Ивана Велковска, Ева Зарезанкова, Јулијана Киселинова, Иван Григоријевиќ, Татјана Наумова)**.....411-412

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛИГИЈА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски трудови на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(м-р Милош Стокуќа, м-р Јордан Бојаџиев)**.....413

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН, ПО ПРЕДМЕТИТЕЌ: ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА, АХИТЕКТОНСКА КОМПОЗИЦИЈА И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 24.11.2016 год., донесе Одлука со која не́ одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден за избор на еден редовен професор од областа на архитектонското проектирање и дизајн, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонска композиција и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во „Нова Македонија" од 10 ноември 2016 год., се пријави д-р Митко Хаџи-Пуља, д.и.а., досегашен редовен професор во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на поднесените документи, увидот во досегашната работа и врз основа на познавањето на кандидатот, го даваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Биографски податоци и работно искуство

Д-р Митко Хаџи Пуља е роден 1957 година во Скопје.

1985/2001

Асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје

2001 Доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонскиот факултет – Скопје, по предметите: внатрешна архитектура, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

2006 Вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет - Скопје на предметите внатрешна архитектура, архитектонско

проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

2011 Редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет - Скопје по предметите: внатрешна архитектура, архитктонска композиција, архитектонско проектирање и група предмети од областа на дизајнот (продлабочена настава) во Институтот за архитектонско проектирање.

2011/12 2012/13 2013/14 2014/2015 2015/2016 2016/2017

Учесник во архитектонските студија: I, II.

УНИВЕРЗИТЕТСКИ ДИПЛОМИ:

1982 Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (1975-1981) под менторство на проф. Александар Никољски.

1990 Специјализирал на Архитектонскиот факултет, Универзитет во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема “анализа на зафатени простори од аспект на архитектонска композиција”.

1996 Магистрирал на Архитектонскиот факултет, Универзитет во Белград, под менторство на проф. д-р Брана Миленковиќ, на тема „Обликовни постапки во компонирањето на архитектонскиот простор”.

2011 Докторска дисертација на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под менторство на проф. д-р Мартин Гулески, на тема „За феноменологијата на архитектонскиот простор”.

Прегледот на референцијалните трудови од наставната, теоретско-едукативната, научноистражувачката и проектантската дејност до неговиот избор во звањето професор се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.521, 686, 777 и 1011.

II. Наставно-образовна дејност

Во периодот од изборот за вонреден професор во 2011 до 2017 година, д-р Митко Хаџи-Пуља продолжува да учествува во изведувањето на наставата по предметот внатрешна архитектура, а ја започнува својата наставничка кариера со предавање на предметите теорија на форма и архитектонско проектирање во продалбочената настава (стар наставен план) односно на предметите: архитектонско студио 1 и 2, внатрешна архитектура 1 и 2 и архитектонска композиција (нов наставен план - ЕКТС).

Учеството на доц. д-р Митко Хаџи-Пуља во остварувањето на наставните програми на кои е биран е значајно, впечатливо и препознатливо. Мерка и потврда за тоа се студентските семестрални и дипломски проекти на додипломските студии, односно семинарските и магистерските работи на постдипломските студии.

Значаен е неговиот личен придонес во оживотворувањето и ставањето во процес на изборниот предмет теорија на форма (стар наставен план), т.е. архитектонска композиција (нов наставен план). Неговата предметна материја е директно врзана со предметот што е од научен интерес на кандидатот и од особено значење за обликовното промислување на објектите и вкупното архитектонско образование на студентите, а тоа е феноменологијата на архитектонскиот простор во биокултурен дискурс.

Особено е вредно за внимание учеството на д-р Митко Хаџи Пуља во дефинирањето на содржините и методите на работа во архитектонското студио 1 и 2 заедно со проф. д-р Минас Бакалчев. Архитектонските студија 1 и 2 започнаа со работа за прв пат според ЕКТС-програмата во 2007/08 година и денес бележат видни резултати и значајни успеси.

Успешноста во наставно-образовната дејност на вонр. проф. д-р Митко Хаџи Пуља, се потврдува и низ неговата активна работа како ментор на 100 дипломска работа на теми: ,,Сценарија за обнова на Македонското село“; ,,Македонски винарии“; ,,Музички центар – Едукитавен и перформативен“; ,,Јужен булевар – сценарија за развој“; ,,Инфо точка и времено домување на Скопско Кале“ и ментор на 76 магистерски работи на тема „Архитектура и култура, интерполација во изградена средина“, „ Архитектура и природа-Архитектура во природа и природата во архитектурата“.

Како ментор, д-р Митко Хаџи Пуља ги поттикнува студентите на стекнување нови и продлабочени знаења, вештини и способности за разбирање на просторните консеквенци од различните социјални и технолошки новини и случувања на

глобално ниво, придонесувајќи кон формирањето на широк професионален профил на архитект. Значаен е придонесот на д-р Митко Хаџи Пуља и во одвивањето постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во улога на професор и ментор на низа семинарски и магистерски трудови.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од наставно-образовната дејност (149,02).

III. Научноистражувачка дејност

Предмет на научниот интерес во истражувачките трудови на кандидатот професор д-р Митко Хаџи-Пуља е феноменологијата на архитектонскиот простор, просторот како основен медиум на човековото суштествување, онтогенезата и филогенезата, неговите аспекти, елементи и обликовни постапки во компонирањето.

Централната теза на докторската дисертација е дека архитектонскиот простор се генерира на три нивоа, појавно ниво - како сетилна даденост, поимоно ниво - како ментална конструкција и симболичко ниво - како медиум на културолошка репрезентација, кои својата синтеза ја остваруваат во етичкото. Архетипските искуства простор/време се третирани како категории на свеста и постапките со кои битието го обликува искуството на просторот се истите постапки со кои тоа се обликува себеси.

Неговиот истражувачки интерес излегува надвор од овие рамки и се простира пошироко во областите на различните уметности и медиуми (графика, ликовна уметност).

Значаен е неговиот научен и истражувачки придонес во областа на теоријата и архитектонската критика преку негово учество во регионални и меѓународни семинари и објавувања на негови трудови во меѓународни стручни списанија. Научноистражувачката дејност на д-р Митко Хаџи-Пуља претставува повеќезначен придонес, како во создавањето на основите на архитектонската теорија, така и за нејзината операционализација во реалната практика.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на научноистражувачката дејност (147).

IV. Стручно-уметничка дејност

Стручно-уметничката дејност на вонр. проф. д-р Митко Хаџи-Пуља е перманентно пристен и еднакво вреден сегмент од неговото сестрано индивидуално и тимско дејствување и во овој меѓуизборен период. Оваа негова дејност е богата тематски разновидна и презентирана во различни медиуми. Уметничката дејност можеме да ја следиме преку бројни архитектонски, архитектонско-урбанистички и конкурсни решенија и нивно јавно претставување на локално и национално ниво. Голем дел од нив постигнаа врвни резултати и високи награди. Со нивната програмска дефинираност, структурна и обликовна јасност придонесуваат за унапредувањето на културата на просторот и јавната свест.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-уметничката дејност (174).

IV. Стручно-апликативна дејност

Апликативната операционализација на научноистражувачките, стручно-уметничките и теоретски знаења од областа на архитектурата, широките сознанија и ставови од другите уметности ја наоѓаат својата релевантност во изработката на

бројни идејни и основни архитектонски проекти. Најголем број од проектите се со потпис МБМХП и се производ на поширок тим.

Забележително е неговото учество во промовирањето на повеќе архитектонски изложби, како и континуираниот професионален и уметнички ангажман во областа на графичкиот дизајн.

Во Анексот 2 кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-апликативната дејност (204).

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатот д-р Митко Хаџи Пуља во континуитет е позитивно оценет со високи оцени за наставно-образовната дејност од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет (9,296).

З А К Л У Ч О К

Комисијата, според увидот во севкупното дејствување на вон. проф. д-р Митко Хаџи Пуља и врз основото на негово лично познавање, е на мислење дека станува збор за исклучителна личност што остава јасна и неизбришлива трага на полето на архитектонското образование и архитектонското творештво, како и на полето на уметничкото творештво воопшто во Република Македонија. Како автор, тој е неодминлив во детерминирањето на современите архитектонски и културни вредности кај нас, и како таков е референца за Факултетот, за Универзитетот и за Македонија воопшто.

Митко Хаџи Пуља е инвентивен, високо креативен со јасно издиференциран личен став – педагог – учител, ерудит со широки и темелни познавања во областа на архитектурата и уметноста, истражувач – аналитичар, сестран во смисла на неговиот широк интерес за многу области на науката и уметноста, а особено за филозофијата, етиката и педагогијата. Тој е активен и посакуван учесник во расправите на актуелни теми од овие области.

Хуманата димензија, етичноста, високо изградените професионални, уметнички и педагошки критериуми како и појдовните премиси на неговиот личен интерес и на неговиот личен став, се основните карактеристики на неговото дејствување во образованието на архитектите, во неговото творештво и во неговите релации со околината. Заради ова, тој е неодминлив дел од културната и стручната елита во Републиката. Заедно со проф. д-р Минас Бакалчев поставува јасна, прогресивна, високо интелектуална и творечка насока, во согласност со референтните движења во архитектурата во светот, кон која ќе треба да се поместуваат архитектонското образование и архитектонското творештво кај нас.

Повеќекратното учество на Венециското биенале, меѓународни изложби во Њујорк, Виена, Берлин, бројните проекти и реализации, освоените државни награди и меѓународни признанија, честите јавни настапи и посебно претставувањето на студентски проекти изработени под негово менторство и со негов јасен белег, преку изложби и други јавни манифестации, се негова референца на плоден творец и учител.

Поаѓајќи од ставот дека вонр. проф. д-р Митко Хаџи Пуља е исклучителна личност, неодминлива во дефинирањето на архитектурата и архитектонското образование во

Република Македонија денес, Комисијата со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот вонр. проф. д-р Митко Хаџи Пуља, согласно со Законот за високото образование и правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде повторно избран во звањето редовен професор во областа на архитектонското проектирање и дизајн, во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател с.р.
2. Проф. д-р Влатко Коробар, редовен професор, член с.р.
3. Проф. Димитрије Голубовски, редовен професор во пензија, член с.р

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Митко Хаџи-Пуља**

Институција: **Архитектонски факултет-Скопје**

Научна област: _____

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2015/2016 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,70
2	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2015/2016 (2+2), предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
3	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2015/2016 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,7
4	Архитектонска композиција, змски семестар 2015/2016 (2+0) предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
5	Архитектонско студио 1, зимски семестар 2015/2016 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
6	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2015/2016 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,7
7	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2015/2016 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
8	Архитектонско студио 2, летен семестар 2015/2016 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
9	Архитектонска композиција 2, летен семестар 2015/2016 (1+0) предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75

10	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2014/2015 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,7
11	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2014/2015 (2+2), предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
12	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2014/2015 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,7
13	Архитектонска композиција, змски семестар 2014/2015 (2+0) предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
14	Архитектонско Студио 1, зимски семестар 2014/2015 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
15	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2014/2015 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
16	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2014/2015 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
17	Архитектонско Студио 2, летен семестар 2014/2015 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
18	Архитектонска композиција 2, летен семестар 2014/2015 (1+0) предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
19	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2013/2014 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
20	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2013/2014 (2+2), предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
21	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2013/2014 (2+2), вежби 2 часа x 3 групи x 15 недели x 0,03	2,7
22	Архитектонска композиција, змски семестар 2013/2014 (2+0) предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
23	Архитектонско студио 1, зимски семестар 2013/2014 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
24	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2013/2014 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
25	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2013/2014 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5

26	Архитектонско Студио 2, летен семестар 2013/2014 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
27	Архитектонска композиција 2, летен семестар 2013/2014 (1+0) предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
28	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2012/2013 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
29	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2012/2013 (2+2), предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
30	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2012/2013 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
31	Архитектонска композиција, змски семестар 2012/2013 (2+0) предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
32	Архитектонско студио 1, зимски семестар 2012/2013 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
33	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2012/2013 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
34	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2012/2013 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
35	Архитектонско студио 2, летен семестар 2012/2013 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
36	Архитектонско студио 2, летен семестар 2012/2013 (0+6) предавања 4 часа x 0,03	0,12
37	Архитектонска композиција 2, летен семестар 2012/2013 (1+0) предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
38	Внатрешна архитектура 1, зимски семестар 2011/2012 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
39	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2011/2012 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
40	Внатрешна архитектура 2, зимски семестар 2011/2012 (2+2), вежби 2 часа x 1,5 групи x 15 недели x 0,03	1,35
41	Архитектонска композиција, змски семестар 2011/2012 (2+0) предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5

42	Архитектонско студио 1, зимски семестар 2011/2012 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
43	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2011/2012 (2+2), вежби 2 часа x 4 групи x 15 недели x 0,03	3,6
44	Внатрешна архитектура 1, летен семестар 2011/2012 (2+2), предавања 2 часа x 15 недели x 0,05	1,5
45	Архитектонско студио 2, летен семестар 2011/2012 (0+6) вежби 6 часа x 1 група x 15 недели x 0,03	2,7
46	Архитектонска композиција 2, летен семестар 2011/2012 (1+0) предавања 1 часа x 15 недели x 0,05	0,75
47	Меѓународна летна школа за архитектура на тема „пресекот не е отсечок“ во организација на Архитектонски факултет – Скопје, манастир „Св. Јоаким Осоговски“, раководител Митко Хаџи-Пуља и арх. Хан Тумертекин, 2014	1,5
48	Член на комисија за оценка и одбрана на докторат 5 x 0,5	2,5
49	Ментор на дипломски работи во периодот 2011-2015 година 100 x 0,2	20
50	Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска 56, 56 x 0,3	16,8
51	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа во периодот 2011-2015, 100 x 0,1	10
52	Работилница „Читање на модернизот на примерот на Скопје“ со проф. Д. Серафимовски, 2015	1,5
	Вкупно	149.02

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Ментор на докторска дисертација, 1 x 3	3
2	Ментор на магистерска работа, 76 x 1	76
3	Bakalchev, M., Bakalchev, V., Tasić, S. (2016).Forgetting the City: Tactics of Transformation of the City in Motion. Bentham Open: Open Urban Studies and Demography Journal, Volume 2, pp.72-83. (ISSN: 2352-6319)	2

4	Bakalchev, M., Bakalchev, V., HadziPulja, M., Tasić, S. (2015). New Prototypes from an old Balkan Town, the Case of Skopje. 12th International Conference-Standardization, Prototypes and Quality: A Means of Balkan Countries` Collaboration, Koaceli University, Izmit, Turkey, pp.215-224. (ISBN 978-605-83983-0-6)	2
5	Bakalchev, M., Tasić, S., Bakalchev, V., HadziPulja, M. (2015).Lines. Creativity Game, Theory and Practice of Spatial Planning (ISSN 2350-3637), No 3, pp. 24-29	2
6	Bakalchev, V., Bakalchev, M., HadziPulja, M., Tasić, S. (2015).Learning Architecture: City/School, the Case of Skopje. In Marina, O., Armando, A. (Eds.), Project for an Inclusive City (pp. 254-265).Skopje, MK: City of Skopje. (ISSN 978-608-65584-9-9).	2
7	Bakalchev, V., Bakalchev, M., HadziPulja, M., Tasić, S. (2015).Constructing places. In Marina, O., Armando, A. (Eds.), Project for an Inclusive City (pp. 280-292).Skopje, MK: City of Skopje. (ISSN 978-608-65584-9-9).	2
8	Bakalchev, V., Bakalchev, M., HadziPulja, M., Tasić, S. (2015).Constructing places. SINERGI Second Thematic Seminar, Lisbon, April 14th-16th 2015	2
9	Tasić, S., HadziPulja, M.,Bakalchev, M. (2015). Unfolding the Urban Fragments: Walking / Running the City. 2nd International Academic Conference on Places and Technologies 2015: Keeping up with Technologies to Make Healthy Places, Nova Gorica, Slovenia, No.2: pp.225-233.(ISBN 978-961-6823-71-5)	2
10	Bakalchev, M., Tasić, S.(2014). From Collective Form to Collective Housing. Case study of Skopje Housing Pockets. Cohousing. Programs and Projects to Recover Heritage Buildings, Roma Tre University, Department of Architecture, No.1, pp.138-143. (ISBN 978-884674068-7)	2
11	Tasić, S., HadziPulja, M.,Bakalchev, M. (2014).Between the place and non-place: architecture and territory on the example of Skopje. 1stInternational Academic Conference on Places and Technologies, Places and Technologies 2014, University of Belgrade – Faculty of Architecture, No.1. pp.830-837. (ISBN 978-86-7924-114-6).	2
12	Bakalchev, M., HadziPulja, M., Tasić, S. (2014). Skopje – European City of tomorrow. Ninth annual international conference on European integration - TheEurope of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated, University American College Skopje in partnership with Friedrich Ebert Stiftung–office Macedonia.	2
13	Ivanovski, J., Ivanovska, A., Deskov, V., Karanakov, B., Marina, O., Mickovski, G., Radevski, A., (2014) Findings, Macedonian pavilion 14 th International Architecture Exhibition-la Biennale di Venezia (ISBN-10 9989-644-62-4, ISBN 13-978-9989-644-62-7)	2

14	Bakalcev ,M., Hadzi Pulja, M. (2013). Looking in the Mirror. Fundacao Portuguesa das Comunicacoes, Lisbon, Portugal / Third Edition Lisbon Architecture Triennale, Close, Closer, ASSOCIATED PROJECTS. (ISBN 978-608-65461-1-3)	2
15	Bakalcev,M., HadziPulja,M.(2011). A Personal Manual for Making Architecture. Gallery MC / MACEDONIAN CENTER of NY. (ISBN 978-9989-57-775-8)	2
16	Radevski,A., Tasic, S. (2012) Architecture in a mirror: Everyday and sublime. The Macedonian Participation at 13 International Architecture Exsibition, La Biennale di Venezia.(ISBN 978-608-65461-0-6)	2
17	Bakalcev,M., HadziPulja,M.(2010) .Learning Architecture. The Macedonian Participation at 12 International Architecture Exsibition, La Biennale di Venezia. (ISBN 978-9989-156-89-2)	2
18	Bakalcev, M., HadziPulja, M.,Korobar, V.P. (2008). META MAK CUT-OUTS, ARCHI(CUT-OUT)TECTURE /POPULAR ARCHITECTURE. The Macedonian participation at 11 International Architecture Exsibition, La Biennale di Venezia. (ISBN 978-9989-156-57-)1	2
19	Bakalcev, M, HadziPulja, M.,Korobar,V.P. (2006). CITY OF POSSIBLE WORLDS (WORLD=CITY=WORLDS). 10 International Architecture Exsibition, La Biennale di Venezia. (ISBN 9989-156-24-7)	2
20	Violeta Bakalchev, Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, Sasha Tasic, 2016. “Exclusive Cities Inclusive Buildings”, in Ognen Marina, Alessandro Armando (eds.), Inclusive Exclusive Cities, SINERGI prpject, Skopje: City of Skopje, pp.242-261 (ISBN 978-608-4809-00-5) 2016	2
21	Minas Bakalchev, Sasha Tasic, 2014. “From Collective Form to Collective Housing, Case Study of Skopje Housing Pockets”, in Adolfo F.L.Baratta, Fabrizio Finucci, Stefano Gabriele, Annalisa Metta, Luca Montuori, Valerio Palmeri (eds.), *Cohousing. Programs and Projects to Recover Heritage Buildings*, Roma Tre Universita Degli Studi: Edizione ETS, pp.138-143 (ISBN 978-884674068-7)	2
22	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, 2014. “Learning Architecture: The Case of Skopje”, in Alenka Fikfak (ed.), *Smart Urbanism, Teaching Sustanability*, Book of Proceeding, Ljubljana: University of Ljubljana, Faculty of Urbanism, pp. 31-38 (ISBN 978-961-6823-52-4)	2
23	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, Sasha Tasic, 2014. “Skopje – European City of tomorrow”, Ninth Annual International Conference on European Integration, *The Europe of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated,* BOOK OF ABSTRACTS, Skopje: UACS, p. 21 [online] Avaible at	2

	http://www.uacs.edu.mk/Conference/userfiles/files/2014%20Book%20of%20Abstracts.pdf [Accessed 21 December 2014].	
24	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, 2014. "Village Yard in Velmej", In ARHITEXT . 02, 2014, Bucharest: Architext Design , "Ion Mincu" University of Architecture and Urbanism, pp. 116-118. (ISBN 1224-886)	2
25	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, Sasha Tasic, 2014. "Between the Place and Non-place: Architecture and Territory on the example of Skopje", In Eva Vaništa Lazarević, Aleksandra Krstić-Furundžić, Aleksandra Đukić and Milena Vukmirović (eds.), PROCEEDINGS OF FIRST INTERNATIONAL ACADEMIC CONFERENCE ON PLACES AND TECHNOLOGIES , Beograd: University of Belgrade – Faculty of Architecture, pp. 830-838 (ISBN 978-86-7924-114-6) [online] Avaible at http://placesandtechnologies.eu/PLACES%20AND%20TECHNOLOGIES_Conference%20proceedings_Small.pdf [Accessed 21 December 2014].	2
26	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, Sasha Tasic, Violeta Bakalcehev (METAMAK Architectural Collective), 2013. "Loking in the Mirror", *Close, Closer*, 2013 Lisabon Architecture Triennale, p.130. (ISBN 978-989-98513-4-4)	2
27	Минас Бакалчев, Саша Тасиќ, 2013. „Заборавајќи го градот: тактики на урбани трансформации",Book of Abstracts for CCCS Conference "Cultural Memory". Conference was held on September 5-7, 2013 in Skopje, Republic of Macedonia, p.121. [online] Avaible at http://cultcenter.net/?p=1041 [Accessed 21 December 2014].	2
28	Minas Bakalchev, Mitko Hadzi Pulja, 2012. "Commercia Centar Skopje; Macedonian-Italian Education Center", In Chris van Uffelen (ed.), *1000 x Europian Architecture*, Braun Publishing AG, pp. 873-874 (ISBN 978-3-03768-087-2)	2
29	Митко Хаџи-Пуља, Минас Бакалчев, Бетим Зеќири, Никола Стрезовски, 2016, „Учење архитектура: Состојба на убавина", Научна конференција, Архитектонски факултет Скопје	2
30	Предавање на меѓународна работилница на тема „Urban Para-sites, International digital-design- built workshop", Архитектонски факултет, Скопје, 2015	2
31	Истрачувачки проект под покровителсв на Министерството за култур на Р. Македонија, „Донаторска галерија-Ф-ка Цветан Димов-Скопје", 2014	3
32	Истрачувачки проект под покровителсв на Министерството за култур на Р. Македонија, „Културно информативен пункт", 2015	3

33	Одржано предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, TED, „Градот, меѓу убавото и возвишеното“, 2014	2
34	Труд со оргинални научни резултати во стручно/научно популарно списание, „Пресинг“ бр.1., 2011, „Архитекура=сеќавање на иднината“	2
35	Труд со оргинални научни резултати во стручно/научно популарно списание, „Пресинг“ бр.18., 2013, „Градот и убавината“	2
	Вкупно	147

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

1	“Architecture in the Mirror”, јавно претставено дело, национално претставување на 13-та Меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: A.Radevski, S. Tasic), учесник, Венеција, 2012.	8
2	“Architecture in the Mirror”, јавно претставено дело, национално претставување на триенале за рхитектура во Лисабон, Португалија меѓународна архитектонска изложба (куратори, М.Хаџи-Пуља, М. Бакалче), 2013.	8
	Голема награда за реализиран објект на Македонското биенале за архитектура БИМАС 2012, (М.Хаџи-Пуља, М. Бакалчев) за Станбен двор во с. Велмеј, Охрид	8
	„SKG_2012: Architecture and thr City in SE Europe“, Солун 2012, куратори М.Хаџи-Пуља, М.Бакалчев и В. Коробар	8
3	10 години, учество на Македонија на Венецијанското биенале за архитектура, Музеј на гра Скопје, Скопје 2014	8
4	ИАС 01, Изложба на архитектонски студија, 2012-2013	2
5	ИАС 02, Изложба на архитектонски студија, 2012-2013	2
6	ИАС 03, Изложба на архитектонски студија, 2013-2014	2
7	ИАС 04, Изложба на архитектонски студија, 2013-2014	2
8	ИАС 05, Изложба на архитектонски студија, 2014-2015	2
9	ИАС 06, Изложба на архитектонски студија, 2014-2015	2
10	ИАС 07, Изложба на архитектонски студија, 2015-2016	2
11	ИАС 08, Изложба на архитектонски студија, 2015-2016	2

12	ИАС 09, Изложба на архитектонски студија, 2016-2017	2
13	Урбана опрема за потребите на Општина Центар, УРБАНА ФОНТАНА-ЧЕШМА	1
14	Систем на изложбени панели-објекти, за потребите на Архитектонскиот факултет-Скопје, 2014	1
15	Дијан на маса за состаноци за потребите на Архитектонскиот факултет-Скопје, 2016	1
16	Дијан на полици за потребите на Архитектонскиот факултет-Скопје, 2016	1
17	Конкурс за административна зграда за Општина Карпош, II место,2010	2
18	Конкурс за пешачки мост на реката Вардар, 2011	2
19	Конкурс за телекомуникациска кула на Водно за потребите на Агенцијата за електронски телекомуникации, 2011	2
20	Конкурс за станбена населба за потребите на АРМ „АРМ, мој вистински дом“, II место, 2011	2
21	Конкурс за катна гаража на улица „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, I награда, 2011	2
22	Реализација на објект катна гаража на улица „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, 2013	4
21	Конкурс за санбеа населба „ЈАКА“ во Општина Илинден, 2014	2
22	Идејно архитектонско решение за настршница во јавен простор на ул. „Никола Вапцаров“, Скопје, 2011	2
23	Идејно архитектонско решение за шато, за потребите на винарија Стоби, Градско, 2011	2
24	Ентериер за индивидуален станбен објект, семејсво Јовановски, Скопје, 2013	4
25	Ентериер за индивидуален станбен објкет, семејство Илоски, Скопје, 2013	4
26	Ентериер за индивидуален станбен објкет, семејство Илоски, Охрид, 2013	4
27	Ентериер за индивидуален станбен објкет, семејство Илоски, Велмеј, 2015	4
28	Ентериер за индивидуален станбен објкет, семејство Трајковски, Скопје, 2015	4
29	Ентериер за индивидуален станбен простор, семејство Кузмановски, Скопје, 2015	4
30	Ентериер за уредување на просторот на Комората за архитекти и овластени инженери на Македонија, Скопје, 2016	4

31	Ентериерно уредување на објект КБ1 (Комерцијална банка), канцелариски простор, комплетно внатрешно уредување и мебел, 2014	4
32	Ентериерно уредување на објект КБ1 (Комерцијална банка), шалтер сала, комплетно внатрешно уредување и мебел, 2014	4
33	Ентериерно уредување на објект КБ1 (Комерцијална банка), канцеларии за раководители, комплетно внатрешно уредување и мебел, 2014	4
34	Ентериерно уредување на објект КБ2 (Комерцијална банка), канцелариски простор, комплетно внатрешно уредување и мебел, 2015	4
	Ентериерно уредување на објект КБ2 (Комерцијална банка), шалтер сала, комплетен дизајн на мебел, 2015	4
35	Ентериерно уредување на објект КБ2 (Комерцијална банка), директорски канцеларии, комплетен дизајн на мебел, 2015	4
36	Ентериерно уредување на канцелариски простор на фирмата „Масон инженеринг“, 2012	4
37	Ентериерно уредување на станбен простор на фирмата „Масон инженеринг“, 2012	4
38	Ентериерно уредување на станбен простор на фирмата „Масон инженеринг“, 2013	4
39	Надградба на станбен објект, Семејство Стојковски, 2016	4
40	Ентериерно уредување на станбен простор, Семјество Марковски, Скопје, 2015	4
41	Ентериерно уредување на станбен простор на ул. „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, Скопје, Семејство. Г. Трајковски, 2013	4
42	Ентериерно уредување на станбен простор на ул. „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, Скопје, Семејство Г. Трајковски, 2014	4
	Ентериерно уредување на станбен простор, Семјество, на ул. „Орце Николов“ Скопје, 2014	4
43	Ентериерно уредување на книжарница при Македноската акеадемија за науки и уметности (МАНУ), 2016	4
44	Спомен обележје, „Валамски крст“ Лешочки манастир, М. Хаџи-Пуља, М. Бакалчев и Н. Стрезовски, 2016	4
	Вкупно	174

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1	Идеен проект за едукативен центар за архитектонско-градежниот факултет, Скопје, автор, 2012	2
2	Основен проект за едукативен центар за архитектонско-градежниот факултет, Скопје, автор, 2012	2
3	Идеен проект за катна гаража на улица „Мито Хаџи-Василев Јасмин“, Скопје, 2012	2
4	Основен проект за катна гаража на улица Мито Хаџи-Василев Јасмин, Скопје, автори, М.Хаџи-Пуља, М.Бакалчев, А.Радевски, С.Тасиќ, Н. Стрезовски и Д. Момировски, 2012	2
5	Основен проект за ентериерно уредување на кафе ресторан при Електро-Машински факултет, УКИМ, Скопје, 2016	2
6	Идеен проект за Станбен двор во с. Велмеј, Охрид, М. Хаџи-Пуља и М. Бакалчев, 2011	2
7	Основен проект за Станбен двор во с. Велмеј, Охрид, М. Хаџи-Пуља и М. Бакалчев, 2011	2
8	Идеен проект за станбена зграда „14“ на улица „Лондонска“, М. Хаџи-Пуља, М. Бакалчев и Н. Стрезовски, 2016	2
9	Основен проект за станбена зграда „14“ на улица „Лондонска“ М. Хаџи-Пуља, М. Бакалчев и Н. Стрезовски, 2016	2
10	Основен проект за индивидуална куќа за Семејството Друрловски, Скопје, М. Хаџи-Пуља, М. Бакалчев и Н. Стрезовски, 2016	2
11	Идеен проект за телевизиско студио „Културни вести“, Скопје, 2016	2
	Основен проект за спомен обележје, „Валамски крст“ Лешочки манастир, М. Хаџи-Пуља, М. Бакалчев и Н. Стрезовски, 2016	2
12	Основен проект за ентриерно уредување на деловен ппостор за потребите на фирмата „Мебел Ацевски“, 2015	2

13	Дизајн на плакат за Меѓународна летна школа за архитектура, организирана од Архитектонскиот факултет во Скопје, место на одржување „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, 2016, 2013, 2012, 3x1	3
14	Дизајн на плакат за гостување на изложбата Полска Архитектура, и серија на гостувања на Полски архитекти, 2016 3x1	3
15	Дизајн на плакат и корица за Друштво на градежни конструктори ДГК, 2015,2013 и 2011 3x1	3
16	Дизајн на плакат за обележување на 25 години Летна школа за архитектура, и меѓународна научна конференција	1
Дејности од поширок интерес		
	Член на уредувачки одбор на ИАС	1
	Продекан 2005-2009	4
	Раководител на Институт за архитектонско проектирање, 2013-2017	3
	Член на Универзитетски сенат, 2014-2016	2
	Член на Универзитетска комисија за издавачка дејност	1
	Учесник (претседател на комисија) во изработка на национална програма на Министерството за култура во делот на креативни индустрии, 2014	3
	Учесник (претседател на комисија) во изработка на национална програма на Министерството за култура во делот на креативни индустрии, 2015	3
	Учесник (претседател на комисија) во изработка на национална програма на Министерството за култура во делот на креативни индустрии, 2016	3
	Член на комисија за избор во звања 5x0,2	1
	Член на жири комисија за конкурс за идејни архитектонски решенија. 4 x 1	4
	Награда за придонес во струката „Награда Борис Чипан“, во организација на Комората на овластени архитекти и инженери на Р Македонија, 2015	3
	Вкупно	204

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	149,02
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	147
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	174
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	204
Вкупно	674,02

Членови на комисијата

Д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател с.р.

Д-р Влатко П. Коробар, редовен професор, член с.р.

Димитрије Голубовски, редовен професор член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ПРОМОТИВНИ СТРАТЕГИИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВО НАСОКА НА ЕФЕКТИВЕН МАРКЕТИНГ КАЈ МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**“ ОД М-Р ИВА ДУЈАК, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.1.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р **Ива Дујак** со наслов **Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија**, во состав: проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска (претседател), проф. д-р Нада Секуловска (ментор), проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска (член), проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска (член) и проф. д-р Сашо Јосимовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ива Дујак, со наслов **Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија**, содржи 201 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со македонска поддршка, со 1,5 проред и големина на букви 12, со фусноти кон текстот, 212 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во четири глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведниот дел** е опфатена актуелноста на проблематиката, преку која е прикажана потребата и причините за обработка на токму оваа теза. Во овој дел е презентирана моменталната слика за социјалните медиуми од комуникациски и промотивен аспект, укажани се факторите кои креираат неопходност за развој на точно дефинирана стратегија за социјални медиуми, а воедно се дефинирани и можностите за иден развој. Социјалните медиуми веќе направија огромно влијание врз начинот на комуницирање на луѓето, а полека се пробиваат и носат промени и во начинот на кој претпријатијата се промовираат. Овој пробив и причините за него се опфатени во воведниот дел на оваа дисертација.

Во првата глава под наслов **Социјални медиуми, состојби и перспективи** е елаборирана моменталната состојба на развој и опфатност на социјалните медиуми на светско и локално ниво. Детерминирани се клучни пресвртници во нивниот досегашен развој, како и предвидувања за идни можности за развивање. Дадена е детална анализа на користење на социјалните медиуми во Република Македонија, дефинирани се најпопуларните и најкористени медиуми, како и медиумите преку кои се одвива најголем дел од корпоративното промовирање. Целта на оваа глава е да се создаде слика за моменталната ситуација на развој и употреба на социјалните медиуми, да се направи споредба на реализираното на светско и на локално ниво, како и да се создаде основа за излагање на понатамошните тези повеќе фокусирани на промотивниот аспект на социјалните медиуми.

Втората глава со наслов **Промовирање преку социјални медиуми во Република Македонија** својот фокус го поставува на промотивниот аспект на социјалните медиуми. Истражен е маркетинг-потенцијалот на социјалните медиуми и дефинирани се алатките и опциите кои ги нудат социјалните медиуми за промовирање. Прецизирани се најчесто употребуваните методи и техники на промовирање, а преку студии на случаи се опфатени и ефектите и резултатите кои можат да се достигнат преку правилно промовирање преку социјалните медиуми. Особено внимание во оваа глава е посветено на промовирање преку социјални медиуми во Р. Македонија. Спроведена е анализа за користењето на социјалните медиуми како маректинг-алатка во Македонија, како и детална анализа на пристап на претпријатијата при промовирање преку овие медиуми. Резултат на ова истражување е конкретна слика за моменталната искористеност на социјалните медиуми како маркетинг-алатка во Македонија, дефинирани клучни трендови, како и оцена на позитивни и негативни пристапи при промовирањето.

Третата глава на оваа дисертација е со наслов **Процес на развој на интегрирана маркетинг-стратегија во насока на ефективен маркетинг**. Најпрво е дефиниран концептот на интегрирана маркетинг-стратегија, без која во денешно време ниту едно мало или средно претпријатие не може да развие ефикасно маркетинг-решение. Во оваа глава е прикажано огромното значење на синтезирање на традиционалниот маркетинг со маркетингот преку социјални медиуми, и нивното заедничко креирање на интегрирана маркетинг-стратегија. Објаснети се потребата и причините за развој на ваков тип стратегија, и дефинирани се фазите во процесот на развој на една интегрирана маркетинг стратегија. Понатаму, презентирани се методи и техники за развој и евалуација на овој тип на стратешки пристап,а посебно внимание е посветено на една од најзначајните придобивки од ваков тип на стратегија, креирањето на заедница на следбеници/љубители на одреден бренд/компанија. Оваа глава опфаќа и анализа на интегрирани маркетинг решенија во Македонија, оценка на нивната ефикасност и начин на изработка.

Четвртата глава со наслов **Предлог-план за развој на годишна интегрирана маркетинг стратегија на нов бренд на пазарот** ги комбинира сите претходно обработени тези во една целина во која се нуди конкретен **предлог-план за развој на годишна интегрирана маркетинг-стратегија на нов бренд на пазарот**. Оваа глава, всушност, претставува детално дефиниран шаблон врз основа на кој е овозможено да се изработи интегрирана маркетинг-стратегија. Предлог-планот се однесува на лансирање на нов производ на мало или средно претпријатие на македонскиот пазар, и при изработката се земени предвид сите претходни анализи и заклучоци кои се однесуваат на употребата на социјалните медиуми како маркетинг-алатка на овој пазар. Резултат на оваа глава е детален план за пласирање на нов производ на македонскиот пазар.

Како заокружување на сите претходно изложени тези, направен е збирен **заклучок** на извршените анализи. Тука се прикажани сублимати од опфатените емпириски и теоретски истражувања, и изведени се главните заклучоци од секоја од обработуваните тези. Исто така, наведени се насоки и опции за понатамошно развивање во оваа област.

При изработката на оваа дисертација се користени извори од домашна и странска литература, податоци преземени од интернет, како статистички податоци преземани директно од социјалните медиуми.

<u>Предмет на истражување</u>

Предмет на истражувањето е промовирањето преку социјални медиуми како предуслов за ефикасен маркетинг на едно претпријатие. Во трудот се

разработени приниципи и методи на промовирање преку социјални медиуми соодветни за македонскиот пазар, земајќи ги социјалните медиуми како дел од целокупната маркетинг стратегија на едно претпријатие или организација. Испитани се можностите за интеграција на промотивни активности на социјални медиуми со офлајн промотивни активности, и детерминиран е процесот за спроведување на интегрирана маркетинг стратегија. Целта е да се дефинира моменталното ниво на развој и опсег на социјалните медиуми на светско и локално ниво кај малите и средните претпријатија; да се спроведе истражување за најкористените социјални медиуми во Македонија; да се изврши детална анализа на употребата на социјалните медиуми во маркетинг цели во Македонија кај малите и средните претпријатија; да се дефинираат можностите на социјалните медиуми како маркетинг алатка за малите и средните претпријатија; да се креира структура за развој на интегрирана маркетинг-стратегија за мали и средни претпријатија

При постигнувањето на наведените цели на тезата се разработени следниве аспекти на промовирањето преку социјалните медиуми, и интегрираните маркетинг-стратегии:

- разработка на социјалните медиуми во две насоки - како комуникациски платформи и како маркетинг-платформи;
- употреба на социјални медиуми во маркетинг-цели кај малите и средните претпријатија во Република Македонија, дефинирање на клучни трендови и насоки во извршуваните активности;
- дефинирање на потребата од вклучување на социјалните медиуми во интегрирана маркетинг-стратегија на малите и средните претпријатија;
- дефинирање на процесот на поготовка, извршување и евалуација на интегрирана маркетинг-стратегија за мали и средните претпријатија;
- изработка на предлог-план (шаблон) за изработка на интегрирана маркетинг-стратегија со посебен осврт на социјални медиуми за мали и средни претпријатија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Позиционирањето на социјалните медиуми како најголема комуникациска платформа денес е неоспорно. Facebook во 2015 година броеше повеќе од 1,4 милијарди активни корисници, од кои повеќе од 50% ја посетуваат мрежата секојдневно. Twitter има повеќе од 250 милиони корисници, и повеќе од 65 милиони твитови секој ден. Обемот на овие социјални медиуми е импозантен, а со тоа и моќта кои тие ја имаат за да придонесат за подобрување и унапредување на интерперсоналната комуникација. Само за споредба за обемот на социјалните медиуми може да се земе последната статистика за големината на Facebook, најголемата социјална мрежа на светот. Во 2011 година со бројот на корисници, Facebook ја достигна големината која ја имаше целиот интернет во 2004 година, годината кога Facebook беше создаден (Social Media Update, 2015).

Социјалните медиуми успеаа да го изменат начинот на кој луѓето секојдневно контактираат, како се договараат, па дури и како ја извршуваат нивната дневна рутина. Со своето појавување, социјалните медиуми направија премостување во секојдневното комуницирање, а тоа премостување директно влијаеше на промена и во комуникацијата со претпријатијата кои нè опкружуваат.

Со лансирањето на првите реклами на Facebook во 2007 и формирањето на првите корпоративни страници на оваа мрежа, започна подемот на нова насока во рекламирањето и воопшто, промовирање преку социјални медиуми. Социјалните медиуми, покрај комуникациската, рапидно развиваа уште една платформа, промотивната. Во многу краток период, овој начин на промовирање стана еден од најефикасните и финансиски многу исплатливи начини на претставување на претпријатијата и нивните производи и услуги. Претпријатијата ги согледаа можностите и бенефитите кои ги очекуваат на социјалните медиуми, и со забрзано темпо започнаа да стануваат дел од социјалниот свет.

Социјалните медиуми буквално ги принудија маркетерите да го променат ставот за сè што правеле дотогаш, да започнат одново. Нов пристап, нови средства за комуникација,

нови медиуми. Со појавувањето на социјалните медиуми стана јасно дека повеќе не е доволно само да се осмисли пораката и да се најде начин таа да се испрати. Доколку не се земат предвид коментарите и реакциите на целната публика при формирањето на самата кампања или по нејзиното лансирање, доколку не се комуницира со целната публика, кампањата како да не се извршила до крај, уште полошо, како и да не се случила. Социјализацијата стана новата движечка сила во маркетингот, а социјалните медиуми, нејзините главни преносители, се виновни за тоа.

Почнувајќи од 2014 година, промовирањето преку социјални медиуми на светско ниво успеа да се пробие и да го најде своето место во маркетинг-стратегиите на „храбри" претпријатија кои ја согледаа неговата вредност уште од самиот старт.

Во одредени случаи, тоа се покажа како неверојатно ефективно средство, но во поголемот број на случаи, резултатите не беа воодушевувачки.

Следејќи го големиот успех на одредени примери при промовирањето преку социјални медиуми, како и согледувајќи го поволниот финансиски аспект од овој тип на реклама, голем број на претпријатија се впуштија во промовирање преку социјални медиуми без соодветна подготовка. Немајќи извршено соодветно истражување, без план и концепт за работа, голем број на претпријатија сметајќи дека доколку „Форд" и „Старбакс" можат, можат и тие, се обидоа да го направат својот влез на пазарот преку социјалните медиуми. Се разбира, недоволната подготвеност и општо неразбирање на начинот на функционирање на комуникацијата преку социјални медиуми придонесе за незадоволителни (за некои претпријатија и катастрофални) резултати.

Краток опис на применетите методи

Со цел детално да се елаборира проблематиката која е предмет на истражување, користени се повеќе методи и техники на истражување. Употребена е комбинација на офлајн и онлајн техники, целејќи кон сеопфатно истражување на проблематиката.

Податоците се резултат на директно испитување на три групи испитаници – индивидуални корисници, компании и агенции кои делуваат како посредници при поврзувањето на првите две групи. Воедно, спроведено е и примерно истражување.

Користените методи се следниве:

- метод на анализа
- статистички метод
- метод на испитување
  1. лично структуирано интервју
  2. фокус групи
  3. онлајн анкетирање - структуиран прашалник, составен од дихотомни прашања, прашања со одговор по принцип на Ликертова скала, рангирање и отворени прашања.
- метод на индукција и дедукција
- метод на компарација

Заклучоците изложени во овој труд се формирани по пат на дедукција, додека за детерминирање на веродостојноста на информациите се користени податоци од домашна и странска литература, податоци од публикации прикажани на интернет, како и податоци од спроведените истражувања при извршените анкетирања.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Промовирањето преку социјални медиуми е релативно нов начин на промоција во Република Македонија. Голем недостаток за нејзин правилен понатамошен развој е немањето на соодветно истражување и анализа врз основа на кое би можело да се добие конкретна слика за моменталната ситуација, потенцијалот и можностите за развој. Дополнително, на територијата на Република Македонија се јавува голем недостаток на детално истражување за користењето на социјални медиуми воопшто,

почнувајќи од општо користењето на социјалните медиуми за комуникациски цели, па сè до нивно користење како маркетинг-алатка. Токму поради наведените причини, оваа докторска дисертација има за цел да го докаже влијанието на социјалните медиуми како дел од интегрираните маркетинг стратегии, односно да ја потврди употребата на социјалните медиуми во промотивните активности на малите и средните претпријатија како значаен фактор во нивното ефикасно промовирање.

Сумирано, спроведените истражувања го потврдуваат следново:

- Брзиот развој на социјалните медиуми придонесе за огромни промени во интерперсоналната комуникација, а сето тоа се одрази значително и врз бизнис-комуникацијата. Повеќе не е доволно едноставно развивање на порака и нејзино пласирање на пазарот, денес е неопходно комуницирање со публиката околу таа порака, сослушување на нејзиниот фидбек и применување на коментарите во идното работење.
- Социјалните медиуми имаат значајна улога во маркетинг-миксот, која со нивниот развој и напредок станува сè поголема. Сè поголем дел од публиката го поминува своето време онлајн. Сè повеќе се зголемува времето кое публиката го троши на самите социјални медиуми. Овој начин на комуникација значително ќе се развива во иднина, токму затоа е неопходно тој истовремено да се развива и како значаен дел од маркетинг-миксот на прептријатијата.
- Претпријатијата повеќе немаат избор дали ќе се активираат онлајн; доколку одбијат да се приклучат во онлајн конверзацијата, тие ќе бидат прегазени од конкуренцијата. Неактивноста и игнорирањето на социјалните мрежи денес значи игнорирање на сопствената публика.
- Следејќи ги трендовите на пазарот и интересите на интернет-корисниците, може да се заклучи дека онлајн комуникацијата, особено контактот преку социјалните медиуми, е еден од најважните фактори за успешна комуникација на брендовите кои функционираат на локалниот пазар. Публиката очекува од претпријатијата да се тука за нив, да им одговорат на сите прашања или да им помогнат доколку имаат проблем со користењето на нивните производи/услуги. Комуникацијата преку социјалните медиуми за публиката се смета како продолжена рака на корисничката поддршка на претпријатијата, еден од клучните фактори за задоволство на публиката.
- Во Република Македонија се забележува масовно користење на социјалните медиуми истовремено во приватни и во бизнис-цели. Додека поединците корисници максимално ги користат сите опции кои социјалните медиуми им ги даваат на располагање, прептријатијата имаат голем простор за надградување на нивната комуникација, а со тоа и остварување на подобри резултати.
- Со цел социјалните медиуми да имаат позитивно влијание врз ефикасноста на едно мало или средно претпријатие, неопходен е плански развиен, стратешки пристап. Голем дел од претпријатијата разбираат дека социјалните медиуми се потребни, меѓутоа го занемаруваат начинот на кој се пристапува на нив. Комуницирањето преку социјалните медиуми во никој случај не смее да се сведе на еднонасочно испраќање на промотивни пораки на претпријатијата, неопходна е квалитена, двонасочна комуникација која најдобро се остварува преку прецизно развиена стратегија.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ива Дујак, со наслов ,**Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија**, претставува истражување во областа на интернет-маркетингот, поточно во онлајн промоцијата.

Оваа теза го става својот фокус на три главни точки: потребата од социјалните медиуми во комуникацијата на малите и средните претпријатија, опциите кои социјалните медиуми ги нудат за овој тип на комуникација и ефектите кои можат да се остварат.

Хипотезата поставена во овој труд беше да се утврди влијанието на социјалните медиуми како фактор за ефективен маркетинг кај малите и средните претпријатија. Согласно со поставените цели и резултатите добиени од спроведените истражувања, може да се утврди дека социјалните медиуми се фактор кој позитивно влијае врз ефикасното работење на малите и средните претпријатија. Порастот на позитивните ефекти во голема мера зависи од интензивитетот на спроведувањето на комуникацијата, односно колку поголеми вложувања, поголемо инвестирање во форма на активности и финансии на социјалните медиуми, толку поголеми подобрувања може да очекува едно претпријатие во своето работење. Употребата на социјалните медиуми кај малите и средните претпријатија носи позитивни ефекти доколку се спроведува плански и исклучиво доколку е конзистентна и фреквентна. Едноставното отворање на профил не значи и активно присуство на брендот онлајн, потребна е квалитетна комуникација приспособена на потребите и желбите на публиката за да се остварат позитивни резултати.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ива Дујак, со наслов ,**Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Проверката на докторскиот труд за плагијаторство на веб-страницата на Министерството за образование и наука, е иницирана од менторот проф. д-р Нада Секуловска, на 31.1.2017, и завршена е на истиот ден.

Резултатот за документот е: документот содржи **54666,** зборови од кои за **2017 (3,69%)** е пронајдено совпаѓање во 706 документи.Притоа, зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатката.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р **Ива Дујак** со наслов **Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија**, дава значаен придонес во областа на примената на интернет маркетингот и промоцијата особено кај социјалните медиуми. Оваа дисертација има за цел да овозможи информации за состојбата и употребата на социјалните медиуми во Република Македонија, како и да укаже на неопходноста на интегрирање на промовирањето преку традиционалните и социјалните медиуми. Целта е да се креира дефиниран процес за развој на интегрирана маркетинг стратегија, како и шаблон за изработка на интегрирана маркетинг-стратегија која подоцна ќе може да биде користена од страна на претпријатијата при развивањето на нивните стратегии.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ива Дујак** со наслов **Промотивни стратегии на социјалните медиуми во насока на ефективен маркетинг кај малите и средни претпријатија.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Нада Секуловска, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Сашо Јосимовски, член, с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ФАКТОРИ НА ОКРУЖУВАЊЕТО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ, КАКО ОСНОВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА ВО Р. МАКЕДОНИЈА“

ОД М-Р АЗЕМИНА МАШОВИЌ,

ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Аземина Машовиќ со наслов ,,Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, во состав: академик Таки Фити (претседател), проф. д-р Љубомир Дракулевски (ментор), проф. д-р Кирил Постолов (член), проф. д-р Предраг Трпески (член) и проф. д-р Стојан Дебарлиев (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р м Аземина Машовиќ со наслов ,,Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, содржи 336 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 158 фусноти, 202 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Во **првата глава**, *Оцена на перформансите на мултинационалните компании*, на почетокот м-р Аземина Машовиќ истражувачкото внимание го фокусира на анализа на природата на мултинационалните компании, односно дефиницијата и основните карактеристики на мултинационалните компании. Кандидатката детално ја согледува оцената на перформансите на

супсидијарите и нивните менаџери. Секој контролен систем, во која било мултинационална компанија, вклучува техники за оцена на перформансите кои се состојат од прибирање, сумирање и анализирање на информациите, при што се одредува дали целите на компанијата се остварени, како и потребните акции за нивно понатамошно остварување. Исто така, опфатен е односот помеѓу сметководството на одговорност и оцената на перформансите на мултинационалните компании. Во продолжение, кандидатката јасно ја посочува потребата од разграничување на остварените перформанси на менаџерите и остварените перформанси на супсидијарите, како и потребата од вклученост на финансиските и нефинансиските мерки во оцена на перформансите на супсидијарите. Аналогно на тоа, кандидатката ги предочува најновите истражувања и студии за оцена на перформансите на мултинационалните компании, како и главните предизвици што се појавуваат при оцена на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери.

Во **втората глава**, *Фактори на окружувањето кои влијаат на супсидијарите*, кандидатката м-р Аземина Машовиќ ги проучува факторите на окружувањето во земјата домаќин, кои имаат влијание на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери. Мултинационалните компании се компании кои делуваат во повеќе од една земја. Секоја земја домаќин има економско, правно, политичко, социокултурно и технолошко окружување коешто е различно од окружувањата во матичната земја. Факторите на окружувањето значајно влијаат на економската активност, а посебно на активноста и перформансите на мултинационалните компании. Следствено на тоа, кандидатката посочува дека е особено значајно да се антиципираат факторите на окружувањето и варијаблите кои влијаат на перформансите на мултинационалните компании. Во продолжение на оваа глава, кандидатката детално ги опфаќа и одделно ги објаснува најзначајните економски, политички, правни, социокултурни и технолошки фактори, кои имаат големо влијание на перформансите на мултинационалните компании.

Во **третата глава**, *Трансферни цени и перформансите на мултинационалните компании*, кандидатката м-р Аземина Машовиќ го проучува проблемот на трансферните цени во мултинационалните компании и нивното влијание на перформансите на супсидијарите. Освен факторите на окружувањето, постојат и одредени варијабли кои влијаат на перформансите на мултинационалните компании, како што се трансферните цени за производите и услугите, коишто се разменуваат меѓу одделните сегменти во рамките на компанијата. Во оваа глава, кандидатката посебно внимание посветува на политиката на трансферните цени, како варијабла која влијае на перформансите на мултинационалните компании. Се согледува природата на трансферните цени, како и причините и последиците на трансферните цени. Во продолжение на оваа глава, кандидатката ги согледува различните методи на трансферни цени кои ги користат мултинационалните компании, при што детално ги опфаќа и објаснува методите на трансферни базирани на трошоци, методите на трансферни цени базирани на пазар и методите на трансферни цени базирани на преговарачки цени. Исто така, опфатени се и методите на одредување на трансферните цени според насоките на ОЕЦД. На крајот на оваа глава, кандидатката го утврдува и го посочува најрелевантниот метод на

трансферни цени што придонесува до оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери.

Во **четвртата глава** на овој труд, *Инфлација и перформансите на мултинационалните компании*, кандидатката м-р Аземина Машовиќ го образложува проблемот на инфлацијата во земјата домаќин и нејзиното влијание на финансиските извештаи на супсидијарите. Инфлацијата е еден од факторите на окружувањето што значајно влијае на перформансите на мултинационалните компании. Во текот на периодите на инфлација, бројките и податоците во финансиските извештаи може да бидат неточни и да придонесат до погрешни одлуки кои подоцна се одразуваат на перформансите на компанијата во целина. Поради тоа, мултинационалните компании треба да го земат предвид влијанието на инфлацијата на финансиските извештаи на супсидијарите во оцена на перформансите. Следствено на тоа, во продолжение на оваа глава, кандидатката ги опфаќа одделните приоди и методи на усогласување на финансиските извештаи на супсидијарите на влијанието на инфлацијата во земјата-домаќин. Исто така, кандидатката го утврдува и го посочува најрелевантниот метод на усогласување на финансиските извештаи на супсидијарите на влијанието на инфлацијата.

Во **петтата глава** на овој труд, *Девизен курс и перформансите на мултинационалните компании*, кандидатката м-р Аземина Машовиќ го согледува проблемот на конвертирање на финансиските извештаи на супсидијарите од валутата на земјата-домаќин во валутата на матичната земја на мултинационалната компанија. Мултинационалните компании делуваат во повеќе земји со што се соочуваат со проблемот нивните готовински текови да се деноминирани во повеќе валути, а вредноста на секоја валута во однос на валутата на матичната земја е различна во различни временски периоди. Овие варијации придонесуваат до тешкотии во мерењето на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери. Во продолжение на главата, кандидатката го посочува проблем на изложеноста на мултинационалните компании на девизниот курс. Изложеноста на девизниот курс се јавува кога компанијата има трансакции деноминирани во странска валута, кога треба да се конвертира нето-активата или пасивата надвор од матичната земја изразена во странска валута, како и кога постои можност од идни флуктуации на девизниот курс што негативно ќе се одразат на производствената и продажната функција на компанијата. Следствено на тоа, се прави разлика помеѓу два вида изложеност: економска изложеност на девизниот курс, којашто може да биде трансакциска и оперативна изложеност, и сметководствена изложеност на девизниот курс. Во рамките на оваа глава, кандидатката детално ги опфаќа сите видови изложеност на девизниот курс. Исто така, ги согледува различните методи на конвертирање на финансиските извештаи на супсидијарите и го утврдува и посочува најрелевантниот метод на конвертирање на финансиските извештаи на супсидијарите, со што се овозможува оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери.

Шестата глава, *Оцена на влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на мултинационалните компании кои делуваат во Р. Македонија*, е посветена на презентирање на резултатите од истражувањето кое имаше за цел да го истражи и да го оцени влијанието на најважните фактори на окружувањето и варијаблите на

перформансите на мултинационалните компании што делуваат во Р. Македонија. Следствено на тоа, кандидатката јасно ја предочува важноста што ја имаат факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во земјата.

Во **заклучните согледувања,** кандидатката м-р Аземина Машовиќ ги сублимира најзначајните методолошко-емпириски резултати кои произлегуваат од целокупното докторско истражување, потенцирајќи ги особено највлијателните сознанија на теоријата и практиката од областа на влијанието на факторите на окружувањето на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија. На крајот од заклучоците се наведуваат препораки и насоки преку кои во иднина може да се работи на директно подобрување на состојбата на македонското деловно окружување.

Предмет на истражувањето на докторската дисертација претставува согледување на односот помеѓу перформансите на супсидијарот и факторите на окружувањето во земјата домаќин, односно согледувањето на влијанието на факторите на окружувањето во земјата-домаќин на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери. Целта на истражување на докторската дисертација претставува создавање на единствена заокружена теоретско-апликативна основа за унапредување на деловната клима во Р Македонија, преку разбирање и антиципирање на факторите на окружувањето во земјите домаќини во оцената на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери.

Целта на спроведеното истражување во докторската дисертација е во директна релација со дефинираните задачи на докторската дисертација, одредени на следниов начин:

- да се истражат, да се хармонизираат и да се систематизираат факторите на окружувањето во земјата-домаќин кои имаат влијание на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери;
- да се оцени влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на мултинационалните компании кои делуваат во Р. Македонија;
- да се утврдат релевантните трансферни цени кои овозможуваат оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери;
- да се утврди релевантниот метод на усогласување на финансиските извештаи на супсидијарите на влијанието на инфлацијата во земјата домаќин за оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери;
- да се утврди релевантниот метод на конвертирање на финансиските извештаи на супсидијарите за оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери;
- врз основа на спроведеното истражување за влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на

мултинационалните компании, да се дадат конкретни препораки за унапредување на деловната клима во Р. Македонија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Компаниите го проширија своето делување надвор од границите на матичните земји, многу одамна пред глобализацијата да стане клучен збор и движечка сила што ги поттикнува да инвестираат, заради освојување нови пазари, стратегиски ресурси, како и искористување на предностите на економијата од обем. Следствено на тоа, супсидијарите во голема мера се вклучени во процесот на создавање на вредноста во рамките на мултинационалната компанија. Оцената на перформансите на супсидијарите е од клучно значење за глобално активните компании, не само во однос на создавањето на вредност за мултинационалната компанија, туку и во поттикнувањето на меѓународна експанзија, како и во насочувањето на алокацијата на ресурсите.

Интересот за истражување во оваа област драстично се зголеми во последната декада. Порастот на несигурноста, економската нестабилност и зголемената глобална конкуренција јасно ја истакнале потребата од антиципирање на факторите на окружувањето во секоја одделна земја-домаќин. Перформансите на супсидијарите се под влијание на факторите на окружувањето во земјите–домаќини. Некои од факторите на окружувањето имаат значајно влијание на перформансите на супсидијарите, како што се економските, правните, политичките, социокултурните и технолошките фактори. Освен факторите на окружувањето, на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери влијаат и одредени варијабли, како што е политиката на трансферни цени. Влијанието на овие фактори на окружувањето и варијаблите на перформансите на мултинационалните компании претставуваат подрачје кое зазема врвен научен и практичен интерес.

Основните причини за нагласената актуелност на влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите н мултинационалните компании лежат во фактот дека тие се надвор од контрола на менаџментот на супсидијарите и поради нивното влијание може да се појават подобри перформанси наспроти послаби перформанси на супсидијарот, и обратно. Следствено на тоа, неопходно е компаниите да ги согледаат сите фактори на окружувањето пред да ја донесат одлуката за експанзија на своите активности во одредена земја, како и да ги антиципираат подоцна во оцената на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен, со критички и аналитички однос кон научно-теоретските и апликативни истражувања на оваа материја од областа на меѓународниот стратегиски менаџментот и меѓународен бизнис. Прибирањето, систематизирањето, анализирањето и претставувањето на

расположливите податоци и информации во докторската дисертација се извршени со употреба на логично оправдан, заокружен и научно фундиран начин. При изработката на докторската дисертација се употребени повеќе научни методи, категоризирани на основни и дополнителни научни методи.

Во редот на дополнителните научни методи, методот на студија на случај е употребен при елаборирањето на успешните примери на антиципирање на влијанието на факторите на окружувањето и перформансите на мултинационалните компании. Во оваа смисла, посебно внимание е посветено на мултинационалните компании кои делуваат во Р. Македонија. Со методот на интервју емпириски се опфатени размислувањата на одреден број генерални директори на мултинационални компании кои делуваат во Р. Македонија за разбирањето на значењето од антиципирањето на влијанието на факторите на окружувањето во земјата-домаќин. Методот на теренски експеримент е употребен емпириски врз стратификуван примерок од пет мултинационални компании кои делуваат во Р. Македонија со цел да се согледа дали тие го земаат предвид влијанието на факторите на окружувањето во оцената и мерењето на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери. Врз основа на спроведениот експеримент се извлечени заклучоци и се дадени конкретни препораки за унапредување на деловната клима во Р. Македонија.

<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>

Трудот на кандидатката м-р Аземина Машовиќ, под наслов „Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, претставува сеопфатна, комплексна, научно издржана и целно насочена дисертација, која третира една современа и мошне актуелна материја, која не е многу обработувана и елаборирана од страна на македонската научна и стручна јавност. Овој уникатен карактер на трудот посебно е нагласен со добиените резултати и сознанија од самото истражување во трудот. Во нив се утврдува дека моменталната деловна клима во Р, Македонија не е на задоволително ниво. Воедно, се констатира неопходна потреба од значителни промени кои ќе водат до унапредување на македонското деловно окружување.

Кандидатката м-р Аземина Машовиќ преку спроведеното истражување детално го согледува проблемот на трансферните цени и нивното влијание на перформансите на супсидијарите, различни методи на трансферни цени и предложува соодветен метод на трансферни цени, кој придонесува до оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери.

Ова истражување придонесува кон утврдување релевантен метод на усогласување на финансиските извештаи на супсидијарите на влијанието на инфлацијата во земјата-домаќин, којшто овозможува оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери.

Исто така, придонесот на ова истражување се согледува и во утврдувањето на релевантниот метод на конвертирање на финансиските извештаи на супсидијарите од валутата на земјата-домаќин во валутата на

матичната земја на мултинационалната компанија со цел оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери.

За оцена на реалните перформанси на супсидијарите и нивните менаџери, кандидатката посочува дека од исклучителна важност е да се земе предвид влијанието факторите на окружувањето и варијаблите.

Посебно постигнување во истражувањето на кандидатката претставува отсликување на моменталната деловна клима во Р. Македонија. Според добиените резултати и сеопфатната анализа може да се заклучи дека таа во тоа целосно успеала. Со право можеме да нагласиме дека теоретските и практичните сознанија и заклучоци од оваа докторска дисертација можат да бидат особено корисни за унапредување на деловното работење во земјата.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Аземина Машовиќ со наслов „Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, претставува истражување во областа на стратегискиот менаџмент. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги истражи условите за унапредување на деловната клима во Р. Македонија, преку разбирање и антиципирање на факторите на окружувањето во земјите домаќини во оцената на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери. Доменот во кој факторите на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании претставува научен придонес и најилустративно се согледува во изградба на заокружена теоретска основа за влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на мултинационалните компании. Тоа е остварено со оцена на влијанието на факторите на окружувањето и варијаблите на перформансите на супсидијарите и нивните менаџери и сугерирање на соодветниот модел за оценување на перформансите. Дополнителен научен и стручен придонес претставува тоа што кандидатката м-р Аземина Машовиќ успеала многу сеопфатно да направи илустрирање на потребата од согледување на разликата помеѓу перформансите остварени како резултат на ефикасноста на менаџментот на супсидијарот и перформансите остварени како резултат на факторите на окружувањето во земјата-домаќин.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатката м-р Аземина Машовиќ со наслов „Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, беше проверена од менторот на 27.1.2017 година, преку софтверскиот пакет на проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање 8,13 %.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Аземина Машовиќ со наслов „Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Аземина Машовиќ со наслов „Фактори на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“.

Комисија за оцена на докторската дисертација

1. _____
Академик Таки Фити, претседател, с.р.

2. _____
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, ментор, с.р.

3. _____
Проф. д-р Кирил Постолов, член, с.р.

4. _____
Проф. д-р Предраг Трпески, член, с.р.

5. _____
Проф. д-р Стојан Дебарлиев. член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ПЕДИЈАТРИЈА

НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет-Скопје, објавен во весниците „Утрински весник” , „Дневник “ и „Коха”од 5.12.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметот ПЕДИЈАТРИЈА, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5918/37, донесена на 29.12.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Велибор Тасиќ, проф. д-р Филип Дума, проф. д-р Ацо Костовски, проф. д-р Емилија Влашки и проф. д-р Ката Мартинова.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања предметот ПЕДИЈАТРИЈА, во предвидениот рок се пријавија: доц. д-р Константина Кузевска Манева, доц. д-р Лидија Карева, доц. д-р Светлана Кочева и доц. д-р Марина Крстевска Константинова.

Светлана Кочева

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Светлана Кочева е родена на 26.1.1963 година во Штип. Средно образование завршила во Радовиш. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 25.4.1990 година, со просечен успех 8,42.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1993 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила со просечен успех 10.

На 8.5.1997 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *„Вовед во познавањето на молекуларната основа на Duchenne/Becker – оваа мускулна дистофија во Македонија“*.

Докторска дисертација пријавила во 2002 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *„Молекуларните основи на спинална мускулна атрофија, Duchenne/Becker-ова мускулна дистрофија и Friedreich-ова атаксија во Република Македонија“,* ја одбранила на 18.11.2009 година, пред Комисија во состав: академик Георги Д. Ефремов – ментор, проф. д-р Снежана Влашки Јекиќ, проф. д-р Марија Кутурец, проф. д-р Мирјана Кочова и проф. д-р Александар Димовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки од научната област педијатрија.

Во 1992 година, д-р Светлана Кочева била вработена како млад истражувач во Истражувачкиот центар за генетски инженеринг и биотехнологија при Македонската

академија на науките и уметностите. На 11.5.1993 година е избрана во звањето помлад асистент во Истражувачкиот центар во областа биотехнологија и генетски инженеринг. На Клиниката за детски болести се вработила во март 1998 година. На 7.10.2003 година е избрана за асистент на Медицинскиот факултет по предметот педијатрија, а реизбрана е на 29.3.2007 година.

Д-р Светлана Кочева во звањето научен соработник по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет при УКИМ е избрана на 7.6.2012 година. Рефератот за изборот е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1031 од 15.5.2012.

Во моментот, д-р Светлана Кочева е доцент на Медицинскиот факултет по предметот педијатрија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1066 од 02. 12.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 831 од 2003, бр. 914 од 2007, бр. 983 од 2010, бр. 1031 од 15.5.2012 и бр. 1066 од 2.12.2013, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Светлана Кочева изведува практична и теоретска настава на прв и втор циклус студии на студиската програма педијатрија за студенти по општа медицина и стоматологија, тригодишните студии на високите школи за медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти на Медицинскиот факултет во Скопје. На Клиниката за детски болести учествува во едукација на лекарите на специјализација по педијатрија и семејна медицина.

Д-р Светлана Кочева учествувала во организизирањето и изведувањето на интердисциплинарните теоретско-практични курсеви во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ за примена на методите на рекомбинантна ДНК технологија во медицината. Од 1998 до 2003 година учествувала во теоретската и практичната настава на интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Медицинска генетика”.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 2 дипломски, 3 специјалистички и на 2 магистерски труда.

Научноистражувачка дејност

Д-р Светлана Кочева, како автор или коавтор, има објавено вкупно 118 научни трудови од областа на медицината и молекуларната генетика, од кои 20 труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 13 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор, 3 труда во стручни списанија и останатите трудови во зборници од научни собири.

Д-р Светлана Кочева учествувала како член во 10 научни проекти.

Кандидатката била коментор на два магистерски труда.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Доцент д-р Светлана Кочева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за хематологија и онкологија на Клиниката за детски болести и е раководител на отсекот за леукемии. На Клиниката за детски болести ги воведува молекуларните техники за диагноза на малигните хемопатии.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во тек на 3 месеци во Интернационалниот центар за трансплантација и 3 месеци на Одделението за акутни леукемии и трансплантација на хематопоетски матични клетки во болницата Bambino Gesu, обата во Рим, Италија, во 2014 година. Во ноември 2013 година претстојувала во Лондон во Imperial College Heathcate NHS Trust Pediatric Department - St Mary's Hospital. Учествувала во неколку наврати во школи и курсеви, организирани од Европската хематолошка асоцијација.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи:

- Работна група за изготвување на клиничка патека за здравствениот третман на пациенти болни од малигни заболувања- Министерство за здравство на РМ и Работна група за имплементација на членот 226-и од ЗЗЗ,

- член на Комисија за лекови со АТС ознака L – антинеопластични лекови и имуномодулаторни лекови, Агенција за лекови на Р Македонија.

Д-р Светлана Кочева е член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет од 2014 година и член на Советот на III циклус - докторски студии, студиска програма на медицина.

Таа била секретар на Здружението за хематологија на Македонија и е член на Управниот одбор на Здружението, како и член на повеке асоцијации и здруженија во земјата и во странство.

Била член на две рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Светлана Кочева учествувала во изготвувањето на програма за усовршување на наставата по педијатрија на Медицинскиот факултет во рамки на програмата Leonardo de Vinci, Lifelong Learning Program. Во истиот период, таа ги остварила активностите и ги поднесува за резензија трудовите под број 76-116 наведени во Образецот кон овој Извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката доц. д-р Светлана Кочева, за одржаните вежби и предавања по предметот педијатрија доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет. Во учебната 2012/2013 година била евалуирана со оценка 4,88 (од максимум 5) и во периодот од 2014 - 2016 година со оценка 9,62 (од максимум 10).

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Светлана Андон Кочева

(име татково име и презиме)

Институција: Универзитетска клиника за детски болести - Скопје

(назив на факултетот/ институтот)

Научна област: педијатрија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста	Број на часови	Поени од формулар	Вкупно поени
Одржување на настава од прв циклус студии: **вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) ,** **предавања**		0.03 0.04	
Педијатрија (вежби) за студенти по медицина , - 2012/2013 - 2013/2014 - 2014/2015 - 2015/2016 - 2016/2017	 44+44+88 88 88+44 88+44 88	0.03	 5.28 2.64 3.96 3.96 2.64
Педијатрија (вежби) ургентна медицина - 2013/2014 - 2016/2017	 8+8 4		 0.48 0.12
Педијатрија (вежби) клиничко испитување – 2012-2013 – 2015/1016	 18+16 16		 1,02 0.48
Педијатрија вежби за студенти стоматологија - 2013/2014 - 2014/2015 - 2015/2016	 18 18 18	0.03	 0.54 0.54 0.54
Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса – 2012-2013 – 2013/2014	 120	0.06	 64,8

– 2014/2015 – 2015/2016 – 2016/2017	120 240 240+120 240		
Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса 6 студенти*2 семестри*5 год.*0,2		0.2	12
Предавања: педијатрија за студенти по медицина - 2014/2015 - 2015/2016 - 2016/2017	 4 4+6 4	0.04	 0.16 0.4 0.16
Предавања педијатрија за стоматологија - 2015/2016 - 2016/2017	 1 1	0.04	 0.04 0.04
Предавања Здравствена нега на деца и младинци (медицински сестри висока школа) - 2013/2014 - 2015/2016	 2+1 8+4	0.04	 0.12 0.48
Предавања, Педијатрија логопеди - 2013-2014 - 2014/2015 - 2015/2016	 2 4+1 2	0.04	 0.08 0.2 0.08
Предаванања: педијатрија: Физиотерапевти - 2014/2015 - 2015/2016	 2 3	0.04	 0.08 0.12
	Член на Кадровски одбор Член на Научно-наставен одбор Член на Наставен одбор Член на Наставно-научен- совет Совет на студиска програма за трет циклус студии		
6	**Член на комисија за избор во звање**		0.6
	Член на комисија за избор во звање - 3	0.2	
7	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**	2	
	Учесник во подготовка на стратегија на Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство		2
8	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	1	2
	Учество во националната комисија за ретки болести на Р.Македонија		1
	Избрана во комисија за државни испити при ЛКМ		1
вкупно			**61.6**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	поени
Наставно образовна дејност	**102,51**

Научно истражувачка дејност	**146,97**
Стручно уметничка дејност	
Стручно апликативна дејност	**61,6**
ВКУПНО	**304,08**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Кочова с.р.

Проф. д-р Соња Топузовска с.р.

Проф д-р Ката Мартинова с.р.

Проф д-р Кочо Димитровски с.р.

Проф д-р Александар Димовски с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Елена Шукарова-Ангеловска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор по предметот хумана генетика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Елена Шукарова-Ангеловска да биде избрана во звањето вонреден професор по предметот хумана генетика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

- **Проф. д-р Мирјана Кочова с.р.**
- **Проф. д-р Соња Топузовска с.р.**
- **Проф д-р Ката Мартинова с.р.**
- **Проф д-р Кочо Димитровски с.р.**
- **Проф д-р Александар Димовски с.р.**

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН РАБОТНИК ПО ПРЕДЕМЕТОТ ПЕДИЈАТРИЈА

НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Медицински факултет, објавен во весниците „Утрински есник“, „Дневник и Коха“ од 5.12.2016 година, за избор на научен работник по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5918/42, донесена на 29.12.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф.д-р Велибор Тасиќ, проф. д-р Филип Дума, проф.д-р Ацо Костовски, проф.д-р Емилија Влашки и проф. д-р Ката Мартинова.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на научен работник по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави н.сор.д-р Емилија Шахпазова.

Емилија Шахпазова

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатката н.сор. д-р Емилија Шахпазова е родена на 4.1.1958 г, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1976 година. Дипломирала во 1982 година, со просечен успех 8,8.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Докторска дисертација пријавила во 1998 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Протеински внес, нутритивен статус и прогресија на бубрежната инсуфуциенција кај децата со хронична бубрежна инсуфициенција” ја одбранила во 2004 година, пред Комисија во состав: проф .д-р. Дафина Кузмановска, проф. д-р. Момир Поленаковиќ, проф. д-р. Никола Софијанов, проф. д-р. Ристо Гроздановски и проф. д-р. Весела Малевска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област педијатрија.

Во 1992 година е избран во звањето асистент на Медицински факултет во областа педијатрија.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1031 од 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 574/1992, 677/1997, 774/2001, 869/2004, 2008, 1031/2012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на

кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Емилија Шахпазова изведува вежби (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв и втор циклус студии на студиската програма на медицинари и на стоматолози.

Научноистражувачка дејност

Д-р Емилија Шахпазова има објавено вкупно 150 научни трудови од областа педијатрија, од кои 32 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), и 118 труда во зборници од научни собири.

Д-р Емилија Шахпазова била национален координатор на еден меѓународен научен проект, а учествувала како член во 4 научни проекти.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Емилија Шахпазова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за нефрологија.

Кандидатката д-р Емилија Шахпазова остварила експертски активности во педијатријата, нефрологијата и програмите за акутна и хронична перитонеална дијализа.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во „Royal Children' Hospital" во Мелбурн, Австралија, (1994), во Софија, Бугарија (1995) и во Белград, Србија (1996).

Оценка од самоевалуација

Кандидатката Емилија Шахпазова за периодот 2012 -2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Емилија Младен Шахпазова_

(име, татково име и презиме)

Институција:

Килиника за детски болести, Медицински факултет – Скопје

Научна област: педијатрија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	Број на часови	Поени од формулар	Вкупни поени за една година	Вкупно поени
.	**Одржување на настава од прв циклус студии (вежби по педијатрија на медицинари)**				
	2012/13	2x88	176	176 x0,03	5.28
	2013/14	2x88	176	176x0,03	5.28
	2014/15	2x88	176	176x0,03	5.28
	2015/16	88+44	132	132x0,03	3.96
	2016/17	88	88	88x0.03	2.64
					22.44
	Вежби - клиничка практика на медицинари				
	2012/13		240x0.06	14.4	14.4

		120+ 120			
	2013/14	120+ 120	240x0.06	14.4	14.4
	2014/15	120+ 120	240x0.06	14.4	14.4
	2015/16	120+ 120	240x0.06	14.4	14.4
	2016/17	120+ 120	240x0.06	14.4	14.4
					72
	Консултации со студенти во клиничката практика	60	60 x 0,2	12	**12**
	Едукатор на 10 лекари на специјализација по педијатрија, 2013-2016	10x3x 12	360x0.08	19.2	**28.8**
	Ментор на 5 лекари на специјализација по педијатрија, 2013- 2016	1	5 x 1	5	**5**
	Вежби по педијатрија на стоматолози				
	2013/14	18	18	18x0.03	0.54
	2014/15	18	18	18x0.03	0.54
	2015/16	18	18	18x0.03	0.54

	2016/17	36	36	36x0.03	1.08
					2.7
	Вежби- ургентна медицина на медицинари				
	2012/13	8	8	8x0.03	0.24
	2013/14	8	8	8x0.03	0.24
	2014/15	8	8	8x0.03	0.24
	2015/16	8	8	8x0.03	0.24
	2016/17	8	8	8x0.03	0.24
					1.2
	Вежби –клиничко испитување на медицинари				
	2011/12	16	16	16x0.03	0.48
	2012/13	18+16	34	34x0.03	1.02
					1.5
	Член на комисија за оцена на дипломска работа	1+1	2	2x0.1	**0.2**
					145.84
	Настава во школи и работилници: **-учесник**				
	Учесник во работилници за водење на уринарни инфекции кај деца- Скопје и градови низ Македонија, 1.9-31.12.2012	6	6 x 1	6	6

	Учество на семинар по нефрологија во периодот од 17.4 до 20.4.2012 г.	2	2x0.05	0.1	0.1
					6.1
Вкупно					**151.94**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	Број на актив-ности	Поени од формула р	Вкупно поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**			
1	Borzych-Duzalka D, Bilginer Y, Ha IS, Bak M, Rees L, Cano F, Munarriz RL, Chua A, Pesle S, Emre S, Urzykowska A, Quiroz L, Ruscasso JD, White C, Pape L, Ramela V, Printza N, Vogel A, Kuzmanovska D, Simkova E, Müller-Wiefel DE, Sander A, Warady BA, Schaefer F for the IPPN Registry (**stady group includes E. Sahpazova)**Management of Anemia in Children Receiving Chronic Peritoneal Dialysis, . J Am Soc Nephrol. 2013 Mar 7.	6+ 8.98	14.98x 60/100	8.988
2	Franz Schaefer,1 Dagmara Borzych–Duzalka,1,2 Marta Azocar,3 Reyner Loza Munarriz,4 Lale Sever,5 Nejat Aksu,6 Lorena Sànchez Barbosa,7 Yajaira Silva Galan,8 Hong Xu,9 Paula A. Coccia,10 Attila Szabo,11 William Wong,12 Rosana Salim,13 Enrico Vidal,14 Stephen Pottoore,15 and Bradley A. Warady16 on behalf of the IPPN investigators **(stady group includes E. Sahpazova)**	6+ 2.21	8.21x 60/100	4.92

	IMPACT OF GLOBAL ECONOMIC DISPARITIES ON PRACTICES AND OUTCOMES OF CHRONIC PERITONEAL DIALYSIS IN CHILDREN: INSIGHTS FROM THE INTERNATIONAL PEDIATRIC PERITONEAL DIALYSIS NETWORK REGISTRY, Perit Dial Int 2012; 32(4):399–409			
3	Alicia M. Neu,1 Anja Sander,2 Dagmara Borzych–Duz· ałka,3 Alan R. Watson,4 Patricia G. Vallés,5 Il Soo Ha,6 Hiren Patel,7 David Askenazi,8 Irena Bałasz–Chmielewska,3 Jouni Lauronen,9 Jaap W. Groothoff,10 Janusz Feber,11 Franz Schaefer,12 and Bradley A. Warady13 on behalf of the IPPN investigators **(stady group includes E. Sahpazova)** COMORBIDITIES IN CHRONIC PEDIATRIC PERITONEAL DIALYSIS PATIENTS: A REPORT OF THE INTERNATIONAL PEDIATRIC PERITONEAL DIALYSIS NETWORK, Perit Dial Int 2012; 32(4):410–418	6+ 2.21	8.21x 60/100	4.92
4	– **E Sahpazova, D. Kuzmanovska, A. Bogdanovska. Diagnosis of dialysis leak in children on peritoneal dialysis using radionuclide technique. <u>Hippokratia</u>. 2012 Apr-Jun; 16(2): 184–186.**	6+0.5	6.5x 80/100	5.2
5	Velibor Tasic1, Aleksandra Janchevska1, Nora Emini1, Emilija Sahpazova1, Zoran Gucev1, Momir Polenakovic2 . CHRONIC KIDNEY DISEASE – PEDIATRIC RISK FACTORS. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2016;37(1):9-13. doi: 10.1515/prilozi-2016-0003.	6+0	6x 60/100	3.6
6	M van Huis, M Bonthuis, E Sahpazova, F Mencarelli, B Spasojević, G Reusz, A Caldas- Afonso, A Bjerre, S Baiko, K Vondrak, E A Molchanova, G Kolvek, N	6+ 3.58	9.58x 60/100	5.748

	Zaikova, M Bohm, G Ariceta, KJ Jager, F Schaefer, KJ van Stralen, JW Groothoff, Considerable variations in growth hormone policy and prescription in pediatric and-stage renal disease across European countries- a report from the ESPN/ERA-EDTA registry. Nephrology Dialysis Transplantation 04/2015; DOI:10.1093/ndt/gfv105			
7	Ha IS, Yap HK, Munarriz RL, Zambrano PH, Flynn JT, Bilge I, Szczepanska M, Lai WM, Antonio ZL, Gulati A, Hooman N, van Hoeck K, Higuita LM, Verrina E, Klaus G, Fischbach M, Riyami MA, Sahpazova E, Sander A, Warady BA, Schaefer F Risk factors for loss of residual renal function in children treated with chronic peritoneal dialysis. International Pediatric Peritoneal Dialysis Network Registry. Kidney Int. 2015 Sep;88(3):605-13. doi: 10.1038/ki.2015.108.	6+ 7.683	13.683x 60/100	8.20
				41.576
	Апстракти објавени во зборник на конференција – **меѓународна** – **национална**			
1	E. Sahpazova, D. Kuzmanovska. Our experience with catheter-related complications in pediatric peritoneal dialysis in R. Macedonia, 14th congress of the ISPD, Kuala Lumpur, Malaysia, 9-12 september 2012. Abstract book	1	1	1
2	SahpazovaE,Abazi N, Kuzmanovska D,Bogdanovska A. Our experience with hernia in children treated with peritoneal dialysis in R. Macedonia. 15th Congressof tha ISPD 7-10 september 2014, Madrid, Spain, Abstract book	1	1	1
3	E. Sahpazova,N. abazi, D. Kuzmanovska, Catheter related complications in pediatric	1	1	1

	peritoneal dialysis, 12 th EuroPD Meeting,2-5 oct.2015, Krakov, Poland, Abstract book			
4	E. Sahpazova, N. Abazi, Twenty one years experience with pediatric peritoneal dialysis in R. Macedonia. 16th Congrss of the ISPD 27 february-1 March 2016, Melbourne, Australia, Abstract book.	1	1	1
5	N.Alulovska, A. Papazova, L. Muaremovska. N. Emini, E. Sahpazova, B. Conevska, A. Jancevska, V. Tasik. Renal vein thrombosis in a neonate: case review.5th Congress of the Macedonian society of nephrology, dialysis, transplantation and artificial organs with international participation, 9-12 June, 2016, Skopje, R. Macedonia, Abstract book	0.5	0.5	0.5
6	Stamatova, K. Bundovski, N. Emini, E. Sahpazova,Z. Gucev, V. Tasic. Three generation CAKUT, 5th Congress of the Macedonian society of nephrology, dialysis, transplantation and artificial organs with international participation, 9-12 June, 2016, Skopje, R. Macedonia, Abstract book	0.5	0.5	0.5
7	E. Sahpazova, N. Abazi, R. Simeonov, M. Petrovski, Non-infectious complication-hernia, in children on peritoneal dialysis. 5th Congress of the Macedonian society of nephrology, dialysis, transplantation and artificial organs with international participation, 9-12 June, 2016, Skopje, R. Macedonia, Abstract book	0.5	0.5	0.5
8	E. Gjinovska, E. Veljanovska, N. Emini, E. Sahpazova, D. Kuzmanovska, V. Tasic. Postreptococcal glomerulonephritis in a child with single kidney. 5th Congress of the Macedonian society of nephrology, dialysis, transplantation and artificial organs with international participation, 9-12 June, 2016, Skopje, R. Macedonia, Abstract book	0.5	0.5	0.5
9	K. Bundovski, R. Simeonov, M. Petrovski, N. Emini, E. Sahpazova, V. Tasic, Bladder stones due to cystinuria- report of five pediatric patients. 5th Congress of the Macedonian society of nephrology, dialysis, transplantation	0.5	0.5	0.5

	and artificial organs with international participation, 9-12 June, 2016, Skopje, R. Macedonia, Abstract book			
				6.5
	Учесник на национален научен проект			
	"Клинички, генетски и прогностички аспектинахроничните бубрежни болести кај деца и адолесценти во Република Македонија"	3	3	3
				3
вкупно				**51.076**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	**Назив на активноста**	Поени од формулар	Вкупно поени
1.	**Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравство** **- раководител** **- учесник**		
1.	Учесник во International Pediatric Dialysis Network International multi-center clinical study -	1	1
2	Учесник во ESPN/ERA-EDTA registry Europen registry for children on renal replacement therapy	1	1
	Воведување нова лабораториска/клиничка или јавно - здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството		
	Воведување на методата за подобност на перитонелната мембрана со одредување на клиренси со соодветен софтер за	1	4

	пресметување во Македонија, со нова програма од фирмата Фрезениус		
	Воведување на методата за одредување на типот на перитонеалната мембрана со нова програма од фирмата „Фрезениус”.	1	4
	Член на организационен одбор на научен собир		
	14 – ти Симпозиум за Новини во педијатријата, 2013	1	1
	4 -ти Конгрес на МЗНДТВО со меѓународно учество, 21-24 јуни 2012	1	1
	5 - ти Конгрес на МЗНДТВО со меѓународно учество, 9-12 јуни 2016	1	1
вкупно			**13**
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
	Раководител на внатрешна организациона единица		
	Раководител на Центар за хронична бубрежна инсуфициенција и перитонеална дијализа	3	3
вкупно			**3**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	**поени**
Наставно-образовна дејност	**151,94**
Научноистражувачка дејност	**51,076**
Стручно- апликативна дејност	**13**
Дејности од поширок интерес	**3**
ВКУПНО	**218,976**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф.д-р Велибор Тасиќ, с.р.

Проф.д-р Филип Дума, с.р.

Проф.д-р Ацо Костовски, с.р.

Проф.д-р Емилија Влашки, с.р.

Проф.д-р Ката Мартинова, с.р.

З А К Л У Ч О К

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидatkata Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно - образовната, научно истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на н.сор. д-р Емилија Шахпазова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека кандидатката поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти- докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите критериуми да биде избрана во звањето виш наушен соработник по предметот педијатрија.

Според горенаведеното, Комисијата има за чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, н. сор. д-р Емилија Шахпазова да биде избрани во звањето виш научен соработник по предметот педијатрија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Велибор Тасиќ, с.р.

2. Проф. д-р Филип Дума, с.р.

3. Проф. д-р Ацо Костовски, с.р.

4. Проф. д-р Емилија Влашки, с.р.

5. Проф. д-р Ката Мартинова, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ЈАВНОЗДРАВСТВЕНО ЗНАЧЕЊЕ

НА ПРЕТПЕНЗИСКИОТ ПЕРИОД ВО ПРОЦЕСОТ НА АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ“

ОД М-Р ИСКРА ГЕРАЗОВА,

ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Геразова со наслов „Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење“, во состав: проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска (претседател), проф. д-р Јордан Минов (ментор), проф. д-р Розалинда Исјановска (член), проф. д-р Моме Спасовски (член) и проф. д-р Бранислав Стефановски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Геразова, со наслов „Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење“, содржи 166 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 130 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека според резултатите од истражувањата изведени во други земји, предпензискиот период во работниот век на луѓето и подготовката за пензионирање имаат една од клучните улоги во процесот на активно стареење. Навремената и организирана подготовка за пензионирање овозможува адекватно оспособување на сите аспекти од животот (финансиски, социјални, здравствени, културолошки и др.) на идните пензионери за претстојниот животен период.

Воведот, воедно, претставува и **прва глава** од докторската дисертација. Тој е составен од девет подглави. Во подглавите 1.1. и 1.2. се објаснети поимите: старост, стареење и активно стареење, а прикажани се и најважните демографски промени во светот и кај нас, односно прикажан е глобалниот тренд на зголемување на бројноста на возрасната популација во последниве децении. Во подглавата 1.3, пак, прикажани се основните карактеристики на пензискиот систем во Р Македонија. Основните карактеристики на претпензискиот период, односно финансиските, здравствените и социјалните аспекти на овој период се прикажани во

подглавите 1.4, 1.5, 1.6, 1.7 и 1.8. Најважните елементи на организираните подготвителни активности за пензионирањето кои што се изведуваат во развиените земји се прикажани во подглавата 1.9.

Мотив за истражувањето (Глава 2) е недостигот на вакво истражување во нашата земја и потребата од податоци врз кои ќе се темели јавноздравствената интервенција која што ќе овозможи успешно пребродување на овој период и активна улога на идните пензионери во целокупниот општествен живот.

Во **третата глава** се изложени **целите на истражувањето**. Главна цел на истражувањето е да се процени подготвеноста за пензионирање на здравствените работници од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) кои што се наоѓаат во предпензискиот еприод, односно во последните пет години од својот работен век.

Специфични цели се: да се спореди подготвеноста за пензионирање на здравствените работници од ПЗЗ кои што работат во приватниот и јавниот сектор, како и помеѓу докторите и медицинските сестри/техничари во рамките на еден сектор и помеѓу двата сектора, да се утврфи поврзаноста на подготвеноста за пензионирање со одделни социодемографски карактеристики на испитаниците (пол, степен на образование, просечен број на членови во семејството и просечен месечен приход по член од семејството) и да се донесат препораки за јавно здравствена интервенција за подигнување на свесноста и подобрување на подготвеноста на работниците во предпензискиот период како еден од клучните елементи во процесот на активно стареење.

Во **четвртата глава** се прикажани **материјалот и методите** применети во истражувањето. Истражувањето од тип на дескриптивно-аналитички модел на епидемиолошка студија на пресек заснована врз прашалник спроведена е во периодот ноември 2014-април 2015 во соработка со тимот на Институтот за медицина на трудот на Р Македонија – Колаборативен центар на Светската здравствена организација (СЗО).

Како целна група за истражувањето за подготвеноста за пензионирање одбрани се здравствени работници со оглед на нивната бројност и старосна структура, нивната препознаеност од СЗО како вулнерабилна група работници, како и поради искуствата на Институтот за медицина на трудот на Р Македонија – Колаборативен центар на СЗО во повеќе истражувања изведени со оваа работничка популација. Во истражувањето се вклучени 200 здравствени работници од ПЗЗ од подрачјето на Скопје во последните пет години од нивниот работен век. Според тоа дали работат во приватниот или јавниот сектор на ПЗЗ, испитаниците се поделени во две групи: прва група (Г1), во која се вклучени 100 здравствени работници од приватниот сектор и втора група (Г2), во која се вклучени здравствени работници од јавниот сектор на ПЗЗ. Испитаниците од двете групи се стратифицирани во две подгрупи (доктори и медицински сестри/техничари). Од сите испитаници е добиена писмена согласност за учество во истражувањето по детално објаснување на неговата цел и начин на изведување.

Инструмент на истражувањето се два прашалника: Кратка верзија на Скалата за проценка на квалитетот на живот и Прашалникот за подготвеност за пензионирање.

Краткаша верзија на Скалаша за проценка на квалишешош на живош е стандардизиран прашалник на СЗО за проценка на квалитетот на живот, а се состои од 26 прашања. Првите две прашања се одговараат одделно и се однесуваат на општа оценка на квалитетот на живот и здравјето на испитанците. Преостанатите прашања се поделени во четири домени (Д1-Д4) кои што се однесуваат на физичкото и менталното здравје, социјалниот живот и опкружувањето на испитаниците.

Прашалникот за подготвеност за пензионирање е специјално дизајниран за потребите на истражувањето, а се темели врз два стандардизирани и валидизирани прашалника (Прашалник за перцепција на различните аспекти на пензионирањето и Прашалник за пензионирање) користени во истражувањата на Bellamy и Swoboda во САД. Прашалникот се состои од 54 прашања поделени во четири дела. Првиот дел се однесува на социодемографските карактеристики на испитаниците, вториот дел на финансиските аспекти на пензионирањето, третиот дел на другите аспекти на пензионирањето (социјални, општествени, културолошки и др.), а четвртиот дел на подготвителните активности за пензионирање.

Истражувањето е спроведено во четири фази. Во првата фаза е извршена селекција на испитаниците и првата (експертска) валидација на прашалниците. Во втората фаза спроведена е пилот студија со 30 испитаници од истата целна група кои што не се вклучени во завршната фаза на истражувањето. Во третата фаза прашалниците се пополнувани од испитаниците од примерокот на истражувањето, а во четвртата фаза е извршена статистичка обработка на добиените податоци.

Глава 5 се состои од три подглави и во нив се прикажани **резултатите** од истражувањето. Првата подглава се состои од анализа на социодемографските карактеристики, втората од анализа на податоците за квалитетот на живот, а третата од анализа на податоците за подготвеноста за пензионирање.

Од вклучените 200 испитаници (36,5% мажи и 63,5% жени) со просечна возраст 60,2 ± 2,0 год., 58,5% се доктори, а 41,5% медицински сестри/техничари. Според степенот на образование 62% од испитаниците имаат високо, а 38% средно образование. Просечниот вкупен работен стаж изнесува 32,9 ± 3,4 год., просечниот работен стаж на актуелното работно место 22,6 ± 2,9 год, а просечното време до пензионирањето 35,8 ± 5,1 месеци. Просечен број на членови на семејстовото помал или еднаков на три се сретнува кај 35,5% од испитаниците, а кај 64,5% од испитаниците тој број е поголем од три. Просечен месечен приход по член од семејство помал од 200 евра е пријавен од 61% од испитаниците, а кај 39% од нив просечниот месечен приход по член од семејство е повисок од 200 евра.

Во поглед на проценката на квалитетот на сопствениот живот, според вредностите на добиените просечни скорови испитаниците го оценуваат квалитетот на сопствениот живот и општата здравствена состојба како добри, а разликата меѓу одговорите на испитаниците од двете групи не е статистички значајна. Просечниот скор добиен од одговрите на прашањата од доменот за физичкото здравје (23,2 ± 3,1) укажува дака испитаниците се задоволни од своето физичко здравје. Разликата во поглед на перцепцијата на сопственото физичко здравје меѓу испитаниците од двете групи не е статистички значајна. Исто така, испитаниците се задоволни од сопственото ментално здравје (просечниот скор изнесува 23,1 ± 3,2). Иако испитаниците од двете групи се задоволни со своето ментално здравје, просечниот скор добиен од одговорите на прашањата од овој домен кај испитаниците од Г1 е статистички значајно повисок во однос на неговата вреднсот кај испитаниците од Г2. Во поглед на перцепцијата на својот социјален живот, испитаниците од него не се ниту задоволни, ниту незадоволни (просечен скор 10,8 ± 1,9). Иако испитаницит од двете групи имаат исто мислење за својот социјален живот, просечниот скор добиен од одговорите на прашањата од овој домен кај испитаниците од Г1 е статистички значајно повисок во однос на неговата вредност кај испитаниците од Г2. На крајот, испитаниците од двете групи се задоволни од опкружувањето (средината) во која што живеат (просечен скор 25,3 ± 5,3), а разликата помеѓу вредностите на просечните скорови добиени од одговорите на прашањата од овој домен од испитаниците од двете групи не е статистички значајна. Степенот на образование, просечниот број на членови на семејството и проесечниот месечен приход по

член од семејство имаат значајно влијание врз различните аспекти на квалитетот на живот на испитаниците.

Најголем број испитаници (75,5%) немаат познавање или имаат мало познавање на пензискиот систем на Р Македонија, а разликата меѓу испитаниците од двете групи не е статистички значајна. Исто така, најголем број испитаници (74,5%) сметаат дека нивните примања по пензионирањето нема да бидат доволни или нема да бидат сосема доволни за пристоен живот, а 56,5% од нив сметаат дека по поензионирањето ќе дојде до голема намалување на нивниот животен стандард. Разликата меѓу ставовите за овие прашања кај испитаниците од двете групи повторно не е статистички значајна. Во поглед на тоа кој би можел да помогне во подобрувањето на финансиската состојба на пензионерите, 44% од испитаниците сметаат дека тоа треба да бидат државните институции, а 35,5% од нив немаат одговор на ова прашање. Во поглед на социјалните аспекти на пензионирањето, најголем број од испитаниците сметаат дека пензионерите не се доволно застапени во ниту во општествено-политичкиот живот на државно и локално ниво, ниту во електронските и пишаните медиуми. Исто така, најголем број од испитаниците (83%) сметаат дека актуелните пензионери треба да бидат многу поактивни во различни аспекти од својот живот (социјални, културни, рекреативни и др.). и дека тие треба да се подобрат. Според ставот за тоа кој треба да помогне во подобрување на различните аспекти од животот на пензионерите, најголем број од испитаниците (68,5%) сметаат дека тоа треба да бидат државните институции. Најголем број од испитаниците (71%) сметаат дека сегашната подготовка за пензионирање не е воопшто доволна или не е сосема доволна, а разликата во овој став меѓу испитаниците од двете групи не е статистички значајна. Исто така, најголем број испитаници (84,5%) сметаат дека на луѓето пред крај на нивниот работен век им е потребна подготовка за пензионирање, а 79% од нив сметаат дека припремните активности треба да почнат една до пет години пред пензионирањето. Нјаголем број од испитаниците сметаат дека припремните активности за пензионирањето треба да ги спроведуваат државните институции или организациите во кои што работеле пред пензионирањето (57,5%, односно 19,5%) во облик на организирана обука која што ќе ги опфати сите аспекти на животот на пензионерите (финансиски, здравствени, социјални и др.) која што ќе ја изведуваат стручни лица од одделни области. Степенот на образование, просечниот број на членови на семејството и проесечниот месечен приход по член од семејство имаат значајно влијание врз ставовите на испитаниците за нивните ставови за различните аспекти на нивното пензионирање.

Во **Глава 6** (**Дискусија**) добиените резултати се коментирани и споредувани со резултатите од други истражувања спроведени со иста или слична целна група.

Во Р Македонија сé уште не се изведуваат организирани подготвителни активности за пензионирање. Во развиените земји, пак, припремните активности за пензионирањето се практика и нивните резултати укажуваат на потребата од нивно спроведување и во нашата земја. Исто така, во нашата земја сé уште не е изведено јавноздравствено истражување за карактеристиките на предпензискиот период кај работниците од која било професија и нивната подготвеност за пензионирање.

Основни цели на актуелното истражување се да се процени подготвеноста за пензионирање на здравствените работници од ПЗЗ кои се наоѓаат во предпензискиот период од својот работен век врз база на што ќе се спроведат организирани јавноздравствени активности за нејзино подобрување кои што ќе бидат применливи и за работниците од други професии. Јавноздравственото истражување е спроведено со примена на прашалници за квалитетот на живот на овие работници и за нивните ставови за различните аспекти на пензионирањето и подготвеноста за пензионирање.

Во поглед на квалитетот на живот, испитаниците од актуелното истражување се задоволни како од општиот квалитет на живот и здравствената состојба, така и од одделните аспекти на квалитетот на живот. Степенот на образование и социоекономскиот статус имаат значајна улога во перцепцијата на општиот квалитет на живот на испитаниците и неговите одделни аспекти. Добиените резултати се слични со резултатите од други истражувања во кои се проценува квалитетот на живот кај здравствени и други работници. Така, резултатите од Студијата за здравје, стареење и пензионирање (Survey of Health, Ageing and Retirement in Europe - SHARE), изведена со испитаници од повеќе европски земји на почетокот од овој век, укажуваат дека проценката на квалитетот на сопствениот живот е статистички значајно поврзана со степенот на образование, месечните примања и социоекономскиот статус. Слични резултати се добиени и во истражувањата на кај здравствени работници на Kheiraoui во Италија, Barrientos во Чиле, Alcser во Германија и др.

Загриженоста на пензионерите за нивната финансиска состојба после пензионирањето регистрирана во актуелното истражување (особено изразена кај испитаниците со понизок степен на образование и понизок просечен месечен приход по член од семејството) се потврдува со резултатите од истражувањата во други земји. Финансиските аспекти се еден од клучните проблеми на пензионирањето со оглед на тоа што примањата на пензионерите се помали во однос на нивните примања во тек на работниот век, а влошената финансиска состојба значајно влијае на сите аспекти од животот на пензионерите. Резултатите од Retirement Confidence Survey (RCS) и Health Retirement Study (HRS), изведени во САД во првата деценија од овој век, укажуваат дека финансиската едукација во претпензискиот период има долгорочни позитивни ефекти во подобрувањето на финансиската состојба на пензионерите.

Резултатите од повеќе истражувања укажуваат дека иако пензионирањето не доаѓа неочекувано, адаптацијата на новиот начин на живот претставува една од најтешките работи во животот на идниот пензионер и неговото семејство и ја потенцираат потребата од адекватана подготовка за полесно пребродување на оваа животна пресвртница. Резултатите од актуелното истражување укажуваат дека најголем број од испитаниците (повеќе од 80%) сметаат дека на работниците кои што се наоѓаат во последните години од работниот век им е потребна подготовка за пензионирање. Во последниве дваесетина години во развиените земји (САД, Канада, Австралија, Јапонија, скандинавските земји и др.) се спроведуваат подготвителни активности за пензионирање во форма на предпензиски семинари, курсеви или други форми на активности организирани од државните институции или компаниите каде што работат идните пензионери. Информациите од учесниците на предпензиските семинари во САД (Retirement Seminars) или на предпензиските курсеви во Велика Британија (Pre-Retirement Courses) укажуват дека учесниците на овие семинари значајно ги зголемиле своите познавања за финансиските, здравствените и социјалните аспекти на пензионерскиот живот кои што пред учеството на овие семинари биле на прилично ниско ниво. Најдобри резултати се постигнуваат на организираните припремни активности кои што ги опфаќаат сите аспекти на животот на пензионерите изведувани од стручни лица од одделни области. Слични ставови во поглед на посакуваниот начин на спроведување на подготовката за пензионирање се регистрирани и кај најголем број испитаници од актуелното истражување.

Во **седмата глава** врз база на добиените резултати донесени се **заклучоците** од истражувањето, како и **препораките** за јавноздравствена интервенција за редукција на стресот поврзан со работа и неговите ефекти врз здравјето на наставниците од основните училишта.

Најважни заклучоци од истражувањето се:

- Испитаниците го проценуваат општиот квалитет на својот живот, здравствената состојба и одделните аспекти на квалитетот на живот како добри.

- Најголем број од испитаниците сметаат дека нивните примања по пензионирањето нема да бидат воопшто доволни или нема да бидат сосема доволни за пристоен живот, а околу половина од нив сметаат дека по пензионирањето ќе дојде до големо намалување на нивниот животен стандард.

- Најголем број од испитаниците сметаат дека сегашната подготовка за пензионирање воопшто не е доволна или не е сосема доволна за адекватно адаптирање на претстојниот животен период.

- Најголем број од испитаниците сметаат дека дека подготвителните активности пред пензионирањето треба да бидат спроведувани во државните институции во облик на организирана обука за сите аспекти од животот на пензионерите која што ќе ја изведуваат стручни лица од одделни области.

Добиените резултати укажуваат на потребата од јавноздравствена акција за подобра подготвеност за пензионирање која што ќе биде насочена кон сите здравствени работници во предпензискиот период од нивниот работен век. Оваа акција треба да се темели врз Националната стратегија за стари лица 2010-2020 и нејзините принципи за подобрување на подготвеноста за пензионирање ќе можат да се применат и за работниците од други сектори кои што се наоѓаат во истиот период од работниот век. Јавноздравствените активности, од една страна, треба да бидат насочени кон подигнување на јавната свест за проблемот на пензионирањето и потребата од подготвка за подобра адаптација за претстојниот животен период, и, од друга страна, кон организирање и спроведување на подготвителни активности за работниците во претпензискиот период од својот работен век.

Во **осмата глава** прикажана е **литературата** користена при изработката на докторската дисертација. Во оваа глава наведени се 130 библиографски единици од избраното подрачје.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е проценката на подготвеноста за пензионирање како дел од процесот на активно стареење на здравствените работници од ПЗЗ (доктори и медицисни сестри/техничари) во претпензискиот период од својот работен век и нејзината поврзаност со нивните социодемографски карактеристики.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Актуелното истражување претставува прво истражување кај нас во кое што со примена на јавноздравствен пристап се проценува подготвеноста за пензионирање на здравствените работници. Резултатите од истражувањата од оваа област изведени во развиените земји укажуваат на бенефитите од навремена и адекватна подготовка за пензионирање и на потребата од јавноздравствена интервенција која што ќе овозможи успешно пребродување на овој период како еден од клучните елементи во процесот на активно стареење.

Краток опис на применетите методи

Во истражувањето од типот на дескриптивно-аналитичка епидемиолошка студија на пресен вклучени се 200 здравствени работници (доктори и медицински сестри/техничари) од ПЗЗ од подрачјето на Скопје во последните пет години од нивниот работен век. Проценката на подготвеноста за пензионирање е проценета со два прашалници (*Краткa верзија на Скалата за проценка на квалитетот на живот* и *Прашалник за подготвеност за*

пензионирање). Добиените податоци се обработени со дескриптивни и аналитички статистички методи.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Испитаниците од двете групи го проценуваат квалитетот на својот живот и општата здравствена состојба како добри. Слични се проценките и за нивното физичко и ментално здравје, социјалниот живот и опкружувањето. Повеќе од две третини од испитаниците од двете групи немаат никакво познавање или малку го познаваат пензискиот систем во нашата земја. Исто така, повеќе од две третини од испитаниците од двете групи сметаат дека нивните примања по пензионирањето нема да бидат воопшто доволни или нема да бидат сосема доволни за пристоен живот, а околу половина од нив сметаат дека по пензионирањето ќе дојде до големо намалување на нивниот животен стандард. Повеќе од две третини од испитаниците од двете групи сметаат дека сегашната подготвеност за пензионирање воопшто не е доволна или не е сосема доволна, а најголем број од нив сметаат дека припремните активности треба да бидат спроведувани во државните институции во облик на организирана обука за сите аспекти од животот на пензионерите која што ќе ја изведуваат стручни лица од одделни области.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Геразова, со наслов „Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење“, претставува научно истражување од областа на јавното здравство. Примената на јавноздравствениот пристап во проценката на подготвеноста за пензионирање на здравствените работници од ПЗЗ овозможува добивање податоци врз основа на кои ќе се спроведе јавноздравствена акција за подобрување на подготвеноста за пензионирање и успешно започнување на процесот на активно стареење кај овие работници која што ќе биде применлива и за останатите работници на крајот од нивниот работен век.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Геразова, со наслов „Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење “, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: Gerazova-Mujcin I. Quality of life of the health care workers in pre-retirement period from the private sector of the Primary health care from the Skopje region. OAMJMS 2015; 3 (3): 514-520.

[2]. Автори: Геразова-Мујчин И. Ставови за подготовка за пензионирање на здравствените работници од Примарната здравствена заштита од приватниот и јавниот сектор од подрачјето на Скопје. Архиви на јавното здравје 2015; 7 (1): 13-20.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката. Актуелното истражување претставува за сега единствено истражување од областа на јавното здравство во кое со научен пристап се проценува подготвеноста за пензионирање на здравствените работници од ПЗЗ. Добиените резултати ќе овозможат спроведување на јавноздравствена акција со која што ќе се подобри

подготвеноста за пензионирање на работниците како еден од клучните елементи на процесот на активно стареење.

Подрачје на примена и ограничувања. Заклучоците и препораките изработени врз база на добиените резултати можат да се применат како основа за јавноздравствена акција за подобрување на подготвеноста за пензионирање на работниците кои се при крај на својот работен век. Ограничување на истражувањето е вклучувањето на еден профил работници што може да има одредени импликации врз добиените резултати и нивната интерпретација.

Можни понатамошни истражувања. Слични истражувања со јавноздравствен пристап, со вклучување на другите профили работници што ќе овозможи добивање на комплетна слика за подготвеноста за пензионирање, како и јавноздравствена интервенција за нејзино подобрување.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Искра Геразова** со наслов **Јавноздравствено значење на претпензискиот период во процесот на активно стареење.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, претседател, с.р.

Проф. д-р Јордан Минов , ментор, с.р.

Проф. д-р Розалинда Исјановска, член, с.р.

Проф. д-р Моме Спасовски, член, с.р.

Проф. д-р Бранислав Стефановски, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ЕВАЛУИРАЊЕ НА СТАВОВИ, ПЕРЦЕПЦИИ И ЗНАЕЊА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ВРСКА СО АКРЕДИТАЦИЈАТА КАКО ПОТЕНЦИЈАЛЕН ДВИГАТЕЛ КОН ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРОМЕНИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “
ОД СПЕЦ. Д-Р АНЕТА ПЕТРУШЕВСКА,
ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката спец. д-р Анета Петрушевска, со наслов ,,Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитацијата како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија “, во состав: проф. д-р Розалинда Исјановска (претседател), проф. д-р Моме Спасовски (ментор), проф. д-р Фимка Тозија (член), проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска (член) и проф. д-р Михаил Кочубовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката спец. д-р Анета Петрушевска, со наслов „Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитацијата како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија“, содржи 198 страници компјутерски обработен текст во фонт Verdana, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 119 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во десет глави, вовед, оправданост (мотив) на истражувањето, цел на трудот, хипотези, материјал и методи, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучоци и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката укажува дека темите како квалитет на здравствена заштита и соодветни организациски промени во секојдневното функционирање на една здравствена организација се интерконектираат постојано со цел остварување на поставените цели на здравствената организација од функционален, безбедносен како и од аспект на давање квалитетна здравствена услуга, а акредитацијата е признаен и потврден начин за постигнување на овие цели. На овие теми им се посветува сé поголемо внимание во Р.Македонија која започна со процесот на акредитација на јавно здравствените установи во секундарната и терцијарната здравствена заштита. Според резултатите од истражувањата изведени во други земји и од изнесените резултати во литературата може да се најде позитивна корелација со одредени аспекти на акредитациониот процес, а по основ на други да се констатира дека таа има мало или нема влијание.

Воведот, воедно, претставува и **прва глава** од докторската дисертација. Тој е составен од четири подглави. Во подглавата 1.1. е даден осврт на организацијата на здравствената заштита, а во четири потточки се објаснети нивоата на здравствената заштита, здравственото финансирање, организацијата на здравствената заштита во Р.Македонија како и организациите за поддршка на здравствената заштита. Во подглавата 1.2 е даден осврт на квалитетот во здравствената организација. Ова поглавје се состои од пет потточки во кои се објаснуваат поимот квалитет, иницијативите за подобрување и предусловите за квалитет во здравствените организации, организациите посветени на квалитет, како и индикаторите за квалитет во Р.Македонија. Во подглавата 1.3, е даден осврт на организациските промени во здравствената организација, а подглавата 1.4 се однесува на акредитацијата во здравствена организација. Таа содржи девет потточки кои го дефинираат поимот, ги објаснуваат фазите на процесот, се дава осврт на историскиот развој на програмите за квалитет и акредитација на здравствените организации како и акредитацијата во интернационални рамки, придобивките од акредитацијата за една здравствена организација, стандардите за акредитација, стандардите и изведувањето на процесот во Р.Македонија, како и акредитираните здравствени оррганизации во Р.Македонија.

Оправданоста на истражувањето и мотивот за истражувањето се изнесени во Глава 2, е недостигот на вакво истражување во нашата земја и можноста да се прошири литературата на тема акредитација во здравствени институции како и да се процени спремноста на медицинскиот персонал за спроведување на програма за квалитет - акредитација во неакредитирани здравствени установи. Преку проценка на ставовите и мислењата на персоналот, навремено би се премостиле одредени пречки поврзани со некои од организационите прашања и во тој случај здравствената организација би го спровела процесот на акредитација поуспешно сé со цел тој да води кон подобар квалитет при пружање на здравствените услуги.

Во **третата глава** се изложени **целите на истражувањето**. Целите на ова истражување се: 1. да се оцени колку здравствените работници во Р.Македонија се запознаени со поимот акредитација и врз кои аспекти од функционирањето на здравствената организација спрема нивното мислење имплементирање на акредитацијата би имала влијание; 2. да се оцени како здравствените работници во Р.Македонија го перцепираат квалитетот и одредени елементи на квалитет и дали ги прифаќаат истите како основа за имплементирање акредитација/програм за квалитет; 3. да се изврши проценка за тоа кои елементи спрема мислење на здравствениот персонал водат кон организациските промени и дали персоналот смета дека тие водат кон подобро функционирање на организацијата; 4. да се евалуира климата на спроведување на акредитација во Р.Македонија во државните и во приватните здравствени институции од терцијарната здравствена заштита; 5. врз основа на перципираните ставови поврзани со акредитацијата да се дадат предлози за надминување на согледаните слабости со цел успешно започнување и спроведување на процес на акредитација во една здравствена установа.

Во **четвртата глава** се прикажани хипотезите на ова истражување. Основната (нулта) хипотеза гласеше дека акредитацијата во здравствените организации не е потенцијален двигател кон квалитет според перцепциите на здравствените работници во Р.Македонија, а поединечните хипотези како што следат: Х1. Здравствениот персонал верува во потенцијалното влијание на акредитацијата врз подобрувањето на квалитетот на здравствените организации. Х2. Познавањето и прифаќањето на квалитетот и неговите елементи од страна на здравствениот персонал претставуваат основа за успешно имплементирање на акредитацијата/програмите за унапредување на квалитет во здравствените организации. Х3. Акредитацијата е мотиватор за организациски промени кои водат кон квалитет во здравствената организација.

Во **петтата глава** се прикажани **материјалот и методите** применети во истражувањето. Истражувањето претставува проспективна студија на пресек, при која биле применети квантитативно-квалитативен, дескриптивен и аналитички метод, а е спроведена во периодот од септември до декември 2014 год. Како целна група за истражувањето се различни профили на здравствен персонал како што се: лекари, медицински сестри, административниот и помошен персонал, со цел здобивање со различни перспективи на здравствените професионалци кои би зеле учество во процесот на акредитација. Анкетниот прашалник го одговориле 402 испитаници. Истражувањето било спроведено на пригоден примерок испитаници од 17 здравствствени установи. **За прибирањето на податоците,** испитаниците однапред биле информирани за денот на анкетирањето и интервјуирањето преку образец – писмо доставено до раководството на институциите кои го одобрија истражувањето во нивната институција. Пред собирањето на податоците за оваа студија е добиена информирана согласност за учество во студијата.

Основен **инструмент на истражувањето** бил анкетен прашалник. За остварување на потребите на ова истражување беше дизајниран семи-структуриран (квантитативно-квалитативен) прашалник. Анкетниот прашалник се состоеше од 30 прашања распоредени во три целини составен од прашања од затворен и од отворен тип, како и од сет на демографски прашања.

Истражувањето беше спроведено во четири фази. Во првата фаза беше извршена селекција на испитаниците и првата (експертска) валидација на прашалниците. Во втората фаза беше спроведена пилот студија со 40 испитаници од истата целна група кои не беа вклучени во завршната фаза на истражувањето. Во третата фаза прашалниците беа пополнувани од испитаниците од примерокот на истражувањето, а во четвртата фаза беше извршена статистичка обработка на добиените податоци. Статистичката обработка е прикажана во **Глава 6**.

Глава 7 се состои од две подглави во кои се прикажани **резултатите** од истражувањето. Првата подглава содржи резултати од квантитативната анализа со потточки во кои се опишани резултати од дескриптивна анализа, корелациона анализа и резултати од регресивна анализа прикажана на 43 табели и 31 графикон, а втората подглава ги содржи резултатите од квалитативната анализа. Во втората подглава беше анализиран квалитативниот дел од студијата каде што беа споделени ставови и мислења за прашања од отворен тип кои беа групирани во 6 главни домени како: управување и организација на институцијата, финансиски ресурси, едукација, нормативни акти и регулатива, професионализам, квалитет на услуги на здравствена заштита.

Во студијата во сегментот за знаења за акредитацијата, испитаниците без запознаени со поимот за акредитација и дека таа претставува интервенција во системот на здравствена заштита базирана на стандарди одобрена од релевантно тело во 45,6% наспрема 38,3% кои сметаа дека таа се поистоветува со воведување стандардизирани процеси. Резулататите од испитуваните елементи на квалитет поврзани со организацијата на работата во здравствените организации во судијата, како што се: споделување заеднички вредности помеѓу персоналот, подобро запознавање на организацијата, процесите, процедури за работа, унапредување на комуникација помеѓу персоналот и пациентите/нивните семејства, унапредување на ефикасноста во работењето и зголемување на задоволството на пациентите - покажуваат голем степен на согласност кај испитаниците и се перцепирани како двигатели кон квалитет. Акредитацијата е ефективен процес за унапредување на квалитетот на услугите кои им се нудат на пациентите, се сложија поголем процент на испитаниците. Една од целите на акредитацијата е да ги превенира потенцијалните организациски проблеми и проблеми во клиничкиот сегмент на работата, преку прифаќање на акредитационите стандарди. Ставот на мнозинството на испитаниците во студијата во зависност од нивните одговори во врска со акредитацијата е позитивен, односно тие ја одобруваат (75,6%) и би зеле активно учество во

неа (85,8%). Анализата на резултатите од корелационата анализа покажува дека постои статистички значајна поврзаност односно корелација помеѓу елементите кои ги мерат знаењата, ставовите за акредитација со перцепциите за квалитет во здравствената организација.

Перцепцијата на здравствените работници е дека нивната организација има поставено организациски цели за подобрување на квалитето(54,2%), дека раководниот кадар има капацитет да имплементира програм за квалитет-акредитација (59,9%) и дека раководството во нивната организација дејствува согласно сугестиите од тимот и пациентите (60,7%) за да се подобри квалитетот на услугите. Поголемиот дел од испитаниците (69,2%), во студијата судејќи според нивните одговори ги признаваат и прифаќаат елементите на квалитетот, како основа за спроведување на акредитација што показуваат и резултатите од кореалционата анализа.

Перцепциите на испитаниците дека двигатели на организациски промени во речиси еднаков процент се раководниот кадар (44,5%) и медицинскиот персонал (43,3%,) покажува дека не во сите институции раководството е перцепирано дека ја превзема улогата за промотор кон промени и тимот не ги доживува како лидери кон позитивни промени. Повеќето од анкетираните испитаници (61,4%) сметаат дека силен катализатор за да се случат организациски промени е законската регулатива. Во нашето истражување, во однос на одговорите на испитаниците нема статистички значајна разлика во перцепциите за постоење отпор наспроти немање отпор и без мислење. Испитаниците во оваа студија (67,4%) веруваат дека акредитацијата е ефективна алатка за една организација да спроведе промени кои водат кон квалитет.

Анализата на резултатите од корелационата анализа покажува дека постои статистички значајна поврзаност, односно корелација помеѓу елементите кои ги мерат знаењата, ставовите и перцепциите за акредитација анализирани преку сет елементи со перципираниот квалитет во здравствената организација мерен преку сет елементи.

Резултатите од регресионата анализа покажуваат дека за секоја единица зголемување на перципираните бенефити од акредитација перципираниот квалитет и неговите елементи се зголемува за 0,189 ($p<0,05$).

Квалитативниот дел од истражувањето во оваа студија придонесува за разбирање на перцепциите, искуствата, но и различните очекувања на давателите на услуги, што ни ги покажува перспективите на акредитацијата во Република Македонија.

Во **Глава 8** (**Дискусија**), добиените резултати се коментирани и споредувани со објавени трудови на тема акредитација во здравствени организации.

Од истражувањето кое беше спроведено во неакредитирани здравствени организации во повеќе градови во Р.Македонија во период пред воведувањето на акредитацијата во здравствените организации, се доби јасна слика за подготвеноста на здравствениот персонал да имплементира акредитација во здравствените организации вклучени во истражувањето.

Од прегледот на литературата може да се заклучи дека има незначителен број на објавени трудови во подготвителната фаза на акредитацијата односно во преакредитационен период, за разлика од доволен број трудови кои се објавени за акредитацијата со осврт на различни аспекти при имплементација на истата. Со ова се оправда изведувањето на студијата која придонесе да се надополни светската литература на оваа тема.

Во акредитациониот извештај на Канада ажуриран 2015 год. е утврдено дека бенефитите од акредитацијата, меѓу другото, се и подобрување на комуникацијата и соработката меѓу персоналот, разбирање на начинот на работа на секој поединец кој придонесува за здравствената заштита, размена на политики, процедури, и најдобри

практики помеѓу здравствените професионалци, промовирање култура кон квалитет и безбедност, придонесува за зголемување на задоволството од работата кај персоналот (87). Резулататите од испитуваните елементи на квалитет поврзани со организацијата на работата во здравствените организации во студијата покажуваат голем степен на согласност кај испитаниците и се перципирани како двигатели кон квалитет.

Високата стапка на ризик при здравствената заштита заедно со несаканите настани, грешки и други клинички инциденти создаде вистинска загриженост кај здравствените организации (93) и резултираше со низа чекори кон безбедност, а едниот од нив е воведување поглавје во стандардите за акредитација наменето за зголемување на таа безбедност. Мнозинствтото на испитаници во студијата со нивните позитивни одговори ја поддржаа оваа улога на акредитацијата.

Најголемиот процент на испитаници сметаат дека процедурите, протоколите, пополнувањето формулари, извештаи помагаат во спроведување на акредитацијата и водат кон квалитет и испитаниците би ги прифатиле. Во литературата има и спротивни мислења, така, на пр. според Verstaete et al. акредитацијата е врзана за доста административна работа и повеќе време се посветува на формалности одошто на квалитет на услугата (82). Да се прифати овој зголемен обем на работа во интерес на исполнување на акредитационите стандарди кои би воделе кон подобар квалитет ја покажува вистинската спремност на здравствениот персонал за прифаќање на овој процес.

Ставот на мнозинството на испитаниците во оваа студија во врска со акредитацијата е позитивен, односно тие ја одобруваат и би зеле активно учество во неа. Овој став на медицинскиот персонал е добар предуслов за успешно спроведување на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Македонија.

Еден од клучните двигатели за подобрување на работењето на организацијата е ефикасното раководење на кое се гледа како на потенцијален извор на подобрување на перформансите на организацијата (95). Раководителите треба да ја споделат визијата, вредностите и бенефитот од акредитацијата на секојдневна основа. Довербата која испитаниците со своите одговори ја дадоа во полза на раководниот кадар е еден од предусловите за успешно спроведување на акредитација во здравствена организација.

Студии сугерираат голем број на елементи вклучени во управување со квалитетот, имено, фокус кон пациентот, планирање на квалитет, поставување на цели, лидерство, подобрување на работната средина, комуникација, (23). Поголемиот дел од испитаниците во студијата судејќи според нивните одговори ги признаваат и прифаќаат елементите на квалитетот, како основа за спроведување на акредитација и ваквата позитивна перцепција е добра појдовна точка за градење на клима за успешна програма за квалитет.

Испитаниците во оваа студија веруваат дека акредитацијата е ефективна алатка за една организација за спроведување промени кои водат кон квалитет. Подобрувањето на работната средина влијае да се подобри квалитетот на работниот живот на персоналот, а ова директно позитивно се одразува на квалитетот на услугите кои се испорачуваат на пациентите (116).

Во **деветтата глава,** врз база на добиените резултати, донесени се **заклучоците** од истражувањето. Најважни заклучоци од истражувањето се:

- здравствениот персонал во спроведената студија ја перципира акредитацијата како алатка, која го катализира процесот кон подобрување на вкупните перформанси во здравствената организација кон постигнување на крајната цел да се обезбедат квалитетни услуги за пациентите;
- раководниот кадар е еден од клучните чинители за успешноста на акредитациониот процес кој е еден од гарантите за квалитет и тој треба да има капацитет да имплементира програм за квалитет – акредитација. Раководството треба да ја превземе

улогата на лидер, да ја претстави акредитацијата и целосно да ги објасни прифатените национални стандарди и протоколи пред персоналот, но, исто така, да има поставено организациони цели за подобрување на квалитетот, да делува според сугестиите на тимот и пациентите, како што веруваат поголем дел од испитаниците во оваа студија, со цел акредитацијата како процес да се вклопи во секојдневната работа на начин прифатлив за нив. Раководството исто така треба да обезбеди средина и услови за персоналот да биде мотовиран и задоволен, а тоа директно ќе влијае на услугите како и задоволството на пациентите;

- планирањето на буџетот е од суштинско значење како за подобрување на условите за работа и престој во болниците, исто така и за модернизирање на опремата, редовното образование и обука на персоналот;

- очекувањата на персоналот во голем процент се однесуваат и на прашања надвор од организацијата, како, на пример, дека процесот на акредитација овозможува подобро да се одговори на здравствените барања на популацијата;

- бенефитот, пак, од акредитацијата испитаниците во најголем процент сметаат дека отпаѓа на поефикасно и поефективно работење на организацијата и зголемено задоволство на пациентите;

- позитивниот напредок на процесот на акредитација е зависен од повеќе фактори, а, пред сé, од спремно и совесно раководство кое ќе го втемели процесот во системот на својата организација;

- за интегрирањето на промени, ставови, норми и ревидирање и подобрување на стандардите за работа е потребно време за да станат рутина во организацијата, создавајќи потреба за еден или повеќе клучни поединци да го држат процесот код контрола, преку внимателно следење, проактивно потсетување, како и решавање на настанатите проблеми. Само така промените може да станат навики со кои се одржува и подобрува квалитетот на здравствената организација;

- перцепциите на испитаниот здравствен песонал се дека акредитацијата би овозможила позитивни организациски промени преку кои може да се следи квалитетот и воедно тој континуирано да се подобрува во интерес на сите вклучени страни при давање и примање на здравствената грижа;

- промотор кон организациски промени е законската регулатива, а најголем дел од испитаниците имале позитивен став во однос на воведување на нов информационен систем приспособен на потребите за акредитација и ја сметаат оваа за важна организациска промена;

- едни од најважните промени кои се должат на акредитацијата се случува во услови за работа и задоволство на пациентите.

Во **десеттата** глава се дадоа препораки за здравствените институции и нивното раководство:

-секоја здравствена установа да спроведе акредитација, на тој начин ќе го одржи и подобри квалитетот и воедно ќе ја добие и одржи довербата кај пациентите дека дава квалитетна и стандардизирана заштита на целата популација;

-потребно е во целост да се спроведат и почитуваат акредитационите стандарди, а откако ќе бидат спроведени треба да се евалуираат и измерат дали го постигнале бараниот ефект;

-акредитационите стандарди да се спроведуваат и во секоја организација да се наоѓаат начини за нивно подоследно имплеметирање и во период меѓу акредитација и реакредитација. На тој начин ќе се добие и одржи организациска култура кон квалитет;

-еден од начините е поединците и тимовите кои прават значајни придонеси за унапредување на квалитетот да бидат соодветно наградени, како и да им се даде повеќе

слобода на изразување, споделување проблеми, известување за грешки и тоа да се прифати како однесување кое води кон квалитет;

-треба да се работи на правилно информирање на сите здравствени институции јавни и приватни за предностите на прифаќање на акредитационите стандарди;

-раководството потранспарентно и поодговорно да се однесува кон активностите кои ги презема за да биде поубеден персоналот дека раководниот кадар има капацитет да имплементира програм за квалитет-акредитација во јавноздравствените установи, како и повеќе да дејствува согласно со сугестиите од тимот и пациентите за да се подобри квалитетот на услугите.

Литературата која е користена при изработката на докторската дисертација се состои од 119 библиографски единици од избраното подрачје.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е проценка на ставовите, знаењата и перцепциите на здравствените работници за поимот акредитација, квалитет во здравствена организација и влијанието на акредитацијата врз организацијата да изврши организациски промени кои водат кон подобрување на квалитетот.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Актуелното истражување претставува прво истражување кај нас што ги анализира ставовите и перцепциите на здравствениот персонал во врска со акредитацијата на здравствените организации, кое е направено пред почеток на националната акредитација во Р.Македонија и дава можност да се оцени спремноста на давателите на здравствени услуги за имплементирање програма за квалитет - акредитациија, во напорите таа иницијатива да биде препознаена како двигател кон побезбедни и поквалитетни здравствени услуги. Резултатите од истражувањата од оваа област изведени во други земји укажуваат на повеќе бенефити од спроведување на акредитација во здравствените организации, како и студии кои ги земаат предвид ставовите на здравствениот персонал околу прашања врзани за квалитет и акредитација , што би овозможиле интегрирање и анализирање на овие ставови со цел процесот да се канализира и да води кон успешна акредитација која ќе го зголеми квалитетот на здравствените услуги.

Краток опис на применетите методи

Во истражувањето од типот на проспективна студија на пресек при која се применети квантитативно-квалитативен, дескриптивен и аналитички метод, вклучени се 402 здравствени работници (лекари, медицински сестри, административен и помошен персонал). Анкетирањето беше спроведено во 17 здравствени организации од секундарна и терцијарна здравствена заштита на територијата на Р.Македонија. Основен инструмент на истражувањето беше анкетен прашалник. За остварување на потребите на ова истражување беше дизајниран семи -структуриран (квантитативно-квалитативен) прашалник, составен од претходно подготвени интернационално прифатени прашалници, како и новоформирани прашања дизајнирани да одговараат на целите на ова истражување.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од испитуваните елементи на квалитет поврзани со организацијата на работата во оваа судија покажуваат голем степен на согласност кај испитаниците и се перцепирани како двигатели кон квалитет. Акредитацијата е ефективен

процес за унапредување на квалитетот на услугите кои им се нудат на пациентите, се сложија поголем процент на испитаниците. Една од целите на акредитацијата е да ги превенира потенцијалните организациски проблеми и проблеми во клиничкиот сегмент на работата, преку прифаќање на акредитационите стандарди. Акредитациониот процес придонесува за унапредување на нивното секојдневно работење е мислењето на испитаниците. Бенефитот од акредитацијата испитаниците, во најголем процент сметаат дека отпаѓа на поефикасно и поефективно работење на организацијата и зголемено задоволство на пациентите. Ставот на мнозинството на испитаниците во зависност од нивните одговори во врска со акредитацијата е позитивен, односно тие ја одобруваат и би зеле активно учество во неа. Анализата на резултатите од корелационата анализа покажува дека постои статистички значајна поврзаност односно корелација помеѓу елементите кои ги мерат знаењата, ставовите за акредитација со перцепциите за квалитет во здравствената организација.

Поголемиот дел од испитаниците, судејќи според нивните одговори, ги признаваат и ги прифаќаат елементите на квалитетот, како основа за спроведување на акредитација што покажуваат и резултатите од кореалционата анализа.

Испитаниците во оваа студија веруваат дека акредитацијата е ефективна алатка за една организација да спроведе промени кои водат кон квалитет.

Квалитативниот дел од истражувањето во оваа студија придонесува за разбирање на перцепциите, искуствата, но и различните очекувања на давателите на услуги, што ни ги покажува перспективите на акредитацијата во Република Македонија.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката спец. д-р Анета Петрушевска, со наслов „Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитација како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија“, претставува научно истражување од областа на јавното здравство. Примената на јавноздравствениот пристап во проценката на ставовите и перцепциите за прифаќање на акредитацијата како двигател кон квалитет од страна на здравствениот персонал во Р.Македонија, овозможува добивање податоци врз основа на кои ќе се спроведе подобрување на подготвеноста за процесот на акредитација во здравствените институции во Р.Македонија.

Докторската дисертација на кандидатката спец. д-р Анета Петрушевска, со наслов „Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитацијата како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија), следниве рецензирани истражувачки трудови:

A. Petrusevska, V. Dimitrievska, E. Zisovska, M. Spasovski, Qualitative Study of Attitudes of Healthcare Professionals Regarding Accreditation and Quality, in the Preaccreditation Period in R. Macedonia, American Scientific Research Journal for Engineering, Technology, and Sciences

(ASRJETS)ISSN (Print) 2313-4410, ISSN (Online) 2313-4402© Global Society of Scientific Research and Researchers http://asrjetsjournal.org/

Aneta Petrusevska, Elena Kjosevska, Rosalinda Isjanovska, Beti Zafirova, Mome Spasovski, Evaluating Perceptions of the Healthcare Providers Concerning Accreditation in Healthcare Organizations in the R. Macedonia , Journal of US-China Public Administration, June 2015, Vol. 12, No. 6, 485-496 doi: 10.17265/1548-6591/2015.06.007

Petrusevska, A., Spasovski, M., Zisovska, E. and Isjanovska, R Quality in a preaccreditation period as perceived by the healthcare professionals in hospitals in R. Macedonia, International Journal of Current Research Vol. 8, Issue, 07, pp.35238-35243, July, 2016

A. Petrusevskaa*, V. Dimitrievskab, E. Zisovskac, M . Spasovskid Standpoint of Medical Staff about Accreditation in a Preaccreditation Period in Hospitals in Republic of Macedonia, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)(2016)* ISSN 2307-4531 *Volume 26, No 2, pp 242-251*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на докторската дисертација. Актуелното истражување претставува засега единствено истражување од областа на јавното здравство во кое со научен пристап се проценува подготвеноста на здравствениот персонал за спроведување програма за квалитет и акредитација во здравствените организации во Р.Македонија. Добиените резултати ќе овозможат спроведување на јавноздравствена акција со која ќе се подобри подготвеноста за прифакање на акредитацијата како промотор кон организациски промени и квалитет во здравствените организации.

Подрачје на примена. Заклучоците и препораките изработени врз база на добиените резултати можат да се применат како основа за јавноздравствена акција за подобрување на подготвеноста, прифаќањето и имплементирањето на акредитацијата како двигател кон квалитет од страна на здравствениот персонал во Р.Македонија .

Ограничување на истражувањето е вклучувањето само даватели на здравствени услуги, а не се зедоа предвид и другите групи од интерес како пациенти, јавноста и владини претставници. Дополнително ограничување на истражувањето е дека тоа не ги зеде во предвид ставовите и прецепциите на здравствените работници од примарното ниво на здравствена заштита.

Можните понатамошни научни истражувања со јавноздравствен пристап се потребни за да се опфатат уште повеќе аспекти и чинители на процесот:

- студија помеѓу здравствениот персонал од примарната здравствена заштита во приватниот и јавнодржавниот здравствен сектор;
- истражување за перцепции и ставови кај други засегнати страни како што се креаторите на здравствени политики и пациентите за да се утвдрат нивните очекувања и поактивно да се вклучат во одлуките за нивното здравје;
- идни студии се потребни за да се оценат резултатите пред и после спроведувањето на акредитација за да се процени вистинската вредност на акредитацијата како алатка кон квалитетот во здравствени установи во Република Македонија преку согледаниот и мерениот бенефит кај персоналот преку соодветни детерминирани индикатори.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **спец. д-р Анета Петрушевска** со наслов **Евалуирање на ставови, перцепции и знаења на здравствениот персонал во врска со акредитацијата како потенцијален двигател кон организациски промени и имплементирање на квалитет во здравствените организации во Република Македонија.**

КОМИСИЈА,

Проф. д-р Розалинда Исјановска, претседател	**с.р**
Проф. д-р Моме Спасовски, ментор	**с.р**
Проф д-р Фимка Тозија , член	**с.р**
Проф. д-р Јованка Карацинска-Бислимовска, член	**с.р**
Проф. д-р Михаил Кочубовски , член	**с.р**

ПРЕГЛЕД

НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПО ЈАВНО ЗДРАВСТВО **МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА УЧЕБНАТА**

2015/2016

Реден Бр.	**Име на кандидатот**	**Наслов на темата**	**Комисија за подобност на тема на докторска дисертација**
1.	М-р Мирлинда Билали	"Улогата на воспитните стилови на родителите во мотивирање и во користење на сратегии за учење на децата од училишна возраст против ризичното однесување во однос на болестите на зависност во Полошкиот регион во Република Македонија." **"The role of parents upbringing styles in motivating and using learning strategies in children of school age against risky behaviore"** **"**	Проф д-р Елена Ќосевска Проф д-р Бети Зафирова Ивановска Проф д-р Јованка Караџинска Бислимовска
2.	м-р Димитринка Јорданова Пешевска	"Резилиентноста кај адолесцентите кои доживеалае негативни искуства во детството" " ***"Resilience among adolescents with adverse experiences in childhood".***	Проф д-р Фимка Тозија Проф д-р Моме Спасовски Проф д-р Јордан Минов

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ЛИЦАТА СО ДУШЕВНИ ПРЕЧКИ - ИЗВРШИТЕЛИ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА“ ОД М-Р ДРАГАНА КИПРИЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 27.01.2017 година, донесе Одлука со која се формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р ДРАГАНА КИПРИЈАНОВСКА, со наслов ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ЛИЦАТА СО ДУШЕВНИ ПРЕЧКИ - ИЗВРШИТЕЛИ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА, во состав: проф. д-р Никола Тупанчески, ментор, акад. Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Гордан Калајџиев. Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Краток преглед на содржината на докторската дисертација

Докторската дисертација подготвена од кандидатката **м-р Драгана Кипријановска,** со наслов ***Правната положба на лицата со душевни пречки - извршители на казнени дела,*** содржи 595 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со вкупно 430 фусноти и 425 библиографски единици, меѓу нив монографии, учебници, научни трудови, статии, извештаи на меѓународни, регионални и национални организации, меѓународни документи и збирки на акти, национални прописи и прописи на странски казнени законодавства, судска практика на домашни, странски и меѓународни судови и интернет- ресурси. Во текстот се вклучени уште и 6 табели, а содржан е и 1 прилог.

Покрај воведот, заклучните согледувања и изнесените препораки, материјата во дисертацијата е структурирана во пет дела, логично систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на содржината која е обработена во истражувањето.

Во воведот, на мошне илустративен начин, се дадени воопштени информации за темата која е предмет на истражување, дефинирани се предметот и целите на истражувањето, како и методолошките алатки применети за таа цел. Натаму, во него се елаборира системот на излагање што се имплементира во докторската дисертација. На ова место, всушност, се дефинираат тематските целини што ќе се разгледуваат во секоја од главите. Основната цел на кандидатката е преку анализа на правната регулатива на компаративно и на национално ниво *vis-à-vis* меѓународно етаблираните стандарди и богатата јудикатура на Европскиот суд за човекови права, како и по пат на емпириска, егзактна проверка на поставените тези и на изнесените ставови, да ги прикаже аномалиите на застарениот и неефикасен пристап во постапувањето со лицата со душевни пречки кои извршиле казнено дело, но едновремено и да ги исцрта главните одредници што треба да послужат како основа за иновирање на системот на форензичката психијатрија во Република Македонија.

Во првиот дел со наслов ***Правниот статус на лицата со душевни пречки - критика на анахониот пристап и развој на современите психијатриско-правни движења*** е отсликан еволутивниот пат на општествените сфаќања за постапувањето со душевно абнормалните делинквенти, и тоа од неговите најстари почетоци проследени со бавно раскрстување од закоравените уверувања за изолација и построг третман на овие лица, до продорот на современите тенденции во казненото право, во казненоправната наука и во психијатријата, обликувани под влијание на хуманистичкиот приод. Во овој дел, фокусот е ставен врз анализа на изградените погледи за душевните малформации и настанатите промени во перцепцијата во однос на постапувањето со делинквентите со психопатолошки симптоми на болест, од преддржавните заедници, сознанијата врз кои се потпира античката филозофска и медицинско-правна мисла, неповторливите тези на римската научна мисла и третманот на овие сторители во средновековниот период, до продорот на современите идеи, прикажани во монументалните дела на повеќе врвни автори. Во продолжение, кандидатката ги претставува основните црти на развојот на англиското прецедентно право, засновајќи ја оправданоста на ваквиот ретроспективен приод врз непобитниот

факт дека англиското право, во основа, претставува колевка на учењето за правниот статус на непресметливите делинквенти. За таа цел, прикажани се главните белези на одбраната поради непресметливост, од нејзината првобитна форма, до реципирањето на определени понови сфаќања, а потем и нивниот импакт врз обликувањето на правните системи на останатите држави од *common law* системот. На самиот крај од овој дел се поместени и излагањата за форензичката психијатрија и процесот на нејзиното етаблирање како (автономна) научна дисциплина во одделни држави низ светот. Овде, de facto, кандидатката дава детален приказ на развојниот пат на гореспоменатата дисциплина како супспецијалистичка гранка на психијатријата, настанатите промени при определувањето на поимот и на предметниот интерес на форензичката психијатрија, и тоа низ вкрстување на теоретските гледишта на повеќе познати автори што се занимаваат со овие прашања. Кандидатката со извонредна прецизност и јасен хронолошки тек ги претставува најважните придобивки и пишани дела што во одреден временски период влијаеле врз конституирањето и осовременувањето на профилот на форензичката психијатрија во САД, Англија, Германија, Норвешка, Данска, Хрватска итн., вклучително и преземените чекори и форми на соработка помеѓу државите од европскиот континент за зајакнување на позицијата на оваа медицинска гранка, и особено за унапредување на статусот на психијатриските пациенти.

Вториот дел од дисертацијата носи наслов ***Меѓународни стандарди за положбата и правата на лицата со душевни пречки: краток осврт врз позначајните меѓународни документи.*** Во него се прикажани релевантните меѓународни документи со кои се регулира правниот статус на лицата со душевни пречки и нивното влијание врз формирањето на видоизменетите погледи во однос на постапувањето со оваа категорија на лица, меѓу другото и тогаш кога тие допираат до системот на казнената правда. Нивен легислативен одраз, оправдано констатира кандидатката, претставуваат темелните реформи во психијатриските законодавства на голем број современи држави. Одделните поглавја поместени во овој дел од дисертацијата, всушност, се посветени на елаборација на содржината на меѓународните конвенции, препораки, декларации, резолуции и други акти усвоени од страна на Организацијата на обединетите нации, натаму документите на Советот на Европа, на Европската унија, на Светската здравствена организација, на Светската медицинска асоцијација и на Светската психијатриска асоцијација.

Од пресекот на водечките меѓународни инструменти може да се продре и до интенцијата на кандидатката, да покаже дека во последниве неколку децении меѓународното право и европското конвенциско право успеаа да постават нови и далеку повисоки стандарди во поглед на правниот статус и заштитата на правата и процесните гаранции на лицата со душевни малформации. Тоа најдобро се рефлектира низ изразените тежненија за поставување на присилната хоспитализација во строго лимитирани рамки и свртување кон социо-ориентираната психијатрија, којашто треба да овозможи укажување на таков третман и грижа што во најголема мера одговара на условите на живот во заедницата.

Третиот дел од дисертацијата носи наслов ***Казненото право и психопатологијата на личноста,*** а пристапот што е избран во него овозможува на еден заокружен начин, да се согледаат моделите на однесување и критериумите за разграничување на т.н. нормални (душевно здрави) од абнормалните (душевно болни) лица. Тука е прикажан судирот на различните концептуални гледишта при обидот за маркирање на нормалното од абнормалното, потешкотиите при изнаоѓањето единствена општоприфатена дефиниција за означување на абнормалните душевни состојби и востановувањето на појасно омеѓени категории, а во кратки црти е обработена и категоризацијата од која поаѓаат официјално признаените меѓународни класификации за душевните растројства. На последниве кандидатката се осврнува и при разгледувањето на одделните душевни растројства, познати уште како биолошки основи на непресметливоста (така, шизофренијата, биполарните растројства, перзистентните налудничави растројства, т.е. паранојата, душевната заостанатост, растројствата на личноста, односно психопатијата), при што акцентот со оглед на аголот на истражување, таа разбирливо го става врз нивната поврзаност со криминалитетот и со дејството што тие го произведуваат на казненоправен и на форензичко-психијатриски терен. Посебно внимание, во рамките на ова поглавје, е посветено на казнено-филозофскиот дискурс за вината и (не) пресметливоста, а исцртани се и основните карактеристики и проблеми што ја конституираат сферата на форензичко-психијатриското вештачење. Понатаму, во овој дел на трудот, презентирани се наодите и резултатите од спроведените истражувања изложени во некои понови студии, за стапката на учество на одредени психопатолошки состојби кај делинквентната популација. Овде, кандидатката оправдано се задржува врз поединечни видови на душевни растројства, и особено на

оние што бележат поширока распространетост во практиката, овозможувајќи на тој начин да се добие појасна претстава за поврзаноста на психопатолошките состојби на личноста со одредени форми на криминалитет. Уште повеќе, своите тези таа ги поткрепува по пат на елаборација на случаи од домашната судско-психијатриска практика, до кои податоци успеала да дојде по пат на опсежното истражување на медицинската и на судската документација на форензичките пациенти во психијатриските болници во Република Македонија.

Предмет на проучување на четвртиот дел од дисертацијата насловен ***Правната положба на лицата со душевни пречки во компаративното право,*** како што впрочем произлегува и од самиот негов наслов, претставуваат позитивно-правните решенија и искуствата на државите од *common law* системот и на оние од континенталниот систем на право. Тука кандидатката м-р Кипријановска дава детален приказ на англо-американското статутарно и прецедентно право во однос на правилата врз кои се темели одбраната поради непресметливост (*insanity defence law*), настојувајќи да ги прикаже нивните поважни специфики и неопходноста од напуштање на одредени концепти и нивна замена со нови, под влијание на увидените слабости. Во поглед на државите од континентот, во одделните поглавја содржани во овој дел е даден пресек на решенијата инкорпорирани во правниот систем на Франција и Германија, како два дивергентни модела во регулирањето на статусот на непресметливите делинквенти, а анализирани се и поважните карактеристики на скандинавските држави. Ни малку случајно, во овој дел кандидатката се задржува и врз холандскиот и врз италијанскиот пристап, а накусо ги претставува и основните белези на законодавството на Австрија, Белгија и на Русија. Сосема разбирливо, во овој дел од трудот се прикажани и легислативните решенија на некои од државите во регионот.

Од спроведената темелна анализа на овој план, Кипријановска доаѓа до заклучок дека од споредбеноправен агол постои навистина *шаренолик леѓислативен пристап* во уредувањето на одредени аспекти поврзани со положбата и третманот на сторителите на казнени дела со душевни пречки. Варијациите таа ги припишува на следниве специфики: изборот на законодавниот модел во постапувањето со непресметливите сторители; отсуството на унифициран приод при определувањето на позитивноправниот поим на непресметливоста и на опсегот на психопатолошките состојби што можат да доведат до исклучување или до редуцирање на казнената

одговорност; институтот (битно) намалена вина, неговиот дострел и дејството што притоа го произведува; каузалната врска помеѓу извршеното казнено дело и психичките аномалии кај сторителот; обликот на реакција во однос на непресметливите делинквенти, т.е. регистарот на мерки (санкции) предвидени за овие лица; модалитетите на присилната хоспитализација и можностите за нејзино определување како супститут или во комбинација со казната затвор; претпоставките за изрекување на психијатриските мерки во корелација со тежината на извршеното дело, опасната состојба на сторителот и/ или потребата од третман; (вон) институционалната инфраструктурна мрежа (видот и безбедносниот режим на установата во која се врши третманот, и тоа во зависност од степенот на опасност на сторителот и достапноста на мерки на третман во заедницата); дострелот на задачи и нивната поделба помеѓу вештите лица и правосудните органи во формирањето на оцената за душевната состојба на сторителот и потребата од подложување на третман во хоспитални услови и понатамошното постапување; времетраењето на лекувањето во психијатриска установа и можностите за негово продолжување и замена со друга мерка од вон-хоспитален карактер. На ова место кандидатката на добро систематизиран начин ги отсликува нијансите помеѓу државите во уредувањето на одделните аспекти на проблематиката што таа ја истражува. Според неа, охрабрувачко за перспективите на форензичката психијатрија е сознанието дека од ден на ден кај државите се зголемува свеста за битноста на прашањата што го исполнуваат полето на нејзиниот интерес, меѓу другото и во однос на најспорниот сегмент што ја означува точката на врзување со казненото право - третманот на форензичките пациенти.

Петтиот дел од трудот носи наслов ***Казненоправната регулатива и состојбите на форензичката психијатрија во Република Македонија.*** Во него е изнесен преглед на националната позитивно правна регулатива за положбата и постапувањето со лицата со душевни пречки, сетот права што ги уживаат овие лица и механизмите на заштита на нивните права. Притоа, најголем простор е посветен на решенијата за статусот на непресметливите и битно намалено пресметливите делинквенти и предвидените мерки на реакција, процесно-правната положба на оваа категорија на лица, како и на долгогодишните проблеми со кои се соочува психијатрискиот систем во делот на извршувањето на мерката на безбедност

задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа.

Покрај теоретска експликација, овој дел од трудот има и истражувачки карактер, односно содржи емпириски дел што овозможува да се изврши емпириска, егзактна проверка на поставените тези и на изнесените ставови. За таа цел, кандидатката м-р Кипријановска ги анализира извештаите на Комитетот на Советот на Европа за превенција на тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување (КПТ) и оние на Националниот превентивен механизам (НПМ) при Народниот правобранител на Република Македонија. Преку прегледот на извештаите на овие тела, таа укажува на слабостите со кои се соочува домашниот психијатрискиот систем во однос на извршувањето на мерките на безбедност.

Генералниот заклучок до кој доаѓа кандидатката е дека независно од тоа што на форензичките пациенти - дел од хоспиталната средина, со законските прописи и со меѓународните документи што со актот на ратификација стануваат дел од националниот правен поредок, им се гарантираат низа права што не смеат да бидат повредени, сепак постои очигледна дискрепанција во однос на нивната положба *de jure* и *de facto*, а за поткрепа на оваа теза м-р Кипријановска ги изнесува и податоците од сопственото истражување спроведено во трите психијатриски болници во Република Македонија (Психијатриска болница „Скопје“ - Скопје, Психијатриска болница „Демир Хисар“ и Психијатриска болница „Негорци“). Покрај реализираните посети на форензичкото одделение при психијатриската болница во Скопје и увидот во целокупната медицинска и судска документација на пациентите сместени на овој оддел, за целите на истражувањето таа изготви и посебно структуриран прашалник што беше пополнет од страна на овластени лица во секоја од психијатриските установи. Добиените одговори се табеларно прикажани, а кон нив следи и дополнителна анализа, на начин што тие се разгледуваат во корелација со наодите и заклучоците што произлегуваат од извештаите на Комитетот за превенција од тортура и оние на Народниот правобранител на Република Македонија.

Имајќи ја предвид целта на анализата да обезбеди сестран пристап во обработката на оваа материја, кандидатката беше во постојан контакт со претставници на психијатриската и посебно, на судско - психијатриската и на судската фела, во интерес на прибирање што е можно повеќе информации за

предизвиците и постапувањето во практиката. Присутниот јаз помеѓу здравствените и правосудните власти, исто така, се наметна како едно од подрачјата на кои кандидатката заслужено им посветува внимание во рамки на овој дел, и тоа од причина што токму на него се гледа како на еден од главните извори на невоедначено толкување на позитивно - правните решенија на практично ниво.

Покрај спроведеното истражување во домашните психијатриски установи, кандидатката ја посети и поновоформираната специјализирана форензичка болница во Косово, а со цел да дојде до подетални информации за начинот на нејзиното основање и функционирање, како и да понуди што е можно поиздржани предлози, насоки и решенија за иновирање на постојната судско-психијатриска институционална рамка во Република Македонија.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Драгана Кипријановска** на тема: ***Правната положба на лицата со душевни пречки - извршители на казнени дела,*** елаборира извонредно значајна и актуелна проблематика од областа на форензичката психијатрија и на казненото право. Актуелноста и релевантноста на оваа материја е поврзана со фактот дека во Република Македонија, многу од прашањата што претставуваат предмет на проучување на трудот досега не се доволно истражени, а такви се особено оние што допираат до статусот на форензичките пациенти, односно лицата кои поради постоење на одредени ментално-здравствени нарушувања биле прогласени за непресметливи, т.е. неспособни за вина или битно намалено пресметливи, па како последица на таквата состојба, со одлука на судот им била изречена мерка на безбедност. Овие лица и натаму претставуваат една од најмаргинализираните категории, *осудени* да поминуваат долг временски период во хоспиталното милје, навикнувајќи се на тој начин на условите на живот во болницата, а заложбите за искоренување на ваквата практика преку нивно доближување до социјалната средина и создавање на услови за третман во заедницата, освен нивната декларативна подлога, не стигнуваат ни до степен на макар делумна реализација! Теоретската мисла, исто така, недопуштено молчи, а на здравствените и на правосудните органи им недостига *сенс* за чувствителноста на оваа материја, па освен изготвувањето на програми и стратегии со *штура* содржина и промовирајќи реторика што треба да создаде слика која

одговара на барањата што извираат од меѓународните инструменти и *тромавото* префрлање на компетенциите за одлучување за определени аспекти, не се преземени никакви позначајни потфати за унапредување на состојбите во споменатава област. Не помалку, очигледен е и недостигот од продлабочени истражувања во оваа сфера кои би требало да овозможат натамошно развивање и диференцирање на судската психијатрија од општата психијатриска наука и пракса. На ваквата реалност, сосема издржано заклучува и авторката, уште ѝ погодува константна лимитираност на бројот на стручни кадри, што во добар дел се должи на фузионирањето во рацете на судските психијатри на повеќе различни и комплексни активности: тие најчесто се и научни работници, клинички психијатри и експерти кои се повикани да учествуваат во постапката пред судот и да се изјаснат за бројни прашања од различни правни области. Натаму, литература од оваа област скоро и да не е пишувана, а тоа го потврдува и потрагата на кандидатката по релевантен научен материјал, монографии и учебници која во нејзиниот претежен дел, почнува и завршува со учебникот на проф. д-р Љубиша Новотни „Судска Психијатрија“ од 1998 година.

Трудот е посебно фокусиран врз анализа на меѓународните норми и стандарди со кои се регулира правниот статус на лицата со душевни малформации, а така и на позитивно-правните решенија вградени во компаративното и во националното право. Основната хипотеза е дека лицата со душевни пречки, дури и тогаш кога тие припаѓаат на делинквентната популација, заслужуваат да бидат згрижени и со нив да се постапува на начин и во мера што одговара на нивната ментално - здравствена состојба, а покрај уважувањето на опасноста што зрачи од нив за пошироката околина, задолжително треба да се води сметка и за нивните витални права, интереси и потреби. Врз таквите основи изникнува и неопходноста од справување со проблемот на маргинализација и стигматизација на овие лица и ставање на тежиштето врз обезбедувањето хумани услови на третман, меѓу другото и особено преку основање на форензичко-психијатриски служби базирани на третманот во заедницата. Оттука авторката е целосно во право кога тврди дека преку развојот на одделни терапевтски алтернативи, на кои се гледа како на еден футуристички димензиониран приод, всушност треба да се анулираат сериозните слабости на интрахоспиталното лекување, од причина што досегашните искуства во повеќе држави покажаа дека форензичко-психијатриската заедница по многу свои обележја, речиси и да не се разликува од затворската средина. Преку вкрстување и

анализа на изнесените гледишта на голем број познати автори, како и на наодите констатирани во извештаите на повеќе релевантни меѓународни тела, кандидатката ги гради и сопствените погледи, манифестирајќи притоа вонредна способност за критичко опсервирање и извлекување издржани и аргументирани ставови и заклучоци за повеќе деликатни прашања што непрегледно се наметнуваат на пресекот помеѓу медицината, и во прв ред, психијатријата, правото, филозофијата, социологијата итн.

Дека докторската дисертација на кандидатката м-р Кипријановска има особена вредност за научната мисла во Република Македонија, покрај гореизнесеното, потврдуваат уште и следниве квалитативни карактеристики, што Комисијата смета за потребно одвоено да ги потенцира: (1) трудот има солидна теоретска фундираност и од аспект на објаснувањето на генезата на општествените сфаќања за душевните болести и начинот на постапување со душевно абнормалните делинквенти, т.е. нивната еволуција и достигнатиот степен на развој на медицинските и на психијатриските сознанија, којшто процес изврши силно влијание врз обликувањето на правните гледишта и врз изборот на обликот на реакција за психопатолошките случаи на криминал; (2) натаму трудот нуди издржана, но и доста комплексна анализа која, впрочем, извира од комплексноста на темата: тоа е така поради флуидноста на самиот поим нормално - абнормално, и особено со оглед на фактот што непресметливоста на која ѝ припаѓа централно место во дисертацијата, не може да се прифати како чисто казненоправен поим, туку во категоријалниот систем на казненото право таа влегува како комплексен филозофско-правен, психијатриски, социолошки и социјално-психолошки обусловен поим. Од тие причини, кандидатката не само што демонстрира готовност да одговори на таквата сложеност, туку оди и чекор напред, втурнувајќи се во сеопфатна анализа и сублимирање на главните правци на движење на повеќе научни дисциплини. Ваквиот приод таа го оправдува со тезата дека секој понаков пристап би бил нецелосен и површен, со оглед на фактот што токму прашањето за кривичната одговорност и способноста за вина е една од оние категории во која во најконцентрирана форма доаѓа до израз поврзаноста помеѓу секоја од погоренаведените науки; (3) овој труд ни дава јасен приказ и овозможува да се компарираат теоретските гледишта и усвоените легислативни модели на компаративен план, низ кои се објаснуваат разликите во уредувањето на положбата

на непресметливите делинквенти, достигнатото рамнише на почитување на нивните основни права и достапните облици на третман и постапување со овие лица (присилната хоспитализација vis-à-vis постоењето на систем на терапевтски мерки во заедницата, од аспект на неговата (пре) рестриктивна или екстензивна поставеност и терапевтска ориентираност, времетраењето на лекувањето во психијатриска установа и можностите за негово продолжување и замена со друга мерка од вон-хоспитален карактер, итн.); (4) трудот, исто така, потврдува дека за формирањето на видоизменетите погледи во однос на постапувањето со лицата со ментален хендикеп значајно влијание имаше *меѓународното право за човековите права.* Со афирмација на концептот на човековите права и слободи како највисока цивилизациска вредност во современото општество, донесени се бројни документи со кои се гарантираат правата на човекот, вклучително и на лицата кои со одлука на суд се задржани во психијатриска установа поради тоа што извршиле одредено казнено дело како резултат на нивното нарушено душевно здравје. Тоа кандидатката доследно го илустрира, низ разработката на меѓународната регулаторна рамка од оваа област, но и на внимателно селектираната пракса на Европскиот суд за човекови права; (5) кандидатката користи обемна, современа и релевантна литература при испитувањето на оваа комплексна материја и врши трансфер на знаење од област којашто кај нас е недоволно испитувана и анализирана; (6) секако, дополнителна вредност на трудот му дава и спроведеното истражување во психијатриските установи и внимателното анализирање на детектираните слабости и на изложените препораки од страна на домашните и на меѓународните тела. Сето ова придонесува на концизен начин да се одредат и насоките во кои судската психијатрија како треба да се развива кај нас.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Драгана Кипријановска, со наслов „Правната положба на лицата со душевни пречки - извршители на казнени дела“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува сите потребни услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Дотолку повеќе, се работи за труд што претставува прво посеопфатно теориско и емпириско истражување што во фокусот на интерес ги има прашањата што искрснуваат на релацијата казнено право - (форензичка) психијатрија, кои пак, имплицираат извонредно сложен приод на

обработка и апликација на поими и концепции пребоени со длабока етичко-филозофска, медицинска, психијатриска, психолошка и социолошка содржина.

Научниот придонес на кандидатката во испитувањето на предметната материја се покажа како повеќе од очигледен во секој од погоре посочените домени на истражување опфатени со дисертацијата.

Со оглед на тоа и врз основа на изнесените оценки за содржината, карактеристиките и квалитетот на трудот, Комисијата им предлага на членовите на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **да го прифатат Извештајот за докторската дисертација на кандидатката м-р Драгана Кипријановска** на тема „Правната положба на лицата со душевни пречки - извршители на казнени дела“ и да дозволат јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.
2. Акад. Владо Камбовски с.р.
3. Проф. д-р Методија Каневчев с.р.
4. Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.
5. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р САШО ОГНЕНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 25.11.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Огненовски со наслов ,,Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Томе Груевски (ментор), проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ и доц. д-р Ирена Рајчиновска Пандева.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Огненовски, со наслов „Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“, содржи 245 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 110 фуснота, 159 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Предмет на истражување во овој труд е начинот и облиците на спроведувањето на односите со јавноста на и низ клучните медиуми во Република Македонија и нивното влијание врз таргетната публика.

Трудот е структуриран во 2 дела и 10 глави, вовед, заклучни согледувања со препораки и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, воведи и заклучоци, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека со овој труд треба да одговори на едно многу важно прашање, а тоа е: колку медиумите во Македонија ги остваруваат односите со јавноста. Колку односите со јавноста се нераскинлив дел од самата медиумска политика и кои се општествените, социјалните и политичките импликации на овој вид проблематика. Теориската и истражувачката анализа ќе се обидат да одговорат на овие круцијални прашања, а во исто време да го одредат нивото на развој на односите со јавноста во Република Македонија, особено кога се во прашање медиумите.

Првата глава од докторската дисертација е насловена „Предмет и методологија на истражување“. Во неа се анализирани предметот на

истражувањето, целите на истражувањето, теоретските проблемски рамки, хипотетско-методолошките односи, методите и техниките на истражувањето со презентација на анкетите, како и очекуваните резултати од самото истражување.

Втората глава е насловена како **Поим и дефиниција на односите со јавноста**. Во оваа глава, кандидатот се занимава со општоста на односите со јавноста, со нивниот имиџ и примена во општествениот и социјален контекст, а особено низ комуникативните процеси на модерниот век. Оваа глава прави и пресек на дефинициите на односите со јавноста кои ги има во голем број. Односите со јавноста како есенцијална и цврсто интегрирана релација во јавните политики ги има во секое поле на интерес, па така и нивното дефинирање подразбира сублимат од повеќе нивни аспекти. Кандидатот, покрај анализата на дефинициите од други научници, формулира и своја дефиниција на односите со јавноста.

Во **третата глава** насловена како **Генеза на односите со јавноста**, кандидатот прави пресек на нивните почетоци и нивниот развој низ вековите, како и имплементирањето на односите со јавноста во модерните светски општествени и социјални текови во согласност со равитокот на техниката и технологијата, како и нивната зависност од светските политички струења.

Четвртата глава е озаглавена како **Функции и цели на односите со јавноста**. Кандидатот во оваа глава ги анализира главните функции на односите со јавноста кои ги има многу со оглед на мултифункционалноста на овој вид стратегии. Особено се задржува на три круцијални функции: информативната, едукативната и забавната функција, кои се апликативни на медиумите што ги практицираат односите со јавноста. Оваа глава го иницира самото јадро на целокупниот труд и кандидатот низ детализирањето на овие три функции преку истражувачките методи ја врши најопсежната анализа на односите со јавноста преку медиумите во Република Македонија. Исто така, се обрнува внимание на целите на односите со јавноста од кои најважна е организационата ефективност, со посебно обрнување на внимание на нивните одредници.

Во **петтата глава** со наслов **Модели и стратегии на односите со јавноста** се анализираат одновните видови на модели на односи со јавноста како што се: моделот на печатена агентура и публицитет, моделот на јавно информирање, двонасочниот асиметрички модел и двонасочниот симетрички модел, како и моделите од поново време, како што се: моделот на исклучителност и отворениот модел на односите со јавноста. Од исклучителна важност во оваа глава се стратегиите на односите со јавноста кои подразбираат планска активност на практичарите на ПР-от. Овде кандидатот ги анализира двата големи акронима кои ги опфаќаат најважните чекори во стратешкото планирање: *R-A-C-E* на Џо Марстон и *R-O-P-E* на Џери Хендрикс. Без оглед на симетричноста и асиметричноста на овие стратегии, и двете се употребливи во практицирањето на односите со јавноста.

Шестата глава носи наслов **Комуникации – видови и модели**. Со оглед на тоа што односите со јавноста се комуникациска активност, во оваа глава кандидатот се осврнува на моделите на комуникација одоние наједноставните на Шенон и Вивер, па до најкомпкицираните и индуцирани од комплицираните оптестени и технолошки фактори модели од типот на

Гетингер, Дарендорф итн, а обрнува внимание и на комуникациските теории како што е онаа на Маршал Маклуан („Медиумот е порака“), Роберт Т. Крејг, М. Кастелс итн. Во оваа глава од особено значење се поделбите на основните категории на комуникации кои ги покриваат сите видови на односи со јавноста кога се во прашање медиумите. Сите видови и модели на комуницирање наоѓаат примена во сите планови и анализи на стратешкото делување на ПР-те и агенциите, како и на медиумите кои се или посредници или организации кои ги спроведуваат односите со јавноста.

Седмата глава озаглавена како **Медиуми – дефиниција и видови на медиумите** се занимава со масовните медиуми како неизбежен дел на општествениот и социјален живот на секој човек. Тука, кандидатот во првиот дел говори за поимот и дефиницијата на медиумите, додека во другите делови се занимава со поодделните видови на медиуми како што се: печатот, аудиовизуелните медиуми (електронски медиуми), и со медиумите на дваесет и првиот век (интернетот, социјалните мрежи итн.) Во посебен дел од оваа глава се зборува за функциите на медиумите кои на некој начин се совпаѓаат со функциите на односите со јавноста во кои медиумите се од особено значење.

Во **осмата глава** со наслов **Остварување на односите со јавноста преку медиумите,** кандидатот детално ја анализира технологијата на односите со јавноста (што претставува и прв дел од оваа глава) и тактиките на односите со јавноста. Имено, по анализата на стратегиите и моделите на односите со јавноста, кандидатот воспоставува еден акроним кој ја истакнува моќта на процесуирањето на односите со јавноста низ медиумите, а тоа е т.н. *ИМПАКТО* - модел на остварување на односите со јавноста преку медиумите. Овој модел ги анализира истражувањето на медиумските можности, планирањето и активностите, комуникацијата, тактиката и оценувањето, што е на некој начин проширување на моделите опфатени со акронимите *ROPE* и *RACE*. Вториот дел од оваа глава се занимава со објаснување на основните тактики во спроведувањето на односите со јавноста преку медиумите, а тоа се: пишуваните тактики (соопштение за јавноста, најава, билтен итн), говорните тактики (изјава, конференција за печат, интервју, анкета итн.), како и визуелните тактики (филмот, телевизијата, фотографиите, билбордите). Технологијата на односите со јавноста е доста комплексен систем на организирање на тактиките од страна на професионалци чија компетитивност го одредува нивниот квалитет и функционалност.

Деветтата глава се занимава со опсежна дескрипција и анализа на медиумите во Република Македонија. Овде кандидатот уредно ги класифицира сите доминантни електронски и печатени медиуми во зависност од просторната определеност и во зависност од концесивната одреденост од оние што имаат национално значење до оние чие влијание е од регионален или локален карактер. Тука се и печатените медиуми кои ја имаат секојдневната присутност, како и оние од седмичен и месечен карактер. Овде се потенцира можноста за диверзификација со оглед на тоа што и печатените и електронските медиуми ги има во голем број и од различен вид.

Десеттата глава е најобемна во овој труд и во неа кандидатот го спроведува самото истражување кое се состои од **квантитативна и квалитативна анализа** на функциите на односите со јавноста кај најдоминантните печатени медиуми во Република Македонија, а тоа се: МТВ,

СИТЕЛ и Канал 5 од аудиовизуелните и „Дневник“, „Вест“ и „Утрински весник“ од печатените медиуми. Трите основни функции на процесуирање на односите со јавноста (информативната, едукативната и забавната) го одредуваат новото на успешноста при спроведувањето на односите со јавноста кај македонските медиуми. Резултатите од ова истражување се придружени и кон резултатите од анкетното истражување кое кандидатот го спроведува кај медиумски реципиенти од различна возраст, едукација и социјален статус. Глобалната застапеност на македонските медиуми во оваа проблематика во последниот дел од оваа глава кандидатот ја истражува преку методот на компаративна анализа со медиумската импактност кај медиумите од западниот свет (САД), со медиумските концерни и организации во Руската Федерација, како и со оние од транзиционите земји и земјите од поранешниот југословенски сојуз. Резултатите од ова истражување говорат за афинитетите на публиката како потенцијална јавност и за нивното здоволување на истите од страна на медиумите што би значело воспоставување на квалитетни и доследни односи со јавноста од страна на самите медиуми. Истакнувањето на забавната и информативната функција на медиумите и нивната блискост во самата стратешка организација со оние од транзитивните држави, особено од оние што произлегле од поранешната југословенска федерација говори за спроведување на солидни и содржајни односи со јавноста од страна и на печатените и на електронските медиуми во Република Македонија.

Во **заклучните согледувања,** кандидатот ги заокружува истражувачките резултати, истакнувајќи дека медиумите не се само посредници при остварувањето на односите со јавноста. Анализирајќи ги односите со јавноста и медиумите во нашата земја, како почетна анализа најмногу го интересриаат вистинските функции на медиумите, како и целите на односите со јавноста. Споменавме дека има многу функции на односите со јавоста, но кога е во прашање медиумската релација, како најважни ги издвоивме информативната, едукативната и забавната функција на медиумите. Уште на почетокот споменавме дека медиумите можат да бидат и организација која ги спроведува односите со јавноста користејќи ги своите ресурси (човечки и технички), нудејќи ги своите содржини како продукти кои треба да ги задоволат вкусовите и критериумите на таргетната публика. Тоа би биле основните цели на македонските медиуми кои ги има на трите нивоа (национални, регионални и локални), било тоа да се електронски или печатени.

Анализирајќи ги моделите на односите со јавноста и видовите на комуникација, како и медиумите и нивните карактеристики, ќе дојдеме до заклучок дека, всушност, секое планирање на односите со јавноста е успешно вмрежување на вистинскиот медиум кој со себе го носи соодветниот начин на комуникација, а еден од четирите модели на односите со јавноста ќе ги одбере најадекватните тактики содржината која е планирана да стигне до реципиентите, да пристигне во одредено време и да задоволи една од најважните функции на односите со јавноста, но во исто време да има и позитивен фидбек од самата јавност. Важноста на спроведувањето на односите со јавноста на медиумите и преку медиумите се отсликува и во општествените релации, во социјалната клима на едно општество. Особено во земја како што е Македонија, која сè уште ги преживува нуспојавите на

транзизцијата, медиумскиот импакт е од огромна важност. Начините на кои се спроведуваат односите со јавноста на самите медиуми – вистинската екипираност, прецизната стратешка позиционираност, како и вистинското владеење со тактиките во вистински моменти не еден начин ја оддели оваа земја од медиумска симплифицираност која постоеше пред неполни дваесет години.

Затоа, овој опсежен труд не се занимава со ситната анализа на одделни тактики на односите со јавноста и нивната присутност во медиумите, туку на самите медиуми како организации кои ги спроведуваат односите со јавноста користејќи го својот техничко-технолошки капацитет и репутација со цел да остварат чисти, конкретни и продуктивни односи со јавноста која е првенствено нивни реципиент, а потоа реципиент на други организации кои ги користат сите видови на медиуми за да доминираат во секојдневието на публиката.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Огненовски, со наслов „Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“, претставува истражување во областа на комуникологијата и медиумите, со посебен акцент на односите со јавноста . Изработката на темата на оваа докторска дисертација донесува еден поинаков аспект на промислувањето при анализа на односите со јавноста кога се има предвид нивното стратешко практицирање преку медиумите кои низ овие истражувања не се само „посредници“, туку и активни креатори на продукти и политики кои ги прави организатори на сосема поинаков вид на односи со јавноста од оние што досега биле истражувани.

Овие сложени релации кандидатот ги анализира низ опсежно истражување кое подразбира детална анализа на програмските политики и инкропорирањето на стратегијата на односите на јавноста во нив, импактноста на поодделни тактики и фидбекот од таргетната публика. Истражувањето кое во овој труд се процесуира на две нивоа (анализа на содржината и компаративна анализа со посебна примена на анкетата како техника) фрла едно друго светло на медиумите во Р Македонија, отворајќи ја нивната комплексност како фактор кој е од огромно општествено и социјално значење.

Трудот на кандидатот Сашо Огненовски со истакнувањето на присутноста на стратегиите на односите со јавноста во медиумските политики иницира еден вид на истражување кое допрва треба да се детализира, да се откриваат други индикатори, а и да се следи развојот на овие релации во согласност со глобалните медиумски и комуниколошки струења. Во оваа проблематика, кандидатот детално и опсежно ја истражува и медиумската публика издвојувајќи еден конгломерат на сите видови реципиенти на кои е апликативна медиумската практика, а со тоа и стратешкото планирање на односите со јавноста како паралелна планска активност индуцирана од програмската политика на печатените и аудиовизуелните медиуми. Токму резултатите од анкетното истражување ќе бидат почетна иницијација за согледување на овој вид научно набљудување во други анализи, дескрипции и истражувања.

Овој труд од друга страна ја истакнува и сложеноста на медиумите како начин на комуникација која во дваесет и првиот век станува рапидно импактна. Комуниколошката практика веќе не е дел од активностите со кои се занимаваат стручните лица кои се едуцирани во таа насока. Комплексната комуникациска релација, која сè повеќе и повеќе се усложнува, влегува длабоко во порите на секојдневието особено со инволвирањето на интернетот и социјалните мрежи. Медиумите на кои односите со јавноста им се од круцијално значење, исполнувањето на функциите само им го трасира патот кој е побрз до таргетната публика, која пак, од друга страна станува слоевит реципиент кога ќе се земе предвид сè поширокиот квантум на знаења со кои располага.

Изработувајќи ја оваа докторска дисертација, кандидатот користел соодветна домашна и странска литература, како и други извори кои се коректно и соодветно цитирани, а служеле како теоретска поддршка на неговите аргументирани ставови, доста јасно изложени и анализирани во научен стил.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Огненовски, со наслов ,,Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Главни научни придонеси на кандидатот се: согледувањето и научното промислување на односите со јавноста преку медиумите од еден досега неистражен аспект, а тоа е аспектот на функциите на медиумите во Република Македонија.

Подрачјето на примена и ограничувањата се комуникологијата и социјалните науки, а особено односите со јавноста.

Можните понатамошни истражувања се истражувачките постапки и методи да бидат применувани и на интернет медиумите кои кога ќе се етаблираат на повисоко ниво и ќе бидат посистематки класифицирани ќе бидат релевантно подложни за овој вид на анализа.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го прифати овој извештај со позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Огненовски со наслов „Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

Проф. д-р Томе Груевски (ментор) с.р.

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

Проф. д-р Владо Бучковски с.р

Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ с.р.

Доц. д-р Ирена Рајчиновска Пандева с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА (ПРЕДМЕТИ: ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ТУРИЗМОТ И СООБРАЌАЈНАТА ГЕОГРАФИЈА), РЕГИОНАЛНА ГЕОГРАФИЈА (ПРЕДМЕТ: ГЕОГРАФИЈА НА АФРИКА, АМЕРИКА И АВСТРАЛИЈА), ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ (ПРЕДМЕТ: ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ), ХОТЕЛИЕРСТВО (ПРЕДМЕТ: ХОТЕЛИЕРСТВО), ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ (ПРЕДМЕТ: ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗМОТ) И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОДРАЧЈА (ПРЕДМЕТИ: СЕЛСКИ ТУРИЗАМ, КАРАКТЕРИСТИКИ И ПЛАНИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО- МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 29.12.2016 год. и „Коха“ од 30.12.2016 год., за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА (предмети: туристичка географија на Република Македонија, туризмот и сообраќајната географија), РЕГИОНАЛНА ГЕОГРАФИЈА (предмет: географија на Африка, Америка и Австралија), ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ (предмет: туристички агенции), ХОТЕЛИЕРСТВО (предмет: хотелиерство), ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ (предмет: економика на туризмот) и ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОДРАЧЈА (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2349/3, донесена на 9.2.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Никола Панов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, и д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: туристичка географија (предмети: туристичка географија на република македонија, туризмот и сообраќајната географија), регионална географија (предмет: географија на африка, америка и австралија), туристички агенции (предмет: туристички агенции), хотелиерство (предмет: хотелиерство), економика и организација на туризмот (предмет: економика на туризмот) и други специфични подрачја (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во република македонија), во предвидениот рок се пријави д-р Милена Талеска, доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката доц. д-р Милена Талеска е родена на 30.04.1982 год. во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирала во 2005 год и се здобива со звањето дипломиран професор по географија.

Во учебната 2005/2006 год. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за географија, студии по географски основи на планирање на туризмот. Студиите ги завршила на 10.11.2008 год. и го одбранила магистерскиот труд на тема: „Рурален туризам и можности за негов развој во Република Македонија“ со што се здобива со академски степен магистер на географски науки - туризмолог.

Докторска дисертација пријавила во 2008 год. на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет. Дисертацијата на тема: „Можности за развој на агротуризмот во Република Македонија, со посебен осврт на винскиот туризам“ ја одбранила на 14.12.2011 год., пред Комисија во состав: д-р Никола Панов, д-р Ристо Мијалов, д-р Драган Колчаковски, д-р Благоја Маркоски и д-р Мирјанка Маџевиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област географија.

На 28.12.2006 год. е избрана во звањето помлад асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, во областа географија.

Во моментот е доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1031 од 2012 год.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, и врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за географија, кандидатката д-р Милена Талеска изведува настава на прв циклус студии - на студиските програми наставна географија и туризам, настава на втор циклус студии - на студиската програма туризам, како и настава на трет циклус студии - на студиската програма наставна географија.

Кандидатката била ментор на 14 дипломски трудови, а била и член во комисија за оцена/или одбрана на 9 дипломски работи.

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник под наслов: Економика на туризмот. Исто така, во извештајниот период, д-р Милена Талеска изготвила 3 интерни скрипти од предавања, подготвила и пакет на материјали за 1 предмет, а била и рецензент на еден универзитетски учебник.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Милена Талеска има објавено вкупно 16 научни трудови во меѓуизборниот период, од кои 2 труда со оригинални резултати објавени во научно/стручно списание, 2 труда објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и 12 труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Милена Талеска била член на два национални научни проекта и еден меѓународен научен проект.

Учествувала на 12 научни конференции и симпозиуми, од кои 11 меѓународни (2 светски) конференции.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Милена Талеска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за географија и дејноста поврзана со географија.

Кандидатката д-р Милена Талеска остварила експертски активности како рецензент и истакнат експерт на многу работилници, конференции и проекти од областа на туризмот, а учествувала и во изработката на студиските програми за наставата од втор циклус студии по географија, насока: туризам.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Како член, активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Природно- математичкиот факултет, Институт за географија:

- Комисија за прием на студенти, Поткомисија за евалуација на ПМФ, Комисија за еквиваленција и признавање на предмети; Комисија за избор на истакнат стручњак;
- Комисија на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на Институтот за географија при ПМФ, насока: туризам;
- ЕКТС - координатор на ИГ (до 2013 год)
- била член на една рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Д-р Милена Талеска е член на Меѓународната туристичка асоцијација (World Tourism Association), потоа член на Уредувачкиот одбор на меѓународното списание Acta Geobalcanica, како и член на уредувачкиот и организациониот одбор на повеќе меѓународни конференции и зборници кои произлегле од нив.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Милена Талеска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно- образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Талеска.

Врз основа на податоците што се претходно изнесени, може да се заклучи дека д- р Милена Талеска, во периодот од нејзиниот избор за доцент, продолжува со својата интензивна, разновидна и плодна научноистражувачка дејност, што беше одлика и во претходниот период.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Милена Талеска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научното поле географија и наставно-научните области: туристичка географија (предмети: туристичка географија на република македонија, туризмот и сообраќајната географија), регионална географија (предмет: географија на африка, америка и австралија), туристички агенции (предмет: туристички агенции), хотелиерство (предмет: хотелиерство), економика и организација на туризмот (предмет: економика на туризмот) и други специфични подрачја (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во република македонија).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Милена Талеска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во наставно-научните области: туристичка географија (предмети: туристичка географија на република македонија, туризмот и сообраќајната географија), регионална географија (предмет: географија на африка, америка и австралија), туристички агенции (предмет: туристички агенции), хотелиерство (предмет: хотелиерство), економика и организација на туризмот (предмет: економика на туризмот) и други специфични подрачја (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Никола Панов, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Ристо Мијалов, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Олгица Димитровска, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Милена Кирил Талеска

Институција: Природно-математички факултет

Научни области: *туристичка географија* (предмети: туристичка географија на Република Македонија, туризмот и сообраќајната географија), *регионална географија* (предмет: географија на Африка, Америка и Австралија), *туристички агенции* (предмет: туристички агенции), *хотелиерство* (предмет: хотелиерство), *економика и организација на туризмот* (предмет: економика на туризмот) и *други специфични подрачја* (предмети: селски туризам, карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на предавања**	
1.1.	**Одржување на предавања на прв циклус**	
	2012/2013 година **(зимски семестар)** *Селски туризам* 2 часа *Туристичка географија на Р Македонија* 3 часа *Хотелиерство* 2 часа	48.6

	2012/2013 година **(летен семестар)** *Туризмот и сообраќајната географија* 3 часа *Географија на Америка, Африка и Австралија* 4 часа **2013 /2014 година** **(зимски семестар)** *Селски туризам* 2 часа *Туристичка географија на Р Македонија* 3 часа *Хотелиерство* 2 часа *Туристички агенции* 3 часа **2013/2014 година** **(летен семестар)** *Економика на туризмот* 2 часа *Туризмот и сообраќајната географија* 3 часа *Географија на Америка и Австралија* 4 часа **2014/2015 година** **(зимски семестар)** *Селски туризам* 2 часа *Туристичка географија на Р Македонија* 3 часа *Хотелиерство* 2 часа *Туристички агенции* 3 часа **2014/2015 година** **(летен семестар)** *Економика на туризмот* 2 часа	

	Туризмот и сообраќајната географија 3 часа *Географија на Америка и Австралија* 4 часа **2015/2016 година** **(зимски семестар)** *Селски туризам* 2 часа *Туристичка географија на Р Македонија* 3 часа *Хотелиерство* 2 часа *Туристички агенции* 3 часа **2015/2016 година** **(летен семестар)** *Економика на туризмот* 2 часа *Туризмот и сообраќајната географија* 3 часа *Географија на Америка и Австралија* 4 часа **2016/2017 година** **(зимски семестар)** *Селски туризам* 2 часа *Туристичка географија на Р Македонија* 3 часа *Хотелиерство* 2 часа *Туристички агенции* 3 часа (81*15*0.04 = 48.6)	
1.2.	**Одржување на предавања на втор циклус**	
1.	**2013/2014 година** *Карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија* 6 часа **2014/2015 година**	18

	Карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија 6 часа **2015/2016 година** *Карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија* 6 часа **2016/2017 година** **(зимски семестар)** *Карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија* 6 часа (24*15*0.05 = 18)	
1.3.	**Одржување на предавања на трет циклус**	
	2015/2016 година *Економика на туризмот* 3 часа (3*15*0.06 = 2.7)	2,7
2.	**Одржување на теренска настава**	
	Одржување на теренска настава по предметот: *Туризмот и сообрачајната географија* 2012/2013 година (3*15*0.04 = 1,8)	1,8
3.	**Подготовка на предавања за нов предмет**	
	Туристичка географија на Р.Македонија 3 часа *Хотелиерство* 2 часа *Туризмот и сообраќајната географија* 3 часа (8*1 = 8)	8
4.	**Консултација со студенти**	
4.1	Консултација со студенти од прв циклус за 2012/2013 год.; 2013/2014 год.; 2014/2015 год.; 2015/2016 год.; 2016/2017 год.;	3,772

	(1871*0,002 = 3,742) Консултација со студенти од втор циклус за 2013/2014 год.; 2014/2015 год.; 2015/2016 год.; 2016/2017 год.; (12*0,002 = 0.o24) Консултација со студенти од трет циклус за 2015/2016 год.; (3*0,002 = 0.006)	
5.	**Ментор на дипломска работа**	
	Ментор на 14 дипломски работи (14*0,2 поени)	2,8
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	
	Член на комисија за оцена или одбрана на 9 дипломски работи (11*0,1 поени)	1,1
7.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
	Панов Н., Талеска М. (2013): Економика на туризмот, Селектор, Скопје (1*6 поени)	6
8.	**Интерна скрипта од предавања**	
	1. Хотелиерство – интерна скрипта, Природно-математички факултет, Институт за географија, Скопје, 2012 2. Туристичка географија на Република Македонија – интерна скрипта, Природно-математички факултет, Институт за географија, Скопје, 2012 (коавтор) 3. Туризмот и сообраќајната географија – интерна скрипта, Природно-математички факултет, Институт за географија, Скопје, 2013 (коавтор) (3*4 поени)	12
9.	**Рецензент на универзитетски учебник**	

	Методијески Д. (2012): *Туризмот во руралните средини, Современост, Скопје* ISBN 978-608-4501-32-9 (1*1 поени)	1
10.	**Пакет материјали за одреден предмет**	
	Карактеристики и планирање на туризмот во Република Македонија (пакет материјали) (1*1 поени)	1
	Вкупно	**106,772**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект**	
	1. Студија за проценка на можностите за развој на туристички активности на вода во реките и кањоните (кајакарство, едрење и возење низ кањони и клисури), Министерство за економија – сектор туризам, изработено од Таргет Комуникации (2015), експертски тим 2. Физибилити студија за проценка на можностите за развој на алтернативен и планински туризам во локалитетите Китка, Спортско-рекреативен центар Сарај, Кањон Матка, Голем Град – Преспа, Водопади на планината Беласица, Министерство за економија – сектор туризам, изработено од Таргет Комуникации (2015), експертски тим (2*3 поени)	6
2.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	1. Building on the Virtual Western Balkans Center for Hydro-meteorological Services and Climate Change, National Hydro-meteorological Service of Republic of Macedonia, Financed by Central	5

	European Initiative (CEI), 2015, експертски тим (1*5 поени)	
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание**	
	1. Iliev D., **Taleska M**., Toshevska A.B., Kitevski G. (2015): Definition, systematization and touristpotentials of the touristic space units at tourist region strumica-radovish, Geographical Reviews, 48, Skopje 2. Панов Н., **Талеска М.** (2013); Конкурентноста на Македонија како туристичка дестинација на меѓународниот туристички пазар, Годишен зборник, книга 39-40, Скопје, стр.21-39 (1*2,4+1*3,6 поени)	6
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
	1. Panov N., **Taleska M.,** Dimeska H. (2013): Demographic aspects of territorial distribution and urbanization level in the Republic of Macedonia, Contributions, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA, Vol.34, No.1-2, pp.59-68 2. Radevski I., Gorin S., Dimitrovska O., Milevski I., Apostolovska-Toshevska B., Taleska M., Zlatanoski V. (2016): Estimation of maximum annual discharges by frequency analysis with four probability distributions in case of non-homogeneous time series (Kazani karst spring in Republic of Macedonia), Acta Carsologica, Vol 45, No 3, Postojna, pp. 253–262 (1*4,8 поени + 1*3,6 поени + 0,79 и.ф.)	9,19
5.	**Трудови со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
	1. **Taleska M.,** Gorin S., Radevski I., Dimitrovska O. (2015): ”Assessment of the conditions for the development of spa tourism in the Republic of Macedonia”, Proceeding from the International Scientific Conference “GEOBALCANICA 2015”, Skopje, pg. 485-491 2. Dimitrovska O., Radevski I., Gorin S., **Taleska M.** (2015): “Quality of the environment in mountain areas and sustainable use of mountain resources”. Proceeding from the International Scientific Conference “GEOBALCANICA 2015”, Skopje, pg. 193-198 3. **Taleska M** (2015): Agrotourism as an opportunity for revitalization of rural areas, Proceedings from the V congress of the geographers from Republic of Macedonia, MGD, Skopje 4. Burns P., Ristovski I., **Taleska M.** (2015), Assessment of climate change vulnerability and adaptation plans for the tourism sector in a	29,7

	developing country – a case of R. Macedonia, Regional conference on climate change "Balkan AdMit", 23-25 march, Ohrid 5. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2014): Foreign Direct Investments in the Republic of Macedonia and Their Participation in Tourism Industry, International Thematic Proceedings "Possibilities and perspectives for foreign direct investments in the Republic of Serbia, Belgrade, pg. 497-516 6. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2013): Development of Mountain Tourism in the Republic of Macedonia, with Special References to Bistra Mountain and National Park "Mavrovo", Contemporary Trends in Tourism and Hospitality 2013, No. 17, Faculty of Natural Science and Mathematics, Novi Sad, pp. 646-654 7. **Taleska M.** (2013): Macedonia's cultural tourism – are we treasuring our past and looking to the future, Conference proceedings from 14th International Joint World Cultural Tourism Conference, Novi Sad, pp. 195-206 8. Panov N., **Taleska M.,** Dimeska H. (2013): The rural tourism in the region of Mariovo - general review of the possibilities and the perspectives of the development of rural tourism, Proceedings, International scientific symposium „Hilly mountain areas - problems and perspectives", Ohrid 13-15 September, Macedonian Geographical Society, pp. 407-412, Skopje 9. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2013): The importance of mountain regions for tourism development in Republic of Macedonia, Proceedings from the International scientific symposium „Hilly mountain areas - problems and perspectives", Ohrid 13-15 September, Macedonian Geographical Society, pp. 547-553, Skopje 10. Панов Н., **Талеска М.** (2013): Културното наследство како дел од севкупната туристичка понуда во Република Македонија, Зборник на трудови од Прва меѓународна конференција за културно наследство, медиуми и туризам, 18-19 јануари, Охрид, стр.219-228 11. Панов Н., **Талеска М.**, Димеска Х. (2013): Манифестациите како дел од културното наследство и нивната улога во развојот на туризмот во Република Македонија Зборник на трудови од Прва меѓународна конференција за културно наследство, медиуми и туризам, 18-19 јануари, Охрид, стр. 204-218 12. **Taleska M.** (2012): Republic of Macedonia, a New Wine Tourism Destination – Is It Possible?, Proceedings from the 6th World Conference for Graduate Research in Tourism, Hospitality and Leisure, Fethiye (2*1,8 поени+6*2,4+1*2,7+3*3=3,6+14,4+2,7+9)	
6.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	1. **Taleska M.** (2013): Macedonia's cultural tourism – are we treasuring our past and looking to the future, Conference proceedings from 14th International Joint World Cultural Tourism Conference, Novi Sad, pp. 195-206 (1*3 поени)	3

6.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	1. Burns P., Ristovski I., **Taleska M.,** Assessment of climate change vulnerability and adaptation plans for the tourism sector in a developing country – a case of R. Macedonia, Regional conference on climate change "Balkan AdMit", 23-25 march, Ohrid, 2015 2. **Taleska M.** (2012): Republic of Macedonia, a New Wine Tourism Destination – Is It Possible?, Proceedings from the 6th World Conference for Graduate Research in Tourism, Hospitality and Leisure, Fethiye (2*2 поени)	4
7.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
	1. **Taleska M** (2015): Agrotourism as an opportunity for revitalization of rural areas, Proceedings from the V congress of the geographers from Republic of Macedonia, MGD, Skopje (усна презентација) 2. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2014): Foreign Direct Investments in the Republic of Macedonia and Their Participation in Tourism Industry, International Thematic Proceedings "Possibilities and perspectives for foreign direct investments in the Republic of Serbia, Belgrade, pg. 497-516 (усна презентација) 3. **Талеска М.** (2014): Руралниот туризам во Македонија, Регионална конференција, Иницијатива на жените за развој на руралниот туризам на Балканот, Скопје, 18-20 јуни (усна презентација) 4. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2013): Development of Mountain Tourism in the Republic of Macedonia, with Special References to Bistra Mountain and National Park "Mavrovo", Contemporary Trends in Tourism and Hospitality 2013, No. 17, Faculty of Natural Science and Mathematics, Novi Sad, pp. 646-654 (усна презентација) 5. Panov N., **Taleska M.,** Dimeska H. (2013): The rural tourism in the region of Mariovo - general review of the possibilities and the perspectives of the development of rural tourism, Proceedings, International scientific symposium „Hilly mountain areas - problems and perspectives", Ohrid 13-15 September, Macedonian Geographical Society, pp. 407-412, Skopje (усна презентација) 6. Panov N., **Taleska M.**, Dimeska H. (2013): The importance of mountain regions for tourism development in Republic of Macedonia, Proceedings from the International scientific symposium „Hilly mountain areas - problems and perspectives", Ohrid 13-15 September, Macedonian Geographical Society, pp. 547-553, Skopje (усна презентација) 7. Panov N., **Taleska M.** (2013): Cultural heritage as part of the overall tourist offer of Republic of Macedonia, Proceedings from the 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Ohrid, pp. 219-228 (усна презентација) 8. Panov N., **Taleska M.,** Dimeska H. (2013): Events as part of the cultural heritage and their role in the development of tourism in the Republic of Macedonia, Proceedings from the 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Ohrid, pp. 204-218 (усна презентација)	8

	(8*1 поени)	
	Вкупно	**70,89**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Рецензент	
1.	1. Рецензент на „Водич до Манастирите во Република Македонија“, во издание на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот, 2015 година 2. Рецензент за списанието кое го издава Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ при САНУ 3. Рецензент за светската конференција „2015 APTA International Conference“, 2015 година (3*1)	3
	Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма	
2.	1. Учество во подготовка на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по географија – насока туризам во 2013 година, втор циклус студии (едногодишни) 2. Учество во подготовка на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по географија –насока туризам во 2013 година, втор циклус студии (двогодишни) (2*0,5 поени)	1
	Експертски активности	
3.	1. Учесник на Првата интернационална конференција & работилница за студенти на туризам и угостителство на тема Култура, вино, гастрономија- алтернативни форми на туризам, Скопје, 4-6 ноември 2016 2. Учество како експерт на регионалната конференција за вински туризам – Македонија, Скопје, 23-24 април 2015 3. Учество како експерт на работилницата Кластери во туризмот, продуктивни индустрии и регионален развој, организирана од УНИДО (United Nations Industial Development Organization), Скопје, 4 јуни 2014 4. Учесник на работилница – тркалезна маса за влијанието на климатските	5

	промени врз секторот туризам, каде беше презентиран Извештајот – Влијание на климатските промени на секторот туризам и предлог план за адаптација, во рамките на проектот Трет национален извештај за климатски промени, Скопје, 12 ноември 2013 5. Учесник на Тренингот за консултанти во туризмот и хотелскиот менаџмент (Training for consultants in tourism& hotel management), организиран од EBRD Business Advisory Services (BAS) Programme, 7-21 февруари 2013 (5*1 поени)	
	Учество во работата на комисии за државни натпревари	
4.	Учество во работа на комисии за државни натпревари по географија во 2013 и 2015 година (2*1 поени)	2
	Учество во промотивни активности на Факултетот	
5.	1. Координатор на програмата ERAZMUS за Институтот за Географија 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016- 2. Техничко уредување на Годишен зборник, книга 39-40, Скопје, 2013 3. Координатор за Институтот за географија за подготовка на монографијата „75 години ПМФ“ (7*0,5 поени)	3,5
	Координатор на студиска програма	
6.	1. Координатор за ЕКТС на Институтот за географија - насока Туризам, 2012/2013 (зимски и летен семестар) 2. Координатор за ЕКТС на Институтот за географија - насока Туризам, 2013/2014 (зимски и летен семестар) 3. Координатор за ЕКТС на Институтот за географија - насока Туризам, 2013/2014 (само зимски семестар) (2*1 поени+0,5)	2,5
Дејности од поширок интерес		
	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание	
7.	1. Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното списанието "Acta Geobalcanica", Volume 1, No 1, 2015 2. Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното списанието "Acta Geobalcanica", Volume 1, No 2, 2015 3. Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното списанието "Acta Geobalcanica", Volume 2, No 1, 2016 4. Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното списанието "Acta Geobalcanica", Volume 2, No 1, 2016	2

	(4*0,5 поени)	
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:	
8.	1. Член на Организациониот одбор на GEOBALCANICA, International scientific conference, Skopje, 2015 2. Член на Организациониот одбор на GEOBALCANICA, International scientific conference, Skopje, 2016 (2*1 поени)	2
	Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност	
9.	1. Член на меѓународната асоцијација World Tourism Association (1*2 поени)	2
	Член на факултетска комисија	
10.	1. Поткомисија за евалуација на студиските програми на Природно-математичкиот факултет во Скопје 2. Комисија за еквиваленција и признавање на предмети на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје 3. Комисија за избор на истакнат стручњак од практиката, од областа на туризмот 4. Комисија за втор циклус студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје 5. Комисија за претселекција на кандидатите по пат на интервју за студирање на наставните студиски програми (5*0,5 поени)	2,5
	Член на комисија за избор во звање	
11.	Рецензентска комисија за избор-прием на еден помлад асистент – соработник од областа на туризмот, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (1*0,2 поени)	0,2
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	
12.	Комисија за избор на три бизнис иновативни идеи согласно со јавниот повик за натпревар во бизнис иновативни идеи – студија на случај, Програма за локален економски развој за 2016, Општина Гази Баба (1*1 поени)	1
	Вкупно	**26,7**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	106,772
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	70,89
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	26,7
Вкупно	**204,362**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Никола Панов, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Ристо Мијалов, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Олгица Димитровска, редовен професор, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ГЕОГРАФИЈА (ЕКОНОМСКА), НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр.02-2352/3, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 2.2.2017 година, бевме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од наставно-научната област на општествената географија (економска), врз основа на конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од 29.12.2016 година (четврток).

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Мирјанка Маџевиќ, проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска и проф. д-р Ристо Мијалов, постапувајќи според Одлуката, по прегледувањето на доставената документација има задоволство да го објави следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" за избор на еден асистент од наставо-научната област на општествената географија (економска), во предвидениот рок се пријави еден кандидат, м-р Марија Љакоска.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Марија ЉАКОСКА е родена на 18.5.1985 година во Битола. Основното и средното образование го завршила во Кичево со просечен успех 5,00. Дипломирала на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје на 31.10.2007 година, со просечен успех 9,11, по што е прогласена за студент на генерацијата на Институтот за географија. Во учебната 2007/2008 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за географија. Студиите ги завршила во 2012 година, со просечен успех 10,00. Магистерскиот труд под наслов „Анализа на расположливите ресурси како систем на можности и ограничувања значајни за просторен развој на Кичевската Котлина" го одбранила на 30.5.2012 година, со што се стекнала со академски степен: магистер на географски науки–насока: просторно планирање. Од учебната 2015/2016 година, кандидатката е студент на трет циклус (докторски) студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од учебната 2007/2008 година е ангажирана како демонстратор, стручен соработник при реализација на вежби по повеќе предмети на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Од 17.06.2015 е вработена како технички соработник на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатката м-р Марија Љакоска е вклучена во изведувањето на вежбите по предметите: географија на население, географија на населби, социоекономска географија на Република Македонија, индустриска географија, основи на демографија и други предмети од горенаведената област. Активно учествувала во подготовката на голем број дипломски работи.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Марија Љакоска се јавува како автор или коавтор на 11 трудови објавени во меѓународни и домашни списанија и зборници од конференции. Имала излагања (презентации) на повеќе научни и стручни собири и учествувала/присуствувала на повеќе конференции, работилници, обуки и семинари на кои се здобила со теоретски и практични сознанија од научната област.

Список на објавени трудови:

- Madjevikj M., Apostolovska Toshevska B., Ljakoska M. (2016): Regional differences in the population natural increase in the Republic of Macedonia, Journal of the Geographical Institute "Jovan Cvijic", SASA, Vol 66, No 3 (2016), Serbia, pp. 417-431
- Madjevikj M., Apostolovska Toshevska B., Gorin S., Ljakoska M. (2016): The regional differentiation of the demographic movements in the Republic of Macedonia. Environmental & Socio-economic Studies, Vol. 4, No 3/2016, Poland, pp. 10-20
- Ljakoska M., Madjevikj M. (2016): Spatial distribution of primary schools and the number of students in the Republic of Macedonia, with a special focus on rural municipalities. Proceedings of the second international scientific conference Geobalcanica 2016, 10-12.06.2016, Skopje, Republic of Macedonia, pp. 323-330
- Apostolovska Toshevska B., Ljakoska M. (2016): Internal migratory movements and the (no) opportunities for sustainable development in the Republic of Macedonia. Proceedings of the second international scientific conference Geobalcanica 2016, 10-12.06.2016, Skopje, Republic of Macedonia, pp. 331-338
- Todorova A., Ljakoska M. (2016): The Cultural and Natural Heritage in the Western Part of the Republic of Macedonia and Their Impact on the spatial development. Journal of Innovations and Sustainability, Vol. 2, No. 2, 2016, Bulgaria, pp. 57-73
- Madjevikj M., Ljakoska M. (2015): Dynamics in the number of pupils in the Republic of Macedonia. Proceedings from the Vth Congress of geographers from Republic of Macedonia, 26-27.09.2015, Skopje, Republic of Macedonia, pp. 115-123
- Ljakoska M., Todorova A., Madjevikj M., Apostolovska Toshevska B. (2015): Opportunities for the development of wine and SPA tourism in the southeast systematic region in the Republic of Macedonia. Proceedings of the IVth International Scientific Conference, Climate Change, Economic Development, Environment and People, Regional Development of Central and European Countries, Vol. 2, 07-09.10.2014, Plovdiv, Bulgarija, pp. 369-392
- Madjevikj M., Apostolovska Toshevska B., Ljakoska M. (2014): The age structure of the population in the eastern region of the Republic of Macedonia in aspect of spatial planning. Demography, Vol.XI 2014, International journal for demographic and other social studies, Belgrade, Serbia, pp. 45-51
- Ljakoska M., Iliev D. (2013): Depopulation of the village settlements in the former municipalities Vraneshtica and Drugovo. Proceedings of the International scientific symposium, "Hilly mountain areas-problems and perspectives", 12-15.09.2013, Ohrid, Republic of Macedonia; pp.177-184
- Iliev D., Ljakoska M. (2013): Tourism and its function in the development of hilly-mountainous areas in the municipality Radovish. Proceedings of the International scientific symposium, "Hilly mountain areas-problems and perspectives", 12-15.09.2013, Ohrid, Republic of Macedonia; pg.377-386
- Тодорова А., Љакоска М. (2010): Квалитетот на животната средина во Валандово. Зборник од IV Конгрес на Географите на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран, Република Македонија, стр.147-152

Излагања (презентација) на научен/стручен собир:

- Second international scientific conference Geobalcanica 2016, 10-12.06.2016, Skopje, Republic of Macedonia;
- Јавна презентација на годишна конференција во летен семестар во академската 2015/16 година;
- Школа за докторски студии, 06.05.2016, Скопје
- Naučni skup, "Demografski izazovi na prostoru bivše Jugoslavije", 15.04.2016, Beograd, Srbija;
- Пролетен семинар за наставниците и професорите по географија во организација на Македонско географско друштво, 19.03.2016, Скопје;
- Fifth international conference of Balkans demography, "The population of the Balkans at the dawn of the 21 century", 21-24.10.2015, Ohrid, Republic of Macedonia;

- Vth Congress of geographers from Republic of Macedonia, 26-27.09.2015, Skopje, Republic of Macedonia;
- IVth International Scientific Conference, Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP), Regional Development of Central and European Countries, 07-09.10.2014, Plovdiv, Bulgarija;
- International Geographical Union, 2014 Regional Conference, 18-24.08.2014, Krakow, Poland;
- International scientific symposium, "Hilly mountain areas-problems and perspectives", 12-15.09.2013, Ohrid, Republic of Macedonia;
- IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10.10.2010, Дојран, Република Македонија.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката м-р Марија Љакоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за географија. Неколку години е учесник во работата на Комисијата за организирање и спроведување на државните натпревари по географија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката, м-р Марија Љакоска. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Марија Љакоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во наставно-научната област на општествената географија (економска). Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Марија Љакоска да биде избрана во звањето асистент во наставно-научната област на општествената географија (економска).

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Мирјанка Маџевиќ, редовен професор
Институт за географија,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Д-р Билјана Апостоловска Тошевска, вонреден професор
Институт за географија,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Д-р Ристо Мијалов, редовен професор
Институт за географија,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ФИЗИЧКАТА ГЕОГРАФИЈА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха” од 29.12.2016 година, (четврток), за избор на асистент од наставно-научната област физичка географија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 02-2353/2, донесена на 2.2.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Драган Колчаковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ивица Милевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Никола Панов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Постапувајќи според Одлуката, разгледани се доставените прилози на пријавените кандидати на конкурсот, и по спроведената анализа на целокупната документација имаме задоволство да го објавиме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха” за избор на еден асистент од наставо-научната област физичка географија по предметите: *општа геологија со петрографија*, *земјата и вселената*, *геоморфологија* и *физичка географија на Република Македонија*, во предвидениот рок се пријавија 2 (два) кандидати: м-р Анита Тодорова, технички соработник на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Марјан Темовски, постдокторски научен соработник во Лабораторијата за проучување на животната средина на Институтот за нуклеарни истражувања при Унгарската академија на науките.

М-р Анита Тодорова
БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Анита Тодорова е родена на 6.7.1986 година во Валандово, каде што го завршила основното и средното образование. Натамошното образование го продолжила на Природно-математичкиот факултет на Институтот за географија. Со одбрана на дипломската работа со наслов ОСНОВНИ ГЕОМОРФОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВОДЊАНСКА ПЛАНИНА (ПАРК ШУМА ВОДНО” дипломирала во 2009 година. Истата година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за географија. Студиите ги завршила во 2013 година, со просечен успех 10,00. На 13.5.2013 година успешно ја брани магистерската работа, со наслов: ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ЗАШТИТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ГЕОНАСЛЕДСТВОТО ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10 НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, и се стекнала со академски степен - магистер на географски науки, насока: физичка географија. Од учебната 2016 /

2017 година, кандидатката е студент на трет циклус (докторски) студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од учебната 2008/2009 година е ангажирана како демонстратор, стручен соработник на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, по група предмети од областа на физичката географија. Од 17.6.2015 е вработена како технички соработник на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатката м-р Анита Тодорова е вклучена во изведувањето на вежбите по предметите: геоморфологија, карстологија, биогеографија, физичка географија на Република Македонија, општа геологија со петрографија, педогеографија, клима на Земјата, заштита на животната средина, туризмот и заштита на животната средина, земјата и вселената, регионална географија, основи на географија, физичко-географски услови за населеност, геоинформатика, сообраќајна со туристичка географија, методика на наставата по географија и други.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Анита Тодорова се јавува како автор или коавтор на 7 (седум) трудови објавени во меѓународни и домашни зборници од конференции и списанија. Имала излагања и на 3 (три) научни/стручни собири со усна презентација и на еден со постер-презентација. Нејзиниот предмет на интерес во научно-истражувачката работа е физичката географија, со посебен акцент на геонаследството.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката м-р Анита Тодорова учествувала/присуствувала на повеќе конференции, работилници, обуки и семинари на кои се здобила со теоретски и практични сознанија. Активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за географија. Неколку години е учесник во работата на Комисијата за организирање и спроведување на државните натпревари по географија. Во 2011 година била технички уредник на Билтен за физичка географија бр. 7/8, Скопје.

Д-р Марјан Темовски
БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Марјан Темовски е роден на 27.1.1985 година во Прилеп. Со одбрана на дипломската работа со наслов ПОДЗЕМНИ КАРСТНИ ФОРМИ ВО

ОКОЛИНАТА НА ПРИЛЕП во 2008 година ги завршил додипломските студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и се стекнал со звањето дипломиран професор по географија. Потоа се запишал на докторски студии на Универзитетот во Нова Горица, Словенија. Со темата за докторската дисертација EVOLUTION OF KARST IN THE LOWER PART OF CRNA REKA RIVER BASIN докторирал во 2014 година и се стекнал со научната титула доктор на науки по карстологија.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Марјан Темовски од јануари 2011 до август 2015 година е вработен како професор по географија во СОУ "Ристе Ристевски" - Ричко - Прилеп и во СОУ "Кузман Јосифовски - Питу - Прилеп, кадешто држел настава по предметите географија за I и II година реформирано гимназиско образование, сообраќајна географија и економска географија. Воедно, од октомври 2012 до август 2014 година е обучувач по географски предмети при спроведувањето на јавната програма за образование на возрасни во Општина Прилеп.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Марјан Темовски се јавува како автор или коавтор на шест (6) труда објавени во домашни и меѓународни списанија и на деветнаесет (19) труда презентирани на домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси. Негов главен интерес во научноистражувачката работа е во доменот на карстологијата со посебен акцент на спелеологијата.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатот д-р Марјан Темовски е вклучен во изработка на повеќе извештаи од истражувања, прирачници, научно-популарни статии, како и учество во изработка на неколку проекти, елаборати и експеризи. Воедно се јавува и како член на уредувачки одбор на научни списанија, член на стручни комисии и активист и организатор на спортски друштва и манифестации.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По деталното разгледување на пријавите на кандидатите, со сите прилози и објавени трудови, Комисијата заклучува дека кандидатите ги исполнуваат законските услови и условите на конкурсот за избор на **асистент** по група предмети од областа на физичката географија: *општа геологија со петрографија, земјата и вселената, геоморфологија* и *физичка географија на Република Македонија*. По разгледувањето на поднесените документи, Комисијата констатира дека посоодветен кандидат за работното место асистент по група предмети од областа на физичката географија е м-р Анита Тодорова. Кандидатот д-р Марјан Темовски, кој, исто така, ги исполнува конкурсните услови, е веќе тесно насочен во областа на карстологијата и посебно на спелеологијата и ги надминува критериумите за асистент по група предмети од областа на физичката географија.

Според разгледаната документација за севкупната професионална активност на кандидатите и познавањето на нивните морални и етички вредности, Комисијата констатира дека м-р Анита Тодорова, според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област на физичката географија. Во таа смисла, ни претставува задоволство на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го дадеме следниоВ

ПРЕДЛОГ:

КандидатКАТА м-р Анита Тодорова да биде избрана за соработник во звањето асистент во областа на физичката географија по предметите: О*општа геологија со петрографија, Земјата и вселената, Геоморфологија* и *Физичка географија на Република Македонија*.

Членови на Рецензентската комисија

Д-р **Драган Колчаковски**, редовен професор, с.р.
Институт за географија,
Природно-математички факултет - Скопје

Д-р **Ивица Милевски**, редовен професор, с.р.
Институт за географија,
Природно-математички факултет – Скопје

Д-р **Никола Панов**, редовен професор, с.р.
Институт за географија,
Природно-математички факултет – Скопје

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА, ДУХОВНА КУЛТУРА, СОЦИЈАЛНА КУЛТУРА, ЕТНОЛОГИЈА НА ЕВРОПА И СРЕДНИОТ ИСТОК, ЕТНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ИСТОРИЈА НА ЕТНОЛОГИЈАТА, ЕКОНОМСКА АНТРОПОЛОГИЈА, КУЛТУРНА АНТРОПОЛОГИЈА, СОЦИЈАЛНА АНТРОПОЛОГИЈА И ПРИМЕНЕТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Природно-математички факултет на Институт за етнологија и антропологија, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.12.2016 година, за избор на асистент од наставно-научните области: материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и Средниот исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2348/3, донесена на 9.2.2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љупчо С. Ристески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Даворин Трпески, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент од наставно-научните области: материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и Средниот исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија, во предвидениот рок се пријави м-р Виктор Трајановски.

Биографски податоци и образование

Кандидатот Виктор Трајановски, магистер на етнолошки науки, е роден на 8.3.1985 г., во Охрид. Средно образование завршил во Охрид во 2003 г. Со високо образование се стекнал на Институтот за етнологија и антропологија, при ПМФ, УКИМ. Дипломирал со просечен успех 9,50.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2010/2011 г. се запишал на магистерски студии на Институтот за етнологија и антропологија. Студиите ги завршил на истиот Институт на 9.12.2015 година, со просечен успех 9,75. На 9.12.2015 година го одбранил магистерскиот труд на тема: ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА ДЕРВИШКИОТ РЕД БЕКТАШИ ОД СЕЛО КАНАТЛАРЦИ,ПРИЛЕПСКО.

Во учебната 2016/2017 г. се запишал на студиите од трет циклус по етнологија и антропологија на Институтот за етнологија и антропологија на УКИМ.

Од 2015 година е вработен како **технички соработник – помош за изведување настава и вежби** на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ УКИМ.

Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

Наставно-образовна дејност

Кандидатот м-р Виктор Трајановски беше поканет од страна на вработените да се вклучи во наставниот процес, работејќи со студентите на вежбите по повеќе предмети од сферата на етнологијата и антропологијата во 2008 г. Од 2015 г. е вработен како **технички соработник – помош за изведување настава и вежби** на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ. Во периодот од 2008 година до денес, тој активно, иновативно и посветено учествува во реализацијата на наставните активности, главно во делот на реализацијата на вежбите, практичните вежби и теренската настава. Во овој период, кандидатот м-р Виктор Трајановски бил вклучен како демонстратор, а потоа и како технички соработник во реализацијата на вежбите, практичните вежби и теренската настава по речиси 20-тина предмети од сферата на етнологијата на светот, на Балканот и Македонија.

Научноистражувачка работа

Кандидатот м-р Виктор Трајановски во текот на своите додипломски студии се истакна како еден од најзаинтересираните, најсовесните и најисполнителните студенти, заради што беше и поканет од страна на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија да се вклучи во неговите активности како демонстратор. Додипломските студии, м-р Виктор Трајановски ги започнал во 2004 г., а ги завршил во 2009 г., со среден успех 9,50. Дипломирал со истражувањето „Улогата на водата во верувањата и обичаите кај населението од охридскиот регион“, под менторство на проф. д-р Мирјана Мирчевска, со највисока оценка.

Во 2010 г. се запишал на постдипломските студии по етнологија на Институтот за етнологија и антропологија, кадешто започнал теориски и истражувачки да го профилира својот интерес во доменот на интересот за религијата, посебно за исламските духовни и практични доктрини. Во последните години од студиите, неговиот интерес се фокусира кон истражување на суфиските религиски движења, посебно интересирајќи се за современата состојба на некои од нив. Во 2015 г. се стекнал со образовниот степен **магистер на етнолошки науки,** јавно успешно одбранувајќи ја темата ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА ДЕРВИШКИОТ РЕД БЕКТАШИ ОД СЕЛО КАНАТЛАРЦИ, ПРИЛЕПСКО, работена под менторство на проф. д-р Љупчо С. Ристески.

Од зимскиот семестар во 2016 г., тој е запишан на студиите од III циклус по етнологија и антропологија на Институтот за етнологија и антропологија. Тој веќе започна со студиозна работа врз продлабочување на знаењата во врска со исламот, суфизмот и различните исламски тарикати во Македонија и пошироко.

Во текот на своето образование и работа на Институтот за етнологија и антропологија кандидатот м-р Виктор Трајановски е вклучен во научноистражувачките активности, во онолку колку што тоа го дозволувале условите. Тој бил вклучен во практичната реализација на неколку научноистражувачки, применети и едукативни проекти за деца од претшколска и школска возраст.

Како резултат на неговата посветена работа, тој бил корисник на неколку национални стипендии, но и стипендии од странство.

Реализирал студентски и студиски престој во период од 3 месеци на Одделението за проучување на историјата на Југоисточна Европа на Универзитетот во Грац, Австрија. Исто така,

учествувал на повеќе студентски конференции, семинари и работилници каде што успешно ги надградува сопствените квалитети, а честопати нив им ги пренесува и на останатите колеги и на студентите.

Како резултат на неговите образовни и истражувачки ангажмани, а кратко време тој има солидни резултати, што може да се види и од учествата на конференции и од предадените текстови за печат.

Стручно-применлива дејност

Од поднесената документација може да се утврди дека кандидатот м-р Виктор Трајановски во последниве години бил многу активен во различни стручно-применливи активности во сферата на етнологијата и антропологијата.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на биографските, библиографските и сите други податоци што се однесуваат на карактеристиките на образовниот профил и потесната стручна и научно-истражувачка работа, Комисијата со задоволство може да заклучи дека кандидатот м-р Виктор Трајановски совесно, професионално и стручно пристапува во реализацијата на сите наставни и научноистражувачки активности. Кандидатот м-р Виктор Трајановски сериозно и доста забрзано се гради во млад и перспективен едукатор и истражувач во сферата на етнологијата и антропологијата, со посебна профилираност во сферата на познавањата на религиските феномени, на исламот и на исламските тарикати.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот м-р Виктор Трајановски, на 9.12.2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Виктор Трајановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Виктор Трајановски поседува соодветни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **асистент** во научните области: материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и Средниот Исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Виктор Трајановски да биде избран во звањето **асистент** во научните области: материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и Средниот Исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љупчо С. Ристески, с.р.

Проф. д-р Мирјана Мирчевска, с.р.

Проф. д-р Даворин Трпески, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на еден асистент од наставно-научната област на регионалната географија, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје бр. 02-2348/3 од 9.2.2017 год., донесена на седницата од 2.2.2017 година, избрани сме за рецензенти по пријавата на м-р Владимир Злате Златаноски, дипломиран професор по географија доставена по објавениот конкурс во јавните гласила "Нова Македонија" од 29.12.2016 год. и „Коха" од 30.12.2016 година за избор на еден асистент од наставно-научната област на регионалната географија, на Институтот за географија при Природно-матетатичкиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставената документација, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје со задоволство и чест го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во јавните гласила "Нова Македонија" од 29.12.2016 год. и „Коха" од 30.12.2016 година за избор на еден асистент од наставно-научната област на регионалната географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје се пријави кандидатот м-р Владимир Злате Златаноски, дипломиран професор по географија, технички соработник на Институтот за географија при Факултетот.

Кандидатот, согласно со условите во конкурсот, ги има доставено потребните документи.

Кандидатот м-р Владимир Злате Златаноски е роден на 12.2.1987 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. По завршувањето на средното образование се запишал на студии по географија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кадешто дипломирал на 6.11.2009 година, а магистрирал на 5.12.2014 година. Во моментов е студент на докторски студии од областа на регионалната географија на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, кадешто работи како технички соработник.

Од 1.9.2011 до 30.8.2012 година работел како професор по географија во ОУ „Љубен Лапе" во Скопје, потоа од 1.9.2012 година до 30.11.2015 година работи како демонстратор, а потоа од 1.12.2015 година редовно работи како технички соработник на Институтот за географија при ПМФ во Скопје. Работните задачи ги извршува навремено и коректно со осет и разбирање во наставната дејност.

Пројавува интерес за научноистражувачка работа, така што досега има учествувано на повеќе научни собири и има објавено повеќе трудови, како што се:

1. Радевски И., Василески Д., **Златаноски В**. (2011): Езеро „Тулана”, Билтен за физичка географија бр. 7/8, ИГ, ПМФ, Скопје.

2. Василески Д., Радевски И., **Златаноски В**. (2011): Хидрографско-хидролошки карактеристики на Реката Жаба, Зборник на трудови, Четврти конгрес на географите од Република Македонија, Дојран 7-10 октомври 2010 г., Македонско географско друштво, Скопје.

3. **Zlatanoski V**., Markoski B., Dimitrovska O., Gorin S., Radevski I. (2013): Inventory of small artificial lakes in function of hilly-mountain areas development on the territory of Republic of Macedonia, Proceedings from The International Scientific Symposium „Hilly mountain areas - problems and perspectives “, Macedonian Geographical Society, Ohrid, Republic of Macedonia, 12-15 September 2013

4. Markoski B., **Zlatanoski V**., Radevski I. (2014): Classification and functionality of artificial reservoirs in Republic of Macedonia, Macedonian association for geotechnics, Proceedings of the IV Symposium of Macedonian association for geotechnics, Struga 25-28.06.2014

5. Radevski I., Gorin S., Milevski I., Dimitrovska O., **Zlatanoski V**. (2015): Estimating annual simple water balance on Kriva Reka catchment using multiple linear regression, Geographical Reviews 48, Skopje.

6. Маркоски Б., Горин С., Радевски И., **Златаноски В.** (2015): Географски информациски систем на езерата во Република Македонија, Конференција на тема: “Состојбата со водостопанската инфраструктура”, Скопје, 2015

7. Markoski B., Gorin S., **Zlatanovski V**. (2015): Cartographic analysis of the digital method’s accuracy at land slope measurement, V Congress of geographers of the Republic of Macedonia, Skopje, 26-27.09.2015

8. Radevski I., Gorin S., Dimitrovska O., Milevski I., Apostolovska-Toshevska B., Taleska M., **Zlatanoski V**. (2016): Estimation of maximum annual discharges by frequency analysis with four probability distributions in case of non-homogeneous time series (Kazani karst spring in Republic of Macedonia), Acta Carsologica vol. 45, no.3, *IF: 0,791*

9. Markoski B., Radevski I., **Zlatanoski V**. (2016): Mapping and analysis of accumulated waters in Republic of Macedonia, 5th Congress of ecologists of the Republic of Macedonia with international participation, Macedonian Ecological Society, Ohrid, 19-22 October 2016

Кандидатот Владимир Злате Златаноски учествува и во реализација на научноистражувачки проекти, како што е на пример проектот:

„Национална стратегија за заштита на природата“ -2017-2027), Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ, Скопје, 2016, во тимот на стручни соработници.

Во сферата на компјутерската техника и технологија има познавање на повеќе софтверски пакети (Microsoft Office, Auto CAD Map, Surfer, Global Mapper, Corel Drow и други).

Во процесот на секојдневното работење, активно е вклучен во разни активности на Институтот поврзани со наставната, научната, организационата и теренската дејност. Соодветно на институцијата, работните задачи ги извршува совесно и целосно, со соодветно воспоставена комуникација со студентите и колегите.

Во досегашните работни активности по разни основи има постигнато 120,75 поени.

Врз основа на сето наведено слободни сме да го дадеме следниов:

ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ

Од прегледот на целокупната документација се констатира дека Владимир Злате Златаноски, технички соработник на Институтот за географија при ПМФ во Скопје, во сферата на наставната дејност, солидно и коректно ги извршува наставните обврски, со соодветно воспоставени комуникации со студентите и колегите. Во сферата на научноистражувачката работа, активно и трудољубиво е вклучен во проучувањето на своите потесни дисциплини и придружни технологии, така што учествувал на повеќе семинари и објавил повеќе трудови. Запишан е на трет циклус –докторски студии на Институтот за географија при ПМФ.

Врз основа на сето наведено, Комисијата има чест и задоволство да им предложи на Стручниот совет на Институтот за географија и Научно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатот Владимир Злате Златаноски, дипломиран професор по географија, **да биде избран во звањето асистент** на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Благоја Маркоски, ред. проф. на ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Ристо Мијалов, ред. проф. на ПМФ – Скопје, с.р.

Д-р Свемир Горин, доцент на ПМФ – Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ: "ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ, Д-Р РОБЕРТ ШАЈН И ЉАУРА АХМЕТИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет донесена на седницата одржана на 2.II 2017 година, определена сум за рецензент на ракописот под наслов: ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ, поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети. По прегледот на ракописот, чест ми е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Лаура Ахмети напишан е двојазично (англиски и македонски) и содржи вкупно 100 страници од А4-формат. Во работата се презентирани 57 слики и 7 табели. Цитирани се 44 библиографски единици. Содржината на ракописот е поделена на 7 поглавја.

Поглавјето ВОВЕД дава краток осврт на загадувањето на животната средина и на почвите преку антропогени активности кои драматично се зголемуваат со засилена експлоатација на минералите и фосилните горива како и урбанизацијата. Посебен осврт е даден на урбаното загадувањето на животната средина со тешки метали. Укажано е на појавите на загадување на почвите и изворите на ова загадување во регионалните урбани средини. Исто така, даден е приказ на досегашните истражувања на загадувањето на животната средина со тешки метали во различни региони во Република Македонија. Целта на оваа монографија е да се прикажат резултатите од спроведениот мониторинг за дистрибуцијата на тешките метали и други елементи во почвата во регионот на градот Скопје и околината.

Во второто поглавје, ГЕОГРАФСКИ И ГЕОЛОШКИ ОПИС НА СКОПЈЕ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА дадени се основните географски, хидролошки и метеоролошки карактеристики на скопскиот регион. Во ова поглавје, прикажани се и карти со локација на истражуваната област на територијата на Република Македонија, изолирана карта според надморската височина на цкопскиот регион, топографска карта на испитуваното подрачје, карта според употребата на земјиштето и геолошка карта на скопскиот регион. За подобра прегледност на податоците кои го опишуваат испитуваното подрачје, поглавјето е организирано во четири потпоглавја, и тоа: географски опис, климатски катектеристики, геолошки каректеристики и педолошки карактеристики. Засебно во секое

потпоглавје се наведени детални карактеристики на подрачјето со цел да се овозможи појасен преглед на поврзаноста на овие фактори со дистрибуција на елементите во испитуваното подрачје. Во третото поглавје, ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, даден е детален геолошки опис, а во четвртото поглавје, ПЕДОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, педолошки опис на Скопската Котлина.

Во третото поглавје, ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ, опишан е начинот на земање на примероците од почва, нивната подготовка, нивната анализа со примена на две современи спектрометриски техники (атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма, ИСП-АЕС, и масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма, ИСП-МС). Наведено е дека за целта на оваа студија земени се површински почви од 231 локација во скопскиот регион, според мрежа за земање на примерцоите од 2 km x 2 km, од 1,5 km × 1,5 km и од 0,5 km × 0,5 km. Собраните примероци се физичко-хемиски подготвени за анализа по стандардни методи. Во вкупно 231 примери од почва, 17 елементи (Ag, Al, As, Ba, Ca, Cd, Cr, Cu, Fe, K, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr и Zn) се анализирани со ИСП-АЕС и 38 елементи (Be, Br, Co, Cs, Ga, Ge, Hf, Hg, In, Mo, Nb, Pd, Pt, Rb, Rh, Sb, Sc, Sn, Ta, Ti, Tl, W, Y, Zr и ретко-земјените елементи Ce, Dy, Er, Eu, Gd, Ho, La, Lu, Nd, Pr, Sm, Tb, Tm, Yb) со примена на масената спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ИСП-МС). Во потпоглавјето *Обработка на податоци и изработка на карти на дистрибуција,* објаснети се сите применети статистички методи за обработка на добиените аналитички податоци: основна статистичка анализа и трансформација, биваријантна и мултиваријантна анализа и претставување на дистрибуцијата на хемиските елементи. За конструирање на картите на дистрибуцијата на секој елемент во испитуваното подрачје користен е универзалниот метод kriging со линеарната variogram-интерполација.

Во поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, податоците за извршените анализи се организирани во три потпоглавја. Во првото потпоглавје, прикажана е дескриптивна статистичка анализа за содржината на 17 елементи определени со примена на ИСП-АЕС и 38 елементи определени со ИСП-МС. Приложена е компаративна анализа на добиените резултати со оние за содржината на овие елементи во почвите земени од целата територија на Република Македонија и Европа. Во следното потпоглавје, *Обработка на резултатите за елементи определени со ИСП-АЕС*, прикажани се резултатите од направената биваријантна и мултиваријантна анализа за содржината на елементите анализирани со ИСП-АЕС. Од вкупно 18 анализирани елементи, со факторната анализа, добиени се четири фактори, односно асоцијации на елементи: F1 (Al, K, Na, Ba), F2 **(**Cr, Ni, Mg, Fe) и F3 (Zn, Cd, Cu) и F4 (Sr, Ca). За издвоените геохемиски асоцијации дадени се и картите на просторната дистрибуција, како и хистограмите на нивната распределба во поедините региони, геолошки формации и според употребата на земјиштето.

Во потпоглавјето *Обработка на резултатите за елементите определени со ИСП-МС,* дадена е дескриптивната статистика за содржината на овие

елементи. Со примена на биваријатната статистика определен е степенот на корелација помеѓу анализираните елементи во примероците од почви, а за поинтензивно изразување на доминантноста на дистрибуцијата на елементите, направена е мултиваријантна и кластерна анализа. Следствено на тоа, авторите укажуваат на изолирање на три доминантни кластери, и тоа: G1 (Cs, Ga, Hf, Nb, Pt, Rb, Ta, Ti, W, Y, Zr и реткоземјените елементи: Ce, Dy, Er, Eu, Gd, Ho, La, Lu, Nd, Pr, Sm, Tb, Tm, Yb); G2 (Be, In, Tl и Hg) и G3 (Mo, Sb и Sn). За издвоените геохемиски асоцијации дадени се и картите на просторната дистрибуција, како и хистограмите на нивната распределба во одделните региони, геолошки формации, како и според употребата на земјиштето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на ракописот со наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети, може да се заклучи дека авторите извршиле значајно истражување за содржината на голем број хемиски елементи во почвите од градот Скопје. Ракописот претставува оригинален научен труд со вреден придонес кон геохемијата и хемијата на животната средина. Во ракописот темелно и на завидно високо ниво систематично се применети најсовремени методи за земање примероци почва за анализа, нивно анализирање, обработка и валидација на резултатите. Во оваа монографија се опишани основните геохемиски карактеристики на почвите од градот Скопје, а е дадена и анализа на добиените резултати. На тој начин, за прв пат се обезбедува добро структуриран основен преглед на геохемиските карактеристики на почвите од градот Скопје. За посебно обележување во рамките на овој научен труд претставува и врската на востановените геохемиски асоцијации со геолошките формации и со видот на употреба на земјиштето. Посебен акцент е даден на антропогениот ефект и влијанието врз литогената дистрибуција на елементите во почвите во овие регионални средини.

Затоа, како член на Рецензентската комисија ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да започне постапка за издавање на ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети, во вид на монографија.

Член на Рецензентската комисија

Д-р Биљана Балабанова, доцент на Земјоделскиот факултет,
Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ: "ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ, Д-Р РОБЕРТ ШАЈН И ЉАУРА АХМЕТИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет донесена на седницата одржана на 2.II 2017 година, определена сум за рецензент на ракописот под наслов: "ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ ", поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и м-р Љаура Ахмети. По прегледот на работата, чест ми е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Лаура Ахмети напишан е двојазично (англиски и македонски) и содржи вкупно 100 страници од А4-формат. Во работата се презентирани 57 слики и 7 табели. Цитирани се 44 библиографски единици. Содржината на ракописот е поделена на 7 поглавја.

Во поглавјето ВОВЕД, даден е краток осврт на загадувањето на животната средина и на почвите како резултат на антропогени активности посебно од интензивната експлоатација на минералите и фосилните горива како и урбанизацијата. Посебен осврт е даден на урбаното загадувањето на животната средина со тешки метали. Укажано е на појавите на загадување на почвите и изворите на ова загадување во урбаните средини. Даден е и приказ на досегашните истражувања на загадувањето на животната средина со тешки метали во различни региони во Република Македонија. Целта на оваа монографија е да се прикажат резултатите од спроведениот мониторинг за дистрибуцијата на тешките метали и други елементи во почвата во градот Скопје и неговата непосредна околина.

Во второто поглавје, ГЕОГРАФСКИ ПИС НА СКОПЈЕ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА, дадени се основните географски, хидролошки и метеоролошки карактеристики на скопскиот регион. Во ова поглавје, дадени се и карти со локација на истражуваната област на територијата на Република Македонија, карта на скопскиот регион според надморската височина, топографска карта, карта според употребата на земјиштето и геолошка карта. Ова поглавје е поделено во четири потпоглавја: географски опис, климатски катектеристики, геолошки карактеристики и педолошки карактеристики. Засебно во секое потпоглавје наведени се детални карактеристики на подрачјето со цел да се овозможи појасен преглед на поврзаноста на овие фактори со дистрибуција на елементите во испитуваното подрачје. Во третото поглавје, ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ,

даден е детален геолошки опис а во четвртото поглавје, ПЕДОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, педолошки опис на Скопската Котлина.

Во петтото поглавје, ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ, опишан е начинот на земање на примероците од почва и нивната подготовка. Определувањето на хемиските елементи е извршено со примена на две современи спектрометриски техники: атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ИСП-АЕС) и масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ИСП-МС). Испитувањето е извршено на вкупно 231 примерок почва, земени според мрежа за земање на примероците од 2 km × 2 km, од 1,5 km × 1,5 km и од 0,5 km × 0,5 km. Собраните примероци се подготвени за анализа по стандардни методи. Во сите земени примероци е извршена анализа на 55 елементи од кои 17 (Ag, Al, As, Ba, Ca, Cd, Cr, Cu, Fe, K, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr и Zn) се определени со примена на ИСП-АЕС додека 38 елементи (Be, Br, Co, Cs, Ga, Ge, Hf, Hg, In, Mo, Nb, Pd, Pt, Rb, Rh, Sb, Sc, Sn, Ta, Ti, Tl, W, Y, Zr и ретко-земјените елементи Ce, Dy, Er, Eu, Gd, Ho, La, Lu, Nd, Pr, Sm, Tb, Tm, Yb) со примена на ИСП-МС. Во ова поглавје објаснети се сите применети статистички методи за обработка на добиените аналитички податоци.

Шестото поглавје, РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, е поделено на три потпоглавја. Во првото потпоглавје е прикажана дескриптивна статистичка анализа за содржината на сите 55 елементи во земените примероци почва, а дадена е споредба на добиените резултати со оние за содржината на овие елементи во почвите земени од целата територија на Република Македонија и Европа. Во второто потпоглавје, прикажани се резултатите од направената биваријантна и мултиваријантна анализа за содржината на елементите анализирани со ИСП-АЕС. Од вкупно 17 анализирани елементи, со примена на факторната анализа добиени се четири фактори, односно асоцијации на елементи: F1 (Al, K, Na, Ba), F2 (Cr, Ni, Mg, Fe) и F3 (Zn, Cd, Cu) и F4 (Sr, Ca). За издвоените геохемиски асоцијации, како и за сите овие елементи дадени се и картите на просторната дистрибуција како и хистограмите на нивната распределба во одделните региони, геолошки формации и според употребата на земјиштето. Во третото потпоглавје дадени се резултатите од обработката на податоците за елементите определени со ИСП-МС. Прикажана е дескриптивната статистика за содржината на овие елементи, како и степенот на корелација помеѓу анализираните елементи, а за поинтензивно изразување на доминантноста на дистрибуцијата на елементите, направена е и мултиваријантна и кластерна анализа. При тоа, добиени се три доминантни кластери, и тоа: G1 (Cs, Ga, Hf, Nb, Pt, Rb, Ta, Ti, W, Y, Zr и реткоземјените елементи: Ce, Dy, Er, Eu, Gd, Ho, La, Lu, Nd, Pr, Sm, Tb, Tm, Yb), G2 (Be, In, Tl и Hg) и G3 (Mo, Sb и Sn). За издвоените геохемиски асоцијации дадени се и картите на просторната дистрибуција, како и хистограмите на нивната распределба во одделните региони, геолошки формации, како и според употребата на земјиштето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на ракописот со наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ, од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети, може да се заклучи дека авторите извршиле значајно истражување за содржината на 55 хемиски елементи во почвите од градот Скопје. Ракописот претставува оригинален научен труд со вреден придонес кон геохемијата и хемијата на животната средина. Во ракописот темелно и на завидно високо ниво се применети најсовремени методи за земање примероци почва за анализа, нивно анализирање, обработка и валидација на резултатите. Во оваа монографија се опишани основните геохемиски карактеристики на почвите од градот Скопје, а е дадена и анализа на добиените резултати. За посебно обележување во рамките на овој научен труд претставува и востановената поврзаност на добиените геохемиски асоцијации со геолошките формации и со видот на употреба на земјиштето. Посебен акцент е даден на антропогениот ефект и влијанието врз литогената дистрибуција на елементите во почвите во овој регион.

Затоа, како член на Рецензентската комисија ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да започне постапка за издавање на ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА СКОПЈЕ поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, д-р Роберт Шајн и Љаура Ахмети во вид на монографија.

Член на Рецензентската комисија

Д-р Тодор Серафимовски, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки, „Универзитет “Гоце Делчев”, Штип, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 02.02.2017 година.

1. **МАГИСТЕРСКИ ТРУДА**

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ѓорѓи Божиновски, дипломиран молекуларен биолог	УТВРДУВАЊЕ НА ПРИСУСТВО НА СУБМИКРО-СКОПСКИ ХРО-МОЗОМСКИ АБ-НОРМАЛНОСТИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИНТЕЛЕКТУ-АЛНА ПОП-РЕЧЕНОСТ СО МЕТОДА НА МУЛ-ТИПНА ЛИГА-ЦИЈА И АМПЛИ-ФИКАЦИЈА НА ПРОБИ	DETERMINING THE PRESENCE OF SUBMICROSCOPIC CHROMOSOMAL ABNORMALITIES IN PATIENTS WITH INTELLECTUAL DISABILITY WITH MULTIPLE LIGATION PROBE AMPLIFICATION METHOD	д-р Дијана Плашеска - Каранфилска, насловен вонреден про-фесор на Фармацевтски факултет – Скопје, а коментор д-р Гордана Димеска, редовен профе-сор на ПМФ – Скопје	02-2249/5 од 17.02.2017 г.
2.	Сандра Чанчалова, дипломиран инженер по хемија	ПРОСТОРНА РАСПРЕДЕЛБА НА ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПРИМЕРОЦИ ОД ПОЧВА И МОВ ВО СТРУМИЧКИОТ РЕГИОН	SPATIAL DISTRIBUTION OF CHEMICAL ELEMENTS IN SOIL AND MOSS SAMPLES FROM STRUMICA REGION	д-р Трајче Стафилов, редовен про-фесор на ПМФ – Скопје	02-126/3 од 17.02.2017 г.
3.	Бојан Богатиновски, дипломиран инженер по хемија	ХЕМИСКИ РЕАКЦИИ НА ТРАНСФОРМИРА-ЊЕ НА ХЕК-САХЛОРО-ЦИКЛОХЕКСАНИ ВО ЕКОЛОШКО	CHEMICAL TRANSFOR-MATION REACTIONS OF HEXACHLOROCY CLOHEXANES	д-р Јане Богданов, вонреден про-фесор на ПМФ – Скопје	02-100/3 од 17.02.2017 г.

		ПРИФАТЛИВИ ДЕРИВАТИ	INTO ENVIRON-MENTALLY ACCEPTABLE DERIVATIVES		
4.	Драгана Трајковиќ, дипломиран инженер по хемија	ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СУЛФАДИ-МИДИН, ОКСИТЕТРА-ЦИКЛИН И НЕО-МИЦИН ВО ТРИКОМПОНЕНТЕН ВЕТЕ-РИНАРЕН ПРЕПАРАТ СО ПРИМЕНА НА УЛТРА-ВИОЛЕТОВА И ВИДЛИВА СПЕКТРОФОТОМЕТРИЈА	DETERMINATION OF SULFA-DIMIDINE, OXYTETRA-CYCLINE AND NEOMYCIN IN THREE-COMPONENT VE-TERINARY PRODUCT USING ULTRAVIOLET AND VISIBLE SPECTROPHOTO-METRY	д-р Горан Стојковиќ, редовен профе-сор на ПМФ – Скопје	02-130/3 од 17.02.2017 г.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет во Скопје, објавен во весниците „Вечер” и „Lajm” од 18.11.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област јавно здравство во стоматологијата, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2572 од 29.12.2016 година, донесена на XXXVIII редовна седница одржана на 23.12.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Красимира Јанева, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Софија, д-р Лидија Катрова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Софија, д-р Цветко Јолов, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Софија, д-р Љубен Гугувчевски, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и д-р Гордана Ковачевска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област јавно здравство во стоматологијата, во предвидениот рок се пријави д-р Јулијана Николовска, доцент.

2. Биографски податоци и образование

Кандидатката Јулијана Николовска, доктор на стоматолошки науки, е родена на 20.7.1964 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата ,,Јосип Броз Тито“ во учебната 1982/1983 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“Стоматолошки факултет - Скопје, во учебната 1987/1988 година. Дипломирала на 29.1.1988 година, со просечен успех 8.51. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1992/1993 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“Стоматолошки факултет - Скопје и ги завршила со просечен успех 10,0. На 30.6.1999 година го одбранила магистерскиот труд на тема: ,,Влијанието на фиксно протетските конструкции во пределот на фронтот на горната вилица во говорната функција” и се стекнала со звање магистер на стоматолошки науки од областа на фиксна протетика.

Докторска дисертација пријавила на 18.5.2005 година на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј”, Стоматолошки факултет – Скопје. Докторската дисертација на тема: ,,Модел на управување со системот за орална здравствена заштита” ја одбранила на 8.11. 2007 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Драгољуб Велески, проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Моме Спасовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

Во 2000 година е избрана во звањето асистент на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје во областа стоматолошка протетика, а во 2004 година била реизбрана во истото звање.

Во моментот има наставно звање доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" бр. 1030 од 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтените бр. 763, 849 и 1030 како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

2.1 Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј", Стоматолошки факултет - Скопје, кандидатката д-р Јулијана Николовска изведува теоретска настава на прв циклус студии, на студиската програма за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри–орални хигиенолози и на II циклус студии за магистри на Стоматолошкиот факултет.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 7 дипломски работи и во 4 комисии за полагање на специјалистички испит.

2.2 Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот

Во периодот од последниот избор учествува во подготовка на наставната програма за прв циклус студии за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како и наставната програма за втор циклус студии на Стоматолошкиот факултет и наставната програма за специјализација по стоматолошка протетика и формата на книшките за евиденција на постапки и интервенции во текот на специјализацијата.

Одговорен наставник е за предметите: медицинска етика и психологија и менаџмент во стоматологијата, за студентите од прв циклус студии од студиската програма доктор по дентална медицина, медицинска психологија со медицинска етика, професионализам и тимско работење и менаџмент во стоматологијата, за студентите од студиската програма стручни стоматолошки сестри и медицинска психологија со медицинска етика и менаџмент во стоматологијата, за студентите од студиската програма стручни забни техничари. На вториот циклус студии има дел од предавањата по орална епидемиологија, за која подготвила материјали.

Од учебната 2014/2015 година ангажирана е како наставник и на Факултетот за медицински науки при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, каде што изведува настава и испити по предметите: здравствен менаџмент, на студиската програма по општа медицина, здравствен менаџмент и здравствено законодавство, на студиската програма за дипломиран стручен оптометрист и здравствен менмаџмет, на студиската програма за дипломирана стручна медицинска сестра/техничар.

Во учебната 2015/2016 година изведува настава и испити по предметите: претклиничка мобилна протетика (тотална протеза), на студиската програма по дентална медицина, здравствен менаџмент, на студиската програма за дипломирана стручна медицинска сестра/техничар, здравствен менаџмент и здравствено законодавство, на студиската програма за дипломиран стручен оптометрист, мобилна протетика – парцијална протеза 1 и скелетирана протеза, на студиската програма за дипломиран забен техничар/ протетичар.

Со решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, акредитирана е за ментор на студентите на втор циклус студии.

Еден од рецензентите е на универзитетскиот учебник ,,Технологија на фиксни протези (мостови) '' од проф. д-р Билјана Капушевска.

Била ментор на студентски теми, презентирани на конгресите на студентите по стоматологија со меѓународно учество. Ментор била и на стажанти кои го реализираат задолжителниот стаж и специјализанти кои реализираат турнуси според програмата за специјализација. Коментор била на кандидати за специјализација по стоматолошка протетика.

2.3. Научноистражувачка дејност

Д-р Јулијана Николовска од последниот избор во звањето доцент, има објавено вкупно 43 научни труда од стоматолошката област, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 12 труда во меѓународни научни списанија и научни публикации (од кои 5 се со GIF), 23 труда во зборници од научни собири, учествувала во 4 работилници и има одржано 2 пленарни предавања како поканет предавач на меѓународен стручен собир, од кои едно во странство и едно предавање на домашен стручен собир .

Д-р Јулијана Николовска за своите трудови и презентации на европските конгреси повеќе пати е добитник на грантови од страна на Европската асоцијација за јавно здравство во стоматологијата, за што има добиено сертификати.

Д-р Јулијана Николовска учествувала како истражувач во еден научен проект.

2.4. Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот

За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања приложува 43 труда кои се цитирани во АНЕКС2, кој следува. За рецензија ги приложува следниве трудови:

1. Kenig N, **Nikolovska J.** Assessing the Psychometric Characteristics of the Macedonian Version of the Oral Health Impact Profile Questionnaire (OHIP-MAC49). OHDM 2012; 11(1): 29-38.
   Во трудот е даден приказ на OHIPпрашалникот и неговата адаптација на Македонското јазично подрачје. Направена е анализа во која биле вклучени 247 пациенти поделени во четири групи: општа популација, пациенти кои ја посетиле клиниката поради појава на дентална болка, протетички пациенти и студенти. По статистичката обработка, добиените податоци покажале дека прашалникот поседува задоволителен валидитет и соодветен одговор на поставените прашања и може да се користи за одредување на влијанието на оралното здравје на различните аспекти на квалитетот на животот во Македонија. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното јавното здравство во стоматологијата.

2. **Nikolovska J.** Petrovski D. Oral Health-Related Quality of Life (OHRQoL) Before and After Prosthodontic Treatment with Full Removable Dentures. Balk J Stom, 2012; 16:169-172.
   Во трудот се опишува можноста за користење на прашалникот OHIP-MAC 49 за одредување на квалитетот на животот кај пациенти носители на тотални акрилатни протези пред и после протетичкиот третман. Испитувани биле 35 пациенти со тотална беззабост на СКЦ „Св. Пантелејмон" од Скопје на возраст 45-83 години. На пациентите им бил даден прашалникот два пати, пред и после терапијата. По статистичката анализа на резултатите, добиените скорови покажале подобрување на квалитетот на оралното здравје по третманот со протетичките помагала. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

3. **Nikolovska J.** Oral Health Care Provision Systems in the Black Sea Countries. Part 14: The Republic of Macedonia. OHDM 2013; 12(2): 61- 64.
   Во трудот се дава приказ на развојот на здраственото осигурување и некои аспекти на грижата за оралното здравје. Даден е развојот од почетокот на осамостојувањето во 1991, сѐ до денес, опишувајќи го изворот на здраственото осигурување и Фондот за здрствено осигурување. Потоа се дава осврт на приватизацијата на денталните услуги на ниво на примарната дентална пракса и концесионерството. Во однос на едукацијата на здраствениот кадар, даден е приказ на Факултетите по дентална медицина и степените на едукација кои се нудат и гранките на специјализација. Според СЗО во 2002 година, 6,8% од GDP на државата се одвоиле за денталните услуги на населението, што е сигнификантно пониско споредено со средствата кои се издвојуваат во останатите републики од поранешна Југославија. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

4. Kapusevska B, Dereban N, Popovska M, **Nikolovska J**, Popovska L. Bruxism and TMD disorders of everyday dental practice. Contributions, Section of Medical Science 2013; XXXIV 3: 105-111.
   Во трудот се презентирани дијагностицирањето, етиолошките фактори, класификацијата и третманот на бруксизмот како причинител на темпоро-мандибуларните заболувања. Третирани се вкупно 120 пациенти од кои половина

се со проблеми во темпоро-мандибуларниот зглоб, а останатите 60 пациенти се со проблеми во мастикаторните мускули. После соодветниот третман со миорелаксанти, не-стероидни антиинфламаторни лекови, изработка на протези и репозиција и стабилизација со сплинт, прогресот кај пациентите е следен по предавање на сплинтот, по еден месец, шест месеци и една година. Резултатите покажуваат дека кај пациентите со проблеми во ТМЗ видливи знаци на подобрување има по 6 месеци кај 68.3% од пациентите, додека кај 85% од пациентите подобрување има по една година. Кај втората група на пациенти кои имаат проблеми со мастикаторните мускули, подобрување по шест месеци има кај 88.3% од пациентите, а кај 98.3% по една година. Трудот има апликативно и научно значење во областа на стоматолошката протетика.

5. **Nikolovska J**, Mancevska S, Kapusevska B, Popovska L, Mindova S. An Assessment of Career Satisfaction among Macedonian Dentists. Contributions, Section of Medical Science 2014; Contributions, Section of Medical Science 2014; XXXV 1: 255-261.
Во оваа студија е прикажана проценката на задоволството на стоматолозите од Република Македонија од нивната кариера во однос на различни фактори поврзани со работата и лични фактори. Истражувањето е направено на 118 регистрирани стоматолози, кои работат во различни услови, во јавни здрвствени установи, во приватни установи, во приватни установи кои имаат склучено договор со ФЗО и концесионери. Сите стоматолози пополнувале прашалник кои го сочинувале 16 прашања поделени во пет групи кои се однесуваат на различните фактори поврзани со работата на стоматолозите и лични фактори. Заклучокот е дека стоматолозите во РМ кои работат и во приватниот сектор и во јавните здравствени установи покажале ниско ниво на задоволство од својата професионална работа. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата.

6. **Nikolovska J**, Kenig N. Oral Health Related Quality of Life (OHRQoL) in Patients Wearing Fixed Prosthodontic Dentures. Coll. Antropol. 2014; 38(3): 987-992.
Трудот преставува лонгитудинална студија која има за цел да ја одреди самоперцепцијата на пациентите за нивното орално здравје пред протетичкиот третман, една седмица и една година по протетичкиот третман со фиксни протетички конструкции. Направена е споредба со здрави пациенти преку идентификција на промените во соодветни аспекти од квалитетот на животот. Испитаниците, вкупно 70 на број, се поделени во две групи и тоа се здрави пациенти и пациенти носители на фиксни протетички конструкции, кои на доброволна основа го пополнуваат прашалникот. По обработката на податоците, добиените резултати покажаа дека по една година пациентите со фиксни протетички помагала се со ист степен на орално здравје како и здравите индивидуи. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

7. **Nikolovska J.** Problem oriented treatment planning, The XII-th International Congress on Oral Health and Dental Management in Central and East – European Countries, Romanian Association of Oro-Dental Public Health, Constanta, Romania 22-25 May 2014.
Со оглед на тоа што планирањето на третманот е една од основните компоненти на стоматолошката клиничка практика, во овој труд е прикажан проблемот ориентираниот модел на планирање на протетски третман како еден од

современите пристапи на планирање. Проблемот ориентираниот пристап е модел кој обезбедува концептуална рамка за системско и аналитичко донесување на одлуки. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

8. **Nikolovska J.** Petrovski D, Petricevic N, Kapusevska B, Korunoska-Stevkovska V. Overdentures on implants for better quality of life among the fully edentulous patients – Case Reports. Contributions, Section of Medical Science 2015; XXXVI 2:225-234.
Во овој труд се прикажани различни клинички случаи на протетско решавање на беззаби алвеоларни гребени во долната вилица со помош на покровни протези изработени над различни видови импланти како алтернативно третманско решение во случаи кога со тоталната протеза неможе да се постигне оптимална ретенција. Несоодветната ретенција на протезата предизвикува и влошување на квалитетот на живеење кај овие пациенти. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

9. **Nikolovska J**. Description from Macedonia in Hysi D., Eaton KA, Tsakos G, Vassallo P, Amariei C and the DPH Group** Proceedings of a Workshop, held in Constanta, Romania on 22 May 2014 on Oral Health of Children in the Central and Eastern European Countries in the Context of the Current Economic Crisis.BMC Oral Health 2016 16(Suppl 1):69.
Во овој извештај прикажани се дискусиите од работилницата одржана во Констанца, Романија во 2014 год. На работилницата присуствувале претставници од 18 земји од Централна и Источна Европа кои ја презентирале состојбата со оралното здравје кај децата до 16 години. Дискусиите се однесуваат на прашања поврзани со оралната епидемиологија, превенција на оралните заболувања, третманот и плаќањето на услугите и стоматолошкиот персонал во услови на политичките промени кои се случуваат во последните две декади и неодамнешната економска криза. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата.

10. **Julijana Nikolovska,** Biljana Kapusevska, Aneta Mijoska. Management of knowledge in dental undergraduate education. KNOWLEDGE International Journal Scientific Paper: 2016; (14.1): 127-131. Во трудот се прикажани современите методи на додипломска стоматолошка едукација со конкретен пример на нивна примена во стоматолошката протетика. Следејќи ги новите трендови во стоматолошката додипломска едукација, за поголема интеграција меѓу теоретската настава и клиничката обученост на студентите, поточно, нивно поголемо инволвирање во стручно-научните активности, како најприфатени модели на едукација се издвојуваат: учење базирано на проблеми (Problem-based learning- PBL) и стоматологија базирана на докази (Evidence-based Dentistry-EBD). Прикажани се предностите од примената на овие модели во стоматолошката додипломска едукација. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

11. Aneta Mijoska, **Juliana Nikolovska**, Biljana Kapusevska. Evaluation of performed healthcare services in PHI "St. Panteleimon" in Macedonia. KNOWLEDGE International Journal Scientific Papers: 2016; (14.2): 598-600. Во трудот е

прикажана евалуацијата на показателите за квалитет на стоматолошките услуги во јавна здраствена установа. Одредувањето на квалитетот на заштитата кај пациентите е изведена со анализа на соодносот помеѓу изведената конзервативната, хируршката и протетичка терапија. Анализиран е бројот на екстрахирани, санирани и лечени заби, како и бројот и типот на изведени протетички помагала. Од добиените резултати е увидено дека односот помеѓу конзервативната санација и протетичката терапија е со рамномерна застапеност иако потребно е да биде со најмалку 70 проценти конзеративa во однос на протетичка санација. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

12. Kapusevska B , Dereban N, Jurukovska Sotarovska V, **Nikolovska J**, Ambarkova V, Zabokova Bilbilova E , Georgiev Z, Gjorgjieva S, Benedetti A, Muratovska I, Kanurkova L. Correlation between the molecular composition of the polymers and their use in prosthetic dentistry. International Journal of Innovation and Applied Studies ISSN 2028-9324 Vol. 15 No. 1 Mar. 2016, pp. 219-224.

    Во трудот е прикажана корелацијата помеѓу полимерите како материјал за фасетирање на денталните мостови и нивната употреба во секојдневната протетска пракса. Со мерење на бојата, стабилноста, цврстината и издржливоста на мастикаторниот притисок во временски интервал на почетокот, по 18 и по 36 месеци, потврдено е дека линеарно-ланчаните и мрежастите полимери ги задоволуваат потребите за користење како материјали за фасетирање на денталните мостови. Трудот има апликативно и научно значење во областа на стоматолошката протетика.

13. **Николовска J,** Грчев А. Кодекс на однесување за стоматолозите од Европска Унија. Стоматолошки информатор 2013, Скопје; 3(2): 8-10.
    Во овој ревијален труд се прикажани стандардите за професионално и морално однесување кои се потпираат на високо квалитетна стоматолошка здравствена заштита низ Европа, принципите на професијата стоматолог во ЕУ, обврските кои ги има стоматологот кон пациентите и кон јавноста и начелата на електронското работење како интегрален дел на Кодексот на однесување на стоматолозите.Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата.

14. Зафировски М, **Николовска J,** Зафировска Е, Игнатовска Н, Зафировска Л. Фебрилна состојба при dentitio difficilis (приказ на случај). III Конгрес налекарите по општа медицина на Р.Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско лекарско друштво, Охрид, 2012: 134.
    Цел на трудот е да се потенцира улогата на dentitio difficilis како можен причинител за фебрилна состојба кај младите пациенти. Трудот претставува приказ на случај на 20годишен пациент, високо фебрилен, малаксан, со отежнато голтање, тризмус, оток на лице и врат, со висока седиментација, кај кого за акутната состојба како причинител е детерминиран импактиран заб/трет молар/. Трудот има апликативно и научно значење во областа на оралната хирургија.

15. **Nikolovska J.** Kostadinova M. Prosthodontics status and treatment need of elderly in the Republic of Macedonia.17th Annual Congress of the European Association of Dental Public Health in a Joint Meeting of: The British Association for the Study of Community Dentistry. London: European Association of Dental Public Health, 2012:60
    Цел на трудот е да се оцени протетичкиот статус кај пациенти на возраст над 65 години во Република Македонија, во сооднос со социо-економски и

индивидуални фактори. Пациентите даваа податоци за непријатни искуства во стоматолошките ординации во текот на детството, едукацијата, орално-хигиенските навики, бројот на посети на стоматолог и нивните трошоци за стоматолошки услуги, како би се направила поврзаност со протетскиот статус. Резултатите покажаа висок процент на тотална беззабост кај пациентите на возраст над 65 години, кои многу ретко посетувале стоматолог, освен кога имале болка и проблем. Согледана е поврзаноста на оралниот и протетичкиот статус со бројот на посети и орално хигиенските навики. Трудот укажа на потребата од повисоко ниво на дентална едукација и воведување на соодветни едукативни програми, се со цел да се подобри оралниот статус во државата. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

16. **Nikolovska J**, Kapusevska B, Doneva O, Maleska O, Ristovski K. Motivation of Students to Study Dentistry at Faculty of Dental Medicine in Skopje, Macedonia. 19th Annual Congress of the European Association of Dental Public Health, Gothenburg 2014.
Цел на оваа студија е да ја испита мотивираноста на студентите да студираат стоматологија на УКИМ Стоматолошки факултет во Скопје и да се анализира дали сеуште се мотивирани во третата и последната година од студирањето. Вкупно 209 студенти од прва, трета и петта година од студирањето биле вклучени во истражувањето. Тие пополнувале прашалник кој содржел пет групи на прашања. Најголем број од студентите од прва година или 52 (57,1%) одговориле дека се запишале на стоматологија заради позитивната слика за професијата, а најголемиот дел од студентите од трета година или 22 (35,5%), се запишале бидејќи имаат фамилијарно стоматолошки ординации. Овие две причини се најчеста мотивација за изборот на стоматологијата како професија. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата.

17. **Николовска J,** Петровски Д, Капушевска Б, Лукиќ Д. Покровни протези над импланти за подобар квалитет на живеење кај пациентите со тотална беззабост во долната вилица. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско стоматолошко друштво. Охрид, 2015.
Цел на трудот е да се прикаже решавањето на проблемите со ретенцијата на долната тотална протеза во два различни клинички случаи со помош на мини импланти како еден од можните решенија за подобра функција на протезите, џвакање и зборување, а со тоа и подобар квалитет на живеење. Мини имплантите обезбедуваат подобра ретенција, стабилност, функција и естетика. Трудот има апликативно и научно значење во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

18. Миндова С, Ивановски Ќ, Пешевска С, Стефановска Е, Ристовска С, **Николовска J,** Апостоловска Г. Анализа на клиничките ефекти на Парадентот во третманот на пародонталната болест. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско стоматолошко друштво. Охрид, 2015.
Во оваа студија е прикажана компаративна анализа за проследување на клиничките ефекти на дејството на Paradentot во редукцијата на гингивалната инфламација и крварење. Студијата опфаќа 60 испитаника на возраст од 20 до 60

години со дијагностицирана хронична пародонтална болест. Кај испитаниците се одредувани индексните вредности на дентален плак (ИДП), индекс на гингивална инфламација (ИГИ) и индекс на гингивално крварење (ИГК). Испитуваната група на пациенти кои се третирани со Paradent покажува сигнификантно намалување на сите проследени индекси и се препорачува како дополнително средство во третман на гингивалната и пародонталната болест. Трудот има апликативна и научна примена во областа на пародонтологијата.

19. Миндова С, Ивановски Ќ, Пешевска С, Ристовска С, Стефановска Е, **Николовска J**, Апостоловска Г. Ефектот на аспиринската терапија врз пародонталниот статус. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско стоматолошко друштво. Охрид, 2015.
Цел на овој труд е да се утврди ефектот на аспиринот врз прогресијата на пародонталната болест преку проследување на пародонталните индекси. Испитувани се пациенти со кардиоваскуларна болест под терапија на аспирин и пациенти со дијагностицирана пародонтална болест кај кои се нотирани индексот на гингивално крварење (ИГК) Loe-Silness, индексот на дентален плак (ИДП) Silness-Loe и длабочината на пародонталниот џеп. Вредностите на индексот на гингивално крварење и длабочината на пародонталниот џеб детектира процентуална разлика помеѓу двете групи испитаници. Анализата на индексот на дентален плак покажува покачени вредности во двете групи која е статистички несигнификантна. Употребата на аспиринот кај пациентите треба да се земе во предвид доколку тие имаат потреба од пародонтален третман. Трудот има апликативна и научна примена во областа на пародонтологијата.

20. Манчевска С, Плунчевиќ Глигороска Ј, Ренџова В, Конески Ф, **Николовска J.** Преваленца на депресија и висока анксиозност кај студентите по стоматологија во Република Македонија. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско стоматолошко друштво. Охрид, 2015.
Цел на овој труд е да се одреди преваленцата на депресијата и високата анксиозност кај студентите по стоматологија во сите фази на студирањето. Во истражувањето учествувале 235 студенти по стоматологија на кои им се поделени прашалници кои ги содржеле психијатриските скали за процена- Бековиот инвентар на депресивност (БДИ) и Бековиот инвентар на анксиозност (БАИ) . Средните вредности на БДИ скоровите се највисоки кај студентите од прва година, а најниски кај студентите од четврта. Средните вредности на БАИ скоровите се највисоки кај студентите од прва година, а најниски кај студентите од петтата. Наодите покажуваат дека депресијата и високата анксиозност се присутни кај стдентите по стоматологија во текот на сите фази од студирањето. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата.

21. Поповска Л, Евросимовска В, **Николовска J**, Јовановски С. Дентален и протетски статус на возрасна популација во Стоматолошки клинички центар Св. Пантелејмон – Скопје. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти). Македонско стоматолошко друштво. Охрид, 2015.
Во оваа студија се утврдува денталниот и протетскиот статус како и индикациите кои укажуваат на потреба од стоматолошки третман кај возрасните пациенти на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар. Евидентирани се

кариозните, екстрахирани и реставрирани заби како и присуството на мостови и мобилни протези кај пациенти на возраст над 20 години. КЕПиндексот се зголемува со возраста, а моларите се заби со најголем ризик. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

22. **Nikolovska J,** Kenig N, Korunoska V.Oral Health Related Quality of Life (OHRQoL) in Patients Wearing Fixed Prosthodontic Dentures. 20th European Association of Dental Public Health (EADPH) Conference, Istanbul 2015.
Цел на оваа лонгитудинална студија е да се согледа сопствената перцепција на пациентите за своето орално здравје пред почеток на третманот со фикснопротетски конструкции, една недела и една година после третманот. Резултатите индицираат големо влијание на овие протетски надоместоци врз квалитетот на живеење на пациентите. Фикснопротетскиот третман покажува сигнификантно подобрување на квалитетот на живеење во првата недела по аплицирање и уште поголемо по една година. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата и стоматолошката протетика.

23. Гиговски Н, Коруноска Стефкова В, **Николовска J,** Бајрактарова Ваљакова Е, Гиговска А, Мијоска А. Дебелина на цементен слој – клинички импликации врз постцементирачката елевација и рабната дискрепанца кај вештачките забни коронки. I конгрес на специјалистите по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016:154-5. (Книга на апстракти).
Целта на ова испитување била да се измери постцементирачката елевација и рабната дискрепанца кај фикснопротетичките изработки по користењето на различни видови перманентни цементи, а како резултат на дебелината на цементниот слој кој се формира по фиксирањето на конструкциите. Резултатите укажале дека најмала елевација била откриена при користење на фосфатен цемент, а најголема кај поликарбоксилатните цементи. Сепак, елевацијата била во прифатлив опсег, со минимална можност од негативни клинички импликации. Трудот има апликативна и научна примена во областа на стоматолошката протетика.

24. Коруноска Стевковска В, Гиговски Н, **Николовска J,** Бајрактарова –Ваљакова Е, Мијовска А.Процена на оклузална анализа со Tscan II компјутерски систем и оклузална анализа со артикулациона хартија кај пациенти со фикснопротетички конструкции. I конгрес на специјалистите по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016:120-1. (Книга на апстракти).
Целта на испитувањето била да се изврши процена на оклузалните контакти регистрирани со артикулациона хартија и T-scan II компјутерски систем при максимална интеркуспидација кај пациенти со фикснопротетички конструкции. Анализата на оклузограмите од T-scan II укажала на фактот дека попрецизни податоци за оклузалните контакти кај испитаните пациенти се постигнуваат со помош на компјутерскиот систем во споредба со истите добиени при користење на артикулациона хартија. Трудот има апликативна и научна примена во областа на стоматолошката протетика.

25. **Николовска J**, Бајрактарова Ваљакова Е, Гиговски Н, Коруноска Стевковска В. Поставеност на забите кај тоталните протези користејќи фонетски принципи. I конгрес на специјалистите по стоматолошка протетика од Македонија со

меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016:138-9. (Книга на апстракти).
Во овој труд се користи фонетскиот принцип, односно артикулацијата на гласовите „Ф“ и „С“, за да се одреди правилната положба на горните и долни фронтални заби при изработка на тотални протези. Испитувањето спроведено на 30 пациенти укажало на фактот дека доколку максиларните инцизиви се постават во корелација со правилна артикулација на гласот „Ф“, со поставувањето на преостанатите фронтални заби не се јавуваат потешкотии при артикулација на гласот „С“. Трудот има апликативна и научна примена во областа на стоматолошката протетика.

26. Бајрактарова Ваљакова Е, Гачева Цветкова С, Мијоска А, **Николовска Ј**, Бајрактарова Мишевска Ц, Бајевска Ј. Киселините како средства за подготовка на керамичките реставрации за атхезивно цементирање или поставување на ортодонтски брекети. I конгрес на специјалистите по стоматолошка протетика од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Р Македонија; јуни 2016:130-1. (Книга на апстракти).
Целта на оваа студија била да се презентираат киселините кои се употребуваат за третирање на керамичките површини при атхезивно цементирање на целосно-керамичките реставрации за забните структури или при поставување на ортодонтски брекети на заби реставрирани со керамички коронки, начинот на нивно аплицирање и ефектот од нивното користење. Најголема ефикасност била постигната со користење на флуороводородната киселина која предизвикува микро-морфолошки промени на површината на стаклестите керамики погодни за микро-механичка ретенција на композитните цементи. Трудот има апликативна и научна примена во областа на стоматолошката протетика.

27. Stevanovic M, **Nikolovska J**, Jankulovska M, Popovski V, Ambarkova V. Caries experience among 15-years old students from Strumica city. 21th Congress of the European Association of Dental Public Health (EADPH), Budapest, Hungary 2016.
Целта на овој труд е да се процени денталниот кариес кај ученици на 15 години кои учат во две различни средни училишта во Струмица. Спроведена е пресечна студија на 545 ученика од прва година кај кои е испитуван КЕП (кариес, екстрахирани, пломбирани заби) индексот. Резултатите покажуваат дека сигнификантниот кариес инекс е 6,69, преваленцата на ученици кај кои не е најден кариес е 19.1%, а процентот на нетретиран кариес е 0,4386 (43,8%). Денталниот кариес уште претставува јавноздравствен проблем во Струмица. Трудот има апликативна и научна примена во областа на јавното здравство во стоматологијата.

2.5 Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Јулијана Николовска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон”.

Кандидатката д-р Јулијана Николовска остварила експертски активности како стручно лице во Советот за јавни набавки, предмет бр.16-516, 16-1061,16-730, 16-678, 16-

546, 16-1058, 16-1927, 16-1238, стручен надзор над стручната работа на здравствена установа и здравствените работници, налог бр. 10-623/8 и 10-673/7 и рецензирала научни трудови во списанието на МАНУ, Прилози.

Кандидатката д-р Јулијана Николовска е координатор на Комисијата за квалитет во рамките на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон" Скопје (решение бр. 02-1394/1).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Брисел, во октомври 2015 година.

Член е на Интернационалниот уредувачкиот одбор на online списанието Oral Health and Dental Management (OMICS), Medicine in Evolution и Oral Health and Dental Management (OHDM). Рецензент е на научни трудови во: Македонски стоматолошки преглед, Прилози и Oral Health and Dental Management (OHDM). Била член на Работно претседателство на сесија (усни и постер-презентации) на меѓународни конгреси на студентите по стоматологија, како и член на Работното претседателство-усни презентации, на VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, во мај 2012, во Охрид.

Кандидатката била член на комисии и тела на државни и други органи, Комисии за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа-Стоматолошка комора на Македонија, како стручно лице во Советот за јавни набавки.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучна во работата на стручни комисии и работни групи при Стоматолошкиот факултет во Скопје: Комисија за специјализации, во чии рамки

учествувала во изготвувањето на наставниот план и програма за специјализација по стоматолошка протетика и формата на книшките за евиденција на постапки и интервенции во текот на специјализацијата, Стручно работно тело Второстепена комисија за одлучување по приговори при спроведување на постапка за упис на специјализанти и Етичка комисија на Факултетот, а во 2012 година учествувала во изработка на флаери за промовирање на Факултетот на Денот на образованието.

Кандидатката била член на комисии и тела на државни и други органи: со Решение на Владата на Република Македонија бр. 41 543/2, член е на меѓуресорската координативна група за признавање на професионалните квалификации, а со решение бр. 08-1331, член е на Управниот одбор на проектот,,Имплементација на законодавството за заемно признавање на професионални квалификации".

Д-р Јулијана Николовска учествувала во норвешкиот проект ,,Одржливо учење за ЕУ и систем на обуки" и по успешно завршеното тестирање и стекнатите знаења, во организација на Секретаријатот за европски прашања во Република Македонија, експерт е за Поглавје 03 – Право на основање и слобода на давање на услуги"(Service Directive and Points of Single Contact) од Директивата на Европскиот Парламент и Советот на ЕУ (Directive 2006/123/EC of the European Parliament and the Council of the European Union).

Со решение од Министерството за здравство бр.09-5317/3, ментор е во специјалноста стоматолошка протетика и учествувала во 4 комисии за полагање на специјалистички испит од оваа област.

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатката д-р Јулијана Николовска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет - Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Красимира Јанева с.р.

2.Проф. д-р Лидија Катрова с.р.

3.Проф. д-р Цветко Јолов с.р.

4.Проф. д-р Љубен Гугувчевски с.р.

5.Проф. д-р Гордана Ковачевска с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Јулијана (Никола) Николовска

Институција: Стоматолошки факултет - Скопје

Научна област: јавно здраство во стоматологијата

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1.	**Одржување на настава - од прв циклус студии** - ***студиска програма: стручни стоматолошки сестри*** учебна 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 - Медицинска психологија со медицинска етика [(2x15)x0,04]x4 4.8 - Менаџмент во стоматологијата[(2x15)x0,04]x4 4.8 - Професионализам и тимско работење [(2x15)x0,04)] x4 4.8 — 14.4 - ***студиска програма: стручни забни техничари*** учебна 2012/13, 2014/15, 2015/16 - Медицинска психологија со медицинска етика [(2x15)x0,04)] x3 3.6 - Менаџмент во стоматологијата [(2x15)x0,04)] x3 3.6 — 7.2	**43.8**

- ***студиска програма: доктори по стоматологија/дентална медицина***

учебна 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 -Медицинска етика и психологија [(2x15)x0,04]x4 4.8 -Менаџмент во стоматологијата [(2x15)x0,04]x4 4.8	9.6

Универзитет „Гоце Делчев" Штип

- ***студиска програма: општа медицина***

учебна 2014/15 - Здравствен менаџмент [(2x15)x0,04]x1 1.2	1.2

-студиска програма: дипломиран стручен оптометрист

учебна 2014/15, 2015/16 - Здравствен менаџмент [(2x15)x0,04]x2 2.4 - Здравствено законодавство [(2x15)x0,04]x2 2.4	4.8

- ***студиска програма: дипломирана стручна медицинска сестра/техничар***

учебна 2014/15, 2015/16 - Здравствен менаџмент [(2x15)x0,04]x2 2.4	2.4

- ***студиска програма: дентална медицина***

	учебна 2015/16 -Предклиничка мобилна протетика (тотална протеза) [(2x15)x0,04]x1 1.2	1.2	

-студиска програма: дипломиран забен техничар /протетичар

учебна 2015/16 -Мобилна протетика – парцијална протеза 1 [(2x15)x0,04]x1 1.2 - Скелетирана протеза [(2x15)x0,04]x1 1.2	2.4	

Одржување на настава од втор циклус

учебна 2012/13 - Орална епидемиологија (2x4)x0,05 0.4 учебна 2013/14 - Орална епидемиологија (1x4)x0,05 0.2	0.6	

2.	**Настава во школи и работилници** **- учесник**		**4**

‘’ Планирање и менаџирање на научноистражувачки проекти ‘’, Европска асоцијација за јавно здравство во стоматологијата, Малта 2013.	1
‘’ Денталното здравје кај деца од Централните и Источно европските земји во контекст на тековната економска криза ”, Романска асоцијација за јавно здравство во стоматологијата, Констанца, Романија 2014.	1
‘’ Нов развој во оралната епидемиологија – Како ќе ги променат вашите истражувања?”, Европска асоцијација за јавно здравство во стоматологијата, Прага, Република Чешка 2014.	1
‘’Орална епидемиологија ‘’, Европска асоцијација за јавно здравство во стоматологијата, Братислава, Словачка 2015.	1

3.	**Подготовка на нов предмет-предавања и вежби**	**8**

студиска програма	**предмет**
стручни стоматолошки сестри	-Медицинска психологија со медицинска етика -Менаџмент во стоматологијата - Професионализам и тимско работење 3x1=3
стручни забни техничари	-Медицинска психологија со медицинска етика - Менаџмент во стоматологијата 2x1=2
доктори по стоматологија/дентална медицина	-Медицинска етика и психологија -Менаџмент во стоматологијата 2x1=2
магистерски студии	орална епидемиологија 1x1=1

4.	**Консултации со студенти** ***-студиска програма: стручни стоматолошки сестри***	**1.9**

од 2012/13 до 2015/16 - Медицинска психологија со медицинска етика (10 x 0.002)x4	0.08
учебна 2012/13 до 2015/2016 - Менаџмент во стоматологијата (6 x 0.002)x4	0.048
учебна 2012/13 до 2015/16 - Професионализам и тимско работење (10 x 0.002)x4	0.08

-студиска програма: стручни забни техничари

учебна 2012/13 до 2015/16 -Медицинска психологија со медицинска етика (20x0.002)x4	0.16

	учебна 2012/13 до 2015/16 -Менаџмент во стоматологијата (10x0.002)x4	0.08

-студиска програма: доктори по стоматологија/дентална медицина

учебна 2012/13 до 2015/16 - Медицинска етика и психологија (114x0.002)x4	0.912
учебна 2012/13 до 2015/16 -Менаџмент во стоматологијата (66 x0.002)x4	0.528

5.	**Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика**	**5**

Специјализанти на турнус по стоматолошка протетика– вкупно3	3
Коментор на специјализанти - вкупно 2	2

6.	**Член на комисија за полагање специјалистички испит** - стоматолошка протетика (4 x 0.2)	**0.8**
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** - 7 кандидати (7 x 0.1)	**0.7**
8.	**Рецензент на универзитетски учебник или учебно помагало**	**1**

Капушевска Б. „Технологија на фиксни протези (мостови) “	1

9.	**Пакет материјали за одреден предмет**	**7**

студиска □програма	**предмет**
Стручни стоматолошки сестри	Менаџмент во стоматологијата Медицинска психологија со медицинска етика Професионализам и тимско работење (3x1)
Стручни забни техничари	Менаџмент во стоматологијата Медицинска психологија со медицинска етика (2x1)

	Доктори по стоматологија/дентална медицина	Менаџмент во стоматологијата Медицинска психологија со медицинска етика (2x1)	
	ВКУПНО ОД НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ		**72.2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
1.	**Учесник во национален научен проект** **,,**Анализа и евалуација на состојбата на оралното здравје и интервенциите кај пациенти од ЈЗУ УСКЦ ,,Св.Пантелејмон " Скопје во периодот 2012-2014 година"	**3**
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/ стручно списание /4 бода**	**14.4**

Миндова С, Накова М, Јоргоски И, Исијановска Р, Ивановски К, Пешевска С, Стефановска Е, **Николовска Ј.** Цитокинската продукција кај пушачи и непушачи со пародонтална болест. Македонски стоматолошки преглед 2011; 35(1-2): 12-21.Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1053 од 2013.	2.4
Миндова С, Исијановска Р, Ивановски К, Пешевска С, **Николовска Ј,** Дирјанска К, Алексова П, Пејчинова С. Пародонталната болест причина за екстракција на забите. Македонски стоматолошки преглед. 2011; 35 (3-4):79-84.Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1053 од 2013.	2.4
Миндова С, Ивановски К, Пешевска С, **Николовска Ј,** Апостоловска Г, Алексова П, Доковска С. Бруксизам: етиологија, клиничка слика и терапија. Македонски стоматолошки преглед. 2011; 35 (1-2):23-28. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1053 од 2013.	2.4
Дирјанска К, Накова М, Ивановски К, Миндова С, **Николовска Ј.** Улогата на липидната пероксидација во прогресијата на пародонталната болест. Македонски стоматолошки преглед. 2011;	2.4

	35 (1-2):1-5. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1070 од 2014.		
	Алексова П, Накова М, Грчев А, Миндова С, Костадинова М, Апостолова Г, **Николовска Ј**. Големината на калцификатите во радикуларната пулпа кај заби со хронични пулпити. Макед. стоматол. прегл. 2011; 35 (3-4): 145-149. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1045 од 2013.	2.4	
	Алексова П, Накова М, Грчев А, **Николовска Ј**, Радојкова-Николовска В, Миндова С, Дирјанска К, Костадинова М. Застапеност на денталните калцификати според локализацијата по заб. Макед. стоматол. прегл. 2011; 35 (3-4): 150-154. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1045 од 2013.	2.4	
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор /6 + и.ф**		**64.35**
	Kenig N, **Nikolovska J.** Assessing the Psychometric Characteristics of the Macedonian Version of the Oral Health Impact Profile Questionnaire (OHIP-MAC49). OHDM 2012; 11(1): 29-38.	5.4	
	Nikolovska J. Petrovski D. Oral Health-Related Quality of Life (OHRQoL) Before and After Prosthodontic Treatment with Full Removable Dentures. Balk J Stom, 2012; 16:169-172.	5.4	
	Nikolovska J, Petrovski D, Mindova S, Aleksova P. The Influence of Frontal Porcelainfused metal bridges on dental sounds articulation. Acta Morphologica 2012; 9(2):76-79. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1045 од 2013.	3.6	
	Николовска Ј, Грчев А. Кодекс на однесување за стоматолозите од Европска унија. Стоматолошки информатор, 2013, Скопје; 3(2): 8-10.	5.4	
	Nikolovska J. Oral Health Care Provision Systems in the Black Sea Countries. Part 14: The Republic of Macedonia. OHDM 2013; 12(2): 61-64.	6	
	Kapusevska B, Dereban N, Popovska M, **Nikolovska J**, Popovska L. Bruxism and TMD disorders of everyday dental practice. Contributions, Section of Medical Science 2013; XXXIV 3: 105-111.	3.6	
	Kapusevska B, Dereban N, Popovska M, **Nikolovska J**, Radojkova-Nikolovska V, Zabokova Bilbilova E, Mijoska A. Technology and the use of acrylics for provisional dentine protection. Contributions, Section of Medical Science 2013; XXXIV 3: 113-120. Трудот е рецензиран во	3.6	

	Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1075 од 2014.		
	Nikolovska J, Mancevska S, Kapusevska B, Popovska L, Mindova S. An Assessment of Career Satisfaction among Macedonian Dentists. Contributions, Section of Medical Science 2014; Contributions, Section of Medical Science 2014; XXXV 1: 255-261.	3.6	
	Nikolovska J, Kenig N. Oral Health Related Quality of Life (OHRQoL) in Patients Wearing Fixed Prosthodontic Dentures. Coll. Antropol. 2014; 38(3): 987-992. **If 0.74**	5.4+ 0.74	
	Nikolovska J. Petrovski D, Petricevic N, Kapusevska B, Korunoska-Stevkovska V. Overdentures on implants for better quality of life among the fully edentulous patients – Case Reports. Contributions, Section of Medical Science 2015; XXXVI 2:225-234.	3.6	
	Julijana Nikolovska, Biljana Kapusevska, Aneta Mijoska. Management of knowledge in dental undergraduate education. KNOWLEDGE International Journal Scientific Paper: 2016; (14.1): 127-131. GIf 1,023	4.8	
	Aneta Mijoska, **Juliana Nikolovska**, Biljana Kapusevska. Evaluation of performed healthcare services in PHI “St. Panteleimon” in Macedonia. KNOWLEDGE International Journal Scientific Papers: 2016; (14.2): 598-600.GIf 1,23	4.8	
	Nikolovska J. Description from Macedonia in Hysi D., Eaton KA, Tsakos G, Vassallo P, Amariei C and the DPH Group** Proceedings of a Workshop, held in Constanta, Romania on 22 May 2014 on Oral Health of Children in the Central and Eastern European Countries in the Context of the Current Economic Crisis.BMC Oral Health 2016 16(Suppl 1):69. **If 1.210**	3.6+1 .210	
Во поглавјето **Материјал и метод**, за реализација на поставените цели кандидатката користи KAVO студио модел на долна вилица со преостанати два канина. На добиениот модел изработени се внатрешни конус коронки со агол од 6°, надворешни конус коронки со прави стандардни апроксимални продолжетоци и метален скелет од суптоталната протеза, кој по пат на лемење се спојува со апроксималните продолжетоци од надворешните коронки. На лабораториски изработениот модел е извршено скенирање и изработен е тродимензионален дигитален математички модел (3Д).

За потребите на ова истражување математички се моделирани три геометриски облици на апроксимални продолжетоци, со: овален, триаголен и правоаголен попречен пресек. Воедно со менувањето на физичко–механичките карактеристики се симулираат трите типови на легури кои се цел на ова истражување. За анализа на моделот се користени симулирани џвакални сили. Оптоварувањата на 3Д моделот се со: симетрични сили кај природно забало (325 N-507 N), симетрични сили кај класични суптотални протези (213 N – 117 N) и несиметрични сили, сили само од едната страна (325 N – 507 N).

Нумеричката анализа на математичкиот модел е извршена со примена на методот на конечни елементи (МКЕ). За анализа на 3Д моделот на протетичката конструкција, што е предмет на испитување на оваа докторска дисертација, користен е софтверскиот пакет Soldworks кој овозможува на брз, сигурен и рентабилен начин да се предвидат и решат проблемите поврзани со заморот на материјалот, пред тие да се случат во реалноста.

Во поглавјето **Резултати** има вкупно три потпоглавја каде што добиените вредности од нумеричката анализа на 3Д математичкиот модел се темелно анализирани и презентирани на 95 страници со 34 табели, 18 графикони и 109 слики.

На реалниот модел се извршени анализи кои опфажаат три различни случаи на циклично оптоварување. Нумеричките анализи се изведени на 3Д моделот со стандардни апроксимални продолжетоци од три вида на материјали (кобалт-хром-

молибден легура, сребро-паладиумска легура и платинско-златна легура), како и анализа на компјутерски моделирани (направени со нумеричка симулација) три облици на апроксимални продолжетоци (со правоаголен, триаголен и кружен попречен пресек) од истите видови на материјали чии својства биле математички зададени.

Силите на оптоварување се површински, а не во точка, насочени на канините и во џвакален центар, симетрични, што симулираат билатерално џвакање и неси-метрични, односно симулираат унилатерално, едностранo џвакање.

За да се испита ломот на конструкцијата како резултат на заморот на материјалот под влијание на динамичко оптоварување внесени се вредностите на S/N кривите за испитуваните материјали на сите елементи од испитуваниот 3Д модел.

Во продолжение, дадени се слики, табели и дијаграми за напонско-деформациона состојба, процентот на оштетеност на суптоталната телескоп протеза при одреден број на циклични оптоварувања на претходно наведените три модели, како и на реалниот модел. Овие анализи се прикажани за трите типа на материјали во трите случаи на оптоварувања. Во продолжение, дадени се и вредностите на факторот на сигурност (FOS): визуелно и со графикони.

Во оваа докторска дисертација извршена е уште една дополнителна анализа на 3Д математички модел, каде што протетичката конструкција е изработена од титаниум (Ti), а апроксималните продолжетоци имаат правоаголен попречен пресек, оптоварен со симетрични и несиметрични сили (325 N – 507 N).

Во поглавјето **Дискусија**, кандидатката ги анализира и ги компарира сопствените добиени резултати со оние резултати од цитираните автори.

Од добиените резултати за напонската состојба на апроксималните продолжетоци на надворешните конус коронки, максималните von Mises напони се регистрирани на преминот, односно спојот на надворешната конус коронка и дисталниот апроксимален продолжеток. Овие промени се регистрирани за трите сили, во сите анализирани облици на апроксимални продолжетоци, како и за трите испитувани материјали од кои тие се изработени, но со извесни разлики во вредностите на напонот и деформациите за секој случај поединечно. Со ова кандидатката го докажува местото на најголемата концентрација на напони, односно напони на затегнување, што е причина за најчестите фрактури на апроксималните продол-жетоци после одреден период на користење на овие протетички конструкции. Вредностите на регистрираните напони зависат од вредностите на силите на оптоварување. Деформационите состојби на апроксималните продолжетоци се во сооднос со напонските вредности за сите три случаи на оптоварувања. Овие вредности на напоните кандидатката ги споредува со максималните напони добиени во анализите од прегледот на литературата.

Во продолжение, кандидатката се задржува на значењето на обликот на апроксималните продолжетоци и материјалот од кои тие се изработени (Co-Cr-Mo, Pt-Au и Ag-Pd) врз концентрацијата на добиените напони. Визуелно и со графикони дадени се и вредностите на степенот на сигурност (FOS) за сите испитувани случаи.

Од добиените резултати може да се согледа и процентот на оштетеност (Demage Percentage) за одреден број на циклични оптоварувања кој е различен кај различни облици на апроксимални продолжетоци и за различни материјали. На процентот на оштетеност има влијание и силата со која се оптоварува моделите.

При оптоварувања со поголемите симетрични сили, процентот на оштетеност, за одреден број на циклични оптоварувања (Total Life-cycle) зависи од геометрискиот облик на апроксималните продолжетоци и од легурите од кои тие се изработени.

Во прегледот на стручната литература, кандидатката не наидува на податок за големината на процентот на оштетеност на протетичките конструкции при кои тие би претрпеле лом, односно не би биле во состојба за понатамошна експлоатација. Затоа и вредностите на приложените степени на оштетеност за протетичките конструкции треба да се гледаат како физички големини кои укажуваат кои од анализираните модели изработени од различни материјали и облици на апроксимални продолжетоци се однесуват најлошо, подобро или најдобро.

Во поглавјето **Заклучок**, кандидатката наведува заклучоци во однос на поставените цели од спроведеното истражување.

Како резултат од нумеричките анализи во оваа докторска дисертација, како најотпорен во физичко-механичка смисла, а притоа задоволувајќи ги високите профилактички вредности, кандидатката го предлага правоаголниот апроксимален продолжеток изработен од Co-Cr-Mo и истиот предложен модел да биде изработен реално и потоа клинички да биде испитуван.

Од анализата на 3Д моделот изработен од титаниум со правоаголен облик на апроксимални продолжетоци докажува дека се добива помал степен на оштетеност за околу 23%, во однос на истиот модел изработен од кобалт-хром-молибден.

Кандидатката исто така, доаѓа до заклучок дека изработката на скелетираните протетички конструкции по пат на конвенционални процедури, како методи имаат некои недостатоци кои придонесуваат за намалување на нивниот животен век. Кандидатката и дава предност на машинската изработка на протетичките конструкции од готови фабрички добиени облици на материјалите, односно технологијата на ладна обработка на материјалот, со што се добиваат протетички конструкции со поголема прецизност и структурна хомогеност. Поради низа предности кои ги нуди технологијата на CAD/CAM системите, привилегија е со оваа технологија компјутерски да се дизајнира и изработи скелетирана парцијална протеза и конус коронки со нумерички точно дизајнирани, како по големина така и по облик на апроксимални продолжетоци.

На крај, м-р Спировска дава заклучок дека анализата со методот на конечни елементи дава можност и за многу нумерички симулации кои даваат насоки за предвидување на однесувањето на различните форми и материјали кои, секако, треба да се потврдат и со дополнителни детални истражувања. Ова може да биде предмет на понатамошни истражувања во областа која што е блиска до проблемите анализирани во оваа докторска дисертација.

Во поглавјето **Литература**, цитирани се 60 релевантни референци од домашни и странски автори, каде што доминираат странски автори и трудови со понов датум.

ЗАКЛУЧОК

Доставената докторска дисертација под наслов **Методологија за проценка на трајноста на суптотална телескоп протеза,** поднесена од **д-р Ана Спировска**, претставува современ, автентичен и актуелен научноистражувачки труд, кој од формален и суштински аспект ги исполнува основните критериуми предвидени за ваков вид на научен труд.

Резултатите од оваа докторска дисертација имаат посебен научен придонес, бидејќи од добиените резултати за проценка на трајноста на суптотална телескоп протеза со конус коронки како ретенциони елементи се предлага еден нов облик на апроксимален продолжеток и материјал од кој тој ќе биде изработен, со тоа што ќе биде поотпорен во физичко-механичка смисла, а притоа задоволувајќи ги високите профилактички вредности. Истиот модел се предлага да биде изработен реално и потоа клинички да биде испитуван.

Рецензентската комисија е на мислење дека кандидатката темелно одговорила на поставените цели, користејќи високо софистициран, современ метод, односно методот на конечни елементи (МКЕ), користење на софтверски програм Solidworks и софистицирана опрема која овозможува тродимензионално (3Д) скенирање на реалните модели и добивање на реален математички модел, со што успешно покажува дека ги совладала во целост научноистражувачките методи.

Земајки ја предвид подготвеноста на кандидатката за изработка на самостоен труд, како и врз основа на горенаведените констатации, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, да ја прифати предложената докторска дисертација и да даде понатамошен процедурален тек на постапката.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.
2. Проф. д-р Билјана Капушевска с.р.
3. Проф. д-р Гордана Ковачевска с.р.
4. Проф. д-р Грозде Алексовски с.р.
5. Проф. д-р Јадранка Бундевска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ "ОРТОДОНТСКИТЕ АНОМАЛИИ РИЗИКФАКТОР ВО ИНИЦИРАЊЕТО И ПРОГРЕСИЈАТА НА ИНФЛАМАТОРНОДЕСТРУКТИВНИТЕ ПРОМЕНИ НА ПАРАДОНТАЛНО ТКИВНИОТ КОМПЛЕКС", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ д-р САБЕТИМ ЧЕРКЕЗИ, ПРИЈАВЕНА НА СОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје насвојата 38 редовна седница одржана 23.12.2016 година, по предлог на Колегиумот за III циклус студии, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на готовиот докторски труд под наслов "ОРТОДОНТСКИТЕ АНОМАЛИИ РИЗИК ФАКТОР ВО ИНИЦИРАЊЕТО И ПРОГРЕСИЈАТА НА ИНФЛАМАТОРНО ДЕСТРУКТИВНИТЕ ПРОМЕНИ НА ПАРОДОНТАЛНО ТКИВНИОТ КОМПЛЕКС", во состав:

проф. д-р ЛидијаКануркова
проф. д-р МаријаНакова
проф. д-р МаријаЗужелова
проф. д-р ЈулијанаЃоргова
проф. д-р МилјаимСејдини

По разгледувањето на доставениот материјал, до Наставно-научниот совет Рецезентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд под наслов "ОРТОДОНСКИТЕ АНОМАЛИИ РИЗИКФАКТОР ВО ИНИЦИРАЊЕТО И ПРОГРЕСИЈАТА НА ИНФЛАМАТОРНОДЕСТРУКТИВНИТЕ ПРОМЕНИ НА ПАРОДОНТАЛНО ТКИВНИОТ КОМПЛЕКС" од д-р Сабетим Черкези ги содржи сите елементи за ваков вид на научен труд, кој е изнесен на 170 страни, содржи кратка содржина на македонски и англиски јазик, и лустрирани се добиените резултати на 28 табели и 77 графикони и 250 цитирани референци од соодветната област.

Структурата на докторскиот труд ја сочинуваат 8 поглавја: вовед, преглед на литература од соодветната област, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература.

Во поглавјето **Вовед**, кој е презентиран на 11 страни, кандидатот укажува на значењето на ортодонтските аномалии како ризикфактор во иницирањето или прогресијата на инфламаторнодеструктивните промени на пародонталноткивниот комплекс. Тој, исто така, укажува и на сознанијата дека главен етиолошки фактор на иницирањето или прогресијата на воспалително-деструктивните промени на ткивата од пародонтот е денталниот биофилм, кој своето патолошко дејство го реализира преку микроорганизмите, ензимите, токсините и алергените, како негови составни конституенти. Кандидатот, исто така, укажува и на фактот дека денталниот биофилм е многу богат со микроорганизми и дека постојат околу 400-500 различни видови во 1 грам дентален плак. Но, во иницирањето и прогресијата на овој патолошки процес,

значајно место заземаат: porphoromonas gingivalis, tannerella forsythia, prevotella intermedia и aggregatibacter actionmycetecomitans. Потоа кандидатот ја потенцира улогата на денто-фацијалните аномалии како ризикфактори во реализацијата на воспалителнодеструктивните промени на ткивата на пародонтот, а нивнатаулога е реализирана преку индиректно влијание, односно од една страна преку создадените услови за акумулација на денталниот плак, а од друга страна, неговото отежнато физиолошко и механичко елиминирање од денталните површини, односно мртвите простори. Степенот и видот на ткивните промени или поточно кажано, оштетувањата на ткивата од пародонталниот комплекс се во директна корелација со видот и патогеноста на микроорганизмите од денталниот биофилм, како и успешниот одбранбен капацитет на домаќинот, презентиран во прв ред преку факторите на одбраната на оралната празнина, а, секако, и општата имунолошка одбрана на организмот.

Процената на промените кои настануваат во пародонталноткивниот комплекс, кандидатот ја реализира преку следење на саливарната и ткивна концентрација на азотниот монооксид (слободен радикал), како доста значајна реактивна материја во сите биолошки системи. Прекумерното создавање на азотниот монооксид, предизвикува неселективно оштетување на клетките, на липидите од клетките, молекулата на ДНК и протеините на пародонталните ткива. Но наспроти штетните ефекти на слободните радикали, кандидатот го потенцира и дејството на заштитните механизми на организмот односно на пародонталноткивниот комплекс, преку создадената антиоксидативна заштита на ткивата во оралната празнина.

Во второто поглавје, **Литературен преглед**, кандидатот цитира 250 референци од домашна и странска литература, кои се поврзани со проблематиката која што ја обработува кандидатот. Податоците од литературниот преглед кои ги цитира кандидатот опфаќаат две главни подрачја од оваа област: клинички и биохемиски метаболички.

Од клинички аспект, кандидатот цитира литературни податоци кои го потенцираат или негираат учеството на ортодонтските аномалии и нивното влијание во иницирањето или прогресијата на инфламаторно-деструктивниот процес во ткивата од пародонталниот комплекс. Но, тој, исто така, презентира и објавени литературни податоци според кои со сигурност ако ортодонтските аномалии немаат директно, секако дека имаат индиректно влијание врз иницирањето и прогресијата на инфламаторно-деструктивниот процес во ткивата од пародонтот, преку создавање на услови за акумулација на дентален плак од една страна, а од друга страна неможност за негово комплетно физиолошко и механичко елиминирање. Овие факти ги потврдува и со бројни клинички анализи објавени во цитираната литература, односно преку зголемената акумулација на дентален плак, повисокиот индекс на гингивално крварење, пролиферацијата на епителниот припој, како и зголемената ресорпција на алвеоларната коска.

За процена на метаболичките нарушувања цитирани се бројни литературни податоци за концентрацијата на азотниот монооксид, како слободен радикал, кои се неусогласени и контрадикторни. Многу е мал бројот на литературни податоци кои ја презентираат неговата концентрација во гингивалното ткиво. Еден добар дел од цитираните референции ги презентираат штетните ефекти на овој радикал врз клетките од ткивата кои доведуваат до дисфункција на атакираните органи и ткива.

Со еден број од цитираните литературни податоци изнесена е каскадноста наделувањето на азотниот монооксид врз зголемената продукција на цитокините,кои пак од своја страна ја зголемуваат продукцијата на простагландините, а простагландините, пак, учествуваат во определување на деструктивниот пат на пародонтално-ткивните оштетувања.

Исто така, кандидатот дава и литературни податоци кои ја презентираат антиоксидатвната заштита од ензимско потекло на гингивалната течност, плунката и гингивалното ткиво. Во литературните податоци презентирани се и вредностите на активноста на глутатион пероксидазата, каталазата и пероксидазата во повеќе испитувани медиуми при интактен и афициран пародонт.

Во поглавјето **Цели на истражувањето,** кандидатот имајќи ја предвид високата процентуална застапеност на инфламаторно-деструктивната афекција на ткивата од пародонтот, како последична реакција на примарниот етиолошки фактор-денталниот биофилм со неговите метаболички продукти, но во дејство и со бројните ризик фактори меѓу кои и ортодонтските аномалии, определува предметот на своето истражување.

М-р Черкези прави компаративна анализа на присуството на денталниот плак кај испитаници со и без ортодонтски аномалии, но во исто време ги следи и параметрите кои ја одразуваат инфламацијата на пародонталноткивниот комплекс, крварењето, нивото на припојниот епител и коскената ресорпција. Инфламаторнодеструктивните промени кои настануваат под влијание на денталниот биофилм и ортодонтските аномалии како ризикфактор за здравјето на ткивата од пародонтот, кандидатот смета дека се последична реакција на слободните радикали, кои се ослободуваат во енормна количина, во моментот кога домаќинот почнува да се брани од дејството на микроорганизмите и нивните продукти. Како релевантен и објективен параметар за нарушените метаболички промени, а во исто време и за степенот на оштетеност на ткивата на пародонтот го користи азотниот монооксид како реактивна материја и TNF-alfa, како проинфламаторен фактор од групата на цитокините. Потоа кандидатот врши компарација помеѓу количината на денталниот плак, клиничката презентација на гингивалната инфламација, азотниот монооксид како реактивна материја, која се ослободува при активирање на примарните заштитни механизми на гингивалното, односно пародонталните ткива и саливарните заштитни механизми.

Преку одредување на активноста на саливарната и гингивалната активност на каталазата и глутатион пероксидазата, кандидатот врши проценка на

ензимскиот антиоксидативен заштитен капацитет, неопходен за неутрализација на слободните радикали, кои се продукт на азотно-кислородниот стрес, кој се
случува во тек на еден инфламаторен процес.
Преку сите овие направени анализи, авторот има за цел да даде свој придонес и одговор за терапискиот третман на ортодонтските аномалии, како евентуален ризикфактор во етиопатогенезата на иницирањето и прогресијата на воспалително-деструктивните промени на пародонтално-ткивниот комплекс, а секако во зависност од односот на слободните радикали, каталазата и глутатион пероксидазата како претставници на оралната антиоксидативна заштита и врз основа на тоа како додатна терапија да се администрираат и антиоксидативни средства.
Во поглавјето **Материјал и метод на работа,** кое е изнесено на десет страни, кандидатот го дава методолошкиот пристап за реализација на поставените цели.
Во студијата авторот вклучува 90 испитаници со возраст од над 18 години, од кои 30 испитаници без ортодонтски аномалии и без видливи клинички знаци на инфламација, кои послужиле како контролна група и 60 со ортодонтски аномалии (малпозиција на заби, збиеност и втора класа второ одделение II/2), од кои 30 со иницијални клинички и рентгенолошки промени од воспалително-деструктивен карактер на пародонталноткивниот комплекс и 30 испитаници со клинички манифестни промени карактеристични за пародонталната болест.
За вклучување на испитаниците во оваа студија, кандидатот ги запазува следниве критериуми: системски здрави, со најмалку 20 заби во устата, со нормална оклузија за контролната група и без воспалително-деструктивни промени на пародонталните ткива. Во експерименталната група важат истите критериуми, само што тие испитаници се со ортодонтски аномалии (малпозиција, збиеност и малоклузија втора класа, второ одделение).
Како критериуми за исклучување на испитаниците од оваа студија, кандидатот ги зема следниве: болни од системски болести, гравидитет, користење на антибиотици, користење на кортикостероиди и други медикаменти.
Методите што ги користи кандидатот можат да се поделат на: клинички и лабораторискобиохемиски.
Со клиничките методи кандидатот го евидентира и го дијагностицира присуството на ортодонтските аномалии, како и присуството на клиничките и ретгенолошки промени на ткивата од пародонталноткивниот комплекс од воспалително
деструктивен карактер.
Мерливоста на клиничките промени на пародонталните ткива авторот ги изразува преку индекси, и тоа: индекс на дентален плак (Sillnes-Loe), индекс на гингивална инфламација (Loe Sillnes), индекс на гингивално крварење (Muchelman), ниво на поставеност на епителниот припој (NPE), и ресорпцијата на алвеоларната коска преку анализа на ортопантомографска слика е изразувана преку индексот на коскена ресорпција (Miller-Pelzer).

Квантификација на азотниот моноксид авторот го реализира со метод на детекција преку квантитативна редукција на присутните нитрати и нитрити во примерокот, користејќи кадмиум како катализатор, а потоа следува детекција на вкупните нитрити со Griess-ов реагенс.
Детекцијата на TNF alfa,авторот го реализира со така наречена сендвич техника (Elisa E)со биотин-стрептавидин HRPсистем на ензимска детекција.
Глутатион пероксидазата, кандидатот ја одредува преку индиректна ензимска метода, базирана на оксидација на глутатионот до оксидиран глутатион, реакција катализирана од глутатион пероксидазата. Додека пак каталазата е одредувана со дирекна метода преку разградувањето на водородниот пероксид.
Материјалот е статистички обработуван во програмата Statistica 7 for Windows. Изработена е дескриптивна статистика со минимални, максимални и средни вредности, извршено е тестирање со Anallysis of Variance (F/p), Post-hok анализа, применет е Scheffe test (p), корелација со примена на Pearson (r).
Во поглавјето **Резултати,** добиените податоци кандидатот темелно ги анализира и статистички ги обработува, а прикажани се на 74 страни презентирани се преку 39 табелии и 77 графикони. Најнапред е прикажана дескриптивната статистика на добиените резултати за клиничките испитувања, потоа за лабораториските (биохемиските) испитувања, а потоа се дадени меѓугрупните разлики и нивната статистичка значајност и, на крајот направена е корелација помеѓу вредностите од испитуваните групи.
Од анализата направена на добиените резултати јасно се гледа дека индексот на денталниот плак е повисок кај испитаниците со ортодонтски аномалии (малпозиција, збиеност и втора класа второ одделение) во споредба со испитаниците од контролната група, односно пациентите без ортодонтски аномалии. Таа разлика е статистички значајна помеѓу контролната група и групите на испитаници со ортодонтски аномалии. Но разликата од добиените вредности не е статистички значајна помеѓу групата на испитаници со ортодонтски аномалии со иницијални и клинички манифестни промени од воспалителнодеструктивен карактер на пародонталните ткива. Преку овие добиени резултати, м-р Черкези ја потенцира улогата на ортодонтските аномалии како ризик фактор во етиопатогенезата на воспалително-деструктивните промени на пародонталните ткива. Овие наоди тој ги потврдува и со клиничките параметри и ретгенолошките промени кај испитуваните групи. Имено тој евидентира меѓугрупни разлики на добиените резултати за индексот на денталниот плак (IDP Sillnes –Loe), индексот на гингивалното крварење (IGK Loe-Sillnes), нивото на прикрепеност на припојниот епител (NPE) и степенот на коскената ресорпција (Miller-Pelzer). Меѓугрупните разлики за сите испитувани групи се статистички значајни. М-р Черкези, анализирајќи ги добиените резултати од истите варијабли (индекс на дентален плак, индекс на гингивална инфламација, индекс на гингивално крварење, индекс на прикрепеност на припојниот епител и индекс на коскена ресорпција), констатира дека овие варијабли се во директен однос со вариаблата дентален плак. Но, исто така, од направената дескриптивна статистика, кандидатот ја коментира и улогата на

ортодонтските аномалии (малпозиција, збиеноста, втора класа второ одделение) во акумулацијата на денталниот плак односно нивното значење како ризикфактор во патогенезата на иницирањето и прогресијата на инфламаторно-деструктивните промени на ткивата од пародонталниот комплекс. Според м-р Черкези, степенот на деструкција на овој ткивен комплекс претставува последична интереакција на микрорганизмите од денталниот плак и имунолошкиот одбранбен систем на организмот.

Клиничките промени се резултат на биохемиските случувања во ткивата на пародонтот, според кандидатот, кој се презентират со оксидативноазотниот стрес на ниво на клетката. Како маркер за нарушените метаболички функци, кандидатот го користи азотниот монооксид и TNF alfa цитокинот. Просечните вредности на азотниот монооксид во гингивалното ткиво и плунката кај испитаниците со ортодонтски аномалии и со клинички манифестни промени на инфламаторно-деструктивниот процес на пародонталните ткива, се значајно статистички повисоки во споредба со контролната група. Евидентирани се и значајни разлики на овој маркер помеѓу контролната група и групата на пациенти со ортодонтски аномалии и иницијални патолошки промени на пародонталните ткива.

Значајни разлики во коцентрацијата на азотниотмонооксид е евидентирана е од страна на кандидатот и помеѓу групите со ортодонтски аномалии, но едната со иницијални а другата со клинички манифестни прпомени.

Зголемената концентрација на слободниот радикал, азотенмонооксид бил ппидружен и со зголемена концентрација на TNF alfa цитокинот, кој естатистички значајно повисок и во плунката и во гингивалното ткиво кај пациентите со ортодонтски аномалии и со иницијални и клинички манифестни промени на ткивата од пародонтот во однос на контролната група.

Понатаму, кандидатот врши процена и на одбранбениот капацитет на гингивалното ткиво и плунката кај испитуваните групи. Како вариабли за проценка ги користи глутатион пероксидазата и каталазата, кои се преставници на ензимската антиоксидативна заштита. При тоа кандидатот констатира намалена активност на каталазата и глутатион пероксидазата како во гингивалното ткиво, така и во плунката кај испитаниците со ортодонтски аномали и со иницијални и клинички манифестни промени на ткивата на пародонтот во однос на контролната група. Разликите кои ги евидентира меѓу испитуваните групи се статистички значајни.

На 19 страни е дадено поглавјето **Дискусија** по однос на прикажаните резултати. Врз основа на добиените резултати авторот на трудот констатира дека ортодонтските аномалии се ризик фактор во етиопатогенезата на воспалително-деструктивните промени на пародонталноткивниот комплекс, преку акумулација и задршка на денталниот плак врз забните површини како доминантен етиолошки фактор на овие патози. Зголемената количина на денталниот плак кај испитаниците со ортодонтски аномалии, кандидатот ја објаснува дека е последица на нејзиното отежнато елиминирање како физиолошко така и механичко самочистење, поради создадените мртви

простори условени од самите аномалии. Со зголемената акумулација на денталниот плак се зголемуваат и вредностите за испитуваните клинички и ренгенолошки промени на ткивата од пародонтот, затоа што денталниот плак односно периопатогените микроорганизми се тие кои го иницираат воспалителнодеструктивниот процес на ткивата од пародонтот. Понатаму, во трудот, кандидатот дискутира и за степенот на оштетување на ткивата од пародонтот под влијание на споменатите етиолошки фактори, кои смета дека се во зависност од патогеноста и бројот на микроорганизмите но во исто време и од имунобиолошката способност на организмот. Во таа интереакција меѓу микрооргамизмите и домаќинот во клетките од пародонтално-ткивниот комплекс се случува кислородно-азотна експлозија, кое е условена од зголемената концентрација на азотниот монооксид, кој врши оштетување на мембраната на клетките или поточно кажано врз липидите од мембраната на клетката (липидна пероксидација), ја модифицира молекулата на ДНК и другите протеини, инхибиција на митохондријалните и клеточни ензими при што доаѓа до нарушување на функцијата на клетката, ткивото или органот. Покрај тоа, слободните радикали односно азотниот монооксид, кандидатот смета дека доведуваат и до зголемена продукција на цитокини, во конкретниот случај тоа го потврдува со зголемената продукција на TNF alfa цитокинот, кој индуцира системски инфламаторен одговор и синтеза на с-реактивен протеин. Врз основа на добиените резултати, авторот констатира дека улогата на TNF alfaцитокинот има значајна улога како во имунолошкиот така и вовоспалителниот одговор на пародонталните ткива. Тие се создаваат во активираните макрофаги под влијание на ендотоксинот (продукт на микроорганизмите), алергени, и во исто време го стимулираат и создавањето на другите цитокини, факторот на раст и азотниот монооксид, агрегација на тромбоцитите, активирање на неутрофилите, ослободување на протеолитичките ензими, кои сите заедно доведуваат до оштетувања на ткивата од пародонтот.

Во биолошки услови кога се создаваат слободните радикали во мали количини, како нуспродукти во клетката во тек на метаболизмот, не предизвикуваат патолошки оштетувања на клетките, органите и ткивата, бидејќи е воспоставен специфичен одбрамбен систем, кој ги штити клетките, органите и ткивата од евентуалното штетно дејство од слободните радикали и тој систем е наречен антиоксидативен заштитен систем. Се додека постои рамнотежа помеѓу продукцијата на слободните радикали и антиоксидативната заштита, слободните радикали не го манифестираат своето патолошко дејство. Кандидатот констатира дека прекумерното создавање на слободните радикали над физиолошкиото ниво или, пак, намалувањето на антиоксидативната заштита доведува до оксидативно оштетување на ткивата, што го потврдува со своите добиени резултати за намалената активност на глутатион пероксидазата и каталазата кај испитуваните во однос на контролната група. Имено, м-р Черкези го образложува позитивното влијание на глутатион пероксидазата и

каталазата,односно дека тие го обезбедува механизмот на детоксикација на пероксидите во клетката, кои се создаваат при

Во поглавјето **Заклучоци** кои се презентирани на 5 страници искажани преку 19 точки при што, кандидатот заклучува: дека ортодонтските аномалии се ризикфактор во етиопатогенезата на инфламаторно-деструктивни промени на ткивата напародонтот и нивното влијание е индиректно преку зголемена акумулација на денталниот плак, но и негово отежнато елиминирање, како физиолошко така и механичко. При тоа, значајно е дека во исто време се одигруваат два паралелни процеса кои не само што го иницираат патолошкиот процес, туку учествуваат и во неговата прогресија а тоа се: зголемен оксидативен стрес од една страна а од друга страна намалена оксидативна заштита на ткивата на пародонтот. Па кандидатот препорачува запазување на сите принципи и методологии за одржување на добра орална хигиена, ортодонтски третман на аномалиите кои не се значајни само од естетски, туку и од функционален, но и од здравствен аспект и медикаментозно надополнување на антиоксидативнита заштита на оралната празнина.

Поглавјето **Литературен преглед** е претставено со 250 цитирани литературни референци од домашни и странски автори.

ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставениот докторски труд под наслов ”Ортодонтските аномалии ризикфактор во иницирањето и прогресијата на инфламаторнодеструктивните промени на пародонтал-ноткивниот комплекс” изработена од д-р Сабетим Черкези, заклучи дека тој претставува самостоен научен труд кој ги задоволува сите пропозиции од суштински и формален карактер за една докторска дисертација, поради што комисијата со задоволство има чест да им предложи на членовите на Наставно-научниот совет да го прифатат позитивниот рецензентски извештај и да го овозможи понатамошниот тек на одбраната на докторската дисертација.

Рецензентска комисија
проф. д-р Лидија Кануркова с.р.
проф. д-р Марија Накова с.р.
проф. д-р Марија Зужелова с.р.
проф. д-р Јулијана Ѓоргова с.р.
проф. д-р Милјаим Сејдини с.р.

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Д-р Будима Пејковска Шахпаска	Индивидуално дизајнирани ноќни протези за естетско – функционална рехабилитација на пациенти со бруксизам	Individually designed night dentures for aesthetic – functional rehabilitation in patients with bruxism	Проф.д-р Билјана Капушевска	14.02.2017 02-2405

П Р Е Г Л Е Д

На тема за изработка на магистерски труд прифатен од

Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје

на седницата одржана на 10. 02. 2017 година

Кандидат	Тема	Ментор	Одлука од Научен совет
Д-р Владимир Димитровски	**Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** Процесирање на плунката за спектрофотометриско определување на вкупните саливарни протеини. **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** Procession of saliva for spectrophotometric determination of whole salivary proteins.	Проф. д-р Ќиро Ивановски	Бр. 09-2514/2 од 17.02.2017
Д-р Јана Милутиновиќ	**Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** Проценка на ефектите од примена на PRF во третманот на инфракоскените дефкти. **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** Evaluation of efficiency of PRF in the treatment of infrabony defectis.	Проф. д-р Мирјана Поповска	Бр. 09-250/2 од 17.02.2017
Д-р Јана Бајевска	**Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** Ефекти на нанокомпозитен пристап кај дентален керамички материјал. **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** Effects of nanocomposite approach in dental ceramic material.	Проф. д-р Љубен Гугувчевски	Бр. 09.350/3 Од 17.02.2017

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ПРЕРАБОТКА НА МЕТАЛИ ВО ТЕЧНА СОСТОЈБА И МЕТАЛУРШКО ИНЖЕНЕРСТВО, НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha “ од 31.1.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: преработка на метали во течна состојба и металуршко инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, потврдена со решение број 02-194/1, донесена на 8.2.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Кирил Поп Тонев, редовен професор во пензија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Јон Магдески, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Свето Цветковски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.
По добивањето на конкурсните материјали, Комисијата констатира дека на конкурсот, во терминот определен за поднесување конкурсни документи, се пријавил кандидатот д-р Благој Ризов. Заедно со пријавата се доставени и потребните документи по конкурсот: кратка биографија, список на објавени трудови и примероци од нив.

По извршениот преглед на доставените материјали, како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Благој Ризов е роден на 11.12.1962 година во Кавадарци.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

Основното и средното образование го завршил со одличен успех во Кавадарци.
Во 1981 година се запишал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и истата година го отслужува војниот рок. Со студиите продолжува во учебната 1982/1983 година.
Во 1987 година дипломирал со просечна оценка на предметите 8,72 и оценка 10 од одбрана на дипломската работа од областа на преработка на метали во течна состојба. За постигнатиот успех во студиите е награден од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како најдобар дипломиран студент на Факултетот за 1986/1987.
Во 1995 година магистрирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје со тезата „Проучување на растворувањето на манган во течен алуминиум“, под менторство на д-р Кирил Поп Тонев.
Докторската дисертација „Теоретски и практични аспекти на меѓусебното дејствување на течен алуминиум и некои преодни метали“, под менторство на д-р Кирил Поп Тонев, ја одбранил во 2006 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

Во 1987 година е избран за помлад асистент по предметите основи на теорија и технологија на леење на метали, теорија на леење на метали и технологија на леење на метали на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.
За асистент по предметите теорија и технологија на преработка на метали во течна состојба и леарство е избран во 1995 година.
Во 2007 година е избран за доцент во научната област по предметите теорија и технологија на преработката на метали во течна состојба, леарство, песочни калапски и јадрени смеси, отврднување на металите и легури на обоени метали, а во 2012 година за вонреден професор, по предметите топлотна техника, леење на метали 1, леење на метали 2, легури на обоени метали и леење под притисок.
Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

4. АКТИВНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ЗА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

4.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот по избор за вонреден професор, д-р Благој Ризов изведувал настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметите топлотна техника, теорија на леење на метали, технологија на леење на метали, преработка на метали, а одржувал настава и по изборните предмети: легури на обоени метали и песочни калапски и јадрени смеси во леарството.
На втор циклус студии (постдипломски студии), на актуелната студиска програма по металургија е задолжен за настава по предметите: преработка на метали во течна состојба и одбрани поглавја од преработка на метали во течна состојба. Исто така, активно учествува во изготвувањето на студиските програми по металургија за втор и трет циклус студии.
Автор е на интерна скрипта од предавања: Технологија на леење на метали.
Во изминатиов период бил ментор на 10 дипломски работи и член во комисија за одбрана на 35 дипломски работи.
Д-р Благој Ризов, вонреден професор, во периодот од 2012 до 2016 година е позитивно евалуиран од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет со оценки над 9, при анонимно спроведената анкета од Комисијата за самоевалуација.

4.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, кандидатот, како автор и коавтор, објавил трудови со оригинални научни резултати во научни и научнопопуларни списанија (4, од кои 2 се во фаза на печатење), во зборници на трудови од научни и стручни собири со меѓународни уредувачки одбори (5) и во зборници на трудови од научни и стручни собири (7).

Научноистражувачкиот интерес на кандидатот главно е фокусиран на преработката на метали во течна состојба, како и врз физичко-металуршките аспекти на процесите при термичка обработка на материјали добиени во леана состојба.
Поголемиот број од публикуваните и презентираните трудови (1.1, 1.2, 3.1, 4.3, 4.4 и 4.6) се однесуваат на меѓусебното дејствување на растопи од алуминиум со тврди преодни метали (никел и хром) водејќи сметка за три главни аспекти – механизмите на образување на интерметалните фази, карактеризицаја на типот на интерметалните фази, редоследот на нивно образување и раст. Во трудот 2.1, претставен во образецот кон извештојот, е ставен акцент на влијанието на термичката обработка врз одлеаноци од бело леано железо легирано со никел и хром (Ni-hard), со посебен осврт врз нивната микроструктура и механичките својства. Во останатите трудови се анализираат испитувањата на пластичноста, механичките и металографските особини на нискојаглеродни и микролегирани челични лимови, како и математичкото моделирање на особините на топловаланите лимови.

4.3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТРЕС

Од увидот во стручно-апликативната дејност на кандидатот, презентирана во образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-научно и соработничко звање, се гледа дека неговот ангажман е обемен и е фокусиран во повеќе области. Притоа, сериозниот пристап во решавањето на апликативните проблеми од стопанството резултира во соработка како со мали (Шанко-лив), така и со големи (Макстил – Скопје) стопански претпријатија од областа на металургијата.
Имено, голем дел од апликативните проекти се поврзани со усвојување на технологии за леење на различни машински делови од легиран сив лив за потребите на повеќе индустриски капацитети во Република Македонија. Исто така, за потребите на Макстил во повеќе наврати е вршено испитување на содржината од метална фаза во доставени примероци од отпаден материјал (челични берни, топло брикетирано железо), со различно потекло. Освен ова, кандидатот врши и консултантски услуги на претпријатија од областа на леарството.
Кандидатот е активен член и претседател на Надзорниот одбор на Здружението на металурзите на Макединија, каде што дава важен организациски и стручен придонес.
За потребите на наставата подготвил интерна скрипта од предавања по предметот технологија на леење на метали. Бил рецензент на еден средношколски учебник.
Продекан е за финансии и соработка со стопанство на Технолошко-металуршкиот факултет и претседател на факултетската Комисија за јавни набавки. Учествувал како член и заменик-претседател на 2 организациони одбора на Конгресот на металурзите на Македонија. Исто така, учествувал во спроведувањето на промотивни активности на Факултетот низ средните училишта во Република Македонија и бил член на повеќе факултетски комисии.

5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува вкупната активност на д-р Благој Ризов. Рецензентската комисија констатира дека кандидатот континуирано се развива во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната

дејност и дека, со вкупниот број на поени од 144,79, кандидатот целосно ги исполнува критериумите за избор во звањето редовен професор според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на извршената анализа и имајќи го предвид установеното правило за редоследност во звањата на Факултетот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, да утврди предлог-одлука - д-р Благој Ризов да биде избран во наставно-научното звање редовен професор во научните области преработка на метали во течна состојба и металуршко инженерство.

Истовремено му предлагаме на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да го избере кандидатот д-р Благој Ризов за наставник во наставно-научните области: преработка на метали во течна состојба и металуршко инженерство, во звањето редовен професор.

Членови на Комисијата

1. Д-р Кирил Поп Тонев, редовен професор во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Јон Магдески, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

3. Д-р Свето Цветковски, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Благој Љубисав Ризов**

Институција: **Технолошко-металуршки факултет - Скопје**

Научна област: **преработка на метали во течна состојба, и металуршко инженерство**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава - прв циклус студии (ч·нед. ·0,04)**	
	Топлотна техника (3+3), 2012-2016	9
	Леење на метали 1 (3+3), 2012-2014	5,4
	Топлотна техника (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци 2012,2013	3,6
	Леење на метали 1 (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци, 2013	1,8
	Теорија на леење на метали (3+3), 2015-2016	3,6
	Теорија на леење на метали (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци 2014	1,8
	Преработка на метали (3+3), 2015, 2016	1,68
	Леење на метали 2 (2+2), 2012-2015	4,8
	Технологија на леење на метали (2+2), 2016	1,2
	Проект (Топлотна техника) (1+2), 2012-2015	2,4
	Проект (Топлотна техника) (1+2), изборен предмет, дисперзирани студии, Кавадарци 2012,2013	1,2
	Специјални леарски легури, (2+1), изборен предмет, 2012,2013	2,4
	Легури на обоени метали, (2+1), изборен предмет, 2012-2014	3,6
	Леење под притисок (2+1), изборен предмет, 2014	1,2
	Калапски и јадрени смеси во леарството (2+0), изборен предмет, 2015,2016	2,4
2.	**Одржување на вежби - прв циклус студии (ч·нед. ·0,03)**	
	Топлотна техника (3+3), 2012-2016	6,75
	Леење на метали 1 (3+3), 2012-2014	4,05
	Топлотна техника (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци 2012,2013	2,7
	Леење на метали 1 (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци, 2013	1,35
	Теорија на леење на метали (3+3), 2015, 2016	2,7

	Теорија на леење на метали (3+3), дисперзирани студии, Кавадарци 2014	1,35
	Преработка на метали (3+3), 2015, 2016	1,26
	Леење на металите 2 (2+2), 2012-2015	3,6
	Технологија на леење на метали (2+2), 2016	0,9
	Проект (Топлотна техника) (1+2), 2012-2015	3,6
	Проект (Топлотна техника) (1+2), изборен предмет, дисперзирани студии, Кавадарци 2012,2013	1,8
	Специјални леарски легури, (2+1), изборен предмет, 2012,2013	0,9
	Легури на обоени метали, (2+1), изборен предмет, 2012-2014	1,35
	Леење под притисок (2+1), изборен предмет, 2014	0,45
3.	**Ментор на 10 дипломски работи (број ·0, 2)**	2
4.	**Член во комисија за одбрана на 35 дипломски работи(број ·0, 1)**	3,5
5.	**Интерна скрипта од предавања (број ·4)** Б. Ризов, Технологија на леење на металите, 2016.	4
	Вкупно	**88,34**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (6+и.ф.)**	**Поени**
1.	1.**Blagoj Rizov**, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic. The Effects of Dissolution of the Solid Nickel in Liquid Aluminium. Acta Metallurgica Slovaca. 2016, Vol. 22, No.4, pp.222-229.	4,8+0,35
2.	2. **Blagoj Rizov**, Ruzica Manojlovic. Interaction of Solid Chromium with Liquid Mixture of Aluminium and Chromium and Formation of Intermetallic Phases. Journal of Materials Science and Technology, 2016, Vol. 24, No.4, pp.197-210.	5,4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание (4 поени)	
	1. **Blagoj Rizov**. Some Results from the Investigation of Effects of Heat Treatment on Properties of Ni-hard Cast Irons , *accepted for* International Journal of Engineering Research and Development (ref. id 59 049).	4
	2. R. Manojlovic, J. Trpcevska, O. Petrov, **B. Rizov**, Analysis of Medieval Mail Armour – Archaeological Remains from the Prilep Monastery Treskavec, *accepted for* International Journal of Engineering Research and Development (ref. id 510 014).	2,4

3.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (3 поени)**	
	1. **Blagoj Rizov**, Ruzica Manojlovic. Characterization of Intermetallic Compaund Layer at the Interface Formed During Solid Cobalt-Liquid Aluminium Contact. VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 2016. Proceedings, (4p).	2,7
	2. **R. Manojlovic**, **B. Rizov**, J. Magdeski, Mathematical modeling of mechanical properties of hot rolling steel sheets, International 45 October Conference on Mining and Metallurgy, 2013, Proceedings, 604-607.	2,4
	3.R. Manojlovic, J. Trpcevska, **B. Rizov**, R. Ilievski, Z. Koneska, D. Stoevska-Gogovska, Accuracy of the spread calculation during the rolling of metal materials, VII International Congress of Metallurgists of Macedonia, Ohrid, 2016. Proceedings, (6 p).	1,8
	4.Dafinka Stoevska – Gogovska, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, **Blagoj Rizov**, Jon Magdeski, Effect of Time and Tempering Temperatures on Properties of medium Carbon Steel. VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid 2016, Proceedings, (5p).	1,8
4.	5.Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, **Blagoj Rizov**, Jon Magdeski, Influence of Tempering Temperature on Properties of C45E, VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid 2016. Proceedings, (4p).	1,8
	Апстракти објавени во зборник на конференции (број·1)	
	1. R. Manojlovic, R. Ilievski, Z. Koneska, **B. Rizov**, J. Magdeski, Influence of deformation parameters of hot rolling process on the edge waves of the manganese steel plates, XXII CCTM 2012, Ohrid, Book of abstracts, 260.	1
	2. R. Manojlovic, B. Rizov, Z. Koneska, Influence of chemical composition on the strength characteristics of hot rolled steel sheets, ICOSECS 8, Belgrade, Serbia, June 27-29, 2013, Book of abstracts, 166.	1
	3. **Blagoj Rizov**, Ruzica Manojlovic, Jon Magdeski. On the Interaction and Dissolution of Some Transition Metals in Liquid Aluminium and Formation of Intermetallic Phases, VIth International Metallurgical Congress, 2014, Book of abstracts, 96.	1

	4. **Blagoj Rizov**, Jon Magdeski, Ruzica Manojlovic. Intermetallic Compaund Layer Form and Growth at the Interface of Solid Iron with Molten Aluminium. VIth International Metallurgical Congress, 2014. Book of abstracts, 45.	1
	5. R. Manojlovic, **B. Rizov**, R. Ilievski, An analysis of mechanical properties of hot rolled steel sheets, XXIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of abstracts, 2014, 167.	1
	6. **Blagoj Rizov**, Dafinka Stoevska-Gogovska. The Thermal Effects of Dissolution on the Solid Nickel in Liquid Aluminium and Formation Intermetallic Phases. VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 2016. Book of abstracts, 47.	1
	7. R. Ilievski, R. Manojlovic, B. Krstevski, **B. Rizov**, Influence of rolling force on the quality of a hot-rolled steel plates, XIV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2016, Book of abstracts, 199.	1
	Вкупно	**34,45**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Испитување на содржина на метална фаза при топење на старо отпадно железо, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, договор број 20130614, 29.4.2013.	1
2.	Испитување на содржината на железо при топење на НУС производ (троска), од електролачна печка, Барање бр. 0903/627, од 28.03.2013.	1
3.	Испитување на количина на метален извадок при топење на челични берни ROL, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 20140276, од 6.2.2014.	1
4.	Анализа на метален извадок при топење на челични берни од различно потекло, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 08-1246, од 12.5.2014.	1
5.	Изработка на одливци - лопатки за пескарница од сив лив легиран со никел и хром, за ШАНКО-ЛИВ, Скопје. Договор бр. 02/15 од 5.3.2015.	1
6.	Испитување на содржина на метална фаза при топење на старо отпадно железо (челични берни-Романија), за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Барање број 3446358, од 21.1.2014.	1

7.	Анализа на метален извадок при топење на челични берни – alfa collect, со потекло од Бугарија, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 379, барање од 14.3.2014.	1
8.	Анализа на метален извадок при топење на челични берни – repro, , за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Dogovor broj 379, барање од 29.4.2014.	1
9.	Изработка на одливци – летви за машина за изработка на гајби од сив лив подобрен со никел и хром, за ШАНКО-ЛИВ, Скопје. Договор бр. 01/15 од 5.3.2015.	1
10.	Предлог технолошка постапка за преработка на троска добиена при рециклирање на олово од стари акумулатори во ТАБ-МАК, Пробиштип, стручно мислење, по барање број 11-94/1, на Инспекторатот за животна средина на Република Македонија, 2015.	1
11.	Испитување на количина на метален извадок при топење на челични берни - ROL, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 379, барање од 21.7.2016.	1
12.	Испитување на содржина на метална фаза при топење на брикети-repro-one limited, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 379. Барање од 17.1.2017.	1
13.	Испитување на содржина на метална фаза при топење на топло брикетирано железо, за потребите на МАКСТИЛ АД, Скопје, Договор број 379. Барање од 24.1.2017.	1
14.	Рецензент на учебник од Никола Начевски и Иван Митровски, Технологија на производство на метали, за средно геолошко-рударско и металуршко училиште, одлука на МОН, бр. 22-399/1 од 8.4.2013.	0,5
15.	Учество во промотивни активности на Факултетот низ средните училишта во Р. Македонија, 2012-2013.	1
	Вкупно	**14,5**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1.	Член на Организациониот одбор на VI International Metallurgical Congress, Metallurgy Materials and Environment, Ohrid, 2014.	1
2.	Член на Организациониот одбор на VII International Metallurgical Congress, Metallurgy Materials and Environment, Ohrid, 2016.	1
3.	Член на Сојузот на металурзите на Македонија	1
4.	Председател на Комисијата за јавни набавки на Технолошко-металуршкиот факултет, од 23.9.2015.	0,5
5.	Продекан на Технолошко-металуршкиот факултет, за мандатниот период од 23.9.2015 до 14.9.2019, со одлука бр. 021709/1.	4

	Вкупно	**7,5**
ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ		**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ		**88,34**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ		**34,45**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ		**14,5**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		**7,5**
	Вкупно	**144,79**

Членови на Комисијата

1. Д-р Кирил Поп Тонев, редовен професор, во пензија
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Јон Магдески, редовен професор,
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

3. Д-р Свето Цветковски, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА МАТРИЦИ И МЕТОДИ ЗА КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА ЕВАЛУАЦИЈА НА НИВОТО НА ЕКСТРАКТИВНИ И МИГРИРАЧКИ СОЕДИНЕНИЈА ВО АМБАЛАЖА ЗА ФАРМАЦЕВТСКА УПОТРЕБА И ГОТОВИ ФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ“ ОД ДИПЛОМИРАН ФАРМАЦЕВТ ВЛАДО ПЕТРУШЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 15.2.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот дипломиран фармацевт Владо Петрушевски со наслов ,,Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“, во состав: проф. д-р Анета Димитровска (претседател), проф. д-р Сузана Трајковиќ- Јолевска (ментор), проф. д-р Зоран Кавраковски (член), проф. д-р Катерина Горачинова (член) и проф. д-р Емилија Јањевиќ-Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот дипломиран фармацевт Владо Петрушевски со наслов „Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“ претставува оригинален самостоен научноистражувачки труд. Трудот е структуриран во 6 поглавја: Вовед, Цели, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература. На крајот е даден преглед на објавени оригинални научни трудови, кратки соопштенија и апстракти поврзани со проблематиката опфатена во дисертацијата. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

Во **воведот на трудот**, кандидатот дава објаснување што претставуваат екстрактивни и мигрирачки соединенија, нивното потекло, односно начинот на контаминација на готовите фармацевтски производи, легислативата што го регулира ова подрачје, со што се потенцира важноста на проблематиката и воедно се образложуваат целите на истражувањето. На почетокот на воведот, кандидатот ја дава дефиницијата за екстрактивните соединенија како соединенија (органски, неоргански или метални јони) што можат да бидат екстрактирани од соединенијата на амбалажата, односно конструктот (сите површини и материјали со кои формулацијата доаѓа во контакт при производство или чување -производствена опрема, примарна и секундарна амбалажа, упатства, кутии, атхезиви, палети, дозатори), со употреба на агресивни

растворувачи и аналитички техники. Мигрирачките соединенија се хемиски соединенија кои „протекуваат“ во фармацевтските формулации од компонентите на амбалажата и дозаторите, кои понатаму пациентите ги администрираат со секоја доза на лекот. Од таа причина, мигрирачките соединенија се потенцијален ризик за пациентите, особено кај осетливите групи, како што се хронично болните пациенти. Нивното присуство во готовите фармацевтски производи има извонредно токсиколошко значење, затоа што некои од овие соединенија поседуваат изразена тератогеност, генотоксичност и хепатотоксичност.

Во продолжение, кандидатот истакнува дека карактеризацијата на хемискиот состав на амбалажата за фармацевтска употреба е сложен и комплициран процес. Бројот на адитиви што влегуваат во состав на различните полимери и еластомери надминува 500 соединенија, групирани во преку 40 групи, според функцијата и намената што ја имаат во амбалажата. Адитивите што влегуваат во состав на само еден полимер или еластомер најчесто се со комплетно различна хемиска структура и физичко-хемиски својства, што ја наметнува потребата за употреба на мноштво аналитички техники за анализа и техники за подготовка на примероците, со цел максимизирање на бројот на соединенија што ќе бидат екстрактирани и детектирани во тестираниот примерок. Кандидатот укажува дека дополнителен проблем е што за најголемиот број од адитивите не постојат комерцијално достапни стандарди или воспоставени аналитички техники за контрола на нивниот квалитет. Контролата на квалитетот на овие соединенија најчесто се изведува само преку неколку физички и технолошки параметри како: боја, густина, индекс на прекршување на светлината, коефициент на истегнување и еластичност и сл.

Во однос на регулативата, кандидатот изнесува дека регулаторниот интерес поврзан со екстрактивните и мигрирачки соединенија прв пат се појавил на крајот на 80-тите години, кога Американската администрација за храна и лекови (FDA) дошла до сознанија за присуство на полинуклеарни ароматични јаглеводороди (PAHs, PNAs) во одредени еластомери што се употребувале како чепови и пломби во самите инхалатори. Набрзо потоа е откриено дека истите полинуклеарни ароматични јаглеводороди се присутни како мигрирачки соединенија во инхалационите фармацевтски производи. Кандидатот констатира дека и покрај тоа што проблемот со екстрактивните и мигрирачки соединенија е познат на научната јавност повеќе од 30 години, нивото на научно-истражувачка работа од оваа област почнува да се интензивира во последните 10-тина години, кога се издадени и неколку регулаторни водичи и препораки на оваа тема. Главната причина за ваквата инертност во научните кругови и индустријата кандидатот ја лоцира во фактот што станува збор за проблем со многу непознати. Тргнувајќи од фактот дека точниот квалитативен и квантитативен состав на компонентите на амбалажата најчесто претставува корпоративна тајна, преку податокот дека адитивите што влегуваат во состав најчесто се со техничка чистота (содржат значителен број онечистувања), не е тешко да се согледа дека е огромен аналитички предизвик да се опфатат што е можно повеќе класи на хемиски соединенија. Достапноста на скапа и софистицирана аналитичка опрема, потребна за детекција и идентификација на присутните екстрактивни соединенија во амбалажата, кандидатот ја идентифицира како голем предизвик за голем број лаборатории и истражувачки центри.

На крајот од воведот, кандидатот констатира дека фокусот на научната јавност во изминатата деценија е насочен кон утврдување и дефинирање на правци и насоки кон кои би требало да се движи аналитичката и токсиколошката евалуација на амбалажата

и нејзиното влијание на готовите фармацевтски формулации. И покрај тоа што низ годините различни автори имаат публикувано цела низа методи што на еден или на друг начин се фокусираат на проблемот со екстрактивни и мигрирачки соединенија, најголем дел од овие методи се фокусираат на тесно подрачје од оваа проблематика, често пати се базирани на застарени аналитички принципи и сознанија и генерално не нудат решение за стандардизација на начините на евалуација за присуство на екстрактивни соединенија.

Во поглавјето **Цели,** кандидатот ги наведува основните цели на оваа докторска дисертација: дизајн и оптимизација на склоп од аналитички постапки и инструментални методи што ќе овозможат ефикасна и симултана сепарација, детекција, идентификација и квантификација на широка палета на адитиви за пластика, нивните деградациони продукти и останати присутни онечистувања во пластиката. Дополнително, истите инструментални методи треба да бидат применливи и за анализа на мигрирачки соединенија во соодветен модел на готов производ. Развојот и оптимизацијата на еден ваков концепт за евалуација на екстрактивни и мигрирачки соединенија во готов фармацевтски производ (почнувајќи од изборот на компонентите на амбалажата како дел од развојните чекори, се до комплетирањето на студиите на стабилност на готовиот производ) бара симултано познавање и експлоатација на мноштво аналитички и инструментални техники (течна и гасна хроматографија, масена спектрометрија, суви техники на екстракција и екстракција со помош на растворувачи), со цел сеопфатна и темелна процена на нивоата на екстрактивни и мигрирачки соединенија и ризикот за пациентот што би потекнал од готовиот производ. Екстремно ниските прагови, големата хемиска варијабилност на адитивите за пластика, како и постоењето на специфични групи на соединенија прават дизајнот на еден ваков концепт и модел да биде значаен аналитички предизвик.

Во поглавјето **Експериментален дел** се наведени сите супстанции, реагенси и растворувачи користени при изработката на оваа докторска дисертација. Како посебни целини се наведени сите реагенси и растворувачи користени при развојот и оптимизацијата на методите како и при експериментите за карактеризација на амбалажата со методите на течна хроматографија под висок притисок и за методите на гасна хроматографија. Хемиската карактеризација е работена на шишенца од полиетилен со мала густина со полипопиленски капачиња, додека скрининготот за мигрирачки соединенија на готова фармацевтска формулација за назална употреба од Алкалоид АД – Скопје. Во овој дел е наведена и опремата користена во развојот и оптимизацијата на методите за течна хроматографија (Dionex Ultimate 3000 HPLC систем, опремен со кватернерна пумпа со градиентен миксер под низок притисок и УВ детектор со низа на диоди, на кој е поврзан Thermo Scientific LTQ XL, масен спектрометар со анализатор од типот линеарна јонска стапица, со можност за електро-спреј јонизација и хемиска јонизација под атмосферски притисок, како и на Shimadzu Nexera UHPLC систем, опремен со бинарна пумпа со градиентен миксер под висок притисок и УВ детектор со низа на диоди). Контролата на инструментите и обработката на хроматограмите и резултатите е изведена со помош на Dionex Chromeleon v7.2 (за HPLC-DAD) или со помош на Thermo Xcallibur v2.2 SP1 (кај HPLC-DAD-MS анализите), како и Shimadzu LabSolutions v5.71. Толкувањето на спектрите е дополнето со помош на MassFrontier v7.0 и mzCloud online базата на спектри. Методите за гасна хроматографија се развивани и оптимизирани на Shimadzu GC-2010 Plus, опремен со пламен-јонизациски детектор и PAL AOC-5000 автоматизиран систем за инјектирање на течни

и испарливи примероци (Shimadzu Corporation, Кјото, Јапонија) и Agilent 7890B опремен со пламен-јонизациски детектор и Agilent 5977A масен спектрометар со анализатор од типот единечен квадрупол, опремен со поединечни автосемплери за течни (Agilent 7693A ALS) и испарливи примероци (Agilent 7697A Headspace sampler). Контролата на инструментите и обработката на хроматограмите и резултатите е изведена со помош на Shimadzu GCsolution v2.3 (GC-FID) и Agilent MassHunter Workstation vB.07.00 (GC-FID-MS), а споредбата на спектрите со NIST v14 базата на спектри.

За QSAR и in-silico токсиколошката евалуација на детектираните соединенија е користен Toxtree v2.6.13 (Ideaconsult Ltd).

Најобемен дел на докторската дисертација е поглавјето **Резултати и дискусија**. Во ова поглавје се прикажани резултатите од целокупните испитувања реализирани во рамките на докторската дисертацијата. Во ова поглавје, како посебни целини, кандидатот ги прикажува и анализира резултатите добиени: од развојот на методите на течна хроматографија и масена спектрометрија (метода за адитиви, метода за полимери, метода за масена спектрометрија); од развојот на методите на гасна хроматографија и масена спектрометрија (метода за лесно испарливи соединенија и метода за полуиспарливи соединенија). Кандидатот посветува посебен дел на резултатите и деталната дискусија од анализата на примероците (подготовка на примероци за анализа, екстракција, идентификација на детектиранитре соединенија, определување на вкупен фонд на адитиви, определено со течна хроматографија и со гасна хроматографија). Во делот **Резултати и дискусија**, посебно се прикажани резултатите од валидацијата на методите со евалуацијата на резултати од валидацијата. Резултатите од токсиколошката евалуација на детектираните соединенија и евалуацијата на мигрирачките соединенија се прикажани во две посебни целини.

Дискусијата за добиените резултати е аргументирана, со соодветно толкување и споредба на добиените резултати од истражувањето со теоретските сознанија и литературните податоци од областа.

Во **Заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од поставените цели, извршените експерименти и добиените резултати. Изнесени се заклучоците за секој дел од испитувањата. Во овој дел, кандидатот сумира дека со докторска дисертација се дизајнирани матрици и методи за хемиска карактеризација на полиетиленска и полипропиленска примарна амбалажа за фармацевтска употреба, и дизајнираните методи се применети за евалуација на присуството на мигрирачки соединенија во готова фармацевтска формулација (раствор за назална употреба). Во контекст на истражувањето се развиени, оптимизирани и валидирани 4 комплементарни методи (две за течно-масена и две за гасно-масена спектрометрија), со капацитет за раздвојување на широка палета на адитиви, кои потенцијално можат да се најдат во состав на амбалажата и нивна детекција во концентрации што не надминуваат неколку μg на g амбалажа. Дизајнираните методи се компатибилни за анализа со масена спектрометрија без потреба за менување на колони и хроматографски услови, што дава можност за раздвојување, детекција, идентификација и квантификација на присутните соединенија во рамките на една анализа. На крајот, кандидатот дава генерален заклучок дека како концепт, дисертацијата е фокусирана на развој и комбинирање на различни алатки и пристапи кои како целина од една страна ќе овозможат темелна евалуација (од хемиски и токсиколошки аспект) на различните типови амбалажа кои циркулираат низ една фармацевтска индустрија и соодветните готови производи, а од друга страна ќе бидат доволно едноставни, ефикасни и робусни за рутинска примена во рамките на

потребите на една аналитичка лабораторија. Сите методи и пристапи во оваа дисертација се дизајнирани во согласност со модерните аналитички принципи и сознанија и во согласност со сите препораки на релевантните научни тела и ги исполнуваат или надминуваат барањата на сите регулативи и барања кои се актуелни во моментот на пишување на дисертацијата.

Прегледот на користената **Литература** е според редоследот на цитирање на литературата во текстот на дисертацијата. Бројот на цитирани референци претставува солидна теоретска основа за изнесените сознанија.

Во прилог, кандидатот приложува список на рецензирани оригинални научни трудови, кратки соопштенија и конференциски апстракти поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во докторската дисертација е испитување и проучување на екстрактивни и мигрирачки соединенија што можат да се најдат во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи и претставуваат потенцијален ризик за пациентите. Целта на дисертацијата е да се дизајнираат аналитички матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на екстрактивните и мигрирачки соединенија. За остварување на таа цел, дизајнираните матрици се тестирани на избран модел - готов фармацевтски производ (како целина од фармацевтска формулација и соодветна примарна амбалажа). Избраниот готов производ е од групата на формулации со највисок ризик (раствор за назална употреба, спакуван во LDPE/PP примарна амбалажа со непознат хемиски состав).

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Прегледот на достигнувањата во научната дисциплина поврзани со екстрактивните и мигрирачки соединенија покажува дека изминатите десетина години се карактеризираат со публикација на низа аналитички методи кои се фокусираат на една или неколку групи на екстрактивни соединенија, публикација и/или ревизија на нови или постоечки монографии (на пр. USP <661>, USP <661.1>, USP <661.2>, USP <1663>, USP <1664>, USP <1664.1>) и препораки за евалуација на компонентите на амбалажата, меѓутоа се чини дека најзначајниот прогрес доаѓа од токсиколошки аспект, преку класификацијата на типовите на фармацевтски формулации во ризик групи и дефинирање на ризични групи на соединенија за одредени типови на фармацевтски формулации (Safety Thresholds and Best Practices for Extractables and Leachables in Orally Inhaled and Nasal Drug Products), со што е дадена цел и насока во обидите за хемиска карактеризација на компонентите на амбалажата. Покрај многубројните препораки што ги содржи овој документ, еден од најважните делови за кои се дискутира во документот е дефинирањето (за прв пат) на безбедносни прагови кои се однесуваат на екстрактивни и мигрирачки соединенија. Препораките на Pharmaceutical Quality Research Institute, PQRI се широко прифатени од фармацевтската индустрија, меѓутоа и од регулаторните тела, од причина што се први препораки базирани на научни факти и искуство поврзано со екстрактивни и мигрирачки соединенија.

Покрај споменатите организации и иницијативи, вредно за спомнување е и формирањето на ELSIE (Extractables and Leachables Safety Information Exchange) конзорциумот, во кој членуваат некои од фармацевтските гиганти и кој е одговорен за креирањето на централно достапна база на податоци во која се содржат сите достапни токсиколошки и хемиски податоци за екстрактивни и мигрирачки соединенија. Оваа

база има за цел да им помогне на членките на овој конзорциум полесен пристап до овие податоци и олеснување на соодветните лабораториски и регулаторни процедури.

Краток опис на применетите методи

Во докторската дисертација се развиени, оптимизирани, валидирани и применети:

- метод на течна хроматографија со масена спектрометрија за адитиви;
- метод на течна хроматографија со масена спектрометрија за полимери;
- метод на гасна громатографија со масена спектрометрија за лесно испарливи соединенија;
- метод на гасна хроматографија со масена спектрометрија за полуиспарливи соединенија
- постапка за подготовка на проби за анализа со телна хроматографија;
- постапка за подготовка на проби за анализа со гасна хроматографија;
- постапка на дериватизација на примероците за гасна хроматографија.

Валидацијата на LC-DAD-MS и GC-FID-MS методите за хемиска карактеризација на амбалажа за фармацевтска употреба е изведена во согласност со ICH Q2(R1) водичот за валидација на аналитички процедури, FDA водичот за аналитички процедури и валидација на методи за лекови и биолошки препарати и препораките на PQRI.

Предложените и валидирани LC-DAD-MS и GC-FID-MS методи се применети за тестирање на проби - екстракти подготвени од амбалажа за фармацевтска употреба (шишенца од полиетилен со мала густина со полипопиленски капачиња), готова фармацевтска формулација за назална употреба и слепи проби. Во процесот на хемиска карактеризација на полипропилени полиетилен со мала густина се подготвени и анализирани преку 100 примероци со гасна хроматографија и преку 50 примероци со течна хроматографија и еднаков број на слепи проби, кои се користени за споредба со соодветните примероци.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Како резултат на истражувањето се развиени, оптимизирани и валидирани 4 комплементарни методи (две за течно-масена и две за гасно-масена спектрометрија). Во рамките на развојот на методите, е дизајнирана и посебна метода за течна хроматографија за анализа на т.н. HALS полимери, базирана на нов, неконвенционален пристап кој вклучува употреба на мобилна фаза со екстремно високо pH, како и хибридни хроматографски колони кои се стабилни на такви екстремни услови на функционирање. Протоколите за екстракција се исто така дизајнирани на начин што овозможува генерирање на примероци компатибилни со течна и гасна хроматографија, во концентрации што овозможуваат детектирање и на траги од евентуално присутните адитиви и/или нивните распадни продукти. Во текот на истражувањето се применети и чекори како конверзија, концентрирање и дериватизација на примероците за гасна хроматографија, со цел максимална темелност во скринингот за екстрактивни соединенија. Анализата на примероците од амбалажа покажа дека полиетиленот со мала густина воопшто не содржи екстрактивни соединенија над лимитот на детекција на методите, додека во полипропиленот, со помош на рефлукс екстракција во n-хексан, се детектирани 6 екстрактивни соединенија (пет со методата за полимери и три со методата за полу-испарливи соединенија, од кои две соединенија беа детектирани со две методи (Irgafos 168 и Irgafos 168 фосфат)). Идентитетот на детектираните компоненти е означен како *потврден* за Irganox 1010, Irgafos 168 и Irgafos 168 фосфат (преку споредба на спектри со референтен материјал или позитивна идентификација со повеќе

аналитички техники), додека идентитетот на диизобутил адипат, 9,10-бис[(1-оксохексил)окси]-октадеценска киселина и 2,4-ди-терц-бутилфенол е означен како *несигурен*, поради причини како мал степен на јонизација, квалитет на спектрите, точност на измерени маси итн. Покрај структурната идентификација на детектираните екстрактивни соединенија, одреден е и нивниот вкупен фонд во амбалажата од полипропилен преку примена на последователни рефлукс екстракции и квантификација на нивоата на секое екстрактивно соединение, во секој екстракт поединечно. Квантификацијата е изведена во однос на референтен материјал за сите соединенија за кои беше достапен, односно во однос на просечниот фактор на одговор за дадената метода. Вака пресметан, вкупниот фонд на екстрактивни соединенија во полипропиленот изнесува приближно 1 ‰ (*w/w*). Финално, извршена е и токсиколошка процена на ризикот за пациентот кој го претставуваат детектираните соединенија, како и скрининг за нивно евентуално присуство во готовата фармацевтска формулација. Резултатите покажаа дека детектираните соединенија спаѓаат во групата на соединенија со среден или умерен ризик по пациентот, највеќе заради фреквенцијата и концентрациите во кои се сретнуваат низ различните материјали за пакување. Скринингот за присуство на мигрирачки соединенија во готовата формулација покажа отсуство на овие соединенија и во концентрации од неколку стотини пати под прагот на аналитичка евалуација од 125 ng/ml.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот дипломиран фармацевт Владо Петрушевски, со наслов ,,Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“, претставува истражување во научното подрачје фармација, потесна област, аналитика на лекови. Примената на воспоставените методи и дизајнираните матрици во испитувањето на екстрактивни и мигрирачки соединенија претставуваат значаен научен придонес во ова поле, а воедно претставуваат одговор на сé поактуелните и погласните регулаторни барања за контрола на овие соединенија. На овој начин е задоволен критериумот резултатите од научните истражувања да пружаат можност за практична примена.

Докторската дисертација на дипломиран фармацевт Владо Петрушевски со наслов ,,Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Оригинални научни трудови:

1. **V. Petrusevski**, S.T. Jolevska, J.T. Ribarska, M. Chochorovska, A. Petkovska., S. Ugarkovic, Development of complementary HPLC-DAD/APCI MS methods for chemical characterization of pharmaceutical packaging materials, *Journal of Pharmaceutical and Biuomedical Analysis*, 124, 2016, 228-235

Impact factor: 3,169

Резултатите од докторската теза се објавени и презентирани и на неколку меѓународни научни собири од областа на фармацијата.

Кратки соопштенија:

1. **Vlado Petruševski**, Suzana Trajković-Jolevska, Jasmina Tonić-Ribarska, Sonja Ugarković, GC-MS method for chemical characterization of pharmaceutical packaging materials, *Maced. Pharm. Bull.*, 62 (suppl.), 2016, 201-202.

Конференциски абстракти презентирани на интернационални конференции и симпозиуми, публикувани во конференциски извештаи или како додаток на научни списанија:

1. **Vlado Petrusevski**, Suzana Trajkovic Jolevska, Jasmina Tonic Ribarska, Marina Chachorovska, Ana Petkovska, Sonja Ugarkovik, Development of complementary HPLC-DAD/APCI MS methods for chemical characterization of plastics for pharmaceutical packaging

Book of abstracts, 21st International Symposium on Separation Sciences (ISSS), 30 June – 3 July 2015, Ljubljana, Slovenia; P-170, pp. 232

Заклучок и предлог

ii. По деталната анализа на докторската дисертација со наслов ,,Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“, поднесена од дипломиран фармацевт Владо Петрушевски, Комисијата заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата.

Резултатите од испитувањата опфатени во оваа дисертација се оригинални и даваат придонес во контролата на квалитетот на готовите фармацевтски производи, со вклучување на нов сегмент во контролата – следење на присуството на екстрактибилни и мигрирачки соединенија во амбалажата што се користи за пакување на фармацевтските производи, како и во самите готови фармацевтски производи.

При изработката на трудот, обработени се солиден број литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Добиените резултати и изведените заклучоци потврдуваат дека во текот на развојот и оптимизацијата се воспоставени методи и се дизајнирани матрици за следење на екстрактибилните и мигрирачки соединенија што ќе можат да се користат во секојдневната рутинска анализа. На тој начин, фармацевтската индустрија се здобива со моќна алатка со која може да го гарантира квалитетот на своите производи и да обезбеди дека пациентите ќе користат квалитетни и безбедни лекови.

iii. За квалитетот на докторската дисертација укажуваат и објавените научни трудови во меѓународни научни списанија, кратките соопштенија и конференциските апстракти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот дипломиран фармацевт Владо Петрушевски со наслов ,,Развој на матрици и методи за квалитативна и квантитативна евалуација на нивото на екстрактивни и мигрирачки соединенија во амбалажа за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Димитровска, претседател, с.р.

УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, ментор, с.р.

УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Зоран Кавраковски, член, с.р.

УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Катерина Горачинова, член, с.р.

УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Емилија Јањевиќ-Ивановска, член, с.р.

УГД, Фармацевтски факултет, Штип

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO САМОАСОЦИРАЧКИ НАНОЧЕСТИЧКИ КАКО СИСТЕМИ ЗА НАСОЧЕНО ДЕЛУВАЊЕ НА 7-ЕТИЛ-10-ХИДРОКСИ-КАМПТОТЕЦИН ВО ТЕРАПИЈА НА ЦВРСТИ ТУМОРИ " ОД М-Р СИМОНА ДИМЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 23.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Симона Димчевска со наслов „PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори", во состав: проф. д-р Александар Димовски (претседател), проф. д-р Катерина Горачинова (ментор), проф. д-р Кристина Младеновска (член), проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска (член) и проф. д-р Светлана Ибриќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтски факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Симона Димчевска, со наслов „PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори", претставува оригинално научно истражување кое опфаќа дизајн, оптимизација, физичко-хемиска, *ин витро* и *ин виво* карактеризација на нанолекови со потенцијал за употреба при третман на канцер.

Трудот е структуриран во 3 поглавја: **Вовед, Експериментален дел и Заклучок**. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, објаснета е состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата, изложени се истражувачките предизвици и целите на ова истражување. Во овој дел, кандидатката потенцира дека насоченото делување на лекови е истражувачка област со огромен потенцијал за надминување на проблемите поврзани со администрација на антиканцерогени лекови како што е 7-етил-10-хидрокси-камптотецин (SN-38). Истакнува дека овој инхибитор на ДНК-топоизомераза I е совршен кандидат за инкорпорирање во наноносачи главно поради неговата цитотоксичност, исклучително ниска растворливост и речиси невозможна парентерална администрација во облик на слободен лек, лоша биорасположливост пер ос, нестабилност на физиолошко pH и краток полуживот на елиминација. Исто така, посочува дека освен методите кои вообичаено се користат за подготовка на наноносачи за SN-38, како што се: емулзиски метод/метод на испарување на растворувач и филм хидратација, методот на нанопреципитација, исто така, претставува соодветна постапка за подготовка на наночестички во кои се инкорпорираат хидрофобни лекови. Денес, постојат голем број на хидрофобни полимери кои стојат на располагање за формулација и дизајн на нанопартикулирани носачи на лекови со слаба растворливост во вода. Сепак, иако постои широко прифатено мислење дека хидрофобните лекови лесно се инкорпорираат во наночестички изградени од хидрофобни полимери, во реалноста, брзата кристализација на лекот за време на процесот на енкапсулација претставува проблем и често доведува до ниска содржина на лек, зголемена количина на слободен лек на површината на наночестичките и непожелни морфолошки својства на добиените наносистеми. Во случаи кога енкапсулацијата на екстремно хидрофобни лекови претставува проблем, потребно е да се евалуираат различни параметри кои влијаат врз процесот на кристализација на лекот во водената континуирана фаза со цел да се оптимизира содржината на лекот, големината на честичките, нивните површински својства и стабилноста на овие наносистеми за насочено делување на лекови.

Неколку публикации за енкапсулација на исклучително хидрофобни супстанции, наведени во воведот, укажуваат дека при соодветен соодност растворувач/не-растворувач може да се обезбеди висока ефикасност на енкапсулација на лекот, соодветна големина на честички и низок индекс на полидисперзност. Притоа, кандидатката наведува дека тоа е возможно доколку се направи оптимизација на концентрацијата на полимер/лек/сурфактант и на тој начин се избегне брза преципирација на лекот во форма на кристали.

Кандидатката го потенцира фактот дека огромниот потенцијал на долгоциркулирачките наносистеми за пасивно таргетирање е докажан многу пати, но, пред сè, со ограничен број на тестови за евалуација, во недостиг на сеопфатна анализа на интеракциите со биолошката средина. Пристапот за обезбедување на ефикасност и безбедност во фазата на дизајн на формулацијата, освен оптимизација на формулациските и процесните фактори, при приспособување на физичко-хемиските карактеристики на наносистемите треба да вклучува испитување на биолошки одговор (нано-био интеракции) за да се постигне успешно таргетирање на туморно ткиво.

Кандидатката наведува дека од претходното искуство и испитување на можноста за вградување на SN-38 во полимерни наносистеми произлегува хипотезата дека самоасоцирачките кополимери може да го решат проблемот на незадоволителна ефикасност на инкорпорирање на екстремно хидрофобната лековита супстанција. За таа цел, кандидатката наведува дека со метод нанопреципитација, ќе бидат подготвени два вида на полимерни наночестички како носачи на SN-38 изградени од PLGA-PEG-PLGA триблок кополимери со различна молекулска маса и должина на ланци (т.е. DLLA: GA = 1: 1, Mw ~ 70000: 8000: 70000Da и DLLA: GA = 7: 3, Mw ~ 6000: 10.000: 6,000Da). Исто така, како една од целите на оптимизацијата во ова истражување е да се овозможи брза екстракција на растворувачот и побрзо зацврстување на јадрото на наночестичките за време на нанопреципитацијата за да се минимизира кристализацијата на слободен лек во текот на фазата на испарување на растворувачот.

Имајќи го ова предвид, кандидатката наведува дека ќе употреби D-оптимален дизајн за да се евалуира влијанието на неколку формулациски фактори (тип и количина на кополимер, концентрација на активна супстанција и Lutrol®F127) врз клучните карактеристики наночестичките (големина на честички, содржина на лек и ефикасност на енкапсулација) и да се дефинира дизајн просторот за ефикасно инкоприрање на лек. Разликите во молекулската маса и соодносот на полимерните блокови меѓу двата кополимера, веројатно ќе влијае врз дебелината на хидрофилната короната, структурата на јадрото, хидрофобноста и карактеристиките на површината на наночестичките, како и врз нано-био интеракциите, формирањето на протеинска корона и нејзиниот квалитативен и квантитативен состав. Кандидатката потенцира дека составот на протеинската корона, степенот на атсорпција/десорпција на различни протеини, како и компетитивното врзување на протеините се од суштинско значење за биокомпатибилноста, времето на циркулација во крвта, интернализацијата и способноста на наночестичките за ефикасно таргетирање. Покрај тоа, наведува дека структурните и функционалните промени на протеините кои стапуваат во интеракција со површината на наночестичките може да го изменат биолошкиот идентитет на наночестичките и да влијаат врз физиолошката реакција т.е. нивното време на престој во циркулацијата, агломерацијата, транспортот, акумулацијата, интернализацијата и токсичноста. Понатаму, степенот на клеточно преземање на наночестичките може да се намали како резултат на промените во секундарната структура на атсорбираните протеини или да се интензивира како резултат на одвиткување на атсорбираните протеини и зголемената изложеност на соодветни домени со што се обезбедува препознавање на ниво протеин-рецептор. Од друга страна, абнормалното одвиткување на атсорбираните протеини може да доведе до формирање на нови конформациски епитопи кои ќе предизвикаат покренување на несакан имун одговор или активирање на молекуларни механизми кои ќе резултираат со одредена патогенеза.

Затоа, освен оптимизација и физичко-хемиска карактеризација на наночестичките, целта е да се изврши сеопфатна евалуација на влијанието на особините на наночестичките изградени од кополимери со различна должина на полимерни блокови врз интеракциите на нано-био меѓуповршината. На крајот од воведот, кандидатката заклучува дека на овој начин може попрецизно да се предвиди судбината на наночестичките по интравенска администрација, како и да се обезбеди рационален дизајн заснован на корелацијата помеѓу физичко-хемиските карактеристики на наночестичките и нивното однесување во биолошка средина.

Поглавјето насловено **Експериментален дел** е поделено на три дела, и тоа: **Материјали, Методи и Резултати и дискусија.** Во првиот дел се наведени материјалите потребни за изведување на сите експерименти во склоп на истражувањето. Во делот **Методи**, детално се објаснети дизајнот на експериментите, методот на подготовка на наночестичките, нивната физичко-хемиска карактеризација, анализата на интеракциите на наночестичките со протеини, *ин витро* и *ин виво* испитувањата како и оптимизацијата на наносистемите за насочено делување. Во делот **Резултати и дискусија** се прикажани резултатите добиени со примена на постулатите за квалитет и безбедност во експерименталниот дизајн при формулација на PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO наночестички со висока содржина на SN-38 и големина на честички погодна за пасивен таргетинг. Исто така, дадени се и резултатите од испитувањата на интеракциите на наносистемите со биолошката средина (атсорпција на говедски албумин, формирање на протеинска корона, биокомпатибилност во различни биорелевантни медиуми, степен на клеточна интернализација, промена на генска експресија во клеточни култури, биодистрибуција/време на престој во системска циркулација), проследени со нивна сеопфатна дискусија.

Во **заклучните согледувања** кои произлегуваат од истражувањето согласно со поставените цели на оваа студија и извршените експерименти е наведено дека испитуваните три-блок PLGA-PEG-PLGA кополимери се погодни за подготовка на кинетички стабилни наночестички, како носачи за екстремно хидрофобната активна компонента SN-38, со употреба на метод на нанопреципитација. Со помош на софтвер за дизајн на експерименти и статистичка обработка на податоци се добива дека типот и концентрацијата на кополимерот, концентрацијата на SN-38 и количината на Lutrol®F127 имаат големо влијание врз испитуваните карактеристики на наночестичките. Дополнително, може да се забележи дека Lutrol®F127, покрај неговата главна улога при обезбедување на стерна стабилизација на овие наносистеми, има влијание врз големината на честичките и ефикасноста на енкапсулација. Резултатите укажуваат на тоа дека карактеристиките на површината на оптимизираните формулации имаат најголемо влијание врз формирањето на протеинската корона и интеракциите помеѓу наночестичките и биолошката средина. Празните полимерни наночестички покажуваат колоидна стабилност, без статистички значајни ефекти врз растот и вијабилноста на SW-480 клеточни линии во различни биорелевантни медиуми, со што се потврдува нивната биокомпатибилност. Двете оптимизирани формулации покажуваат сличен степен на интернализација и *ин витро* ефикасност. Сепак, студиите на биодистрибуција го потенцираат влијанието на површината и последователното формирање на протеинската корона врз целокупната ефикасност за пасивно насочување на подготвените наночестички.

Во делот **Користена литература** се цитираат над 150 референци, меѓу нив научни трудови, книги и интернет ресурси, кои претставуваат широка теоретска основа за изнесените сознанија.

<u>Предмет на истражување</u>

Предмет на ова истражување претставува формулација, карактеризација и оптимизација на полимерни наночестички со енкапсулирана хидрофобна супстанција кои ќе имаат карактеристики поволни за пасивно насочување кон цврсти тумори. Кандидатката го испитува влијанието на неколку формулациски фактори врз карактеристиките на PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO наночестички добиени со употреба на методот на нанопреципитација во кои е инкорпориран SN-38, со цел да се оптимизира процесот на подготовка и да се добие формулација со соодветна големина, задоволителна содржина на лекот и ефикасност на енкапсулација. Предмет на испитување е влијанието на типот и количината на кополимерот, концентрацијата на активната компонента и количината на додадениот амфифил врз големината на полимерните наночестички и ефикасноста на инкорпорирање на SN-38. Дополнително, главната цел е да се воспостави корелација помеѓу физичко-хемиските карактеристики на наночестичките и нано-био

интеракциите во различни биолошки средини, со посебен осврт кон објаснување на интеракциите на наночестичките и плазма-протеините, односно процесот на формирање на протеинската корона. Спроведени се и *ин витро* студии на интернализација, биокомпатибилност и ефикасност на тумор-клеточни култури и *ин виво* испитување на биодистрибуцијата кај здрави Wistar-стаорци, со цел да се направи проценка на терапевтскиот потенцијал на подготвените полимерни наночестички.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Селективното насочено делување е стратегија која има огромен потенцијал за надминување на проблемите поврзани со системската токсичност и слабата биорасположливост на антинеопластичните лекови. Ова е особено значајно за лековите со слаба растворливост, висока токсичност, деградација во физиолошка средина, краток полупериод на елиминација и лекови кои се употребуваат во високи дози.

Истражувањата во последните две декади во полето на наномедицината и нанотехнологијата се насочени кон дизајнирање на биоразградливи наносистеми за насочено делување на лекови со различна хемиска структура. Голем дел од овие системи се наменети за енкапсулација на антиканцерогени агенси. Новите нанопартикулирани носачи за оваа група на лекови треба да поседуваат специфични карактеристики кои ќе овозможат лесна администрација и контролирано ослободување на терапевтски дози на местото на делување со што ќе се подобри ефикасноста, а ќе се намалат несаканите ефекти и слабата биорасположливост на лекот во споредба со конвенционалните дозирани форми. Покрај тоа, со модифицирање на површината на наночестичките може да се подобри и нивната стабилност во биолошки услови.

Помеѓу различните типови наночестички, полимерните наночестички се во центар на вниманието поради нивните атрактивни карактеристики, како што се способност за контролирано ослободување, поволни услови за синтеза, само-асоцирање во водени раствори и релативно едноставни постапки за нивно прочистување. Најчесто се изградени од природни или синтетски полимери кои по администрација треба да деградираат до мономери, да се метаболизираат и елиминираат по природен пат. Изборот на полимери со специфични карактеристики (молекулска маса, хидрофобност, застапеност на различни блокови и сл.) ќе зависи од физичко-хемиските карактеристики на активната супстанција, патофизиологијата на болеста, местото на делување и начинот на администрација.

Во последните неколку години се забележува дека бројот на истражувањата кои вклучуваат формулација и карактеризација на полимерни наночестички изградени од блок кополимери е во постојан пораст. Во водена средина кополимерите само-асоцираат формирајќи мицеларни структури изградени од хидрофобно јадро и хидрофилна обвивка. Хидрофобното јадро нуди можност за инкорпорирање на компатибилни хирофобни супстанции по пат на физичка или хемиска интеракција. Хидрофилната обвивка, која најчесто се состои од PEG ланци, може да ја спречи атсорпцијата на опсонин на површината на наночестичките, со што се продолжува времето на нивната циркулација во крвта, се избегнува препознавањето и превземањето на наночестичките од клетките на мононуклеарниот фагоцитен систем (mononuclear phagocyte system, MPS), а со тоа и нивното брзо отстранување од организмот. Особено значајно е тоа што овие системи имаат потенцијал да ја минимизираат токсичноста, да ја подобрат растворливоста на хидрофобните супстанции, но и пермеабилноста низ физиолошките бариери со што се зголемува нивната биорасположливост. Дополнително, на овој начин инкорпорираната активна компонента се заштитува од влијанијата на биолошката средина, со што се намалува можноста за нејзина инактивација и деградација.

И покрај предностите што ги нудат овие наноситеми, само неколку формулации на полимерни наночестички како носачи на лекови со различна хемиска стуктура се наоѓаат во фаза на клинички испитувања. Најголемите предизвици со кои се соочуваат истражувачите при дизајнирање на полимерни наночестички како ефективни наноносачи за одредена активна супстанција се обезбедување на стабилност при разредување во биолошки услови, висока содржина на лек како и контролирано ослободување на лекот на местото на делување. Не изненадува фактот што повеќето наносистеми во фаза на клиничко испитување се базираат на пасивен таргетинг, одбегнувајќи ги дополнителните регулаторни, производни и финансиски предизвици на активниот таргетинг. Само мал број на наноносачи кои се базираат на активен

таргетинг се во фаза на клиничко испитување, и тоа наночестички за насочување на Docetaxel, декорирани со простата-специфичен мембрански антиген (Prostate-Specific Membrane Antigen, PSMA) како лиганд и неколку видови наночестички кои како специфична цел за врзување ги користат трансферинските рецептори. Сепак, останува да се докаже дека активниот таргетинг на наносистемите овозможува голема предност која ги оправдува дополнителните напори.

Повеќето нанопартикулирани формулации со екстремно хидрофобната антиканцерогена компонента SN-38 се наменети за парентерална апликација за да може да се постигне максимална биораположливост, брзо дејство, поголема ефикасност и поволен фармаколошки профил. Дизајнирани се различни видови на наночестички за насочено делување на екстремно хидрофобната антиканцерогена супстанција како што се: магнетни наночестички, нанолипозоми, PEG-илирани наночестички изградени од нано-графен оксид, липидни наночестички изградени од фосфолипиди и PEG, телодендримерни наноносачи, јаглеродни нанотуби коњугирани со антитело. Една од највообичаените стратегии за решавање на проблемот со ниската расвторливост на SN-38 вклучува формулација на пролекови со хемиска модификација на хидрофобната молекула. Вакви примери се коњугатите на SN-38 со: хидрофилна молекула полиетилен гликол (PEG) или олиго-етилен гликол (OEG), катјонски пептиди или аминокиселини, серумски албумин (HSA), транспорнти протеини, поли(хидроксипропил метакриламид) (HPMA), олеинска киселина и витамин Е-сукцинат при што не се губи неговата фармаколошка активност. Како и да е, овој пристап вклучува долготрајни и комплексни процеси на подготовка и се карактеризира со низок принос. Иако најголем број од системите кои доаѓаат до фаза на клинички испитувања се коњугати и коњугирани мицели со хидрофилни полимери или пептиди, сепак кај нив се забележуваат ниски концентрации на активната супстанција на местото на делување, кои делумно се должат на проблемите со ослободувањето кое се одвива само при специфични услови потребни за хидролиза. Дополнително, количината на активна компонента која може да се врзе за коњугатите е ограничена со бројот на места за конјугација на полимерот, а исто така повеќето коњугати не се способни за активно насочување и контролирано ослободување на лекот. Други коњугати кои се влезени во фаза на клинички испитувања се конјугатите на SN-38 со различни антитела. Еден ваков пример е пролекот IMMU-130, каде што SN-38 е конјугиран со антителото labetuzumab (hMN14). Во ваков случај, успешното насочување на антиканцерогениот агенс до местото на делување ќе зависи од воспоставената хемиска врска помеѓу лекот и антителото и селективноста на антителото кон туморното ткиво. Овие фактори директно ќе влијаат врз начинот и брзината на ослободување на лекот, начинот на премин низ клеточната мембрана, како и ефикасноста, токсичноста и безбедноста на конјугатите како системи за насочено делување.

Друг пристап за формулација на наносистеми за насочување на хидрофобната активна супстанција е нејзино инкорпорирање во полимерни структури по пат на физичка енкапсулација или хемиско врзување.

Формулација на стабилен нанопартикулиран терапевтски систем за специфично насочување кон цврсти тумори, со соодветна големина на честички и висока содржина на SN-38 во јадрото, кој ќе обезбеди контролирано ослободување на местото на делување, сè уште претставува огромен предизвик за истражувачите. Оттука произлегува и целта на истражувањето кое се фокусира на дизајнирање, карактеризација и оптимизација на полимерни наночестички изградени од три блок кополимери наменети за насочено делување на SN-38, со потенцијал за употреба при третман на цврсти тумори.

Краток опис на применетите методи

Во делот за методологија, кандидатката има наведено соодветни методи за подготовка и карактеризација на полимерните наночестички, и тоа:

- дизајн на експерименти и оптимизација на добиените наночестички во однос на нивната големина, содржина на лек и ефикасност на енкапсулација со воспоставување на D-оптимален дизајн на експетиментите и статистичка анализа на добиените податоци со помош на соодветен софтвер;
- подготовка на наночестичките со употреба на метод на нанопреципитација;
- физичко-хемиска карактеризација

- определување на големина и дистрибуција по големина на наночестичките со употреба на техниката на динамичко расејување на светлина (DLS)
- одредување на зета-потенцијал со употреба на техниката на динамичко расејување на светлина во електрично поле
- определување на ефикасност на енкапсулација/содржина на лек инкорпориран во полимерните наночестички со помош на течна хроматографија со високи перформанси (HPLC)
- морфолошка анализа на наночестичките со помош на трансмисионен електронски микроскоп (TEM);

- анализа на интеракциите на наночестичките со протеини
  - квантитативна анлиза на атсорпција на говедски серум албумин (BSA) на површината на наночестичките, со помош на Bradford есеј за протеини
  - анализа на структурата на BSA атсорбиран на површината на наночестичките со помош на Фурие-трансформирачка инфрацрвена спектроскопија (FTIR)
  - квалитативна и семи-квантитативна карактеризација на протеинската корона на површината на наночестичките со помош на гел електрофореза со употреба на полиакриламиден гел и натриум додецил сулфат (SDS-PAGE);
- *ин витро* испитувања на клеточни култури
  - испитување на инхибиција на раст на клеточни култури со употреба на MTT-тест
  - испитување на степен на клеточна интернализација на флуоресцентно маркирани наночестички со помош на проточна цитометрија
  - проценка на *ин витро* ефикасност на наночестичите преку следење на експресијата на четири различни гени UBD, RGCC, FGF3 и HIST со помош на техниката на квантитативна полимераза верижна реакција (qPCR) на SW-480 клеточни линии во медиум за клеточни култури со и без серум;
- *ин виво* карактеризација
  - компаративни *ин виво* студии на биодистрибуција (кај здрави Wistar стаорци) на двете оптимални формулации радиомаркирани со ^{99m}Tc како радионуклид и натриум дитионат како средство за редукција.

<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>

Студијата опфаќа дизајн, подготовка и оптимизација, како и сеопфатна карактеризација на PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO наночестички како носачи за SN-38 од аспект на големина на честички, индекс на полидисперзност, зета-потенцијал, содржина на лек, ефикасност на енкапсулација, морфолошки особини, интеракција со протеини, биокомпатибилност, клеточна интернализација, време на престој во системска циркулација и биодистрибуција.

Резултатите покажуваат дека со додавање на поголема количина вода за време на подготовката се спречува предвремено ослободување на лекот во фаза на оцврснување на наночестичките, со што се обезбедуваат услови за постигнување на висока ефикасност на енкапсулација.

Две оптимални формулации, со големина на честички погодна за пасивен таргетинг и висока содржина на лек, се генерирани при процесот на оптимизација во дизајн просторот на оптимални концентрации на кополимерот, лекот и сурфактантот. Формулацијата подготвена од кополимерот со пониска молекулска маса, означена како NP-LMw, се карактеризира со помал дијаметар и пониска содржина на лек во споредба со формулацијата подготвена од кополимерот со повисока молекулска маса NP-HMw и тоа: 55 nm наспрема 75 nm и 3% наспрема 6%. Овие резултати може да се должат на различната молекулска маса на PLGA блоковите, како и различниот однос на хидрофобни/хидрофилни блокови во двата PLGA-PEG-PLGA кополимери. Дополнително, се забележува дека, со додавање на поголема количина на амфифил во водената фаза во текот на подготовката се намалува дијаметарот на наночестичките, додека содржината на лекот се зголемува при оптимални концентрации на лек и кополимер, најверојатно поради подобрување на растворливоста на лекот и синхронизација на процесите на нуклеација на активната компонента и агрегација на полимерот. Морфолошката анализа потврдува дека двете формулации имаат дефинирана сферична форма и релативно мазна површина.

Формулацијата NP-LMw покажува релативно понизок афинитет за врзување со говедски серум албумин (BSA) во споредба со NP-HMw, главно поради разликите во густината и должината на PEO-синцирите од кои е изградена хидрофилната корона на наночестичките. FTIR-анализата потврдува дека при интеракција на BSA со површината на наночестичките доаѓа до промена на секундарната структура на албуминот атсорбиран на NP-LMw, со што се менува однесувањето на наночестичките во *ин виво* услови. Динамичката природа на протеинската корона е потврдена кај двата типа на полимерни наночестички. Иницијално, освен албумин, два други протеини со молекулска маса од 55KDa и 50KDa се атсорбираат на површината на наночестичките во релативно висок процент. Сепак, во подоцнежните временски точки (1h и 4h) различни профили на врзување се забележани за секој тип на наночестички, како резултат на континуираната асоцијација и дисоцијација на различни протеинсни молекули во текот на времето.

При студиите за испитување на колоидна стабилност не се забележуваат значајни промени на особините на двете формулации во ниту еден од биорелевантните медиуми, со што се потврдува нивната стабилност. MTT тестот покажува незначителна инхибиција на раст на клетките по инкубација со NP-HMw и NP-LMw во дадениот концентрациски ранг при различни услови на изведување на експериментот со што се докажува нивната биокомпатибилност. Резултатите од испитувањето на клеточна интернализација во медиум без FBS покажуваат дека степенот на интернализација за NP-HMw и NP-LMw е различен, што може да се должи на различните физичко-хемиски карактеристики на двете формулации (големина на честички, молекулска маса (Mw) на кополимерот, карактеристиките на површината). Дополнително, добиените резултати укажуваат на фактот дека серумските протеини и протеинската корона која се формира на површината на наночестичките, најверојатно имаат значајно влијание врз интеракциите помеѓу наночестичките и клеточните мембрани. При анализа на генската експресија, кај двете формулации се забележува зголемена експресија на UBD и RGCC и намалена експресија на гените FGF3 и HIST, што одговара со фармаколошката активност на SN-38 кај споменатите клеточни култури. Слични резултати за нагорна и надолна регулација на генска експресија се добиваат за NP-HMw и NP-LMw. Исто така, може да се забележи различно влијание на SN-38 кога тој се администрира во слободна форма и кога е инкорпориран во наночестички.

Плазматските профили на радиомаркирани наночестички укажуваат на значителни разлики помеѓу двете испитувани формулации во однос на времето на циркулација во крвта. Се гледа дека формулацијата со похидрофобна површина (NP-HMw) е подложна на брзо препознавање од MPS, па затоа нејзиниот престој во системската циркулација е краток, најверојатно поради слабата стерна хидрофилна бариера. Од друга страна, се забележува дека NP-LMw со погоден PLGA/PEG однос, се задржува во системската циркулација во тек на подолг временски период. Разликите во биодистрибуцијата можат дополнително да се видат и на снимките направени со помош на компјутеризирана томографија со емисија на слободен фотон (SPECT/CT) по интравенска администрација на радиомаркираните формулации. Притоа, може да се забележи дека NP-HMw брзо се акумулира во црниот дроб каде што останува до крај на експерименталниот период, додека формулацијата NP-LMw 1 час по инјектирањето може да се детектира во големите крвни садови, а за 24 часа се дистрибуира доминантно во црниот дроб, најверојатно поради подоцно препознавање и преземање од MPS.

Генерално, добиените резултати покажуваат дека испитуваните наносистеми нудат можност за успешно пасивно таргетирање на тумори и дека со понатамошна модификација на нивните особини може да се постигне специфично насочување кон цврсти тумори и на тој начин да се зголеми нивниот терапевтски потенцијал.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Симона Димчевска, со наслов „PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори“, претставува истражување во областа на научното подрачје фармација, потесна област фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија. Изработката на оваа докторска дисертација ќе има значаен научен придонес во полето на нанотехнологијата и наномедицината како две значајни истражувачки гранки со голем потенцијал за успешна формулација и развој на ефикасни

терапевтски системи за третман на канцер. Изнесените резултати може да помогнат попрецизно да се предвиди судбината на полимерните наночестички по интравенска администрација, како и да се обезбеди рационален дизајн заснован на корелацијата помеѓу физичко-хемиските карактеристики на наночестичките и нивното однесување во биолошка средина.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Симона Димчевска, со наслов „PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори“, според мислењето на Комисијата за оценa, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор или коавтор) следниве трудови кои опфаќаат резултати добиени при истражувањата во дадената област, во склоп на неколку научноистражувачки проекти:

Оригинални трудови

[3]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Rozafa Koliqi, Nadica Matevska-Geskovska, Vanessa Gomez Vallejo, Boguslaw Szczupak, Eneko San Sebastian, Jordi Llop, Delyan R. Hristov, Marco P. Monopoli, Gjorgji Petruševski, Sonja Ugarkovic, Aleksandar Dimovski and Katerina Goracinova. Efficacy assessment of self-assembled PLGA-PEG-PLGA nanoparticles: correlation of nano-bio interface interactions, biodistribution, internalization and gene expression studies, *International journal of pharmaceutics*. (submitted) [2015 импакт фактор: 3.994]

[4]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Gjorgji Petruševski, Marina Chacorovska, Riste Popeski-Dimovski, Sonja Ugarkovic and Katerina Goracinova. SN-38 loading capacity of hydrophobic polymer blend nanoparticles: formulation, optimization and efficacy evaluation, *Drug Development and Industrial Pharmacy,* 2017, 47(3):502-510. [2015 импакт фактор: 2.429]

[5]. Rozafa Koliqi, **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Gjorgji Petruševski, Marina Chacorovska, Biljana Pejova, Delyan R. Hristov, Sonja Ugarkovic and Katerina Goracinova. PEO-PPO-PEO/Poly(DL-lactide-co-caprolactone) nanoparticles as carriers for SN-38: Design, optimization and nano-bio interface interactions, *Current Drug Delivery*, 2016, 13(3):339-352. [2015 импакт фактор: 1.446]

[6]. Beti Djurdjic , **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Marija Petrusevska, Valeria Gancheva, Georgi Georgiev, Petar Petrov and Katerina Goracinova. Synthesis and self-assembly of amphiphilic poly(acrylicacid)–poly(ε-caprolactone)–poly(acrylicacid) block copolymer as novel carrier for 7-ethyl-10-hydroxy camptothecin, *Journal of Biomaterials Application*, 2015, 29(6):867-881. [2015 импакт фактор: 2.26]

[7]. Nikola Geskovski, Sonja Kuzmanovska, Maja Simonoska Crcarevska, Sema Calis, **Simona Dimchevska** and Katerina Goracinova. Comparative biodistribution studies of 99mTc radiolabeled amphiphilic nanoparticles using three different redusing agents during the labeling procedure, *Journal od Labelled Compounds and Pharmaceuticals*, 2013, 56(14):689-695. [2015 импакт фактор: 1.4]

[8]. Maja Simonoska Crcarevska, Nikola Geskovski, Sema Calis, **Simona Dimcevska**, Sonja Georgievska, Gjorgji Petruševski, Marina Kajdzanoska, Sonja Ungarkovic and Katerina Goracinova. Definition of formulation design space, in vitro bioactivity and in vivo biodistribution for hydrophilic drug loaded PLGA/PEO-PPO-PEO nanoparticles using OFAT expiriments, *European Journal for Pharmaceutical sciences*, 2013, 49(1):65-80. [2015 импакт фактор: 3.773]

Усни презентации на меѓународни конференции

[1]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski*, Rozafa Koliqi, Nadica Matevska-Geskovska,Vanessa Gomez Vallejo, Boguslaw Szczupak, Mikel Errasti Lopez, Eneko San Sebastian, Jordi Llop, Delyan R. Hristov, Marco P. Monopoli, Aleksandar Dimovski and Katerina Goracinova. Efficacy assessment of self-assambled PLGA-PEG-PLGA nanoparticles: correlation of nano-bio interface interactions, biodistribution, internalization and gene expression studies, 11th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology, September 22-24, 2016, Belgrade, Serbia.

[2]. Nikola Geskovski, **Simona Dimchevska** and Katerina Goracinova*. Evaluation of nano-bio interface interactions for different types of polimeric nanoparticles, Characterisation of Nanopaterials and Nanomedicine International Workshop, November 23-25, 2015, Ispra, Italy.

[3]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Rozafa Koliqi, Petar Petrov and Katerina Goracinova*. Polymeric nanocarriers for targeted delivery of SN-38, 11th International Symposium on Pharmaceutical Sciences - ISOPS, June 9-12, 2015, Ankara, Turkey.

[4]. Nikola Geskovski, Sonja Kuzmanovska, **Simona Dimchevska**, Maja Simonoska Crcarevska, Sema Calis, Marija Petrusevska and Katerina Goracinova*, Biodistribution studies: An essential part of development and optimization studies for targeted drug delivery systems, International Workshop on NanoBioscience, November 24-26, 2014, Ispra, Italy.

[5]. Beti Djurdjic, **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Marija Petrusevska, Valeria Gancheva, Georgi Georgiev, Petar Petrov and Katerina Goracinova*, Self-assembly strategy for preparation of core-shell nanoparticles as anticancer drug carriers, 17th International Pharmaceutical Technology Symposium "Pharmaceutical nanotechnology: Innovations, therapeutic possibilities, technological chalenges", August 08-10, 2014, Antalya, Turkey.

[6]. Beti Djurdjic, Petar Petrov, Valeria Gancheva, Georgi Georgiev, Nikola Geskovski, **Simona Dimcevska** and Katerina Goracinova*. Self-assembling PAA13-PCL35-PAA13 tri-block copolymer micelles as carrier for SN-38, Nanobiotechnology International Workshop, December 3-5, 2013, Ispra, Italy.

Кратки соопштенија

[1]. **Simona Dimchevska**, Rozafa Koliqi, Nikola Geskovski and Katerina Goracinova. Protein corona evolution on polymer nanoparticles for targeted drug delivery, *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 2016, 62 (suppl):403-404.

[2]. Nikola Geskovski, **Simona Dimchevska**, Rozafa Koliqi, Gjorgji Petruševski, Marina Chacorovska, Sonja Ugarkovic and Katerina Goracinova. A spectroscopic insight into the albumin structure on the nano-bio interface, *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 2016, 62 (suppl):367-368.

[3]. Maja Simonoska Crcarevska, Nikola Geskovski, Marija Glavas Dodov, Sema Calis, **Simona Dimcevska** and Katerina Goracinova. Strategies for improvement of the EPR effect of PLGA amphipilic nanoparticles, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 2011, 57 (Suppl): 306-309.

[4]. Maja Simonoska Crcarevska, Nikola Geskovski, Marija Glavas Dodov, Sema Calis, **Simona Dimcevska** and Katerina Goracinova. Physico-chemical properties of PLGA amphipilic nanoparticles and solid tumor targeting, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 2011, 57 (Suppl): 238-240.

Постер-презентации

[1]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Rozafa Koliqi, Vanessa Gomez Vallejo, Bpguslaw Szczupak, Delyan R. Hristov, Mikel Errasti Lopez, Eneko San Sebastian, Marco P. Monopoli, Jordi

Llop and Katerina Goracinova. Nano-bio interface interactions of PLGA-PEG-PLGA self assembled nanoparticles for targeted drug delivery, 4th Nano Today Conference, December 6-10, 2015, Dubai.

[2]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Delyan R. Hristov, Marco Monopoli and Katerina Goracinova. Towards development of safe and effective nanoparticulate drug delivery systems: formulation design and evaluation of bio-nano interactions, QualityNano Conference and Training Workshop, July 15-17, 2015, Heraklion, Crete, Greece.

[3]. Nikola Geskovski, **Simona Dimchevska**, Vanessa Gomez Vallejo, Boguslaw Szczupak, Mikel Errasti Lopez, Eneko San Sebastian, Jordi Llop and Katerina Goracinova. Direct radiolabeling, radiochemical evaluation and in vivo biodistribution studies of polymeric nanoparticles, QualityNano Conference and Training Workshop, July 15-17, 2015, Heraklion, Crete, Greece.

[4]. **Simona Dimchevska**, Nikola Geskovski, Rozafa Koliqi and Katerina Goracinova. PLGA-PEG-PLGA self-assembled block copolymer: promising drug carrier for hydrophobic active substance, 3rd International Congress On Nano Science and Nano Technology (ICNT 2015), July 2-3, 2015, Istanbul, Turkey.

[5]. Rozafa Koliqi, Nikola Geskovski, **Simona Dimchevska** and Katerina Goracinova. PLA-PCL copolymer nanoparticles loaded with 7-ethyl-10-hydroxycamptothecin for passive solid tumor targeting, 3rd International Congress On Nano Science and Nano Technology (ICNT 2015), July 2-3, 2015, Istanbul, Turkey.

[6]. **Simona Dimchevska**, Beti Djurdjic, Nikola Geskovski, Valerya Gancheva, Georgi Georgiev, Petar Petrov and Katerina Goracinova. PLS modeling of burst release and drug dissolution rate for SN-38 loaded PAA13-PCL35-PAA13 micelles, 3rd Congress of Pharmacists of Bosnia and Hercegovina with International Participation, May 15-17, 2015, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina.

[7]. Georgi L. Georgiev, Petar Petrov, **Simona Dimchevska** and Katerina Goracinova. Synthesis of PAAc-PCL-PAAc copolymers with potential application as drug delivery systems, Precision Polymer Materials (P2M) 2nd Networking Meeting, August 25-28, 2013, Ghent, Belgium.

[8]. Georgi L. Georgiev, Petar Petrov, **Simona Dimchevska** and Katerina Goracinova. Anticancer drug delivery systems based on PAAc-PCL-PAAc micelles, European Polymer Congress – EPF 2013, June 16-21, 2013, Pisa, Italy.

[9]. Nikola Geskovski, Maja Simonoska Crcarevska, Sema Calis, Imran Vural, **Simona Dimcevska** and Katerina Goracinova. In vitro growth-inhibition of Caco2 cells by PLGA:Poloxamer blend nanoparticles loaded with irinotecan HCl, (2012) Polymers 2012, XVII National symposium open to international participation, 31 May – 2 June, 2012, Ribaritsa, Bulgaria.

Учество во научноистражувачки проекти

[1]. Evaluation of internalization pathway, intracellular localization, genotoxic and immunotoxic effects of polymeric nanoparticles for targeted drug delivery, NFFA•EUROPE project platform, Funded from the EU's H2020 framework programme for research and innovation under grant agreement n. 654360 from 1/9/2015 to 31/8/2019.

[2]. Formulation, design and optimization of polymeric nanoparticles as therapeutic systems for controlled and targeted drug delivery in the treatment of solid tumors, Funded by Ministry of education and of the Republic of Macedonia and Ministry of education and science of Montenegro, 2016-2017.

[3]. *In vitro* evaluation of safety and therapeutic potential of polymeric nanoparticulated systems in different cell lines, Support from the QualityNano Project http://www.qualitynano.eu/ which is

financed by European Community Research Infrastructure Action under the FP7 "Capacities" Program, 2015.

[4]. Fluorescent labelling and characterization of polymeric nanoparticulated systems, Support from the QualityNano Project http://www.qualitynano.eu/ which is financed by European Community Research Infrastructure Action under the FP7 "Capacities" Program, 2015.

[5]. Direct radiolabeling, radiochemical evaluation and *in vivo* biodistribution studies of polymeric nanoparticles, Support from the QualityNano Project http://www.qualitynano.eu/ which is financed by European Community Research Infrastructure Action under the FP7 "Capacities" Program, 2015.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката. Преку оптимизација на подготовката на полимерни наночестички, изградени од PLGA-PEG-PLGA кополимери и нивна детална карактеризација, се објаснува влијанието на особините на полимерите, формулациските фактори и физичко-хемиските карактеристики на добиените наночестички врз нивниот капацитет за енкапсулирање на хидрофобна активна компонента, клеточна интернализација, нивната биодистрибуција, како и можноста за ефективно насочување на лекот кон туморно ткиво. Резултатите од истражувањето даваат потврда за поврзаноста на физичко-хемиските особини на наночестичките и нивното *in vivo* однесување. Податоците од испитувањата се од голема важност за проценка на потенцијалот на ABA-кополимерите за ефективно насочување на хидрофобни активни компоненти до цврсти тумори.

Подрачје на примена и ограничувања. Иако во последните 25 години е постигнат значаен напредок во полето на нанотехнологијата и наномедицината, досегашните стратегии за насочување на антиканцерогените лекови до цврсти тумори сè уште имаат свои ограничувања. Голем предизвик е да се идентификуваат сите значајни формулациски и процесни фактори при подготовка на нанопартикулираните системи кои имаат значајно влијание врз карактеристиките и перформансите на овие наноносачи дизајнирани за насочување на лекови до местото на делување. Одреден број на вакви нано-лекови се веќе во клиничка примена, но, сепак, механизмите според кои се постигнува подобрена ефикасност и намалени несакани ефекти, како и факторите кои влијаат врз биоактивноста и токсичноста на овие системи сè уште не се доволно проучени и познати. Овие проблеми од специфичен интерес се во екот на истражувањата.

Можни понатамошни истражувања. Добиените резултати ќе помогнат во одредување на правецот на понатамошните испитувања во насока на подобрување на карактеристиките на наносистемите дизајнирани за пасивно насочување на хидрофобни лековити супстанции кон туморно ткиво. Исто така, добиените податоци ќе бидат од корист при проценка на можноста за понатамошно функционализирање на добиените наноносачи со специфичен лиганд, сè со цел да се добијат полимерни наночестички за ефикасно и насочено делување при третман на цврсти тумори. Дополнително, во склоп на тековните проекти ќе се испита и начинот на интернализација низ клеточните мембрани, интраклеточната локализација на наночестичките, како и нивната генотоксичност и имунотоксичност.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Симона Димчевска** со наслов „PLGA-PEG-PLGA/PEO-PPO-PEO самоасоцирачки наночестички како системи за насочено делување на 7-етил-10-хидрокси-камптотецин во терапија на цврсти тумори“**.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Александар Димовски, претседател, с.р.

Проф. д-р Катерина Горачинова, ментор, с.р.

Проф. д-р Кристина Младеновска, член, с.р.

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, член, с.р.

Проф. д-р Светлана Ибриќ, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ *VESTIBULUM LATINITATIS GRAMMATICA* ОД АВТОРКИТЕ: ВЕСНА ДИМОВА-ЈАЊАТОВА И СВЕТЛАНА КОЧОВСКА-СТЕВОВИЌ

ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ		ОПИС
1.	НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО	VESTIBULUM LATINITATIS Grammatica
2.	НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА	Латински јазик (продолжителен курс)
3.	НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА	Класична филологија со антички студии/византологија Латински јазик и античка книжевност (задолжителен модул) со: македонски јазик / француски јазични студии / француски книжевно-културолошки студии (изборни модули)
4.	ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ВЕЖБИ И ЕКТС- КРЕДИТИ	3+3 (6 кредити)
5.	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ)	Весна Димовска-Јањатова Светлана Кочовска-Стевовиќ
6.	ВРЕМЕ И АКТ НА ИЗБОР НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ[1]	Одлука на ННС од 1.2.2017
7.	ДАЛИ Е ПРВО ИЗДАНИЕ ИЛИ НЕ (член 23 УКИМ, до или над 25%)	Прво издание
8.	ДОКОЛКУ НЕ Е ПРВО ИЗДАНИЕ, ВО КОЛКАВА МЕРА СЕ РАЗЛИКУВА?	/
9.	ОПШТИ ПОДАТОЦИ (број на страници, прилози, заглавја или делови итн.)	113 страници 10 поглавја/заглавиа

ИЗВЕШТАЈ[2]		
1.	КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА	Учебникот во десет лекции ги опфаќа следниве содржини од дескриптивната граматика на латинскиот јазик: инфинитив, безлични глаголи, непотполни глаголи, времиња од партиципска основа во индикатив и во конјунктив, неправилни глаголи, акузатив со инфинитив, номинатив со инфинитив, супин, акузатив за цел, герунд, герундив, перифрастична конјугација активна и пасивна, апсолутен аблатив, синтакса на аблатив, генитив, датив. Граматичките содржини се придружени со оригинален латински текст, извадоци од Кикерон и Каесар.
2.	ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА	Да
3.	ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО	Учебникот со едноставен јазик, јасно и концизно ги презентира граматичките содржини. Применет е простап што евообичаен за ваков тип на учебници, но во исто време и оригинален, со кој на студентот му се овозможува постепено и интерактивно совладување на содржините од јазикот. Граматичките содржини се прикажани и табеларно, а се придружени и со соодветни примери.
4.	КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО	Учебник
5.	ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ	Учебникот е прво издание од ваков карактер на македонски јазик и во секоја смисла објавувањето на овој труд е оправдано и неопходно.

[2] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

6.	ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ	/

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Елена Цукеска с.р.

ИЗВЕШТАЈ[3]		
	КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА	Авторките го поделиле учебникот во десет комплексни лекции. Во рамките на тие лекции се содржат следниве делови од дескриптивната граматика на латинскиот јазик: инфинитив, безлични глаголи,непотполни глаголи, времиња од пртициписка основа во индикатив и во коњуктив, неправилни глаголи, акузатив со инфинитив, номинатив со инфинитив, супин акузатив за цел, герунд, герундив, перифрастична конјугација активна и пасивна, апсолутен аблатив, синтакса на аблатив, генитив, датив. Граматичките содржини се придружени со оригинален латински текст-извадоци од Кикерон и Каесар.
2.	ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА	Предложениот учебник е во целост усогласен со предвидената предметна програма.
3.	ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО	Авторките користат едноставен јазик, со јасно и прецизно прикажување на опфатените граматички содржини. Граматичките единици опфатени во секоја од десетте лекции се распоредени така за да може студентите што го користат учебникот постепено да ги совладуваат предвидените содржини, придружени со табели и со соодветни примери
4.	КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО	Универзитетски учебник:
5.	ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ	Учебникот е прво универзитетско издание со ваков пристап кон содржините на македонски јазик, што ќе претставува големо олеснување за студентите а материјалот ќе им биде и интересен, според начинот на организираноста и интерактивниот пристап применет во него. Неговото печатење е нужно и неопходно за

[3] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

		студентите што го изучуваат латинскиот јазик.
6.	ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ	/

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. дпр Маргарита
Бузалкова-Алексова с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕФЕКТИТЕ ОД (НЕ)ЗАВРШЕНАТА ЗАДАЧА НА ПОСТКОНФЛИКТНОТО ГРАДЕЊЕ НА МИРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: РАЗОРУЖУВАЊЕ, ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНИТЕ БОРЦИ ОД КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА“ ОД М-Р ОЛИВЕР СТАНОЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна XXXI седница одржана на 19.XII.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески со наслов „Ефектите од (не)завршената задача на постконфликтното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година“, во состав: проф. д-р Билјана Ванковска (ментор), проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Оливер Бакрески и проф. д-р Ванчо Кенков.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет има чест да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески, со наслов „Ефектите од (не)завршената задача на постконфликтното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година“, содржи 279 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12. Во трудот има 353 фусноти, 155 библиографски 132 единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во 4 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Дисертацијата содржи 13 табели и 95 графикони, кои ги презентираат наодите од емпирискиот дел на истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени основните постулати на истражувачкиот проблем, детерминирани се предметот и целите на истражувањето, и претставени се методолошката и хипотетичката рамка на истражувањето. Воведниот дел јасно го истакнува значењето на процесот на разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци (РДР) во контекст на постконфликтното градење на мирот. Кандидатот со право се обидува да ги детерминира РДР- елементите во постконфликтното македонско општество како битен сегмент на целокупната стратегија за постконфликтно градење на мирот, односно преку теориски и емпириски видувања да го покаже нивното влијание во однос на крајниот епилог во напорите за постигнување на одржлив мир.

Првата глава од докторската дисертација, П*роцес на разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци*, ја изложува проблемско-теориската рамка на истражувањето. Во овој дел се дава еден глобален поглед на самиот процес, притоа навлегувајќи во генезата на концептот на РДР. Овој дел во еден сегмент се задржува на поимното определување, улогата и историјатот на самиот концепт како постконфликтна алатка за градење на мирот. Исто така, во овој дел се дава сеопфатен поглед на процесот од различни теориски перспективи, притоа елаборирајќи го еволуциониот, т.н. генерациски след на РДР, и претставувајќи ја поврзаноста со реформите во безбеднсониот сектор и транзиционата правда. На крајот се прави критички осврт на досегашните теориски елаборации и нивните импликации за практичната примена на концептот од различните меѓународни актери.

Втората глава има наслов *Компаративно согледување*. Со примена на соодветна методологија, м-р Станоески прави компаративна анализа на практичната примена на РДР во три држави. Причините за изборот на примената на РДР во Босна и Херцеговина и на Косово се евидентни, не само поради географската блискост, туку особено поради припаѓањето на поранешниот единствен политички контекст и конфликтна динамика на просторот на поранешна Југославија. Примерот на Сиера Леоне се анализира поради богатото емпириско искуство и големата инволвираност на меѓународните актери во имплементацијата на РДР. Откако секој случај е анализиран одделно, кандидатот направил елаборација на карактеристиките и успесите, односно слабостите, на примената на РДР-процесите во овие земји, а со цел да се истакнат меѓусебните разлики. Со тоа не само што се воспоставува компаративна основа низ која понатаму се анализира случајот на Република Македонија, туку и се укажува на важноста на контекстот, на тоа како спецификите на една земја, внатрешните конфликти и постапките на инволвираните чинители влијаат на крајниот резултат во рамки на постконфликтното градење на мирот.

Третата глава, *„Детектирање на РДР- елементите во постконфликтна Македонија“*, дава детален опис на поновата историја на Република Македонија, со акцент на случувањата кои беа директни индикатори за конфликтот во 2001 година. Направен е обид за демистификација, односно деконструкција на доминантните толкувања за карактерот на конфликтот од 2001та, а со посебен акцент на РДР виден низ призма на секој од овие наративи. Почетната премиса на м-р Станоески е дека сè уште не постои официјално или широко прифатено видување кое објаснува што точно се случи во 2001 година. Оттука, контекстот и неговото сфаќање имаат импликации и врз процесот на РДР. Исто така, во овој дел се прави елаборација на Охридскиот Рамковен договор низ призма на РДР, поточно се посочува каква е улогата на договорот во насока на постконфликтното градење на мирот и дали во истиот се препознаваат елементи на РДР. Клучниот сегмент во оваа глава е детектирањето на РДР- елементите и нивното одделно елаборирање. Во делот на разоружувањето, акцентот е ставен на проблемот со нелегалното оружје, како и активностите за демилитаризација, поточно акциите “Суштинска жетва“, “Амнестија за оружјето“ и “Акција на МВР“. Во делот на демобилизацијата се елаборира распуштањето на Ослободителната национална армија (ОНА), процесот на амнестија и расформирањето на специјалната полициска единица “Лавови“. Делот на реинтеграцијата е најсодржаен и во него фокусот е ставен на законските решенија и предлози кои се во согласност со одредени реинтеграивни мерки, потоа тука е трансформацијата на ОНА во политички субјект, како и обидите за решавање на статусот на борците на ОНА.

Четвртата глава е посветена на самостојното истражување кое го извел кандидатот. Главата *„Емпириско истражување“* е составена од 2 дела. Истражувачката стратегија за емпирискиот дел од дисертацијата е составен од полуструктурирано интервју и телефонска анкета. Преку *полуструктурирано интервју,* кандидатот успеал да обезбеди размислувања на 14 испитаници кои биле/се директно или индиректно поврзани со конфликтот, и/или имаат напредно познавање во однос на таа проблематика. Структурата на интервјуираните се состои од: учесници во конфликтот (двете страни), политичари, професори, аналитичари и НВО активисти. Интервјуто е составено од седум прашања, кои се класифицирани во три сегменти, односно две во контекст на разоружувањето, две во контекст на демобилизацијата и три во контекст на реинтеграцијата на поранешните борци. *Телефонска анкета – испитување на јавното мислење*, обезбедува размислувања на 302 испитаници од помалку или повеќе засегнатите региони од конфликтот во 2001 година (скопски, тетовски, кумановски, прилепски и битолски). Испитаниците одговорија на 14 прашања кои се однесуваат на секој од РДР- елементите.

Заклучните согледувања претставуваат сублимат од квалитативното и квантитативното истражување кои овозможуваат тестирање на хипотетичката рамка. Во постконфликтниот период во Република Македонија се детектирани сите три елементи на РДР и тие се детално елаборирани. Во однос на разоружувањето, кандидатот смета дека сите активности преземени во оваа насока се во доменот на симболиката, поточно ефектите од истите се речиси незабележителни. Поранешните борци (од двете страни) се примарната таргет-група на РДР процесот, а активностите преземени во однос на разоружувањето не овозможуваат конкретни услови за да се утврди дали овие лица се навистина разоружени. Во поглед на ОНА, не постојат јавни податоци во однос на тоа кои/колку лица биле разоружени со „Суштинска жетва“, ниту, пак, постојат какви било податоци во однос на статусот/бројот на лицата кои “под сомнителни околности“ биле вооружени во спротивниот табор, сегмент кој би послужил за концизна анализа од аспект на РДР. М-р Станоески смета дека е парадоксално да се говори за успех на активностите за разоружување ако се има предвид следното: компарацијата на бројките на собраното оружје и најверојатната прогноза за бројот на нелегално оружје во државата; стапката на вооружено насилство и криминал; култот кон оружјето; и сл.. Генералниот заклучок во однос на постконфликтното разоружување во Република Македонија како РДР- елемент е дека тој е неефективен и неефикасен во однос на пропишаните цели, недоволно убедлив во јавноста и стерилен во однос на постигнатите резултати. Во однос на демобилизацијата, кандидатот смета дека тоа е најмалку експонираниот елемент на РДР, кој се карактеризира со нетранспарентност во делот на ОНА, и непрофесионалност и политичка инволвираност во делот на безбедносните сили. Појавата на вооружени групации по конфликтот кои во многу нешта имаа доста заедничко со структурите на ОНА, укажува на дискутабилноста во однос на овој процес. Генералниот заклучок во однос на демобилизацијата како РДР- елемент во Република Македонија е дека самиот чин како таков не беше доволно сериозно сфатен кај припадниците на ОНА и истиот беше изведен без транспарентност.

Што се однесува до безбедносните сили, демобилизацијата беше непрофесионално и ненавремено спроведена. Во однос на реинтеграцијата, кандидатот смета дека она што е детектирано, е спроведено во едно подобро издание, меѓутоа сепак постојат пропусти/нејасности кои го засенуваат крајниот исход. Во делот на ОНА, нелогично е како политичката интеграција се случи толку брзо, а реинтеграцијата “барем

онаа видливата“ каде се засегнати “обичните припадници на ОНА“ не успеа да се реализира и после декада и половин од завршувањето на конфликтот. Во делот на безбедносните сили најголемите забелешки се во делот на обештетувањето. Генералниот заклучок во однос на реинтеграцијата на поранешните борци (двете страни) како РДР- елемент во постконфликтна Република Македонија е, дека тој е имплементиран до одредена мера селективно, карактеризирајќи се со нетранспарентност и инволвираност на политичките елити. М-р Станоески посочува дека конфликтот во 2001 година беше резултат на одредени политички аспирации тој беше прекинат со политички договор, политизацијата беше чест декор на постконфликтните активности, вклучувајќи го и РДР, оттаму, политичката волја е основната алатка за моделирање на околностите кои произлегоа од истиот. Во таа насока истакнува неколку мерки кои би ги ублажиле последиците од несоодветното имплементирање на РДР, и тоа: изработка на државен акционен план за демилитаризирање, и иницирање на регионална иницијатива од сличен карактер; ригорозни казнени регулативи; и условено реинтегрирање на ризични категории на граѓани.

Предмет на истражување

Со концептуализацијата на постконфликтната безбедност и постконфликтното градење на мирот во 80-90-тите години од минатиот век, паралелно се развива сет на мерки кои во фокусот на интерес ги имаат поранешните борци и лицата кои се во блиска корелација со нив, односно биле директни/индиректни учесници во конфликтот. Овој сет на мерки е наречен процес на разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци (РДР). Ова е комплексен процес кој вклучува политички, воени, безбедносни, хуманитарни и социо-економски димензии, и истиот има за цел да се справи со постконфликтните безбедносни проблеми што се создаваат во моментот кога поранешните борци се соочуваат со егзистенционални проблеми, незгрижени, и без соодветна поддршка во критичниот период на транзиција од војна во мир. Предметот на истражување е РДР -процесот во Република Македонија. Истиот не претставува ниту се третира како дел од некаква прифатена правна рамка, па затоа елементите/компонентите на РДР се детектираат и елаборираат врз основа на практичните искуства кои неформално укажуваат на, поголемо или помало, присуство на РДР- процесот во постконфликтното градење на мирот по 2001 година.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Станува збор за проблематика, односно теориски концепт и практика, која е релативна новина и во меѓународни рамки. Научните истражувања во ова подрачје, кое е дел на истражувањето на мирот и конфликтните, посебно во делот на постконфликтното градење на мирот, се оскудни и дефицитарни како од научно-истражувачки аспект, така и од аспект на институционалните решенија или државниот третман. Очигледно дека овие околности од една страна претставуваат дополнителен товар за научните работници, но од друга страна претставуваат особен поттик и мотивација за научни достигнувања во кои се работи на глобален план, а кои отсуствуваат во македонската научна заедница, па и во македонското општество. Според изнесеното, м-р Станоески успешно го совладал овој предизвик преку теориско и емпириско осмислување и претставување на зацртаните цели. Оваа докторска дисертација не само што е

издржана, туку и пополнува една значајна научна потреба со што ја збогатува научната мисла во неколку комплементарни научни дисциплини.

Краток опис на применетите методи

Во текот на истражувањето се применети повеќе методи, односно реализиран е комбиниран методолошки пристап кој што овозможи поставената хипотеза да се испита во целост. Првенствено е применет методот на концептуална анализа, односно анализирање и критичко преиспитување на централните поими на истражувањето. Понатаму, е применет компаративниот метод, особено во анализата на димензиите и специфичните страни на досега познатите примери на РДР, како и на параметрите за нивната институционална устроеност, функционалните механизми и општествената поддршка за нивна имплементација. Во третманот на примарните извори се применува методот на анализа на содржина преку анализа на најрелевантните официјални меѓународни и национални документи кои што се однесуваат на РДР и нејзините компоненти. Покрај анализата на примарните извори - нормативните акти, стратегии, извештаи и други официјални документи, како и релевантни говори, обраќања и изјави на официјални лица, истражувањето користи и широк дијапазон на секундарни извори, како други досега спроведени истражувања, релевантни книги и статии.

Во рамките на емпирискиот дела на истражувањето, користени се полуструктурирано интервју и телефонска анкета. Добиените одговори се обработени со наменски софтвер, IBM SPSS. Претставувањето и анализата на податоците и истражувачките резултати се првенствено текстуални, проследени со табеларни и графички прикази.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Дисертацијата овозможува длабока теориска елаборација на еден сложен концепт како што е РДР, со сите негови предности и слабости кога е ставен во контекст и во рамките на постконфликтното градење на мирот. На ова се надоврзува компаративната анализа на три конкретни случаи на примена на РДР и резултатите, односно ефектите врз општата нормализација во периодот по завршување на оружениот конфликт. Најважните резултати од ова истражување се изложени во вид на емпириски резултати од две одделни истражувања кои се фокусирани на разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата на борците од завојуваните страни во примерот на Република Македонија. Согласно одговорите на интервјуто коишто се однесуваат на делот на разоружување, се констатира дека во Република Македонија сè уште има големи количества на нелегално оружје и во насока на решавање на овој проблем се посочува дека треба да се спроведат нови активности за разоружување. Добиените резултати од телефонската анкета јасно посочуваат дека во Република Македонија спроведени се неуспешни активности во насока на разоружување на населението после конфликтот во 2001 година, а причините за таквиот исход може да се анализираат од повеќе аспекти, но во овој дел би се задржале исклучиво на оние кои се дијагностицирани во однос на конфигурацијата на прашањата. Прв индикатор е високиот процент на одговори кои сметаат дека во Република Македонија сè уште постои големо количество на оружје останато од конфликтот, втор индикатор е малата информираност на граѓаните во однос

на спроведените активности за разоружување, трет индикатор е високиот процент на одговори кои сметаат дека неопходни се нови поконкретни активности за демилитаризација на општеството, воедно додавајќи дека проблемот со нелегалното оружје е сериозна закана за безбедноста на граѓаните, и последниот индикатор кој може да се толкува од повеќе аспекти е поделеноста на етничка основа (Македонец/Албанец) во однос на поседувањето на оружје, феномен кој дополнително дава комплексност на и онака комплицираната ситуација околу ова прашање.

Во делот на интервјуто кој се однесува на демобилизацијата доаѓа до израз спротивставеноста на ставовите на етничка основа, едната страна има негодувања кои се однесуваат на делот на демобилизација на ОНА, а спротивно на тоа, другата страна негодува во однос на демобилизирањето на специјалната полициска единица "Лавови". Резултатите од телефонската анкета демонстрираат состојба на конфузност на испитаниците во однос на демобилизирањето на воените структури, односно толкување кое говори за одредена несигурност во однос на спроведувањето на овој процес.

Делот на реинтеграцијата во полуструктуираното интервју овозможува да се сретнат најразлични размислувања, појава која канализира во насока дека она што е досега сработено на ова поле е или недоволно добро реализирано и/или недоволно транспарентно, како би постоел одреден официјален став во јавноста за ова прашање. Слично како и кај испитаниците во интервјуто, дијаметралните разлики во ставовите на етничка основа се единствениот коментар на прашањата од телефонската анкета каде се тангирани параметри за бранителите и ОНА.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески, со наслов ,,Ефектите од (не)завршената задача на постконфликтното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година", е оригинално научно истражување во областа на мирот и конфликтите, особено во делот на постконфликтното градење на мирот и транзициската правда. Научната цел на ова истражување е постигната преку научната анализа на теорискиот и практичниот модел промовиран од меѓународните организации кои го користат како алатка за нормализација во постконфликтните општества, деталната анализа на елементите на РДР концептот во Република Македонија, како и со научно предвидување на идните можности за сеопфатно и целосно затворање на ова прашање, по подолго од петнаесет години по завршувањето на оружената фаза од конфликтот од 2001 година. При тоа кандидатот успеал да ги антиципираа можните текови во поглед на конфликтната динамика, како и влијанието на незадоволителното затворање на овој проблем врз мирот и стабилноста, како и демократската консолидација на земјата. Практичната цел е остварена преку изложување на солидни аргументи кои упатуваат на потребата од довршување на започнатата задача на РДР, имајќи ги предвид успесите и пропустите сторени во други општества во слична ситуација.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески, со наслов „Ефектите од (не)завршената задача на постконфликтното градење на мирот во Република Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година", според мислењето на Комисијата за оценка, ги исполнува сите услови и стандарди за солиден докторски труд. Тој претставува оригинално истражување кое применува сложен методолошки

инструментариум и доаѓа до нови сознанија од областа на истражувањето на мирот и конфликтите, транзициската правда и реформата на безбедносниот сектор. Добиените резултати од оваа докторска дисертација претставуваат недвосмислен придонес во научна, но и во практична смисла.

Заклучок и предлог

Главниот научен придонес на докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески се состои во детекција не само на проблемите, туку и можните решенија во поглед на детерминираните проблеми во подрачјето на РДР во Република Македонија, докажани низ систематично и сестрано истражување на нормативната, правната и општествената положба и оценка, туку уште повеќе во антиципацијата на дополнителните проблеми за севкупниот политички систем и мирот и безбедноста на граѓаните. До овие сознанија е дојдено со употребата на соодветна научна методологија во истражувањето на едно мошне комплексно и деликатно прашање, особено во делот на поврзување на добиените резултати од емпириското истражување со теориското и квалитативното истражување. Имајќи ги во предвид специфичностите на проблемот и предметот на истражување, кандидатот успеал да изнесе аргументиран и научно заснован заклучок од голема полза и за науката, но и за практиката. Со употреба на соодветни методи и техники на прибирање и обработка на податоци, како и со нивна систематска анализа и интеграција, кандидатот изложува сознанија коишто меѓусебно се надополнуваат и резултираат во комплексна слика за предметот на истражување, неговото значење и начините на негово надминување, што дава посебен квалитет на избраната тема. Во текот на изработката и оценувањето на докторската дисертација, на кандидатот му беа дадени сугестии за одредено подобрување и појаснување на одредени делови на трудот, кои тој ги прифати. За други аспекти, членовите на Комисијата го задржуваат правото да поразговараат со кандидатот попродлабочено за време на јавната одбрана.

Подрачјето на примена на сознанијата е сосема конкретно иако реализацијата на понудените решенија не зависат само од научната аргументација, туку и од политичката волја како и од многу други општествени, политички, социјални и економски фактори. Резултатите од дисертацијата, презентирани во разбирлив облик и за пошироката јавност, можат да послужат како основа во процесот за делиберација во експертските дебати и за тие од граѓанското општество и активистите за човекови права во врска со натамошното постконфликтно градење на мирот. Резултатите од истражувањата, во научни и/или практични цели, можат да ги користат бројни институции во јавната сфера.

Можните понатамошни истражувања се наметнуваат токму од заклучокот на оваа докторска дисертација која детектира слабости во поглед на досегашното справување со проблемот на разоружување и реинтегрирање на бившите борци во цивилниот живот, и предлага воведување на решенија кои би ја гарантирале социјалната сигурност на оваа група демократската перспектива врз основа на темелите на транзициската правда и градење на позитивен мир.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Оливер Станоески со наслов Ефектите од (не)завршената задача на постконфликтното градење на мирот во Република

Македонија: разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци од конфликтот во 2001 година .

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марина Митревска, претседател с.р.

Проф. д-р Билјана Ванковска, ментор с.р.

Проф. д-р Лидија Георгиева, член с.р.

Проф. д-р Оливер Бакрески, член с.р.

Проф. д-р Ванчо Кенков, член с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ЗАКАНИ НА ВИСОКОТЕХНОЛОЛОШКИОТ КРИМИНАЛ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ** ПОДНЕСЕНА ОД М-Р МАРИЈА ЃОШЕВА**,** ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОВСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 32. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот Факултет во Скопје, одржана на 1. 2.2017 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов „Новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност," поднесена од м-р Марија Ѓошева.

Благодарни за укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „Новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност" преставува научен труд од областа на безбедноста. Во оваа докторска дисертација, м-р Марија Ѓошева се користи со методолошките пристапи на проучување на безбедносните проблеми и теориите својствени за проучување на безбедносните науки. Така, м-р Марија Ѓошева во својот труд презентира обемен, амбициозен и прв значаен научен труд од оваа област во нашата држава.

Во ерата на високата технологија, како што многумина го сметаат почетокот на 21 век, нејзината примена најде место во нашите животи со сите нејзини позитивни и негативни придобивки, толку брзо што високата технологија стана тема на денешницата, а не нешто што ќе ни го донесе иднината. Во оваа докторска дисертација е направен пристап на влијанието на високотехнолошкиот криминал врз безбедноста и проценките на заканите што ги носи тој, сите негови видови и облици, при што ќе бидеме во можност да ги утврдиме и мерките кои на најсоодветен начин ќе допридонесат во директната заштита на безбедносната

состојба, а самото тоа ќе допридонесе во градење на еден ефикасен систем на заштита на националната безбедност.

Докторската дисертација, конципирана внимателно и прегледно, содржи 339 страници. Трудот има конзистентна структура која од него прави логична целина. За нејзина изработка се консултирани 124 библиографски единици, 11 документи и 45 материјали од интернет. Аргументацијата е поткрепена со 182 фусноти. Оваа Докторска дисертација е систематизирана во вкупно четири глави, сместени помеѓу воведен дел, методолошка рамка и заклучок. Истражени се најзначајните видови на високотехнолошкиот криминал, новите и идните предизвици на високотехнолошкиот криминал и нивното влијание врз националната безбедност. Анализирано е неговото појавување и развој, како и неговите најчести појавни облици. Исто така, објаснета е поврзаноста на високотехнолошкиот криминал и организираниот криминал. Истовремено, направена е и споредба на високотехнолошкиот криминал во другите држави, начинот на нивната поставеност, функционирање и надлежности. Анализирани се методите за препознавање и спречување на високотехнолошкиот криминал на национално, регионално и на меѓународно ниво.

Главните делови на докторската дисертација во која м-р Марија Ѓошева го изложува истражувањето се: 1. дефинирање на поимот национална безбедност, и облиците и изворите на загрозување на националната безбедност; 2. Високотехнолошкиот криминал – закана по националната безбедност; 3. Високотехнолошки криминал – поим и видови, Историскиот осврт на високотехнолошкиот криминал, Високотехнолошкиот криминал во однос на класичните видови на криминал, детектирање на Високотехнолошкиот криминал како современа и сериозна закана по националната безбедност, Високотехнолошкиот криминал и организираниот криминал, Модели на заштита од високотехнолошкиот криминал, Стратегии во борбата против Високотехнолошкиот криминал, Законската рамка на Високотехнолошкиот Криминал, Меѓународни конвенции и договори, Споредбено право, Институционализирање на борбата против Високотехнолошкиот криминал и Влијание на Високотехнолошкиот криминал врз политичките, економските и социјални аспекти на современото општество 4. Високотехнолошкиот криминал како механизам за војување.

Во воведниот дел на докторската дисертација е објаснет развојот на информационата технологија и нејзиното влијание на врз зголемувањето на облиците на кривични дела од областа на високотехнолошкиот криминал.

Притоа објаснета е Методолошката рамка (формулирање на проблемот, хипотетичка рамка, цели и задачи на истражувањето, досегашните истражувања, предмет на истражување и методи и техники на истражување.)

При формулирањето на проблемот на истражувањето во оваа докторска дисертација кандидатката се фокусира на високотехнолошкиот криминал, неговите облици, видови и нови предизвици и нивното влијание врз националната безбедност.

Во овој дел, м-р Марија Ѓошева укажува дека порастот на кривични дела од областа на високотехнолошкиот криминал, посебно се однесува на облици на кривични дела со елементи на прекуграничен организиран и транснационален криминал. Во многу држави од светот кои имаат развиено информациона структура која по својата природа е многу ранлива на вакви видови на напад, високотехнолошкиот криминал е означен како еден од најштетните. М-р Марија Ѓошева укажува дека научната и стручната јавност веќе започнува да ја препознава опасноста која прети од високотехнолошкиот криминал и затоа вложува огромни средства за негова превенција.

Во продолжение на дисертацијата, м-р Марија Ѓошева кажува дека денес економски развиените земји постојано вложуваат огромни средства во правец на сузбивање на високотехнолошкиот криминал и нагласува дека една работа мора да биде неспорна, а тоа е дека без создавање на безбедно компјутерско опкружување, нема да има ефикасни резултати, ниту пак ќе биде возможно да се оствари ефикасна соработка помеѓу земјите во регионот.

Целта на ова истражување е да се согледаат новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност на современите држави, како транснационален организиран криминал кој може да се објасни како феномен што го загрозува идентитетот на една држава, и стана сериозна безбедносна закана, повеќе од кога и да било досега. Високотехнолошкиот криминал особено е злоупотребен од терористичките групи, глобалните информатички мрежи станаа многу ефикасно средство во рацете на

терористите, овозможувајќи им нови начини на дејствување, за кои порано не можеле ниту да замислат.

Основна цел на ова истражување е да се објаснат безбедносните закани и предизвици на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност, последиците од нив, влијанието врз нормалното функционирање во секојдневието, пред се′ поради тоа што високотехнолошкиот криминал се разликува од класичниот криминал во секој поглед, истиот секогаш го извршуваат организирани криминални групи составени од членови од целиот свет, чија соработка рапидно се зголемува и секогаш е инкорпорирано уште некое кривично дело од класичниот криминал.

Научна цел на ова истражување е да се даде научен опис, научна рамка за описот на новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност, научно објаснување дека феноменот на високотехнолошкиот криминал постои долго време и нема ни да исчезне, претстои негов значаен развој. Научната цел даде објаснување дека се′ уште ја немаме видено најголемата величина на високотехнолошкиот криминал, и ги даде начините за спречување бидејќи земјите мораат да бидат запознаени со проблемот и да ги сфатат импликациите за нивниот социјален и економски развој.

М-р Марија Ѓошева со *Практичната цел* на ова истражување ни дава можност да ја согледаме фактичката состојба, влијанието на брзиот развиток на технологијата, нејзината потреба во секој аспект на животот, како и дека сите активности се поврзани со информатичката технологија, што само по себе говори за зависноста од компјутерот, исто така, дава објаснување дека високотехнолошкиот криминал претставува закана како за државата, така и за граѓаните, **и ја потенцира потребата од меѓународна полициска и правна соработка, нивно координирање и користење на меѓународна правна помош со цел размена на доказите, се′ во функција на спречување на високотехнолошкиот криминал**.

Централна хипотеза на докторската дисертација е дека новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал претставуваат реална, сериозна, брзо растечка закана за националната безбедност на современите држави. Оттука, кохерентниот пристап, соодветната реакција, поврзувањето и координацијата на

напорите на државите на национално и меѓународно ниво во негово спречување, придонесуваат и овозможуваат поволни услови за сузбивање на предизвиците и заканите на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност.

Како посебни хипотези во докторската дисертација, м-р Марија Ѓошева ги наведува: 1. високотехнолошкиот криминал е специфичен по цела серија свои обележја и како транснационален организиран криминал кој непрестано се развива, создава нови предизвици и закани врз националната безбедност на современите држави; 2. делата кои потекнуваат од високотехнолошкиот криминал е тешко да се перципираат, истражуваат и процесуираат, и со тоа се откриваат најважните недостатоци на „традиционалното“ кривично право, со што се создава атмосфера граѓаните да се чувствуваат незаштитени, несигурни во моќта на државата да ги заштити, а со тоа и губење доверба во системот и самата држава; 3. за успешно спречување на високотехнолошкиот криминал потребна е одлична соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, односно помеѓу судството, полициските служби и интернет провајдерите, телекомуникациските институции, мобилните оператори, пред се′ поради обезбедување на клучните докази; 4. координираните активност и соработка на државите и нивните институции, посебно безбедносните, размената на информации помеѓу стручните лица за борба против високотехнолошкиот криминал и формирањето база на податоци водат кон успешна борба против предизвиците и заканите на високотехнолошкиот криминал; 5. за националната безбедност до неодамна се сметало дека е најважна воената компонента, денес научно-техничката револуција доведе до формирање на информациско општество во кое информацијата е главен фактор во управување со светот, и високотехнолошкиот криминал постана меѓународен феномен и најсериозна закана за безбедноста; 6. глобализацијата на општеството овозможена од современите начини на комуникација преку интернет (социјални мрежи) и потенцијалната опасност од нивното користење врз личната, националната и глобалната безбедност; 7. електронското тргување овозможено со користење на електронски банкарски сметки и опасноста од крадење на лични и доверливи информации и нивна импликација врз економскиот систем и стабилност, а со тоа и врз националната безбедност; 8. користењето на интернет просторот како поле за заработување на нелегално стекнати, како и користење на интернетот за прикривање на потеклото на нелегално стекнати пари (перење на пари), со цел

нивна употреба при финансирање на терористички организации или современо наречено „интернет-тероризам“ и неговото директно влијание врз националната безбедност 9. лесната достапност до информациите на интернет поради ранливоста на компјутерските системи, од една страна, и употребата на компјутерските системи за складирање, обработка и размена на доверливи информации, му дава нови димензии на поимот „шпиунажа“, правејќи го моќна алатка во рацете на современите контраразузнавачки агенции, дефинирајќи притоа сосема нов поим наречен „сајбер- шпиунажа“.

Ова истражување, поаѓајќи од неговата цел има претежно *експликативен карактер*, поради тоа што е насочено да го детерминира високотехнолошкиот криминал како најнова закана врз националната безбедност, и поради тоа што ќе се заложува кон хармонизирање на веќе донесените теориски, сознанија и генерализираните искуства од современите држави.

Ова истражување има и *апликативна цел* од аспект на самиот стратешки проблем на оваа проблематика, а дава и можност да се согледаат проблемите и да се осознае она што е потребно во иднина да се направи со цел да се одговори на современите тенденции.

Дескриптивен карактер – со самото истражување се дава јасна слика за негативното влијание на високотехнолошкиот криминал, неговите предизвици и закани врз националната безбедност и недоволната безбедност на самите граѓани и недовербата во информатичката технологија, како и мерките кои се преземаат за нивното сузбивање..

Во првата глава најпрво се дефинира поимот „национална безбедност“, и облиците и изворите на загрозување на Националната безбедност. Листата на доминатни облици и извори на загрозување на националната безбедност се менуваат во текот на историјата, и зависат од многу фактори, од кои најистакнати се технологијата и политиката. Продлабочувањето на старите и појавата на нови облици и извори на загрозување се шират на внатрешни и меѓународни односи кои се изразени во разликите, во зависност од економскиот, политичкиот и културниот развој на одделни земји и региони. Како доминантен извор на загрозување на националната безбедност во изминатиот период важеше нуклеарното оружје, но денес луѓето оваа закана ја ставаат во заднина, и се′

повеќе стравуваат од тероризмот, миграцијата, граѓанските војни и климатските промени, и благодарение на брзиот развој на технологијата се појавуваат и извори на загрозување кои доаѓаат од информациската технологија.

Втората глава која е именувана како „Високотехнолошкиот криминал – закана по националната безбедност на современите држави“ ги содржи општите фундаменти на високотехнолошкиот криминал, и за полесно да се сфати влијанието на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност, се дефинира и поимот на **информациона безбедност.** Под Информациона безбедност се подразбира заштита на информациите и информациските системи од неовластен пристап, искористување, откривање, прекин, модификација, проучување, испитување, снимање или уништување.

Во дисертацијата, м-р Марија Ѓошева информационата безбедност ја гледа како еден од виталните национални интереси. Затоа го објаснуба поимот информациона безбедност кој честопати погрешно се поистоветува со компјутерска безбедност со која несомнено има допирни точки. Областите меѓусебно се поврзани и споделуваат заеднички цели кои се насочени кон заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на информациите, меѓутоа меѓу нив постојат значајни разлики. Разликите се најочигледни во пристапот на одреден предмет, методот кој се користи и областите на кои се сконцентрирани.

Во третата глава, која е и најголема во докторската дисертација, м-р Марија Ѓошева ги опфаќа поимите и видовите на високотехнолошкиот криминал, историскиот осврт на високотехнолошкиот криминал, високотехнолошкиот криминал во однос на класичните видови на криминал, детектирање на високотехнолошкиот криминал како современа и сериозна закана по националната безбедност, високотехнолошкиот криминал и организираниот криминал, Модели на заштита од високотехнолошкиот криминал, стратегии во борбата против високотехнолошкиот криминал, законската рамка на Високотехнолошкиот криминал, меѓународни конвенции и договори, споредбено право, институционализирање на борбата против високотехнолошкиот криминал и влијание на високотехнолошкиот криминал врз политичките, економските и социјалните аспекти на современото општество.

М-р Марија Ѓошева ги утврдува појавните облици и начини на извршување на кривичните дела од областа на високотехнолошкиот криминал и начинот на кој тие влијаат на националната безбедност.

Во продолжение ја објаснува поврзаноста на организираниот криминал и високотехнолошкиот криминал, односно дека високотехнолошкиот криминал им нуди можност на организираните криминални групи да вршат криминални активности во безбедни компјутерски мрежи, а со самото тоа да бидат невидливи за безбедносните служби, и како високотехнолошкиот криминал станува извор на приходи за организираните криминални групи. Потенцира дека меѓународните организирани криминални групи ја користат информационата технологија како поддршка за нивните криминални активности. Таа им овозможува непречено и побезбедно да ги извршуваат кривичните дела, без оглед на државните граници. М-р Марија Ѓошева нагласува дека анонимноста на високотехнолошкиот криминал го прави идеален канал и инструмент за многу активности на организираниот криминал. Тајноста е клучен дел од стратегијата на организираниот криминал, а високата технологија нуди одлични можности за негово одржување.

Понатаму, м-р Ѓошева објаснува дека улогата на државата во заштитата од високотехнолошкиот криминал е клучна. Таа се спроведува преку донесување на Стратегии. Скоро сите развиени земји имаат донесено своја Стратегија за Компјутерски Криминал, а РМакедонија е на добар пат за донесување на својата стратегија, како и насочување на своите цели и мерки спрема глобалните. Во контекст на ова е потребата да се следи патот кон Европската унија, кој мора да биде усогласен со Европските трендови.

Стратегијата за компјутерска безбедност на Европската унија е усвоена во 2013 година, и претставува сеопфатен акт кој Европската Унија го сочинила за оваа област. Во самиот документ, во повеќе наврати се истакнува дека основната вредност на која се темели Европската унија мора да се почитува и во компјутерскиот простор. Конвенцијата за Високотехнолошки криминал е усвоена на 8.11.2001 година, а потпишана истата година во Будимпешта на 23.11.2001 година, а Р Македонија донесе Закон за ратификација на Конвенцијата за Компјутерски Криминал кој стапи на сила 2.7.2004 година. Оваа Конвенција спаѓа во кругот на таканаречена рамковни конвенции, нејзините одредби не се директно применливи, така што секоја држава треба да ги имплементира во

своето законодаство. Една од причините за нејзиното донесување е уверувањето дека ефикасната борба против компјутерскиот криминал бара зголемена, брза, функционална соработка од кривичен аспект, и тоа мора да го имаат предвид земјите од нашиот регион доколку сакаат да имаат резултат и успех во борбата против компјутерскиот криминал. Дополнителниот протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистички вид по пат на информатички систем е донесен од страна на Советот на Европа на 28.1.2003 година. Република Македонија донесе посебен Закон за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за Компјутерски Криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистички вид по пат на информатички систем кој стапи на сила 13.7.2005 година.

Водејќи се од актуелната Конвенција на Советот на Европа за компјутерски криминал, сообразени се законодавствата како на членките на ЕУ, така и на земјите кандидати, па така и Р Македонија ја усогласи законската регулатива со Европската.

Како што веќе споменавме, високотехнолошкиот криминал ги опфаќа сите облици и форми на криминални поведенија поврзани со злоупотреба на компјутерот и информатичките системи воопшто, па како такви, односно општествено опасни, противправни однесувања, со намера на сторителот за себе или за друг да прибави некаква корист (имотна или неимотна) или на друг да му предизвика штета, законодавецот соодветно ги инкриминира и пропишува како кривични дела со соодветни кривични санкции. М-р Марија Ѓошева кажува дека во Кривичниот Закон на Р.Македонија како кривични дела од областа на компјутерскиот криминал се предвидени следниве кривични дела: Прикажување на порнографски материјал на малолетник Член 193; Производство и дистрибуција на детска порнографија Член 193-а; Правење и внесување на компјутерски вируси Член 251-а; Компјутерска измама Член 251-б; Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување Член 271; Издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка Член 274; Изработка и употреба на лажна платежна картичка Член 274-б; Компјутерски фалсификат Член 379-а; Злоупотреба на лични податоци Член 149; Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем Член251, по кој се посатпува.

Во докторската дисертација, м-р Марија Ѓошева ги наведува сите институции кои учествуваат во борбата на високотехнолошкиот криминал, како и нивната улога, а тоа се: Министерството за внатрешни работи, Основно Јавно Обвинителство, Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а Меѓународната Соработка се остварува преку (Интерпол, Европол и Селек- националната канцеларија), како и Министерството за Правда во случаи кога се покренува меѓународна правна помош.

Понатаму, во дисертацијата, м-р Марија Ѓошева го објаснува политичкото, економското и социјалното влиајние на високотехнолошкиот криминал врз општеството.

Во последната четврта глава м-р Марија Ѓошева го претставува високотехнолошкиот криминал како механизам за војување, односно се зборува за едни од најголемите закани на високотехнолошкиот криминал кои претставуваат реална, сериозна, брзо растечка закана за националната безбедност, а тоа се **компјутерската војна и компјутерскиот тероризам**, и новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал и нивното влијание врз националната безбедност.

Се потенцира дека за националната безбедност до неодамна се сметало дека најважна е воената компонента, денес научно-техничката револуција доведе до формирање на информациско општество во кое информацијата е главен фактор во управување со светот. М-р Марија Ѓошева укажува дека интернетот и современата технологија донесоа многу погодности за современиот човек но нажалост и за терористите. Трета голема закана после хемиско-биолошко и нуклеарно оружје е компјутерскиот тероризам. Се работи за посебен облик на напад врз компјутерските мрежи и врз базите на податоци со намера за примена на сила или закана кон Владата на една држава за нејзино подредување на определена политика или донесување определени одлуки, користењето на интернет просторот како поле за заработување на нелегално стекнати пари како и користење на интернетот за прикривање на потеклото на нелегално стекнати пари (перење на пари), со цел нивна употреба при финансирање на терористички организации или современо наречено „компјутерски тероризам“.

Исто така, акцент е ставен и на компјутерската војна, која војна е реална, и се води. Компјутерската војна се спроведува со напади со кои може да се исклучат официјални веб-сајтови и мрежи, да се нарушат или оневозможат основните услуги, да се украдат или да се изменат класифицирани податоци, и да се оневозможи финансискиот систем - меѓу многу други можности. Компјутерската војна означува употреба на компјутер, интернет и други средства за чување или ширење на информации за спроведување на напад на непријателски информатички центри помеѓу средствата за информатичка технологија.

Во продолжение на докторската дисертација, м-р Марија Ѓошева како еден од најбитните сегменти ги опишува и електронските докази. Со овие нови начини на извршување кривични дела и нови видови на кривични дела кои се извршуваат преку електронските уреди, единствен доказ во овие случаи се електронските докази, и тие се релевантни. Последните примери укажуваат дека во најголем број на истраги, клучните или курцијални докази за истрагите се наоѓаат во електронска форма. Самото тоа зборува дека во иднина сите докази ќе бидат во електронска форма. Традиционалните докази мигрираат од хартија кон виртуелна средина и нивните процеси се менуваат во однос на традиционалните докази. Во изминатите години, електронските докази покажаа дека имаат важна улога и се клучни докази во повеќето случаи.

Исто така, м-р Марија Ѓошева потенцира дека еден од главните методи за безбедност е енкрипцијата на податоците, која е објаснета во дисертацијата. Така, што само лицето кое го има вистинскиот клуч или код може да дешифрира и да даде смисол на податоците. Постојат многу форми на енкрипција, обично работи со преземање на оригинални информации и нивно конвертирање во нечитлива форма. Криптографските техники претставуваат техники за заштита на безбедноста на интернет- комуникациите каде што спаѓа кодирањето, кое уште е наречено енкрипција. Енкрипцијата е процес на трансформирање или енкриптирање на податоците на начин кој што е тежок, скап или одзема многу време за неавторизирано лице да го декриптира.

На крајот од трудот се презентирани заклучните согледувања за влијанието на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност,

неговите видови и облици, како и заканите кои доаѓаат од него, како и перцепции за идни подобрувања.

Високотехнолошкиот криминал, дефиниран како злоупотреба на компјутерските системи и мрежи за остварување криминални цели, се надвиснува како тешка закана над современото општество, и државите кои се′ уште се во транзиција, во мера во која рапидно се зголемува бројот на субјектите што се вклучени или може да пристапат кон таквите системи и мрежи. М-р Марија Ѓошева укажува дека во РМакедонија, е истражуван од мал дел од научната заедница, но тоа е недоволно за овој најсовремен вид на криминал кој постојано е во нагорна линија со молскавична брзина. Не се направени доволно анализи за новите предизвици и закани од овој вид на криминал, и како тие ќе делуваат на националната безбедност на современите држави. Не се истражени начините на соработка помеѓу земјите во регионот, сосема е јасно дека битката е однапред изгубена ако и превенцијата и системот на казнената правда и примената на законот не се модернизираат и не се потпрат врз истите достигнувања на современата информатичка ера, кои се злоупотребуваат за криминални цели. Сето ова доведува до засилена потрага по правна регулатива и креирање на едно ново „информациско казнено право“.

Исто така, м-р Марија Ѓошева потенцира дека во иднина е потребно истражување на заеднички мерки кои ги преземаат меѓународните полициски и правни институции, во спречување на организираниот криминал и новите предизвици и закани на вискотехнолошкиот криминал врз националната безбедност.

Од причини што високотехнолошкиот криминал во иднина се повеќе ќе се усовршува, ќе зголемува и ќе се појавува во сите видови на криминал, според м-р Марија Ѓошева, Високотехнолошкиот криминал е таков вид на криминал, кој честопати ги поминува границите на една држава, на пример, делото е сторено во една држава, сторителот е од друга држава, а настанатата штета е во трета држава. Оттука, најдобра практика при борбата со високотехнолошкиот криминал е интензивна соработка на меѓународно ниво со полициските служби од другите држави а посебно преку меѓународните институции како Интерпол, Европол и СЕЛЕК- националната канцеларија.

Државите треба да усвојат соодветни мерки за регулирање на истраги на овие кривични дела, да се соберат докази за кривичното дело што е можно

повеќе. Владите треба да усвојат мерки во рамките на своите ресурси. Тоа не значи дека одговорноста за преземање чекори кон намалување на високотехнолошкиот криминал е само на Владата на која било земја, тоа е обврска на меѓународната заедница, националните корпорации и поединци.

Значи, за успешно справување со високотехнолошкиот криминал потребна е прекугранична соработка, еднакво законодавство и координиран истражен процес.

О Ц Е Н К А И П Р Е Д Л О Г

По исцрпната анализа и евалуирање на предложената докторска дисертација со наслов „Новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност“, изработена од м-р Марија Ѓошева, Комисијата е едногласна во оценките дека станува збор за исклучителен пример на сериозен научен труд кој ги задоволува сите критериуми за успешно изработена докторска дисертација. Ова е научен труд кој на систематизиран и обемен начин обработува сложена и специфична материја. Ова истражување ќе има големо научно и општествено значење, бидејќи добиените резултати ќе имаат своја примена во сферата на безбедносните науки за добивање на нови сознанија, од аспект на нудење на нови предлози и решенија со пошироко општествено значење за нивна примена во креирањето на национални стратегии и во надградување на институционалните капацитети како во РМакедонија, така и во современите држави, за поуспешно справување со високотехнолошкиот криминал и сите појави и облици кои доаѓаат од него, а влијаат на националната безбедност.

Комисијата констатира дека докторската дисертација е пишувана јасно, концизно и со едноставен и лесно достапен стил. Секоја глава се фокусира на основните проблеми. Потоа следува јасна експликација и детална анализа на посочените проблеми. Тоа овозможува да се осознаат сите проблемски аспекти на заканите кои доаѓаат од високотехнолошкиот криминал, поставени во сите димензии, што значи дека неговата проблемска анализа е поткрепена со релевантна литература.

Почнувајќи од добро идентификуваниот проблем на истражувањето, преку употребата на адекватната методологија, кандидатот донесува заклучоци кои се вредни и од научна и од практична гледна точка бидејќи упатуваат на јасна проекција дека денес Високотехнолошкиот криминал е посебен по цела серија свои обележја и како транснационален организиран криминал кој непрестано се развива, создава нови предизвици и закани врз националната безбедност.

Имајќи го сето ова во предвид, Комисијата има чест и задоволство да заклучи дека севкупната оценка на поднесената докторска дисертација е позитивна. Затоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов „Новите предизвици и закани на високотехнолошкиот криминал врз националната безбедност“ од м-р Марија Ѓошева, и на тој начин да и′ овозможи на кандидатката да пристапи кон јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија:

Проф. д-р Митко Котовчевски с.р.

Проф .д-р Марина Митревска с.р.

Проф. д-р Тони Милески с.р.

Проф.Д-р Синиша Даскаловски с.р.

Проф.Д-р Томе Батковски с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИСТОРИЈА НА АЛБАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ИСТОРИЈА НА ОПШТАТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Коха* и *Нова Македонија* од 23.1.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: *историја на албанската книжевност* и *историја на општата книжевност*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-188/3 од 20.2.2017 година, донесена на седмата редовна седница одржана на 15.2.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зекирија Незири, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Авзи Мустафа, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Нехас Сопај, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: *историја на албанската книжевност* и *историја на општата книжевност*, во предвидениот рок се пријави проф. д-р Агим Лека.

4. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Агим Лека е роден на 25.1.1963 година во Тетово. Средно образование завршил во Скопје, во 1981 г. Со високо образование се стекнал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во 1986 година. Дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во 1986 година, со просечен успех 9,27.

Кандидатот активно се служи со албанскиот, македонскиот, англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

Во учебната 1991 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршил во 1997 година, со просечен успех 9,21. На 1997 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Наративните фигури во раскажувачкото творештво на Луан Старова*.

Докторска дисертација пријавил во 1998 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Семантиката на албанската драма од Сантори до Флоќи* ја одбранил во 2003 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Луан Старова, проф. д-р Џеват Гега, проф. д-р Авзи Мустафа, проф. д-р Зекирија Незири и проф. д-р Венко Андоновски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област *теорија на книжевноста*.

На 30.5.2012 година е избран во звањето *вонреден професор* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во областа: *историја на албанска книжевност* и *теорија на книжевноста*.

Во моментот е вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1032 од 31.5.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1032 од 31.5.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

5. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, кандидатот д-р Агим Лека изведува 14 часа (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв циклус студии на студиската програма албански јазик и книжевност и на втор циклус студии на научната област наука за книжевноста - албанска книжевност.

Кандидатот бил ментор на три дипломски и на четири специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 21 дипломска и специјалистички, 5 магистерски трудови и на 8 докторски дисертации.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов “Значенскиот состав на романот *Време на козите*, Ватра, Скопје, 2012, “Semantika e dramës shqipe nga Santori deri te Floqi”, Arbëria Design, Tetovë, 2012 (*Семантиката на албанската драма од Сантори до Флоќи,)*, Letërsia e huaj 1, Albas, Tetovë, 2012 (*Светска книжевност* 1).

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Агим Лека има објавено повеќе книги од стручна област, од кои *Значенскиот состав на романот* “Времето на козите“, Ватра, Скопје, *Letërsia e huaj 1* (Светска книжевност 1), Albas, Тетово, *Semantika e dramës shqipe* (nga Santori deri te Floqi) (Семантиката на албанската драма, од Сантори до Флоќи), Arbëria Design, Тетово.

Кандидатот бил ментор на два магистерски и еден докторски труд.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.
Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Агим Лека активно е вклучен во стручно-апликативната работа. Има извршено превод на повеќе дела, и тоа: *Поезија* (I), избор Али Алиу; *Поезија* (II), избор Али Алиу; *Драми*, (избор Шкелзен Халими); *Светот се врти околу круг*, Агим Винца; *Varreza çifute, (Еврејски гробишта)*, (roman) Enes Kariq,

Предавање на тема: *Ligjërimi dhe mësimi i letërsisë në shkolla* (Предавање и изучување на книжевноста во училиштата), организиран од Instituti i trashëgimisë shpirtërore e kulturore të shqiptarëve (Институт за духовно и културно наследство на Албанците), 12 декември 2014.

Лекторирање на книга: *Parandalimi i infeksioneve nosokomiale*, Kastriot Haxhirexha, Ferizat Dika – Haxhirexha, Luma grafik, Tetovë, 2017, 230 страници.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Соединетите Американски Држави.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот: член е на *Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ)*, Скопје, како и член на Одборот

за доделување на државната награда "11 Октомври", именуван од Министерството за култура при Владата на Р Македонија.

Д-р Агим Лека активно е вклучен во работата на бројни комисии на УКИМ, и тоа:

Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на Јубилеен годишен зборник посветен на проф. д-р Ремзи Несими.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.
Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Агим Лека, во учебната 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Агим Лека.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Агим Лека поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето *редовен професор* во наставно-научните области *историја на албанската книжевност* и *историја на општата книжевност*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, д-р Агим Лека да биде избран во звањето *редовен професор* во наставно-научните области: *историја на албанската книжевност* и *историја на општата книжевност*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Зекирија Незири, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Авзи Мустафа, член, с.р.
3. Проф. д-р Нехас Сопај, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Агим Риза Лека**

(име, татково име и презиме)

Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: историја на албанската книжевност; историја на општата книжевност.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување настава од прв циклус студии (на матичната институција)**	
	Албански романтизам2 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2+0), (2012/2013) - зимски семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 1 семестар * 0,04 поени = 2,4 поени	2,4
	Албански реализам 1, Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0) (2012/2013) - летен семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 1 семестар * 0,04 поени = 2,4 поени	2,4
	Албанска книжевност 3 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0), (2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) зимски семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 2,4поени, x 4 семестра = 9,6	9,6

	Албанска книжевност 4 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0), (2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) - летен семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 2,4поени * 4 семестра = 9.6	9,6
	Теорија на албанската книжевност 1, (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) – зимски семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени * 5 семестра = 6,0 поени	6,0
	Теорија на албанската книжевност 2, (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) - летен семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени * 5 семестра = 6,0 поени	6,0
	Преглед на светска книжевност 1 (2+0) (2016/2017) – зимски семестар, Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени, * 1 семестар = 1,2 поени	1,2
	Преглед на светска книжевност 2 (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2015/2016) – летен семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени, * 1 семестар = 1,2 поени	1,2
	Вкупно	**38,4**
2.	**Одржување вежби од прв циклус студии (на матичната институција)**	
	Албански романтизам 2 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2+0), (2012/13, 2013/14) - зимски семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 1 семестар * 0,04 поени = 2,4 поени	2,4
	Албански реализам 1, Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0) (2012/13, 2013/14,) - летен семестар	2,4

	4 часа * 15 недели во семестар * 1 семестар * 0,04 поени = 2,4 поени	
	Албанска книжевност 3 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0), (2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) зимски семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 2,4поени, x 4 семестра = 9,6 поени	1,2
	Албанска книжевност 4 Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (4+0), (2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) - летен семестар 4 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 2,4поени, x 4 семестра = 9,6 поени	1,2
	Теорија на албанската книжевност 1, (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) – зимски семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени * 5 семестра = 6,0 поени	6,0
	Теорија на албанската книжевност 2, (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) - летен семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени * 5 семестра = 6,0 поени	6,0
	Преглед на светска книжевност 1 (2+0) (2016/2017) – зимски семестар, Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени, * 1 семестар = 1,2 поени	1,2
	Преглед на светска книжевност 2 (2+0) Албански јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ (2016/2017) – летен семестар 2 часа * 15 недели во семестар * 0,04 поени = 1,2 поени, * 1 семестар = 1,2 поени	1,2
	Вкупно	**38,4**
3.	**Настава од втор циклус студии**	

	Книжевни теоприи и методи (2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017) Филолошки факултет „Блаже Конески“, 15 часа во семестар (15+0) 15 часа во семестар x 4 семестри x 0,05 = 2.0	2,0
	Вкупно	**2**
4.	**Подготовка на нов предмет**	
	Од 2013: *Теорија на албанската книжевност* (2+0) – изборен предмет, предавања	1
	Од 2016: *Преглед на светска книжевност* (2+0) – изборен предмет, предавања	1
	Од 2013: *Теорија на албанската книжевност* (0+2) – изборен предмет, вежби	0,5
	Од 2016: *Преглед на светска книжевност* (2+0) – изборен предмет, вежби	0,5
	Вкупно	**3**
5.	**Консултации со студенти**	
	Учебна година 2013/2014 Катедра за албански јазик и книжевност (два семестри) Околу 100 студенти x 2 семестра x 0,002 поени = 0,48 поена	0,4
	Учебна година 2014/2015 Катедра за албански јазик и книжевност (два семестри) Околу 100 студенти x 2 семестра x 0,002 поени = 0,48 поена	0,4
	Учебна година 2015/2016 Катедра за албански јазик и книжевност (два семестри) Околу 100 студенти x 2 семестра x 0,002 поени = 0,48 поена	0,4
	Учебна година 2015/2016 Катедра за албански јазик и книжевност (два семестри) Околу 100 студенти x 2 семестра x 0,002 поени = 0,48 поена	0,4
	Вкупно	**1,6**
6.	**Ментор на дипломска работа**	
	Синан Рамука:“Идеотематските и стилски особености на поетската збирка *Баба Томори*“ од Андон Зако Чајупи, одбранета во јуни 2015	0,2

	Газменд Фејзулаху:“Животот и делото на Пашко Васа“, одбранета во мај 2014	0,2
	Адриана Лога: “Животопт и делото на Ндре Мједа“, одбранета во мај 2014	0,2
	Вкупно	**0,6**
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**	
	М-р Алиса Велај, “Катарзата и дискурсот во прозното дело на Митруш Кутели, Ернест Колиќи и Касем Требешина “, одбранета во мај 2014.	0,5
	М-р Ваџит Сејдиу, “Книжевното дело на Дин Мехмети“, одбранета во ноември 2014.	0,5
	М-р Шериф Селими, “Наратолошките инстанции и фокализација на албанскиот расказ во Македонија“, одбранета во февруари 2015.	0,5
	М-р Јехона Рушиди - Реџепи, “Интертекстуалноста во книжевното творештво на Ѓерѓ Фишта, Фаик Коница и Ернест Колиќи“ одбранета во февруари 2015.	0,5
	М-р Фатмире Исаки, “Влијанието на народната традиција во англискиот и албанскиот романтизам, (коментор), изработката е во тек.	0,5
	М-р Мерал Шехаби - Весели, “Аспекти на интертекстуалноста во албанската книжевност на Преродбата“, докторатот е пред одбрана.	0,5
	М-р Лулјета Адили Челику, “Зборообразувањето во поезијата на Наим Фрашери, на Асдрени и на Љасгуш Порадеци“, одбранета во мај 2014	0,5
	М-р Ведат Реџепи, “Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс“, одбранета во јуни 2016	0,5
	Вкупно	**4**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**	
	Хатиџе Реџепи, “Параболата како процедура во книжевното дело на Џабир Ахмети“, изработка во тек	0,3
	Асим Селмани „Сентиментализам и хронотоп во романескното дело на Рамиз Келменди“, одбранета мај 2014.	0,3
	Садије Алити, „Водата како архетипски симбол на современата албанска лирика (Фатос Арапи, Басри Чаприќи, Адем Гајтани, Наташа Љако “, одбранета во јуни 2016.	0,3
	Назан Халими, “Романескните поетики на Сами Фрашери и Намек Кемал“, изработката е во тек	0,3

	Линдита Бислими, “Поетиката на албанскиот романтичарски роман“, изработката е во тек.	0,3
	Вкупно	**1,5**
	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	
	2013-2016: 21 дипломски труда x 0,1	2.1
	Вкупно	**91,6**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Ментор на докторска дисертација**	
	М-р Фатмире Исаки, „Влијанието на народната традиција во англискиот и албанскиот Романтизам: врз примери од дела на Р. Бернз, Ј.Де Рада С.Т. Колериџ, и Н.Фрашери”, (коментор) пријавена докторска дисертација, изработката е во тек.	1,5
2.	**Ментор на магистерска работа**	
	Назан Халими, “Романескните поетики на Сами Фрашери и Намек Кемал“, пријавена магистерска работа, изработката е во тек.	1
	Линдита Бислими, “Поетиката на албанскиот романтичарски роман“, пријавена магистерска работа, изработката е во тек.	1
3.	*Значенскиот состав на романот* “Времето на козите“, Ватра, Скопје, 2012	8
4.	*Letërsia e huaj 1* , Albas, Tetovë, 2012	8
5.	*Semantika e dramës shqipe* (nga Santori deri te Floqi), Arbëria Design, Tetovë, 2012	8
	Вкупно	**27,5**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Превод на книги**	
	Поезија (I), избор Али Алиу, "Ад Вербум", Скопје, 2014, стр. 142	3
	Поезија (II), избор Али Алиу, "Ад Вербум", Скопје, 2014, стр. 136	3
	Драми, (избор Шкелзен Халими), "Ад Вербум", Скопје, 2014, стр. 194	3
	Светот се врти околу круг, Агим Винца, "Ад Вербум", Скопје, 2014, стр. 166	3
	Varreza çifute, (Еврејски гробишта), (roman) Enes Kariq, Shkup, Tiranë, Prishtinë, 2016, стр. 624	3
	Вкупно	**15**
2.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	
	2014. Предавање на тема: *Ligjërimi dhe mësimi i letërsisë në shkolla* (Предавање и изучување на книжевноста во училиштата), организиран од Instituti i trashëgimisë shpirtërore e kulturore të shqiptarëve, (Институт за духовно и културно наследство на Албанците), 12 декември 2014.	0,5
	Вкупно	**0,5**
	Лекторирање на трудови/книга	
	Лекторирање на книга: *Parandalimi i infeksioneve nosokomiale*, Kastriot Haxhirexha, Ferizat Dika – Haxhirexha, Luma grafik, Tetovë, 2017. 230 f.	1
	Вкупно	**1**
3.	**Раководител на внатрешна организациона единица**	
	Од 15 септември 2013 до 15 септември 2016: *раководител* на Катедрата за албански јазик и книжевност.	3
	Вкупно	**3**
4.	**Член на факултетска комисија**	
	1.11.2016.	0,5

	Претседател на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за албански јазик и книжевност, во рамките на Годишниот попис на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. 1 мандатен период	
	21.9.2015. *Член* на Комисијата за спроведување испит по предметот *албанска книжевност 6* 1 мандатен период	0,5
	септември, 2015 Член на Комисијата за спроведување испит по предметот *албанска книжевност 5*, на студиската програма за албански јазик и книжевност	0,5
	Вкупно	**1,5**
5.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
	Од 11 април 2011 до денес: Член (потпретседател) на *Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ)*, **Скопје**.	1
	18 јуни 2014 до 11 октомври 2014: Член на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври“, именуван од Министерството за култура при Влада на Р Македонија.	1
	Вкупно	**2**
	Вкупно	**23**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	91,6
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	27,5
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	23

339

Вкупно	**142,1**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Зекирија Незири, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Авзи Мустафа, член, с.р.

3. Проф. д-р Нрхас Сопај, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК (НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ; РОМАНИСТИКА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата 4. редовна седница одржана на 21.12.2016 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентска комисија во врска со пријавата на Ирена ПАВЛОВСКА за избор во звањето лектор по француски јазик (наставно-научна област; романистика). На конкурсот, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 10.11.2016 г., се јави само горенаведениот кандидат. Врз основа на поднесените материјали предвидени со условите на конкурсот, го доставуваме до Наставно-научниот совет следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Ирена ПАВЛОВСКА е родена на 16.1.1968 година во Скопје. Основно образование завршила во основното училиште „Доситеј Обрадовиќ" кадешто го изучувала францускиот јазик од прво до осмо одделение во експериментална паралелка. Средно образование завршила во гимназијата „Ј. Б. Тито" во Скопје со континуиран одличен успех. За време на школувањето учествувала и на европскиот натпревар на Француската алијанса, како и на олимпијадите по странски јазици.

Во 1986 г., Павловска се запишала на Групата за француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Ирена Павловска дипломирала на 23.10.1990 завршувајќи ги двете насоки: наставната и преведувачката со просечна оценка 8,62 од вкупно 43 положени испити. Просекот од стручните предмети на кандидатот изнесува 9,11.

За време на студирањето, Павловска престојувала неколку пати кај француски семејства со цел подобро да го научи францускиот јазик и да се запознае изворно со францускатa култура и цивилизација.

На 1.10.1991 г., Павловска се вработила како професор по француски јазик во Автосообраќајниот училиштен центар „Боро Петрушевски" во Скопје, кадешто работела до 1998 година. Од 1998 година до денес, Ирена Павловска е вработена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на Катедрата за романски јазици и книжевности, како лектор по француски јазик.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во изминативе четири години (од последниот избор до денес), Ирена Павловска изведувала редовна настава (лекторски вежби) по француски јазик со студенти кои го изучуваат францускиот јазик како прв/ втор странски јазик од прва, втора, трета и четврта година на Катедрата за романски јазици и на Катедрата за преведување и толкување. Освен тоа, Павловска изведувала и настава по преведување од областа на терминологијата поврзана со Европската унија со студенти по француски јазик од трета и четврта година на Катедрата за преведување и толкување.

Покрај редовното ангажирање во подготвување на вежби, консултации, колоквиуми и испити (редовни и комисиски) со студентите од двете катедри, Ирена Павловска била и член на повеќе комисии за одбрана на дипломска работа.

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

На полето на научноистражувачката активност, Ирена Павловска ги има објавено или се во тек на објавување следниве четири трудови:

2016 – „Јазикот низ театарска игра и театарот низ јазична игра“ (од 10-годишното искуство на театарската работилница на француски јазик Les Artcoliques). Зборник на трудови *Македонско-романистички јазични, книжевни и преведувачки релации (2000 - 2015)*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 111 -129.

(коавтор со Снежана Петрова и Севда Лазаревска). *Аудиовизуелните медиуми: пат кон интеркултуралноста*. Меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток – Запад. Свети Николе – Битола, 15-16 април 2016. Свети Николе: Меѓународен славјански универзитет „Г.Р. Державин“.

„Придонесот на студентската театарска група Les Artcoliques за промоција на францускиот јазик во Македонија“. La contribution de la troupe théâtrale estudiantine d'amateurs Les Artcooliques dans la promotion de la langue française en Macédoine". Монографија: *Францускиот јазик во Република Македонија (низ призма на културно - образовната дејност) Le français en République de Macédoine (vu à travers les actions éducatives et culturelles).* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016 (во печат).

"Le même, le semblable et la différent des onomatopées françaises et macédoniennes", Меѓународен симпозиум под наслов LE MÊME, LE SEMBLABLE ET LE DIFFÉRENT AU SEIN DE LA LANGUE, DE LA LITTÉRATURE ET DE LA CULTURE DANS LES PAYS FRANCOPHONES, 4 и 5 ноември 2016, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Освен тоа, Павловска учествувала во еден меѓународен проект и во дисеминација на обуки од два проекта.

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

На планот на стручно-апликативната активност, Ирена Павловска активно членува во Здружението на професори по француски јазик на РМ, каде што е и член на надзорниот одбор, и била вклучена неколку пати како член на комисиите за подготовка и изведување на државните натпревари по француски јазик (*Олимпијади)* за основните и средните училишта во Р Македонија, на други слични натпревари (спелување, квизови), како и член на жирито на натпреварот за Француска шансона и на Фестивалот за средношколски франкофонски театар во Скопје, организирани од страна на Францускиот институт и Амбасадата на Р Франција во Република Македонија.

Во изведувањето на лекторската настава по француски јазик, Ирена Павловска се залагала да применува современи методи и технологии за изучување на францускиот јазик. За таа цел, Павловска континуирано работела врз своето професионално усовршување преку учество на повеќе обуки организирани од високопрофесионални центри за усовршување на наставници по француски јазик, како и преку студиски престои на универзитети во франкофонски земји, летни универзитети и семинари организирани во Р Македонија, во регионот и пошироко:

1. 1993: летен педагошки стаж за наставници по француски јазик (Безансон, Франција).
2. 1999: летен педагошки стаж за наставници по француски јазик (Кан, Франција).
3. 2007: Семинар по дидактика на наставата по француски јазик (CREFECO, Софија, Бугарија).
4. 2008: едномесечен летен педагошки стаж за наставници по француски јазик на Католичкиот универзитет во Лувен-Ла-Нев, Белгија).
5. 2010: Обука по Approche actionnelle (Амбасада на Р. Франција во Скопје).
6. 2011: предавања за методата Глобална симулација (Летен Универзитет, Струга).
7. 2011: Обука за техники на настава по француски јазик за почетници (CREFECO, Брашов, Романија).
8. 2011: учество во регионален проект за креирање педагошки материјал за деца - проект МИНИ.
9. 2012: Креирање на час преку интернет, обука во рамките на проектот МЕПРИД, (партнерство со Универзитетот од Крајова, Романија) Галаци, Романија.
10. 2012: предавање за користење на телевизискиот канал ТВ5 Монд во наставата по француски јазик (Летен универзитет, Струга).
11. 2012: Семинар за развивање на компетенциите за писмено изразување за ниво Б2 (CREFECO, Бугарија).
12. студиски престој во Европскиот колеџ за книжевни преведувачи - Сенеф, Белгија (2013).

Во текот на следењето на овие обуки, семинари и работилници, Павловска се стекнала со нови знаења и ги продлабочила методолошките, дидактичките и педагошките способности потребни за еден добар наставник по француски јазик. Како резултат на тоа, заради подобрување на квалитетот на наставата по француски јазик, Павловска во својата наставничка практика применува најсовремени методи и користи најнови технологии за изучување на францускиот јазик.

Стекнатите знаења од бројните учества на семинари и обуки во земјата и во странство, Ирена Павловска успешно ги применувала и преку организирање и учества на следниве работилници и презентации:

2000: Летен универзитет, Охрид: Современата песна во наставата по француски јазик како странски јазик.

2006: Летен универзитет, Струга : Ателје за креативно читање и пишување.

2012: Дисеминација на обуката „Техники на настава по француски јазик за почетници“, следена во Брашов, Романија, во организација на CREFECO.

2012: Презентација на регионалниот проект за деца од 6 до 9 години проект МИНИ, пред наставниците по француски јазик од македонските основни училишта.

Декември 2012: организација на 5 работилници за ученици по францускиот јазик од 6 до 9 години во ОУ „Димитар Миладинов” од Скопје и една божикна приредба, инспирирани и базирани на проектот МИНИ (CREFECO): обработка на 6 сликовници на француски јазик.

Покрај потесното усовршување во областа на францускиот јазик, Ирена Павловска работела и врз проширување на методичките постапки при обучување на студентите во нивното говорно изразување на француски јазик. Имено, Павловска учествувала во работата врз театарското изразување на студентите по француски јазик и во таа насока работела, заедно со лекторот по француски јазик од Белгија, со реномирани режисерски имиња од Белгија, чии гостувања низ театарски работилници (вкупно 9) на француски јазик во периодот 2008 - 2013 година вродиле со продукција на успешни театарски претстави, а потоа и организирање на четири студентски театарски аматерски фестивали со меѓународен карактер, како и со гостувања на студентската театарска трупа од нашиот Факултет на неколку фестивали во регионот.

Усовршувањето на стручен план, Ирена Павловска го надградува и преку својата преведувачка активност. Во досегашната преведувачка работа од француски на македонски јазик, Павловска ги има преведено следниве дела:

Преведени драмски текстови:

1991: *Не сеѓа драѓа* од Рејн Куни - Драмски театар, Скопје

1992: *Мисир* од Жорж Фејдо - Народен театар, Битола

1993: *Кловнови* од Елен Пармелен - Драмски театар, Скопје

1993: *Калиѓула* од Алберт Ками - Драмски театар, Скопје

Преведени други дела:

1993: *Правата на детето*, Детска радост, Скопје

1994: *Македонско-француски разговорник*, Матица македонска, Скопје

1995: *Америка,* Ж. Бодријар, Темплум, Скопје

2001: *Спекулум на другата жена,* Лиз Иригаре, тимско преведување, Евробалкан

2003: *Светски митологии*, тимско преведување, АЕА издавачи, Скопје

2004 - 2005: *Речник на симболите,* тимско преведување, Табернакул, Скопје

2005: *Страв и трепет*, Амели Нотомб, АЕА издавачи, Скопје (роман)

2006: *Седум дена за вечност*, Марк Леви, АЕА издавачи, Скопје (роман)

2006: *Сара*, Марек Халтер, АЕА издавачи, Скопје (роман)

2009: *Атентат*, Јасмина Кадра, АЕА издавачи, Скопје (роман)

2013: *Француска свита* од Ирена Немировски, превод од француски. Скопје: Конгресен центар, 2013, едицијата Ѕвездите на светската книжевност (роман)

2014: *Човекот кој вредеше 35 милијарди* од Никола Ансјон, превод од француски. Скопје: АЕА издавачи, 2014 (роман)

Во рамките на нејзината стручна активност како преведувач-оценувач, Павловска била член на двојазична комисија за оценка на превод од француски на македонски јазик на конкурсот: Најдобар млад преведувач Вавилон организиран од Делегацијата на Европската унија и Здружението на преведувачи МАТА (во 2014, 2015 и 2016 година).

На полето на стручно-апликативната дејност, Павловска учествувала и во работата на разни комисии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески. Во 2014 г., таа била член на Комисијата за спроведување самоевалуација за Катедрата на ПиТ, била член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за романски јазици и книжевности и член на Комисијата за јавни набавки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (во 2016 г.).

Кандидатката Ирена Павловска доби позитивна оценка на анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

ЗАКЛУЧОК

Во заклучокот можеме да резимираме дека Ирена ПАВЛОВСКА претставува добар познавач на францускиот јазик, солиден и докажан преведувач од француски на македонски јазик, ангажиран професор по француски јазик кој постојано тежнее да внесува новини во наставата и љубопитен дух кој има желба и потенцијали да истражува нови форми на усвојување на францускиот јазик и култура преку театарско изразување на студентите. Имајќи ги предвид сите тие квалитети, како и освоените 119,56 бодови според критериумите за избор во звања, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” да ја избере Ирена ПАВЛОВСКА во звањето лектор по лектор по француски јазик (наставно-научна област: романистика).

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

2. Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.

3. Д-р Мира Трајкова, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ирена Никола ПАВЛОВСКА**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Филолошки факултет «Блаже Конески» - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: Романистика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржана настава од прв циклус студии** **Зимски семестар 2013/2014: (14 часа неделно)**	
	1. Француски јазик 1 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+6.	3,6
	2. Француски јазик 3 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	2,4
	3. Француски јазик 1, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
	4. Преведување од француски на македонски јазик 3 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2

2.	**Летен семестар 2013/2014: (14 часа неделно)**	
	1. Француски јазик 2 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+6.	3,6
	2. Француски јазик 4 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	2,4
	3. Француски јазик 2, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
	4. Преведување од француски на македонски јазик 4 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2
3.	**Зимски семестар 2014/2015: (14 часа неделно)**	
	1. Француски јазик 1 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	2,4
	2. Француски јазик 3 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	2,4
	3. Француски јазик 1, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
	4. Преведување од француски на македонски јазик 1 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2
	5. Преведување од француски на македонски јазик 3 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2

	Летен семестар 2014/2015: (14 часа неделно)	
4.	1. Француски јазик 2 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	
	2. Француски јазик 4 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+4.	2,4
	3. Француски јазик 2, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	2,4
	4. Преведување од француски на македонски јазик 2 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2
	5. Преведување од француски на македонски јазик 4 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2 1,2
5.	**Зимски семестар 2015/2016: (16 часа неделно)** 1. Француски јазик 1 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+8.	4,8
	2. Француски јазик 7 (Катедра за романски јазици и книжевности), 0+4.	

		2,4
	3. Француски јазик 1, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
	4. Преведување од француски на македонски јазик 3 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2
6.	**Летен семестар 2015/2016 (18 часа неделно)**	
	1. Француски јазик 2 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+8.	4,8
	2. Француски јазик 8 (Катедра за романски јазици и книжевности), 0+4.	2,4
	3. Француски јазик 2, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
	4. Преведување од француски на македонски јазик 4 (студенти со француски јазик Б и студенти со француски јазик В од двете катедри), 0+2.	1,2
	5. Француски јазик 2, изборен (Ц) 0+2	1,2
7.	**Зимски семестар 2016/2017 (18 часа неделно)**	

	1. Француски јазик 1 (Катедра за романски јазици и книжевности-почетен курс), 0+4.	2,4
	2. Француски јазик 3 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+8.	4,8
	3. Француски јазик 7 (Катедра за романски јазици и книжевности), 0+4.	2,4
	4. Француски јазик 1, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	1,2
8.	**Летен семестар 2016/2017 (18 часа неделно)**	
	1. Француски јазик 2 (Катедра за романски јазици и книжевности-почетен курс), 0+4.	2,4
	2. Француски јазик 4 (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), 0+8.	4,8
	3. Француски јазик 8 (Катедра за романски јазици и книжевности), 0+4.	
	4. Француски јазик 2, јазик В (Катедра за преведување и толкување), 0+2.	2,4 1,2
9.	Член на комисија за одбрана на дипломски труд (8x0,1)	0,8
10.	Консултации со студенти 8 семестри x 60 студенти x 0.002	0,96
	Вкупно	**77,36**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

1	- Јазикот низ театарска игра и театарот низ јазична игра (од 10-годишното искуство на театарската работилница на француски јазик *Les Artcooliques*). *Зборник на трудови Македонско-романистички јазични, книжевни и преведувачки релации (2000 - 2015).* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 111 -129.	3
2	(коавтор со Снежана Петрова и Севда Лазаревска). *Аудиовизуелните медиуми: пат кон интеркултуралноста*. Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад Свети Николе - Битола“, 15 и 16 април 2016. Свети Николе: Меѓународен славјански универзитет „Г.Р. Державин“.	3,2
3	Придонесот на студентската театарска група *Les Artcooliques* за промоција на францускиот јазик во Македонија.” La contribution de la troupe théâtrale estudiantine d’amateurs *Les Artcooliques* dans la promotion de la langue française en Macédoine”. *Монографија: Францускиот јазик во Република Македонија (низ призма на културно - образовната дејност) Le français en République de Macédoine (vu à travers les actions éducatives et culturelles).* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016 (во печат).	3
4	Труд со наслов: *Le même, le semblable et le différent des onomatopées francaises et macédoniennes* на Меѓународниот симпозиум **LE MÊME, LE SEMBLABLE ET LE DIFFÉRENT AU SEIN DE LA LANGUE, DE LA LITTÉRATURE ET DE LA CULTURE DANS LES PAYS FRANCOPHONES,** 4 и 5 ноември 2016, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.	3
5	Меѓународен проект *Méthodologies et pratiques innovantes en didactique du FLE (*MEPRID-FLE), чиј носител е Универзитетот во Крајова (Романија), а Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, односно Филолошкиот факултет, е еден од партнерите (2013 - 2014)	5
6	Учество на дисеминација на тема: *Диференцирана настава* (Филолошки факултет *Б. Конески*), 2015	1

7.	2013 - Дисеминација на обуки: - *Техники на настава по фр. за почетници и* - *Развивање компетенции за писмено изразување за ниво Б2*) - (2x0,5)	1
	Вкупно	**19,2**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1. 2.	- *Француска свита*, Ирена Немировски, превод од француски. Скопје: Конгресен центар, 2013 - *Човекот кој вредеше 35 милијарди,* Никола Ансјон, превод од француски. Скопје: АЕА издавачи, 2014	3 3
2.	Учество во работа на комисии за државни натпревари по француски јазик (4x1)	4
	Вкупно:	**10**
Дејности од поширок интерес		
1.	Театарски работилници (организација = 2x1,5 и учество 2x1)	5
2.	Театарски фестивал Унифест (организација) (1x0,5)	0,5
3.	Театарски гостувања во странство (организација) (1x0,5)	0,5
4.	Член на национална жири-комисија во натпревари за франкофонски театар (2x1)	2
5.	Член на организациски одбор на научен собир (ноември 2016)	1
6.	Студиски престој во Европскиот колеџ за книжевни преведувачи - Сенеф, Белгија (2013)	0,5
7.	Член на комисија за спроведување самоевалуација за Катедрата на ПиТ (2014)	0,5

8.	Член на жири - комисија за оценка на превод од француски на македонски јазик на конкурсот *Најдобар млад преведувач* Вавилон организиран од Делегацијата на Европската унија и Здружението на преведувачи МАТА (2014, 2015, 2016)	3
		13
	Вкупно	**23**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	77,36
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	19,2
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	23
Вкупно	**119,56**

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, претседател, с.р.
2. Д-р Маргарита Велевска, член, с.р.
3. Д-р Мира Трајкова, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***АСПЕКТИ НА ИНТЕРТЕКСТУАЛНОСТА ВО АЛБАНСКАТА ПОЕЗИЈА НА ПРЕРОДБАТА,*** ИЗРАБОТЕНА ОД ***МЕРАЛ ШЕХАБИ-ВЕСЕЛИ,*** ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, на својата петта редовна седница, одржана на 18.1.2017 год., нѐ избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***Аспекти на интертекстуалноста во албанската поезија на преродбата,*** изработена од ***Мерал Шехаби - Весели.***

Рецензентската комисија, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација *Аспекти на интертекстуалноста во албанската поезија на преродбата,* изработена од *Мерал Шехаби-Весели*, опфаќа 211 страници, педантно обработен и технички опремен текст во кој е приложена обемна библиографија, како употребена литература на албански, македонски, српскохрватски и англиски јазик. Трудот е компониран од:

Вовед

I. Создавањето и развојот на теоријата на интертекстуалноста

II. Албанската книжевност од периодот 1836-1912

2.1. Историските и општествените фактори во периодот на албанската преродба

2.2. Културниот фактор во периодот на албанската преродба

2.3. Периодот на преродбата и уметничката книжевност

III. Интертекстуалноста во книжевноста на преродбата

3.1. Книжевниот дијалог со оксиденталната книжевност

3. 2. Книжевниот дијалог со оријенталната книжевност

3.3. Книжевниот дијалог со усната книжевност

3.4. Книжевниот дијалог со митовите и историјата

3.5. Книжевниот дијалог со албанската придрода

IV. Интертекстуалноста во делата на Јероним де Рада, Наим Фрашери, Сами Фрашери и Андон Зако Чајупи

4.1 Интертекстуалноста во поемите на Де Рада

4.2. Интертекстуалноста во драмите на турски јазик на Сами Фрашери

4.3. Интертекстуалноста во делото на Сами Фрашери „Албанија што била, што е и што ќе биде“.

4.4. Интертекстуалноста во делото „Таткото Томор“ на Чајупи

4.5. Интертекстуалноста во драмите на Чајупи „14 годишен зет“ и „По смртта“.

4.6. Филозофијата како интертекст во делото на Де Рада - „Принципите на естетиката“

4.7. Усната книжевност како интертекст

4.8. Историјата како интертекст

4.9. Митот како интертекст

4.10 Библијата како интертекст

4.11. Книжевниот дијалог со претходниците и со современиците

Заклучок

Summary

Индекс на имиња

Библиографија

АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Во докторската дисертација со наслов *Аспекти на интертекстуалноста во албанската поезија на преродбата,* како што се објаснува во воведот на трудот, се укажува на феноменот на интертекстуалноста во делата на Де Рада, Наим Фрашери, Сами Фрашери и Чајупи, како значајни репрезенти на книжевноста на албанската преродба.

Во воведниот дел на трудот, кандидатката се осврнува на мотивацијата на трудот и објаснува дека поаѓајќи од специфичноста на објектот на истражување, главно ги применува аналитичката метода, компаративните согледби и херменеутиката. Во овој труд,

м-р Шехаби – Весели, се осврнува на проучува-њата и теоретските сфаќања на М. Бахтин, Ј. Кристева, У. Еко, У. Бројх, Ж. Женет, Н. Грос, Х. Блум, Т. Елиот, Р. Барт, М. Бекер, Ц. Калер, Д. Ораич, М. Рифатер, А. Грахам, Р. Лахман, З. Константиновиќ, К. Ќулафкова, Е. Шелева, С. Хамити, К. Шала, ф. Дадо, Ј. Було, А. Учи итн.

Во првото поглавје, *Создавањето и развојот на теоријата на интертекстуалноста,* кандидатката Шехаби најпрвин го објаснува поимот *интертекстуалност*, кој во книжевните проучувања почнува да се употребува од 60-тите години на 20 век, и покрај тоа што како појава постоела отсекогаш. Станува збор за теорија која му пристапува на книжевниот текст како структура или мрежа што содржи траги од другите текстови. Поаѓајќи од ставот дека: *оваа теорија е една од најпознатите теории на 20 век што даде голем придонес во книжевните проучувања* и трагајќи по корените на оваа теорија, кандидатката се осврнува на проучувањата на М. Бахтин, кој се служи со поимот *книжевен дијалог,* како и на другите поими со кои се означува оваа појава, како поимот *дијалог, дијалогизам, транспозиција, палимсест, транстекстуалност* итн. Значи, во овој дел, кандидатката главно се осврнува на историјатот на теоријата на интертекстуалноста, како една современа теорија која овозможува еден посебен начин на читање на книжевните дела.

Кандидатката Шехаби се служи со книжевно-теоретските парадигми во кои се потпира теоријата на интертекстуалноста, како што се: теоријата на текстот и текстуалноста, теоријата на читањето и на читателот и на културолошката и компаративната теорија. Сите теоретичари на кои се повикува кандидатката Шехаби, сфаќајќи го текстот како плурален, сметат дека верувањето во оригиналноста на едно книжевно дело е илузија.

Во ова поглавје, авторката укажува и на разните видови на интертекстуални односи, било тоа експлицитни или имплицитни, како што се: пародијата, алузијата, цитатот, реминисценцијата, мотивацијата, колажот, анаграмот итн.

Во второто поглавје со наслов *Албанската книжевност меѓу 1836-1912* год., осврнувајќи се на историските, општествените и културните прилики, односно на книжевната клима која владее во овој период, кандидатката Шехаби укажува на доминантните книжевни правци и мотиви во албанската книжевност, посебно во албанската поезија на времето.

Во третото поглавје со наслов *Интертекстуалноста во книжевноста на преродбата,* м-р Шехаби, најпрвин се осврнува на феноменот на двојазичност, карактеристичен за добар дел на автори од овој период, кои дел од своите дела ги напишале на странски јазици, како на италијански, француски, грчки, турски и персиски. Како добри познавачи на овие странски јазици и книжевности, авторите од овој период, смета кандидатката Шехаби, водат интензивен дијалог со оскиденталната книжевност, односно со делата на Хомер, Данте, Ламартин, Иго, Бајрон, Гете, Милтон и со ориенталната книжевност, односно со делата на Фирдеус, Назам, Саад, Руми итн.

Во ова поглавје, авторката се осврнува и на интензивниот книжевен дијалог со усната албанска книжевност. Таа заклучува дека усната книжевност како хипотекст е особено видлива во делото на Де Рада и на А. З. Чајупи. Потпирањето во усната книжевност се забележува во однос на мотивите, ликовите и стилските фигури. Служејќи се со примери од поезијата на Де Рада, Наим и Чајупи, кандидатката смета

дека потпирањето во усната книжевност дава позитивни резултати, практика што продолжува и во периодот што следи.

Во третиот дел на оваа поглавје, кандидатката Шехаби се осврнува на односот на делата на авторите кои се предмет на обработка со митовите, при што се осврнува на најпознатите митови на книжевноста на албанскиот романтизам, како што се: митот за пелазгиското потекло, митот за планината Томор, како и во митот за историските личности, како што се: Пиро, Александар Велики, Скендербег, Марко Бочари, Елена Ѓика итн. На крајот на ова поглавје, м-р Мерал Шехаби –Весели укажува на фактот дека албанските автори од овој период, посебно авторите кои се предмет на обработка ги идеализираат не само историските ликови, туку и албанската природа.

Четвртото поглавје со наслов *Интертекстуалноста во делата на Јероним де Рада, Наим Фрашери, Сами Фрашери и Андон Зако Чајупи* е воедно и најобемното и последно поглавје на трудот.

Во првиот дел на ова поглавје, авторката на трудот се осврнува на интертекстуалните односи на делото на Де Рада, наведувајќи дека станува збор за повеќеслојни осноси, односно за односи со усната книжевност, со оксиденталната и ориенталната книжевност на романтизмот, како и со славниот историски период на Скендербег. Трудот укажува на техниката „*текст во текст*“ која се забележува во делото *Серафина Топија*. Де Рада признава дека се потпира во оксиденталната книжевност на времето, посебно во делото на Иго, Ламартин, Шели и Бајрон, додека техниката на соединување на песните не потсетува на делото на Ф. Г. Лорка.

Во вториот дел на ова поглавје, авторката се осврнува на драмите на Сами Фрашери напишани на турски јазик, посебно на драмата *Беса* која води видлив дијалог со Канонот на Лек Дукаѓини. Во оваа драма, дадениот збор, односно бесата, од национален код станува и религиозен код. Драмата води книжевен дијалог и со француската мелодрама, која се смета како архитекст. За разлика од оваа драма, во драмата *Сејди Јахја,* авторот комуницира со исламскиот контекст на шпанското општество; додека во третата драма „*Совеста*“, смета авторката на трудот, назависно што случката се случува во 15-иот век и се опишува конвертирањето на шпанските арапи во католици, всушност се алудира на конвертирањето на албанците од отоманската империја.

Кандидатката Шехаби доаѓа до заклучок дека четвртото поглавје на драмата *Шахнаме* на Фирдеус, се јавува како хипотекст на драмата *Гавена* С. Фрашери. Во оваа драма, авторката приметува однос од типот текст-текст и текст-контекст. Во ова драмско дело, Сами Фрашери се потпира во познат историски и митолошки материјал, кој се трансформира. Авторката не ја исклучува можноста, преку ликот на арапскиот владател Дахак, Сами да алудира на ликот на Султан Хамити и на албанската актуелност. Ова драмско дело на Сами, констатира м-р Шехаби, служело како референција за познати турски автори, негови современици или наследници.

Следниот дел на ова поглавје се однесува на феноменот на интертекстуалноста во делото *Албанија што била, што е и што ќе биде*, во кое се забележува книжевен однос со историјата, посебно видлив во првиот дел на делото; со општествено-политичкиот контекст на времето - во вториот дел; и со визијата - прокламирана во третиот дел, каде

авторот води дијалог со европските концепции за демократски државен систем. Станува збор за дело во кое се испреплетува *аргументирачкиот дискурс со метафоричниот.*

Четвртиот дел на ова поглавје се осврнува на поетското дело *Baba Tomori'* на Чајупи. Насловот на делото, како елемент на паратекстот, според Женет, смета авторката, né потсетува на дијалогот со митологијата. Делото води дијалог и со албанската историја, со усната албанска книжевност, која често се јавува како матрица, онака како што води дијалог и со општествените рани на албанскиот контекст, како што е печалбата. Во ова поетска збирка сретнуваме и песни кои се карактеризираат со автореференцијални податоци на лирскиот субјект, како што е тоа случај со поемата *Vaje* (*Тажалка).*

Во следниот дел на ова поглавје, авторката се осврнува во драмските дела на Чајупи. Во комедијата *14 vjeç dhëndër („14 годишен зет")*, смета м-р Шехаби, авторот води дијалог со албанскиот менталитет, укажувајќи на неповолната положба на албанската жена на времето. Драмата води дијалог и со современиците – пред сé со личноста на Адамиди. Авторот се повикува на народните обичаи, посебно во делот во кој се опишува свадбата, како и во разните празноверија. И во оваа комедија, книжевниот дијалог со усната книжевност е доста видлив.

Во драмското дело *Pas vdekjes* (*По смртта),* Шехаби смета дека влегувајќи во дијалог со едно списание на времето, Чајупи се повикува на албанскиот контекст; додека конфликтот на делото се потпира во делото на Молиери, кое се приспособува и трансформира на конкретниот контекст. М-р Шехаби - Весели смета дека односот на ова драмско дело на Чајупи со делото на Молиер *Имагинарниот болен* е однос на реминисценција, додека односот кон конкретните албански личности на времето, посебно кон Адамиди, е пародичен.

Шестиот дел на ова поглавје се однесува на филозофијата како интертекст во делото *Parime të estetikës (Принципите на естетиката).* Авторката смета дека преку мотото со кое се користи во предговорот на ова дело, Де Рада се повикува на Шлегел и на Тасо. Кандидатката забелешува потпирање во естетските принципи на Аристотел и Платон. Делото служејќи се со еден цитат од *Псалмите на Давид*, воспоставува отворен интертекстуален однос со Библијата, онака како што воспоставува интертекстуален однос и со делото на Софокле, Макијавели, Бекон, Цецерон, Кант. Во своите естетски размислувања, Де Рада, пред се, се потпира во принципите на класицизмот. Во ова дело, заклучува авторката, Де Рада ја спојува романтичарската теорија за поезијата со христијанската етика.

Во делот *Усната книжевност како интертекст*, кандидатката се осврнува на односите на делото на Де Рада, Наим Фрашери и Чајупи со усната книжевност. Таа смета дека потпирањето на делото на Наим Фрашери во усната албанска книжевност не е транспарентно и дека се реализира, главно, преку структурата и стихот на поетската творба; дека поемите на Де Рада се повикуваат на стилските фигури, стихот и римата на усната поезија на арберешите; додека во делото на Чајупи овој книжевен дијалог е доста транспарентен. Во делото *Baba Musa lakuriq,* авторот се потпира во свадбените обреди и во тажачките песни. Кандидатката се осврнува и на книжевниот дијалог во поемата *Atdheu dhe dashuria* (*Татковината и лубовта)* како и во песните Vaj *(Тажачка)* и *Vdiq Naimi (Почина Наим).*

Следниот дел се однесува на историјата како интертекст. Кандидатката смета дека книжевниот дијалог со историјата е поприсутен во делото *Skenderbeu i pafan (Несреќниот Скендербеј)* на Де Рада и во делото *Historia e Skenderbeut (Историјата на Скендербеј)* на Наим Фрашери. Во првото дело, кандидатката укажува на книжевниот однос со грчките поеми, посебно преку присуството на песната на хорот. Тука Де Рада се потпира и во неговите претходни дела. Така некои ликови од делото *Serafina Topia* се среќаваат и во делото *Skenderbeu i pafan (Несреќниот Скендребеј).* Маркирањето на датумите, ликовите и топонимите укажуваат на книжевниот дијалог со албанската историја на 15-иот век, што значи дека се среќаваме со естетизирана меморија.

Во однос на делото *Историја на Скендербеј* на Наим Фрашери, се укажува на книжевниот дијалог со *Илијада* и *Одисеја* што се приметува посебно во воведниот дел на поемата. Сигурно, како што покажува и самиот наслов на поемата, делото води дијалог со албанската историја. Делото воспоставува мост на комуникација со делото *Историја на Скендербеј* на Марин Барлети, со *Несреќниот Скендербеј* на Де Рада, онака како што се приметува и однос на реминисценција со делото на Данте и Платон.

Однос на реминисценции со епохата и ликот на Скендербег, кандидатката наоѓа и во делото *Baba Tomori* на Чајупи, во неколку песни, кои водат отворен книжевен дијалог со делото на неговиот претходник, Н. Фрашери.

Во делот *Митот како интертекст*, кандидатката Шехаби нагласува дека митот, како универзален книжевен хипотекст, е многу присутен во книжевноста на романтизмот. Во делото на Наим, митот, главно, се употребува во својата првична смисла. Во 12-тата песна се маркира интертекстуална релација од типот на алузија, преку која се алудира на патувањето на Данте во пеколот, односно на положбата на пророкот Мухамед во пештерата Хира, според Коранот. Дијалогот со митот се забележува и во епизодата во која се опишува комуникацијата на Скендербег со духот на својот татко, елемент што се среќава и во драмата *Cejgu Jaxja* на Сами Фрашери.

Во делот *Библијата како интертекст*, авторката најпрвин се осврнува на книжевната релација во делото *Baba Musa lakuriq* на Чајупи, дело кое се смета како: *најголемата митско-іротескна пародија во нашата книжевност.* Чајупи тука ја прераскажува библиската приказна, менувајќи го типот на текст - од прозен во поетски. Делото води книжевен дијалог, не само со библискиот текст, туку и со албанскиот општествен контекст. Се спомнува тука Папа Кристо Неговани и Наим Фрашери. Кандидатката го прифаќа ставот на С. Хамити дека трансформацијата на библиската материја во ова дело се оства-рува, не само во вид на пародија, туку и во вид на пастиш и травестија. Делото воспоставува однос на алузија и со делото *Изгубениот рај* на Милтон, кого авторот го спомнува во делото.

Книжевен дијалог со Библијата, кандидатката приметува и во делото *Lulet e verës (Летни цвеќиња)* на Наим Фрашери, и покрај тоа што овој однос не е присутен во толкава мера како во делото на Чајупи.

Во делот *Книжевниот дијалог со претходниците и современиците*, авторката доаѓа до заклучок дека Чајупи се потпира во еротската поезија на Х. Хајне, посебно во поетскиот циклус *Dashuria (Лубовта)*; се потпира во усната албанска поезија како и во поетското дело на Наим Фрашери.

Кандидатката заклучува дека наимовиот хипотекст не е присутен во целиот поетски циклус на Чајупи, но повременото потпирање во познатиот поетски циклус *Bukurija (Убавината)* на Наим, не е тешко да се воочи.

Поетскиот циклус *Dëshirë (Желба)* на Наим претставува една адаптација на латинскиот песник Тибул. Овој факт се објасува и со една референција во крајот на делото. Овој поетски циклус води дијалог и со разни општествени, етички и филизофски прашања.

Во *заклучокот,* во вид на резиме, кандидатката Мерал Шехаби - Весели ги изнесува најбитните резултати од третирањето на феноменот на интертекстуалноста во делата на Јероним де Рада, Наим Фрашери, Сами Фрашери и Андон Зако Чајупи.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на гореизложеното, на сериозниот приод кон анализа на темата на докторската дисертација *Аспекти на интертекстуалноста во албанската книжевност на преродбата* на кандидатката Мерал Шехаби – Весели, како и на добиените резултати, кои во албанската книжевна наука претставуваат придонес токму од аспект на интертекстуалноста во делата на четворица познати претставници на албанската книжевност од втората половина на 19 и почетокот на 20 век, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со задоволство му предлага да ја прифати рецензијата и, проследувајќи ја во натамошна постапка, да и одобри на кандидатката Мерал Шехаби – Весели одбрана на гореневедената докторска дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Мирлинда Крифца-Беќири, редовен професор, с.р.
2. Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
3. Д-р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.
4. Д-р Мируше Хоџа, редовен професор, с.р.
5. Д-р Агим Лека, вонреден професор, с.р.

ОДОБРЕНИ

ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“- СКОПЈЕ

2. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Игор Станојоски	„Прекажувањето изразено со минатите времиња во македонскиот наспроти бугарскиот јазик“	„Evidentiality in Macedonian and Bulgarian language“	Проф. д-р Искра Пановска-Димкова	10-194/3 17.2.2017

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот, објавен од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во Економскиот институт во Скопје, во научното поле економски науки, во наставно-научната област, економика на туризам и угостителство, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 3-4.12.2016 година (и во весникот „Koha“ од 3-4.12.2016 година), како и врз основа на одлуката бр. 02-1755/2 донесена од страна на Научниот совет на Економски институт во Скопје, на 136 седница одржана на 28.12.2016 година, формирана е Рецензентската комисија за избор. Комисијата е во состав: д-р Митре Аврамоски, редовен професор, д-р Ристо Мијалов, редовен професор и д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во Економскиот институт во Скопје, во научното поле економски науки, во наставно-научната област, економика на туризам и угостителство, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Марија Таковска, вонреден професор во Економскиот институт во Скопје.

1. Биографски податоци

Кандидатката д-р Марија Таковска е родена на 27.10.1973 година во Скопје. Основно и средно економско училиште завршила во Скопје, со континуиран одличен успех.

Во учебната 1991/1992 година, кандидатката се запишала на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Дипломирала во 1995 година со висок просек и се стекнала со звањето дипломиран организатор по туризам и угостителство.

Во учебната 1995/1996 година кандидатката го продолжува своето образование на постдипломските студии по туристички менаџмент на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Испитите ги положила во предвидениот рок со просечна оценка 9,5, а со звањето магистер по менаџмент во туризмот се стекнала во декември 1999 година, со одбраната на магистерскиот труд „Угостителството во функција на развој на туризмот во Република Македонија“.

Кандидатката Таковска, во 2007 година на Економскиот институт во Скопје, успешно ја одбранила докторската дисертација на тема „Туризмот и економскиот развој на Република Македонија“, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки.

Својот работен ангажман кандидатката Марија Таковска го започнала на 15.9.1997 година со вработувањето во Економскиот институт во Скопје како помлад асистент истражувач и главно работела на задачи и задолженија од областа на економијата на туризмот. Во мај 2007 година била избрана за научен соработник од областа на економиката и развојот на туризмот и угостителството. Во моментот, кандидатката е вонреден професор од областа на економика на туризам и угостителство на Економскиот институт во Скопје. Последниот реферат за избор на кандидатката Марија Таковска е објавен во Билтенот бр. 1028 од 2 април 2012 година.

Во текот на својот работен ангажман во Институтот, д-р Марија Таковска активно учествувала во реализацијата на предвидените активности од научен и едукативен карактер.

Активно го познава англискиот јазик, а има извесни познавања и од францускиот и германскиот јазик.

2. Наставно-образовна дејност

Во периодот од нејзиниот последен избор во звањето вонреден професор, кандидатката д-р Марија Таковска е континуирано вклучена во наставно-образовната дејност на студии од: прв, втор и трет циклус.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Економскиот институт во Скопје, кандидатката е ангажирана како наставник на студиите од втор циклус (ЕКТС систем) на Институтот на следниве задолжителни предмети:

- бизнис економија (застапен на студиската програма логистика на бизнисот);
- логистика на меѓународен бизнис (застапен на студиската програма логистика на бизнисот);
- управување со квалитет и логистички системи (застапен на студиската програма логистика на бизнисот);
- глобална економија (застапен на студиските програми: меѓународна економија и меѓународен менаџмент);
- меѓународна трговија (застапен на студиската програма меѓународна економија);
- економика на претпријатија (застапен на студиската програма претприемништво) и

изборните предмети:

- методологија на научноистражувачка работа,
- оперативен менџмент,
- проектен менаџмент и
- глобално претприемништво.

Од последниот избор до сега, кандидатката е ангажирана на трет циклус студии на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје како наставник на генеричкиот предмет методологија на истражување на општествени и хуманистички науки. Исто така, во рамките на третиот циклус е ангажирана на програмата за докторски студии по економија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, на предметите: економика на туризам, мултилатерален трговски систем и меѓународна економија.

Од учебната 2011/2012 година, кандидатката е ангажирана како предметен наставник по предметот економика на туризмот на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје.

Во периодот од учебната 2011/2012 во летниот семестар до учебната 2015/2016 година во зимскиот семестар, д-р Марија Таковска е ангажирана во изведувањето на наставата од прв циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во рамките на наставната програма на Факултетот, на насоките: бизнис логистика и бизнис администрација во Гевгелија и дисперзираните студии во Скопје, ги предава предметите: економика на претпријатија и меѓународна трговија.

Забележителна е посветеноста на д-р Таковска за оспособување на постдипломците и младиот наставно-научен кадар во преземање и вршење на самостојни истражувања, посебно преку консултации при изработката на семинарски, магистерски и докторски трудови. Од последниот избор до сега, кандидатката Таковска е ментор на 33 дипломски работи, учествувала во 19 комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации, 88 комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и 107 комисии за оцена и одбрана на дипломски работи. Воедно, како предметен наставник, кандидатката подготвила предавања по неколку премети и тоа: бизнис економија, логистика на меѓународен бизнис, управување со квалитет и логистички системи, оперативен менаџмент, деловна комуникација и економика на туризам. Исто така, подготвила и пакет наставни материјали по предметите: Бизнис економија, Логистика на меѓународен бизнис и Оперативен менаџмент. Притоа, д-р Марија Таковска се раководела од принципот да им обезбеди на студентите основна и поширока литература од соодветните области, како и увид во најновите научни достигнувања.

3. Научноистражувачка дејност

Во периодот од својот последен избор до сега, д-р Марија Таковска, во делот на научноистражувачките активности учествувала во изработката на 8 научноистражувачки проекти, а во својство на раководител се јавува на 2 научноистражувачки проекти.

Кандидатката изработила и објавила голем број релевантни научни трудови, од кои 8 труда се во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор. Исто така, д-р Марија Таковска учествувала на научни собири, конференции и други форуми на размена на идеи, знаења и резултати од истражувања.

Активно била вклучена во академско надоградување на млади истражувачи преку менторство на 7 кандидати при изработката на нивните докторски дисертации и 37 магистранди при изработка на нивните магистерски работи.

Насловите и другите информации за трудовите и проектите кои ги изработила кандидатката се наведени во табелата во анексот на овој извештај, која е составена согласно со образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање, од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Паралелно со наставно-образовните и научноистражувачките активности, кандидатката Марија Таковска имала извесни активности од доменот на стручно-апликативната дејност. Имено, во рамките на својата стручно-апликативна активност учествувала во изработката на две стручни книги.

Исто така, се јавува како рецензент на 8 стручни книги и во својство на координатор при подготовка на елаборат за нова студиска програма.

Кандидатката покажува активност и во дејности од поширок интерес, како член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир и раководител на еден постдипломски студиум. Исто така, кандидтаката д-р Марија Таковска била член на 6 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

5. Оценки од самоевалуации

На самоевалуациите кои се спроведени преку анонимно анкетирање на студентите на Економскиот институт во Скопје, кандидатот д-р Марија Таковска добила високи оценки за изведувањето на наставата на предметите на вториот циклус студии на кои била ангажирана. Оценките се прикажани во следнава табела:

Предмет	**Академска 2013/2014**	**Академска 2014/2015**	**Академска 2015/2016**
Методологија на научноистражувачка работа	9,86	10,00	-
Проектен менаџмент	9,93	9,28	9,98
Глобална економија	9,60	9,71	10,00
Економика на претпријатија	9,67	8,76	10,00
Глобално претприемништво	9,41	9,71	-
Оперативен менаџмент	-	9,95	9,79
Логистика на меѓународен бизнис	-	9,78	10,00
Бизнис економија	-	9,44	9,60

Забелешка:оценките од самоевалуацијата на Економскиот институт во Скопје се рангираат на скала од 5-1.

З А К Л У Ч О К И П Р Е Д Л О Г

Врз основа на целокупната документација за д-р Марија Таковска и досегашната соработка со кандидатката, Рецензентската комисијата позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес на кандидатката. Притоа, карактеристичен е нејзиниот професионален однос, конструктивност и посветеност кон работните задачи и задолженија, што укажува на фактот дека се работи за амбициозна и исполнителна кандидатка.

Што се однесува до наставно-образовниот процес, евидентен е ангажманот на кандидтката на првиот, вториот и третиот циклус студии. Преку имплементацијата на современи наставно-образовни програми, изготвувањето на соодветни наставни материјали, како и солидниот методолошки пристап во реализацијата на наставата на кандидатката, укажува на фактот дека обезбедувањето на квалитетен образовен процес за студентите се вбројува во нејзините приоритети. Во прилог на оваа констатација се и добиените високи оценки од спроведените самоевалуации преку анонимно анкетирање на студентите. Оттука, јасно се согледува и потврдува дека кандидатката Ацковска поседува изразени квалитети за вршење на наставно-образовната дејност.

Во однос на научноистражувачката и стручната работа на д-р Марија Таковска, Комисијата цени дека кандидатката има изработено голем број на оригинални научни трудови од соодветната научна област. Воедно, кандидатката учествувала во реализацијата на повеќе научноистражувачки проекти и земала активно учество на конференции и научни собири во земјата и во странство. Нејзината менторска активност на докторски дисертации и магистерски трудови дава придонес во едукацијата на младите генерации и нивното оспособување за идните научни и професионални предизвици. Горенаведеното води кон констатација дека станува збор за кандидатка со научни и стручни квалитети.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата заклучува дека кандидатката во целост ги исполнува законските услови и предвидените услови според конкурсот, и има особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере кандидатката д-р Марија Таковска во звањето **редовен професор** во наставно-научната област **економика на туризам и угостителство.**

Членови на Комисијата

Д-р Митре Аврамоски, редовен професор**,** с.р

Д-р Ристе Мијалов, редовен професор, с.р.

Д-р Татјана Петковска Мирчевска, редовен професор, с.р

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Марија Таковска**

Институција: **Економски институт - Скопје**

Научна област:економика на туризам и угостителство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	**Поени**
	Одржување на настава	
1.	**Одржување на настава на прв циклус студии**	**39.6**
	Учебна година 2011/2012 (летен семестар) -Меѓународна трговија (Факултет за туризам и бизнис логистика) 6 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени)	3.6
	Учебна година 2012/2013 Економика на претпријатија (Факултет за туризам и бизнис логистика) и Меѓународна трговија (Факултет за туризам и бизнис логистика) 15 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени)	9
	Учебна година 2013/2014 Економика на претпријатија (Факултет за туризам и бизнис логистика)и	9

	Меѓународна трговија (Факултет за туризам и бизнис логистика) 15 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени)	
	Учебна година 2014/2015 Економика на претпријатија (Факултет за туризам и бизнис логистика)и Меѓународна трговија (Факултет за туризам и бизнис логистика) 15 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени)	9
	Учебна година 2015/2016 Економика на претпријатија (Факултет за туризам и бизнис логистика)и Меѓународна трговија (Факултет за туризам и бизнис логистика) 15 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени)	9
2.	**Одржување на настава на втор циклус студии**	**61.5**
	Учебна година 2011/2012 (Летен семестар) (Економски институт) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)	7.5
	Учебна година 2012/2013 (Економски институт) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент	7,5

	Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)	
	Учебна година 2013/2014 (Економски институт) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)	7.5
	Учебна година 2014/2015 (Економски институт) Бизнис економија Глобална економија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Оперативен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа Глобално претприемништво Логистика на меѓународен бизнис **16 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)**	12
	Учебна година 2015/2016 (Економски институт) Бизнис економија Глобална економија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент	13,5

	Оперативен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа Глобално претприемништво Логистика на меѓународен бизнис Управување со квалитет и логистички системи 18 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)	
	Учебна година 2016/2017 Зимски семестар (Економски институт) Бизнис економија Глобална економија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Оперативен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа Глобално претприемништво Логистика на меѓународен бизнис Управување со квалитет и логистички системи 18 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени)	13,5
3.	**Одржување настава на трет циклус студии**	**14.4**
	Учебна година 2011/2012 Летен семестар (Школа за докторски студии на УКИМ) Методологија на истражување на општествени и хуманистички науки 4 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,06 (поени)	3.6
	Учебна година 2012/2013 (Школа за докторски студии на УКИМ)	3.6

	Методологија на истражување на општествени и хуманистички науки 4 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,6 (поени)	
	Учебна година 2013/2014 (Школа за докторски студии на УКИМ) Методологија на истражување на општествени и хуманистички науки 4 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,6 (поени)	3.6
	Учебна година 2014/2015 (Школа за докторски студии на УКИМ) Методологија на истражување на општествени и хуманистички науки 4 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,6 (поени)	3.6
4.	**Изработка на семинарски трудови**	**52,2**
	Економски институт, учебна година 2011/2012 (летен семестар) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени)	4,5
	Факултет за туризам и бизнис логистика (летен семестар 2011/2012) 6 (часа неделно)*15 (недели) *0,03 (поени)	2,7
	Економски институт, учебна година 2012/2013 (Зимски и летен семестар) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија	4,5

	Проектен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени)	
	Факултет за туризам и бизнис логистика (зимски и летен семестар 2012/2013) 6 (часа неделно)*15 (недели) *0,03 (поени)=2,7 (меѓународна трговија) 6 (часа неделно)*15 (недели)*0,03(поени)=2,7(економика на претпријатија)	5,4
	Економски институт, учебна година 2013/2014 (Зимски и летен семестар) Глобална економија (2+2) Меѓународна трговија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени)	4,5
	Факултет за туризам и бизнис логистика (зимски и летен семестар 2013/2014) 6 (часа неделно)*15 (недели) *0,03 (поени)=2,7 (меѓународна трговија) 6 (часа неделно)*15 (недели)*0,03(поени)=2,7(економика на претпријатија)	5,4
	Економски институт, учебна година 2014/2015 (зимски и летен семестар) Бизнис економија Глобална економија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Оперативен менаџмент	7,2

	Методологија во научноистражувачката работа Глобално претприемништво Логистика на меѓународен бизнис 16 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени)	
	Факултет за туризам и бизнис логистика (зимски и летен семестар 2013/2014) 6 (часа неделно)*15 (недели) *0,03 (поени)=2,7 (меѓународна трговија) 6 (часа неделно)*15 (недели)*0,03(поени)=2,7(економика на претпријатија)	5,4
	Економски институт, учебна година 2015/2016 (зимски и летен семестар) Бизнис економија Глобална економија (2+2) Економика на претпријатија Проектен менаџмент Оперативен менаџмент Методологија во научноистражувачката работа Глобално претприемништво Логистика на меѓународен бизнис Управување со квалитет и логистички системи 18 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,03 (поени)	8,1
	Факултет за туризам и бизнис логистика (зимски семестар 2013/2014) 6 (часа неделно)*15 (недели) *0,03 (поени)=2,7 (меѓународна трговија)	2,7
5.	**Подготовка на нов предмет**	**6**
	Подготовка на предавања по предметите	6

	Бизнис економија Логистика на меѓународен бизнис Управување со квалитет и логистички системи Оперативен менаџмент Деловна комуникација Економика на туризам	
6.	**Консултации со студенти**	**9.1**
	Летен семестар 2011/2012 (Економски институт)	0.2
	Летен семестар 2011/2012 (Факултет за туризам и бизнис логистика))	0.9
	Учебна година 2012/2013 (Економски институт)	0,2
	Учебна година 2012/2013 (Факултет за туризам и бизнис логистика)	1,8
	Учебна година 2013/2014 (Економски институт)	0,2
	Учебна година 2013/2014 (Факултет за туризам и бизнис логистика)	1,8
	Учебна година 2014/2015 (Економски институт)	0,2
	Зимски семестар 2014/2015 (Факултет за туризам и бизнис логистика)	1,8
	Учебна година 2015/2016 (Економски институт)	0,2
	Зимски семестар 2015/2016 (Факултет за туризам и бизнис логистика)	1,8
	Учебна година 2016/2017 зимски семестар (Економски институт)	0,2
7.	**Ментор на дипломска работа** Ментор на 33 студенти на Факултетот за туризам и бизнис логистика во периодот 2011-2016	**6,6**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** Член на комисија за оцена и одбрана на докторат на деветнаесет (19) кандидати во Економски институт во периодот (2011-2016)	**9,5**

9.	**Член на комисија за оцена или одбрана на и магистратура** Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура на (88) кандидати во Економски институт во периодот (2011-2016)	**26,4**
10.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа на 107 студенти на Факултетот за туризам и бизнис логистика во периодот 2011-2016	**10,7**
11.	**Пакет материјали по одреден предмет**	**3**
	Бизнис економија	1
	Логистика на меѓународен бизнис	1
	Оперативен менаџмент	1
	ВКУПНО ПОЕНИ ОД НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**239**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Реден број	**Назив на активноста:**	
1.	**Ментор на докторска дисертација**	**21**
	Во периодот од последниот избор до декември 2016 година, ментор на шест (7) докторски дисертации на Економскиот институт-Скопје, и тоа: • м-р Бајрам Цапа, Улогата на туризмот во локалниот економски развој на општина Дебар (одбранета 2013); • м-р Марина Р. Бојчева, Ефикасност и ефективност на користењето на фондовите на ЕУ во Република Македонија (одбранета 2014); • м-р Јован Аврамоски, Улогата на комерцијалните банки во финансирањето на реалниот сектор во услови на ниска акумулативна способност и нарушена ликвидносна позиција на претпријатијата во република македонија (одбранета 2014); • м-р Снежана Бардарева, Можности за унапредување на економичноста на претпријатијата во Република Македонија, со посебен осврт на претпријатијата од секторот хотели и ресторани (одбранета 2016);	

	• м-р Владан Андоновски, Примена на современите интернет концепти во менаџирањето на синџири на снабдување; • м-р Оливер Филипоски, Меѓународните стандарди и нивната улога во развојот на услужниот сектор; • Д-р Златко Јаковлев, Финансиските одлуки на менаџментот и нивната улога во работењето на претпријатијата од областа на туризмот.	
2.	**Ментор на магистерска работа**	**37**
	Во периодот од последниот избор до декември 2016 година, ментор на девет (37) магистратури на Економскиот институт во Скопје, и тоа: • Јован Аврамоски, СДИ во банкарскиот сектор на Република Македонија-студија на случај Охридска банка (одбранета декември 2011) • Методи Стојменов, Развој на агротуризмот и гастрономскиот туризам во Република Македонија (одбранета 2012) • Фјола Ќаили, Формите за настап на странските пазари со посебен осврт на франшизата како глобална перспектива за развој на Бизнисот (одбранета 2012) • Нела Божиновска, Изборот на видот, категоријата и локацијата на објектот како битен чинител на туристичкиот бизнис (одбранета 2012) • Наташа Хиохи, Перспективи за развој на Сакралниот туризам во Струга (одбранета 2012) • Александра Жакова, Пензискиот систем во Република македонија со посебен осврт на капитално финансираното пензиско осигурување (одбранета 2012) • Фиснике Јусуфи, Улогата на СТО во развојот на електронската трговија (одбранета 2013) • Ана Блажевска, Влијание на логистиката врз перформансите на претпријатието (одбранета 2013) • Ивана Николоска, Мултинационалните претпријатија и нивната улога во меѓународниот бизнис (одбранета 2013) • Анита Пешова, Брендови и нивна злоупотреба во Република Македонија (одбранета 2013) • Билјана Ристовска, Влијанието на глобалната финансиска криза врз кредитирањето во Република Македонија со осврт на Алфа Банка (одбранета 2014) • Деница Деловска, Економичноста како основен принцип на работење на претпријатијата- студија на случај СИМТ дооел Скопје (одбранета 2015) • Весна Блажевска Кировска, Управување и контрола на трошоците кај меѓународните проекти (одбранета 2015)	

	• Билјана Ивановска, Влијанието на системите за наградување врз мотивирањето на вработените (одбранета 2015) • Боне Ацевски, Предности и недостатоци од примената на АБЦ моделот за алокација на трошоците по места и носители во претпријатијата (одбранета 2015) • Филимена Бошковска, Промоција на банкарските производи со посебен осврт на огласувањето на отворен простор (одбранета 2015) • Горан Солздановски, Основање ново претпријатие како форма за отпочнување бизнис (одбранета 2015) • Горјан Деловски, Рентабилноста како принцип на работење на претпријатијата (одбранета 2015) • Катерина Лазаревска, Стратегии за раст и развој на претпријатието во функција на конкурентноста (одбранета 2015) • Кети Ангелковска, Развој на брендот Нектар на македонскиот пазар (одбранета 2015) • Марија Николовска Можности за развој на женското претприемништво во Република Македонија (одбранета 2015) • Ирена Иванова, Позиционирање на брендот Хипп (Hipp) на пазарот на детска храна во Република (одбранета 2016) • Милица Ристевска, Трошоците како составен дел на цената на чинење на учиноците во претпријатието (одбранета 2016) • Симона Трајковска, Управување со кредитниот ризик кај компаниите од банкарскиот сектор во функција на зголемување на нивната рентабилност (одбранета 2016) • Слаѓана Младеновска, Реосигурувањето како начин за заштита од ризик во осигурителните компании (одбранета 2016) • Драгана Христовска, Карактеристики на меѓународната трговска размена на Република Македонија со осврт на недозволените активности при трговските трансакции • Тања Николовска, Франшизата како стратегија за глобален настап на компаниите • Ведрана Велинова, Влијание на брендот врз однесувањето на потрошувачите • Душанка Трајкова Улогата и значењето на логистиката за меѓународниот бизнис • Дарко Баришиќ Управување со квалитетот во функција на подобрување на сервисните услуги-студија на случај • Цветанка Гаевска Маркоска Влијанието на стандардите врз квалитетот на угостителските услуги во Република Македонија	

	• Александар Илоски, Примена на бенчмаркинг стратегија за пазарно позиционирање на македонските компании за дистрибуција на флаширана вода • Иван Митевски, Управување со глобалната логистика при влез на странски пазари – студија на случај • Горан Ѓорѓиевски,Управивање со залихи во јавни комунални претпријатија • Бранко Гогоски, Дистрибуцијата на производи како логистичка активност во компаниите –студија на случај • Ирена Трајковска Ставрески, Улогата и значењето на железничкиот транспорт како дел од мултимодалниот транспорт • Филип Вандовски, Управување со квалитетот на производите во компаниите од прехранбената индустрија во Република Македонија	
3.	**Раководител на национални научни проекти**	**12**
	Раководител на два (2) национални научни проекти • Можности и перспективи за развој на алтернативните форми на туризам во Република Македонија, ЕИС (2016-2017) • Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија и можности за нивно подобрување, УКИМ (2015-2016) (6*2)	
4.	**Учесник во национални проекти**	**24**
	Учесник во осум (8) национални проекти • Можности и перспективи за развој на алтернативните форми на туризам во Република Македонија, ЕИС (2016-2017) • Примена на маркетинг концептот за малите претпријатија во Република Македонија, ЕИС (2016-2017) • Унапредување на организациските структури и менаџмент практиките на деловните субјекти за органски земјоделски производи во Република Македонија ЕИС (2016-2017) • Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија и можности за нивно подобрување, УКИМ (2015-2016) • Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на инструментот за претпристапна помош во република македонија, УКИМ, (2014-2015) • Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на	

	компаниите и граѓаните во Република Македонија, УКИМ (2013-2014) • Претприемничка лабораторија, УКИМ, (2012-2013) • Научната дијаспора на Република Македонија УКИМ, (2011-2012) (8*3)	
5.	**Дел од монографија**	**7,2**
	• Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и граѓаните во Република Македонија, Економски институт во Скопје, 2015 (група автори) • Претприемничка лабораторија, Економски институт во Скопје, 2014 (група автори) • Научната дијаспора на Република Македонија, Економски институт во Скопје, 2014 (група автори) (4*60%*3)	
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**43,2**
	• Financial ratios for assessment of operations success in enterprises of Macedonian hospitality industry, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 18, No 3/2016 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска) (6*0,9 = 5,4) • Features in implementations of financial calculationsin tourism sector enterprises, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 18, No 3/2016 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска) (6*0,9 = 5,4) • Investment efficiency of enterprises in tourism sector in the Republic of Macedonia, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 18, No 1-2/2016 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска) (6*0,9 = 5,4) • Strategies for funding accommodation and food service enterprises in the Republic of Macedonia, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 17, No 1-2/2015 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска) (6*0,9 = 5,4) • E-government information communication system and transparency: an overview of the situation in Republ;ic of Macedonia, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 16, No 3/2014 (во коавторство со: Сузана Џамтоска-Здравковска, Нако Ташков и Неда Петроска Ангеловска) (6*0,6 = 3,6) • Theoretical and practical aspects of value added tax in the Republic of Macedonia, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 16, No 1-2/2014	

	(во коавторство со Неда Петроска Ангеловска и Билјана Ангелова) (6*0,7 = 4,2) • Liquidity of tourism sector enterprises in the Republic of Macedonia Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 15, No 1-2/2013 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска и Нако Ташков) (6*0,7 = 4,2) Investment in Macedonian economy in terms of economic crisis, Economic development, Journal of Institute of Economics-Skopje, Year 14, No 2-3/2012 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска) (6*0,9 = 5,4) • Agricultural land markets and land leasing in the Republic of Macedonia, African Journal of Agricultural Research Vol. 7(18), pp. 2729-2740, 12 May, 2012 (во коавторство со Неда Петроска Ангеловска и Stefen Bojnec) (6*0,7 = 4,2)	
7.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/ научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** • Tourism development in Macedonia: Evaluation of the wine route region, Scientific review article doi: 10.5937/economika1503073p, July 2015 (3*0,9)	**2,7**
8.	**Трудови со оргинални научни/ стручни резултати објавени, во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** • Participation of economy of tourism in higher education process on faculties of tourism in the Republic of Macedonia (во коавторство со Неда Петроска-Ангеловска), Прездивиците на науката во економијата базирана на знаење, Економски институт, Скопје 2012 • Internet of things is using in brand protection with rfid method (во коавторство со Неда Петроска_Ангеловска и Владан Андоновиќ), III International Symposium ENGINEERING MANAGEMENT AND COMPETITIVENESS (EMC 2013) (3*0,8) • RFID as a modern brand protection technology, 11th International conference on accomplishments in electrical mechanical engineering and information technology (во коавторство со Неда Петроска_Ангеловска и Владан Андоновиќ), University of Banja Luka Faculty of Mechanical Engineering, Banja Luka, May 2013(3*0,8) • Strategies of finanacing companies in service sector in the republic of macedonia in terms of crisis (во коавторство со Неда Петроска-Ангеловска) ,	**12,6**

	Contemporary trends and prospects of economic recover, CEMAFI International, Nice, France 2014 (3*0,9) • The stress management as a strategy for increasing of the competitive advantage of the companies (во коавторство со Марија Магдинчева и Неда Петроска Ангеловска), Challenges of contemporary society, Skopje, 12-13 November 2015	
9.	**Учество на научен собир со реферат (4)** • Participation of economy of tourism in higher education process on faculties of tourism in the Republic of Macedonia (во коавторство со Неда Петроска-Ангеловска) , Меѓународна конференција- Прездивиците на науката во економијата базирана на знаење, Економски институт, Скопје 2012 • Internet of things is using in brand protection with rfid method (во коавторство со Неда Петроска_Ангеловска и Владан Андоновиќ), III International Symposium ENGINEERING MANAGEMENT AND COMPETITIVENESS (EMC 2013) • RFID as a modern brand protection technology, 11th International conference on accomplishments in electrical mechanical engineering and information technology (во коавторство со Неда Петроска_Ангеловска и Владан Андоновиќ), University of Banja Luka Faculty of Mechanical Engineering, Banja Luka, May 2013 • Претприемничка иницијатива, претприемништвото и малите претпријатија во Република Македонија (во коавторство со Марија Магдинчева и Неда Петроска Ангеловска), International conference: Social change in the global world, Faculty of law, Stip, 2014 • Strategies of finanacing companies in service sector in the republic of macedonia in terms of crisis (во коавторство со Неда Петроска-Ангеловска), International Scientific Conference on "Contemporary Trends and Prospects of Economic Recovery" 10-11 October, 2014 Nice, France. • The stress management as a strategy for increasing of the competitive advantage of the companies (во коавторство со Марија Магдинчева и Неда Петроска Ангеловска), International conference -Challenges of contemporary society, Skopje, 12-13 November 2015 • Absorbtion efficiency of IPARD funds in financing macedonian agritourism development (во коавторство со Неда Петроска –Ангеловска и Катерина Хаџи-Наумова Михајловска, International Balkan and near eastern social sciences conference series (IBANESS), Prilep, October 2016	**7**
	ВКУПНО ПОЕНИ ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**166,7**

СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста	Поени
1.	**Книга од стручна област** • Економика и организација на угостителството (автор), Лангуров –Штип, 2017 (8 бода) • Екотуризам (коавтор), Лангуров –Штип, 2017 (7 бода)	15
2.	**Рецензија на стручни книги (8*0,5)**	4
3.	**Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма**	1
	ВКУПНО ПОЕНИ ОД СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Реден број	Назив на активноста	Поени
1	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	1
2	**Член на факултетска комисија (јавни набавки)**	0,5
3	**Член на комисија за избор во звање (6*0,2)**	1,2
4	**Раководител на постдипломски или докторски студии**	2
5	**Член на Научен совет**	1
	ВКУПНО	5,7

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	239,0
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	166,7
СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20,0
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	5,7
ВКУПНО	431,4

Членови на Комисијата

Д-р Митре Аврамоски, редовен професор, с.р

Д-р Ристо Мијалов, редовен професор, с.р

Д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор, с.р

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНА ОБЛАСТ: ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 2 февруари 2017 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното поле општествени науки, научна област: економика на јавните служби, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр.02-295/3, донесена на 23.2.2017 година година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ана Павловска-Данева, редовен професор, проф. д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор и проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното поле општествени науки, научна област: економика на јавните служби, во предвидениот рок се пријави д-р Елена Давитковска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Елена Давитковска е родена во Скопје, Република Македонија, на 18.3.1984 година. Основното образование го завршила во ОУ „Лазо Трповски“ во Скопје. Средното образование го завршила во ДСЕПУ „Васил Антевски-Дрен“ во Скопје, со одличен просек. Високо образование завршила на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 2006 година и се стекнала со звањето дипломиран правник. Во 2006 год. се запишала на постдипломски студии на правно-политичките науки и комуникологија, насока: управно право. Магистерскиот труд на тема „Управноправна заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер“ го одбранила на 26 февруари 2009 година, со што се стекнала со звањето магистер по правни науки. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје, усвоена ѝ е подобност на докторската дисертација на тема: „Современите компоненти на службеничкиот систем“, која ја одбрани на 23.2.2012 год. и се стекна со научен степен доктор на правни науки.

Во текот на средношколското образование членувала во невладината организација ELSA Македонија (European Law Student Association of the Republic of Macedonia). Во текот на 2004 година остварила практикантски стаж во Мобимак.

2006 – помлад асистент по административно право на Правниот факултет и Факултетот за политички науки, Универзитет „Американ колеџ“, Скопје; 2009 – асистент по административно право и јавна администрација на Правниот факултет и Факултетот за политички науки, Универзитет „Американ колеџ“, Скопје; 2012 – доцент по група правни предмети, на Правниот факултет и Факултетот за политички науки, Универзитет „Американ колеџ“, Скопје; 2013 – доцент, на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; 2013 – визитинг-професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, по предметот

управно ветеринарство.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 825 од 1.4.2003 година, бр. 928 од 15.10.2007 година, бр. 964 од 15.5.2009 и бр. 1031 од 2012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Елена Давитковска е континуирано и активно вклучена во научната и наставно-образовната дејност на Економскиот институт во Скопје, на вториот циклус студии, и на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на првиот циклус студии.

Кандидатката е активно вклучена во научниот и наставно-образовниот процес на Економскиот институт од академската 2013/2014 година, како доцент на повеќе предметни програми на вториот циклус студии.

По нејзиниот избор во звањето доцент, на 28.3.2013 година, кандидатката ја изведува наставата на предметните програми: Деловна етика и КОО, Трудово право и службенички системи, Трговско право, Вовед во право, Облигационо право и Економска регулација. На Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од академската 2013/2014 година спроведува настава на предметната програма Управно ветеринарство.

Кандидатката е ментор на изработката на магистерски трудови, со тоа што до пишувањето на овој Извештај под нејзино менторство се очекува да магистрираат 2 кандидата. До пишувањето на овој Извештај учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 26 магистерски трудови. Преку учество во 6 комисии за докторски дисертации, таа придонела и кон развојот на млад научен и наставен кадар.

Кандидатката активно учествува во развивањето на нови предметни програми на Економскиот институт, како што се: Трудово право и службенички системи, Трговско право, Вовед во право, Облигационо право и Економска регулација.

Особено треба да се истакнат напорите на кандидатката за воведување нови и иновативни пристапи во изведувањето на наставата и спроведувањето на оценувањето на студентите, преку анализи на случаи од практиката, симулации на судења, практична работа на предмети и слични форми на учење.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Елена Давитковски е автор или коавтор на бројни книги, научни и стручни трудови. Кандидатката, по нејзиниот избор во звањето доцент, е коавтор на 2 универзитетски учебника, како и автор или коавтор на 60 научни и стручни трудови, објавени во земјата и во странство. Трудовите се од областа на

административното право, јавната администрација, службеничкиот систем, трудовото право, локалната самоуправа и локалниот економски развој, претприемништвото и менаџерските договори. Трудовите на кандидатката се особено фокусирани на компаративна анализа на националниот правен систем со правото и стандардите на Европската унија и на меѓународните извори на правото во полињата на нејзин интерес, со што придонесува за унапредување на националниот правен и економски систем.

Кандидатката, по нејзиниот избор во звањето доцент, е учесник на осум национални и еден меѓународен научен проект. Таа учествува на бројни советувања, конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири во земјата и во странство, а има учествувано и како излагач и во неколку меѓународни конференции и работилници.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, кандидатката била и континуирано останува вклучена во изработката на експертски анализи од областите врз кои се протега нејзиниот научен интерес.

Кандидатката била рецензент на неколку стручни и научни трудови во списанија со меѓународни уредувачки одбори.

Кандидатката е активно вклучена во работата на Економскиот институт во Скопје. Таа активно учествувала во подготовката на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и собири.

Вреди да се споменат и активностите од интерес и потреба на Економскиот институт, како интерни работни тела и комисии за тековна работа на институцијата.

<u>Оценка од самоевалуација</u>

На анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина, на првиот циклус правни студии по предметната програма Управно ветеринарство, кандидатката е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки, и на Економскиот институт, на вториот циклус студии, од 2013 година до моментот на пишувањето на овој Извештај, со просечна оценка над 9.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатката д-р Елена Давитковска.

По увидот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Давитковска, а поради следниве причини:

- кандидатката докторирала на современа тема од областа на јавната администрација, со што јасно ги покажува својот интерес и насоченост кон понатамошен развој на целата претходно наведена научна област, кон унапредување на правната наука и практика, со што соодветно ќе одговори и на потребите за општествен напредок;

- кандидатката е континуирано и активно вклучена во научниот и наставно-образовниот процес на Економскиот институт во Скопје, на научното поле општествени науки, поле: економски науки, област: економика на јавните служби, како доцент на предметите на кои е ангажирана;

- кандидатката била вклучена и во изведувањето настава на прв циклус студии и на друг факултет од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“;

- кандидатката во спроведувањето на наставата и на испитите на предметните програми од вториот циклус на кои била или е распоредена покажувала и континуирано покажува одлични резултати;

- кандидатката покажува одлични комуникациски способности и педагошки вештини со студентите на првиот и на вториот циклус студии, а што се покажува и од резултатите од спроведените самоевалуации на соодветните академски години;

- кандидатката навремено, совесно и целосно ги извршува своите работни задачи;

- кандидатката е активно ангажирана во подготовка и во спроведување научни и апликативни проекти и има значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати во поширок општествен контекст;

- кандидатката била учесник и/или излагач на бројни конференции, собири, работилници, обуки, советувања итн., како во земјата така и во странство;

- кандидатката има забележителна издавачка активност во објавувањето книги, научни и стручни трудови и популарни изданија, што го покажува нејзиниот научноистражувачки интерес и способности;

- кандидатката, преку научните трудови, покажува извонредни способности за компаративна и интердисциплинарна анализа, како на класични така и на модерни теми од областа на јавните служби, со што несомнено придонесува за нејзиниот развој.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Давитковска ги поседува научните и стручните квалитети за изведување на разни видови високообразовна дејност. Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата заклучува дека кандидатката ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научното подрачје општествени науки, поле: економски науки, област: економика на јавните служби.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, д-р Елена Давитковска да биде избрана во звањето вонреден професор во научното подрачје општествени науки, поле: економски науки, област: економика на јавните служби.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.
Проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска, с.р.

О Б Р А З Е Ц

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Елена Борче Давитковска

Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Економски институт

Научна област: научно поле: општествени науки, **област: економика на јавните служби**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[4]	
1.1	**Од прв циклус студии:** **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „АМЕРИКАН КОЛЕЏ“ - СКОПЈЕ** **Историја на правото** учебна 2012/2013 3*15*0,04 = 1,8 **ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ** **Јавна администрација** учебна 2012/2013 3*15*0,04 = 1,8	**18.45**

[4] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

	ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ **Управно ветеринарство** Учебна 2013/2014 1,5*15*0,04 = 0.9 Учебна 2014/2015 1,5*15*0,04 = 0.9 Учебна 2015/2016 1,5*15*0,04 = 0.9 Учебна 2016/2017 1,5*15*0,04 = 0.9 **Од втор циклус студии:** **ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“** **Трудово право и службенички системи** Учебна 2016/2017 15*15*0.05=11.25	
1.2	**Консултации со студенти**[5] учебна 2012/2013 80*0,002 = 0.16 учебна 2013/2014 30*0,002 = 0.06 учебна 2014/2015 30*0,002 = 0,06 учебна 2015/2016 30*0,002 = 0,06	**0.178**
2	**Подготовка на нов предмет**	

[5] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поена.

2.1	Подготовка на предавања и вежби, материјали за предавања и вежби по предметот трудово право и службенички системи, на втор циклус студии, Економски институт, УКИМ, Скопје (2013) 1+0.5 Подготовка на предавања и вежби, материјали за предавања и вежби по предметот трудово право, на втор циклус студии, на втор циклус студии, Економски институт, УКИМ, Скопје (2013) 1+0.5 Подготовка на предавања и вежби, материјали за предавања и вежби по предметот вовед во право, на втор циклус студии, Економски институт, УКИМ, Скопје (2013) 1+0.5 Подготовка на предавања и вежби, материјали за предавања и вежби по предметот облигационо право, на втор циклус студии, Економски институт, УКИМ, Скопје (2013) 1+0.5 Подготовка на предавања и вежби, материјали за предавања и вежби по предметот економска регулација, на втор циклус студии, Економски институт, УКИМ, Скопје (2013) 1+0.5	**7.5**
3	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
3.1	„Теорија на управувачки системи, учебник, Давитковски Б, Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2013.	**6**
4.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 26*0,3=7.8	**7.8**
5.	**Член на комисија на оценка или одбрана на докторат** 6*0,5=3	**3**
6.	**Пакет материјали за одреден предмет** Трудово право и слижбенички системи Трговско право Вовед во право Деловна етика и КОО Облигационо право Економска регулација	**6**

7.	**Настава во школи и работилници (учесник)** Прва меѓународна охридска правна школа „Новите предизвици во уредувањето на правните односи“, организирана од Асоцијација за правно- економски истражувања и едукација „Јуридика“ (2015). Втора меѓународна охридска правна школа „Правната сигурност како фактор за владеењето на правото во современите општества“, организирана од Институт за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима“ (2016).	**2**
8.	**Вкупно поени од претходен избор**	**49,025**
	Вкупно	**99,953**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Ментор на магистерска работа**	**2**
2.	**Учесник во национални научни проекти**	
	Проект: „Градење на капацитетите на административното судство во Република Македонија во пресрет на предизвиците за постигнување на европските стандарди“, УКИМ (2015/2016). Проект: Изработка на „Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемнишво на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година“, ангажирана како асистент истражувач (март 2014 – јуни 2014). Проект: „Можности и преспективи за развој на Македонската берза на хартии од вредност воуслови на криза од глобален и регионален карактер“, Економски институт, 2015. Проект: „Дигиталната економија во Република Македонија - предизвици и можности за нејзино унапредување“, Економски	**24**

	институт, УКИМ, Скопје, 2016. Проект: „Можности и перспективи за развој на алтернативните форми на туризам во РМ“, Економски институт, УКИМ, Скопје, 2016. Проект: „Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македонија и можности за нивно подобрување“, УКИМ, Скопје, 2015-2016. Проект: „Можности за подобрување на ефикасноста во спроведување на инструментот за претпристапна помош во Република Македонија“, УКИМ, Скопје, 2014-2015. Проект: „Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и граѓаните во Република Македонија“ УКИМ, Скопје, 2013-2014.	
3.	**Учество во меѓународен научен проект**	
	Проект: „Иксуства од примената на новите закони за општа управна постапка во земјите од регионот“, УКИМ, 2016.	**5**
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание	**44.4**
	„Financial equilibrium for the administrative contracts“ Pavlovska-Daneva A., Davitkovska E.,Economic development, Journal of The Institute of Economics- Skopje, Year.15, No. 3/2013, str.89-102; (3.2) Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д. “Службеничкиот систем во Република Македонија и во Република Хрватска”, V. Zagrebačko-skopski pravni kolokvij, Zbornik Radova 11-12 lipanj 2015, Zagreb 2015, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, str. 347-364; (2.4) „Legal essence of the management contract with the specifics of the Macedonian legislation“Andonov M., Mihajloski Z., Davitkovska E., Goceva	

	V., Economic development, Journal of The Institute of Economics-Skopje,Year 16, No.1-2/2014, str.137-150 (2.4) ”Working Principles of Modern Public Administration” , Павловска-Данева А., Давитковска Е., Iustinianus Primus Law Review № 06 • volume IV • Spring 2013 (објавенонаhttp://www.law-review.mk/pdf/06/Ana%20Pavlovska-Daneva,%20Elena%20Davitkovska.pdf); (3.6) ”The Future Of Good Governance In EthnicallyMixed Municipalities In The Republic Of Macedonia” , ко – автор, Iustinianus Primus Law Review № 04 • volume III • Spring 2012” (објавено на: http://www.law-review.mk/pdf/04/Elena%20Davitkovska,%20Ivan%20Stefanovski.pdf) (3.6) “New administrative procedure legislation or its better implementation?„ , Павловска-Данева А., Давитковска Е., Iustinianus Primus Law Review № 08 • volume V • Winter 2014 (објавено на http://www.law-review.mk/pdf/08/Ana%20Pavlovska%20Daneva,%20Elena%20Davitkovska.pdf ((3.6) “Standardizing Administrative Procedure„ Павловска-Данева А., Давитковска Е.Шумановска-Спасовска И., Гоцевски Д., Iustinianus Primus Law Review № 09 • volume V • Summer 2014 (објавено на http://www.law-review.mk/pdf/09/Ana%20Pavlovska%20Daneva,%20Elena%20Davitkovska,%20Ivana%20Sumanovska-Spasovska,%20Dragan%20Gocevski.pdf). (2.4) „LEGAL ESSENCE OF THE MANAGEMENT CONTRACT WITH THE SPECIFICS OF THE MACEDONIAN LEGISLATION“ (коавтор), Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje ISSN 1409-7893 UDK – 338, Year 16, No 1-2/2014, Indexed in EBSCO (2.4) „SOME THEORETICAL ASPECTS OF THE CORPORATE SOCIAL RESPONSIBILITY INFLUENCE ON THE BUSINESS FINANCIAL PERFORMANCES“ (коавтор), (original scientific paper) Economic Development – Journal of the Institute	

	of Economics – Skopje ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741, UDK – 338, Year 17, No 1-2/2015, Indexed in EBSCO (2.4) „MAIN CHALLENGES IN THE IMPLEMENTATION OF REGIONAL DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA“ (коавтор), (original scientific paper) Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje, e-ISSN 1857-7741, UDK – 338, Year 17, No 3/2015, December 2015, Indexed in EBSCO (2.4) „Local Self-government and Decentralization in the Republic of Macedonia ahead of the European Challenges”, 24th NISPAcee Annual Conference “Spreading Standards, Building Capacities: European Administrative Space in Progress, Zagreb, Croatia, http://www.nispa.org/files/conferences/2016/CD/index.html (2016) (3.6) „Decentralization - A Necessity or Need“,Pavlovska Daneva A., Sumanovska Spasovska I., Davitkovska E., Iustinianus Primus Law Review № 14 • volume VIII • Spring 2017 (објавен на: http://law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=14). (3.2) "Misdemeanors in Macedonia (Prekršaji u Makedoniji)" Davitkovski B., Davitkovska E. Hrvatska javna i komparativna uprava, Institut za javnu upravu - novi informator, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu. Br. 1` 2013, str. 193-212 (3.6) Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., *„Афирмативне мере у запошљавању у државној управи и заштита од дискриминације у Републици Македонији“,* во Правни систем и заштита од дискриминације, Зборник радова, Друга свеска, Правни факултет Универзитета у приштини, Косовска Митровица, 2015. стр. 287-318; (2.4) Open inovation constrainsts in Macedonian SEMPS, Janevski Y., Davitkovska E., Petkovski Zbornik radova, ERAZ, Beograd 2015 (3.2)	

4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание**	**16.6**
	„Некои аспекти од нормативната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, со посебен акцент на идните регулаторни предизвици“, Андонов М., Давитковска Е., Стручно списание „Правник“, Година XXV, бр. 294, 2016, стр. 2-8. (1.8) „The appliance of open innovation concept in SMEs in Republic of Macedonia”, Janevski International Journal for Science and Innovations in Industry, Година 3, Број 2/2015, Софија, Бугарија (1.6) “Досегашната практина од примената на Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници наспроти Законот за јавни претпријатија“Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е.“, Деловно право, Год. XVI, бр. 33, Скопје, 2015, стр. 39-58; (1.6) „Предизвици и очекувања од Законот за администртивни службеници и Законот за вработени во јавен сектор„ Стручно списание „Правник“, Година XXII, бр. 265, 2014, стр. 2-12. (1.6) Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е. „Новите законски решенија – основ за реформа на статусот на вработените во јавниот сектор“ Деловно право, Издание за теорија и практика на правото, година XV, бр. 30, Скопје, мај 2014. стр. 39-60; (1.6) Давитковски Б., Павловска-Данева А, Давитковска Е. “Нов концепт на Законот за општата управна постпака”, Деловно право, Издание за теорија и практика на правото, година XIV, No. 29, октомври 2014, Скопје, стр. 153-174; (1.6) „Најновите законски решенија за статусот на вработените во јавниот сектор во Република Македонија и нивната практична имплементација: реалност или утопија“, Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Форум за јавна администрација „Службеничкиот систем во Република Македонија“, Скопје 2015, стр. 4-10 (1.6)	

	„Функционална децентрализација во Република Македонија – искуства, недоследности н предизциии“, Шумановска-Спасовска И., Давитковска Е., Форум за јавна администрација „Добро владеење во локалната самоуправа“, Скопје 2016, стр. 4-15. (1.8) „Реформи во службеничкиот систем на Република Македонија“, Павловска-Данева А., Давитковска Е., Правник, бр, 281 септември 2015 (стр. 2-6) (1.8) “Reform Fatigue, How Public Administration Reforms Hinder Social Changes“ Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D., меѓународна научна конференција: “Lost in transition – citizens‘ engagement with transitional changes in Western Balkan societies”, Centre for Empirical Cultural Studies of South – East Europe (Srbia), Institute for Democracy “ Societas Civillis“ Skopje (Macedonia), Social Research Kosova (Kosovo) and Centre for Social Science of the Iustinianus Primus Faculty of Law, Ss Cyril and Methodius University, Skopje, 6-7 July 2013 (1.6)	
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**72.6**
	„Usaglašavanje rada upravnog sudstva u Republici Makedoniji sa Evropskim standardima“, Давитковски Б., Павловска-Данева А., Шумановска-Спасовска И., Давитковска Е., Usaglašavanje pravne regulative sa pravnim tekovinama Evropske unije, Ur. Bejatović M. Pravni fakultet za privredu i pravosuđe Univerzitet Privredna akademija Novi Sad, Novi Sad 2016, str. 101-122; (2.1) „Спецификите на Законот за општата управна постапк од 2015 година прикажани низ одредби кои претставуваат новина за македонското управно право“,Давитковски Б., Павловска-Данева А., Шумановска-Спасовска И., Давитковска Е., Деловно право – издание за теоријата и практиката на правото, година XVII, бр. 34, мај 2016, Скопје, стр. 605-630; (2.1) „Novi Zakon o općem upravnom postupku u Republici Makedoniji i njegova primenjivost“,Давитковски Б., Павловска-Данева А., Шумановска-	

	Спасовска И., Давитковска Е., Pravni zivot – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Здружение на правници Србија, Копаоник 2016, стр. 267-282; (2.1) “The Decisions of the Administrative Court of the Republic Macedonia and Their Latest Aplication by the Administrative Authorities”, Pravni zivot – Časopis za pravnu teoriju i praksu, Здружение на правници Србија, Копаоник, No. 10/2015, Vol. 576, 1-790, стр.237-252; (2.1) „Управно-судска заштита во Република Македонија помеѓу Европските стандарди и реалноста“, Павловска-Данева А., Давитковска Е., Институт за правно – економски истражувања и едукација „Јуридика Прима“, Скопје 2016, стр. 43-66. (2.7) “Дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници“ на втората меѓународна научна конференција “Компаративен преглед на правото на Франција и Македонија: Административно право“, Давитковска Е., Правен факултет “Јустинијан Први“ Скопје, Универзитете “Св. Кирил и Методиј“, Скопје и Меѓународен институт за човекови права и мир, Универзитет во Каен, Република Франција, Скопје, 7 Ноември 2013 година, стр. 59-71. (3) „Европеизација на управната постапка во Република Македонија“, Павловска-Данева А., Давитковска Е., Асоцијација за правно – економски истражувања и едукација „Јуридика“, Скопје, 2015, стр. 165 – 175. (2.7) Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., “Процес регулација правног статуса јавних и државних службеника у Републици Македонији (2000-2015)”, Школа Природног права, Србија (2014) (2.4) Davitkovski B., Pavlovska-Daneva A., Davitskovska E., “Law on general administrative procedure - solution for all the problems of the inefficient administration”, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Udruženje pravnika Srbije, XXVI susret, 2013,pp 265-282 (2.4) “Položaj administrativnog službenika u novoj legislativi Republike Makedonije”, Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D., Pravni život,	

	Časopis za pravnu teoriju i praksu, Udruženje pravnika Srbije, br. 10 tom II 2012, Beograd pp.275-284; (2.4) Davitkovski B., Pavlovska-Daneva A., Davitkovska E., Gocevski D. "Mobing u javnom sektoru", Zbornik radova Univerziteta u Istocnom Sarajevu- Pravni fakultet, 2014; (2.4) "Mobbing as a legal instrument so "bypass" partization and politization in the public sector", Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D., Published papers from the Scientific conference "50 th anniversary of the St. Cyril and St. Methodius University in Veliko Tarnovo", 10th of May 2014. pp. 11-19; (2.4) Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D. "E uprava u Makedoniji",Pravo u društvena stvarnost, Zbronik radova sa međunarodnog naučnog skupa, Univerzitet u Prištini sa privremenim sedištem u Kosovskoj Mitrovici, Pravni fakultet, Kosovksa Mitrovica 2014,139-160; (2.4) „Однос између управног (јавног) права и грађанског (приватног) права вс. кодификације грађанског права" Давитковки Б., Давитковска Е., Гоцевски Д. Зборник радова међународног научног скупа „Хармонизација грађанског права у региону", Универзитет во Источно Сарајево – Правен факултет, 2013, Источно Сарајево стр. 195-204; (2.4) *Теоретско определување на службеничкиот систем*, Павловска-Данева А., Давитковска Е., Зборник посветен на 18 години од постоењето на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, Република Македонија, 2013 (2.7) „Јавна администрација основа за реформе / не-реформе у Републици Македонији", Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., ВЕСНИК часопис за теорију и праксу друштевно хуманистичких наука, Београдска пословна школа, висока школа струковних студија, Број 1, 2013, стр. 33-45; (2.1)	

	„Е3 (ефикасност, економичност, ефективност)“ Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., Зборник на трудови од Четвртиот скопско-загрепски правен колоквиум, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, август 2013, стр. 9-26; (2.1) „Institutional forms and shapes in the implementation of regional development in the Republic of Macedonia“, Davitkovski B., Davitkovska E, Goceva V., SPECIAL ED. Volume CLIII, Department of Social Sciences Vol. 3, Proceedings *International Scientific Conference* “Local Economic and Infrastructure Development of SEE”, Sarajevo 2013, pp. 79-108; (2.4) “Динамика реформских процеса као фактор успешности реформи у Републици Македонији”, Давитковски Б., Гоцевски Д., Давитковска Е., Зборник радова “Начела и вриједности правног система-норма и пракса”, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Источно Сарајево 2012, стр. 343-369; (2.4) “Утицај ЕУ интеграција на самостојност – зависност домаће легислативе (посебан осврт на управно право)“, Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., Зборник радова са међународног научног скупа „ВЛАДАВИНА ПРАВА И ПРАВНА ДРЖАВА У РЕГИОНУ“ Правни факултет, Универзитета у Источном Сарајеву – Пале 26.10.2013 г. стр. 200-212; (2.4) „Административниот службеник vs државниот и јавниот службеник”, Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, по повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет, Скопје, 2008-2010, Том 44-46, ISSN 0583-5062, стр. 49-60; (2.4) „Reforms in the clerical system in Republic of Macedonia – necessity or need“ Давитковска Е., New perspectives of South East European Public Law, SEE Post- doctoral colloquium in Public Law, Law Faculty Tirana, SEELS, 2014 str 119-141 (3)	

	"Evaluating organizational effectiveness",Давитковска Е., Гоцевски Д., IPSA (RC 32) 2013 Conference, Centre for Advanced Academic Studies, Dubrovnik Croatia, 4-7 April 2013 (2.7) "Frequent legal ammendments, preconditions for succes/failor of public administration reforms", Davitkovski B., Pavlovska-Daneva A., Davitkovska E., Gocevski D., Published papers from the 21st NISPAcee Annual Conference, Regionalisation and Inter-Regional Cooperation, Belgrade, Serbia, May 16-18, 2013; (2.1) Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., "Реформа службеничког система у Македонији кроз призму нових законских решења", Радно и социјално право, Часпис за теорију и праксу радног и социјалног права Година XVIII, стр. 87-104; (2.4) "Pravni status i položaj Komisije za odnos sa verskim zajednicama u Republici Makedoniji", Davitkovski B., Pavlovska-Daneva A., Davitkovska E., Gocevski D., "Zbornik radova 1700 godina Milanskog edikta", Pravni fakultet Univerziteta u Nišu, 17-18maj 2013, str. 23-34; (2.1) Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д. "Психичко узнемиравање (МОБИНГ) Реалност или фикција", Правна ријеч, Бр. 35, Година X, Бања Лука, 2013 стр. 649-664; (2.4) "Развој е-управе у Републици Македонији 2009-2012", Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., ПРАВНА РИЈЕЧ часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Републике Српске, бр. 31/2012, год. IX (ISSN:1840-0272), Бања Лука 2012, стр. 437-456; (2.4) "Apekti efektivnosti upravnih organizacija", Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D., Zbornik radova Pravnog fakulteta u Prištini sa privremenim sedištem u Mitrovici, Kosovska Mitrovica 2012, str. 191-202; (2.4) "Administrative Misdemeanor in the Republic of Macedonia", Davitkovski B., Davitkovska E., Collection of papers of the 9th traditional international counseling "Legal Days Prof. Slavko Caric Ph.D."-"The Contemporary Trends	

	in Development of the Legal Systems of States in the Region", Faculty of Law for Business and Justice, University Business Academy, Novi Sad 2012, pp. 52-68; (2.7) Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д. „Правни институции од управното право како дел од кодификацијата на граѓанското право", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. д-р Тодор Пеливанов, 2012, стр. 59-71; (2.4)	
6.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција**	**6**
	„Заштита људских права и слобода загарантованих уставом у управно-судском процесу у Републици Македонији", Давитковски Б., Шумановска-Спасовска И., Давитковска Е., Зборник радова са научног скупа са међународним учешћем „Људска права између идеала и изазова садашњости", Косовска Митровица, стр. 665-685; (1.6) „Положбата и улогата на јавната администрација во системот на поделба на власт во САД", Давитковски Б., Павловска-Данева А., Шумановска-Спасовска И., Давитковска Е., Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје, 2016, стр. 132-156;(1.6) „Јавната администрација и нејзината улога во конституирањето на институциите на Република Македонија", Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје, 2015, стр. 15-27 (1.4) "Верската толеранција и соработка и државните органи", Давитковски Б., Павловска-Данева А., Давитковска Е., Гоцевски Д., Годишник во чест на проф. д-р Лазар Китановски, Скопје 2015, стр. 25-36 (1.4)	
8.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**9**
	Прва меѓународна охридска правна школа „Новите предизвици во уредувањето на правните односи", организирана од Асоцијација за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика" (2015). Втора меѓународна охридска правна школа „Правната сигурност како фактор за владеењето на правото во современите општества", организирана од Институт за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима" (2016).	

	Втора меѓународна научна конференција „Компаративен преглед на правото на Франција и Македонија: Административно право“, Давитковска Е., Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје и Меѓународен институт за човекови права и мир, Универзитет во Каен, Република Франција, Скопје, 7 ноември 2013 година.	
9.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**3**
	“South East European Post-doc Colloquium in Public Law”, Law Faculty Tirana, Albania (2014), organized by South East European Law School Network and GIZ (1) Саветовању првника Октобарски правнички дани на тему „Изградња и функционисање правног система“ у Бањој Луци (2013), организирано од Удружење Правника Републике Србије Научни скуп „Право и друштвена стварност“ (2014), организирано од Правен факултет во Косовска Митровица	
	Пленарни предавања на научен/стручен собир	2
	Форум за јавна администрација „Добро владеење во локалната самоуправа“ (2016), организирано од Фридрих Еберт	
	Поени од претходен избор	**78,3**
	Вкупно	**262,9**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**

1.	**Стручна монографија**	**8**
	„Градење на капацитетите на административното судство во Република Македонија во пресрет на предизвиците за постигнување на европските стандарди“, коавтор, УКИМ, Скопје, 2013.	
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
3.	**Член на факултетска комисија**	**2**
	2013-2014	0.5
	2014/2015	0.5
	2015/2016	0.5
	2016/2017	0.5
	Поени од претходен избор	**9**
	Вкупно	**19**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**99,953**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**262,9**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**19**
Вкупно под претходен избор	**136,325**
Вкупно по изборот во звањето доцент	**245,528**
Кумулативно (пред и по изборот во звањето доцент)	**381,853**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

Проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ЛОКАЛЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТАТЈАНА СТОЈЧЕСКА,

ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Татјана Стојческа со наслов „Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локална самоуправа во Република Македонија“**,** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата **126 седница одржана на 26.2.2016 година, донесе Одлука бр. 02-264/2 од 29.2. 2016 година за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација во состав:**

Commented [TS1]: Овде треба да се стават соодветните информации

1. **д-р Васил Поповски**
2. **д-р Силвана Мојсовска**
3. **д-р Билјана Ангелова**
4. **д-р Елизабета Џамбаска**
5. **д-р Владимир Петковски**

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Општи согледувања

Докторската дисертација од кандидатката *м-р Татјана Стојческа* со наслов *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија*, обработува исклучително комплексна, интересна и современа тема поврзана со спроведувањето на процесот на одржлив развој.

Одржливиот развој е најголемиот предизвик со кој се соочуваат земјите во светот без разлика на степенот на развој. Од неговата појава па се до денес, континуирано се зајакнува заложбата и посветеноста на глобално, национално и локално ниво.

Република Македонија е член на глобалното движење за одржлив развој, обврзана на исполнување на обврските што произлегуваат од меѓународните документи и договори за примена на концептот на одржлив развој во севкупниот развој на државата.

Стратешкото планирање за локален одржлив развој претставува можност за единиците на локалната самоуправа на иновативен и економичен начин да се соочат со предизвиците и за создавањето визија за иднината.

Поаѓајќи од наведеното, овој докторски труд го утврдува значењето и примената на стратешкото планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Commented [TS2]: Нивото на примена

Во Република Македонија речиси и да не постојат фундаментални теоретски, ни емпириски истражувања во врска со оваа проблематика за да се утврди реалната состојба на неговата примена во единиците на локалната самоуправа. Овој труд го истакнува значењето на стратешкото планирање за локален одржлив развој како можност за фокусирање на главните проблеми и изнаоѓање на начини за нивно решавање врз основа на доброто познавање на сегашната состојба и идните перспективи на локалното население. Потоа, ја утврдува состојбата во единиците на локалната самоуправа за познавањето и примената на концептот на одржлив развој, ги идентификува пречките за постигнување на одржлив развој на локално ниво и го воведува концептот на одржлив град за забрзување на транзицијата кон одржлив развој. Трудот ја истакнува важноста на стратегиите и стратешките планови за порационално искористување на ограничените ресурси и буџети и подобра координација и имплементација на програмите и проектите во различни области. Се реафирмира потребата за интегрирање на локалниот одржлив развој во националната политика на развојот, односно воспоставување на интеграција и координација на политиките на развојот од локално до централно ниво.

Докторската дисертација *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија,* од кандидатката *м-р Татјана Стојческа,* ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област.

За таа цел, кандидатката користи интегративен пристап од повеќе сегменти во истакнувањето на значењето на стратешкото планирање за процесот на одржлив развој на локално ниво. Токму издвојувањето на клучните сегменти за ова прашање, утврдувањето на состојбата на негова примена во македонските единици на локална самоуправа и препораката за надминување на идентификуваните состојби и го даваат практичното значење на оваа докторска дисертација.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија* од кандидатката *м-р Татјана Стојческа*, **има 298 страници компјутерски обработен текст**, во рамките на кои се вклучени повеќе табели, слики и графикони. **Користената литература е наведена на 8 страници и содржи библиографски единици (книги,**

Commented [TS3]: 300/275 е дисертацијата

Commented [TS4]: 7

Commented [TS5]: 160

периодични списанија, извештаи и интернет-страници). Содржината на дисертацијата е поделена во шест поглавја, вовед и заклучок, а на крајот следуваат прилози.

Докторската дисертација е структурирана на начин да се движи од поставување на општи согледувања во воведниот дел и првата глава, кон разработка на посебни, специфични тематики во наредните глави и повторно поставување на општи заклучоци и препораки во рамките на заклучокот.

Во воведниот дел на докторската дисертација, кандидатката најпрвин ја појаснува актуелноста на истражуваната проблематика. Потоа ги дефинира предметот и целите на истражувањето, како и користениот методолошки пристап. Во рамките на воведот е даден и преглед на структурата и организацијата на содржината на трудот. Во завршниот дел од воведот, кандидатката ги презентира очекуваните резултати и научниот придонес на дисертацијата.

Во ***првата глава***, под наслов „Одржлив развој“, кандидатката се осврнува на поимот и основните карактеристики на одржлив развој. Според нејзиното мислење, одржливиот развој е најголемиот предизвик со кој се соочуваат земјите во светот без разлика на степенот на развој. Во еволуцискиот развој на концептот, кандидатката прави осврт на неговите најрани почетоци, преку светските самити за одржлив развој, се до усвојувањето на глобалната агенда 2030 „Промена на светот: Програма за одржлив развој“ која ги содржи целите на одржлив развој. Од страна на кандидатката во дефинирањето на концептот на одржлив развој се земаат во предвид различни перспективи и гледишта на концептот на одржлив развој. Поаѓајќи од општо прифатената Брунтланд дефиниција, преку дефинициите на најавторитетните меѓународни организации кои работат на одржлив развој и различни автори, кандидатката го опишува одржливиот развој како нераскинлив спој на три важни сегменти кои се испреплетуваат и надополнуваат: еколошкиот, економскиот и социјалниот. Принципите на одржлив развој во дисертацијата се обработени од неколку аспекти. Во првиот целосно се обработени и презентирани 27-те принципи од Декларацијата од Рио. Поаѓајќи од сознанието дека се потребни промени во индивидуалните акции за одржлив развој и живеењето на одржлив начин треба да биде императив, кандидатката посебно се осврнува на принципите на одржлив начин на живеење, но и ги обработува принципите кои се користат за проценка на одржлив развој. Се прави посебен осврт на индикаторите на одржлив развој што ги користат Организацијата на обединетите нации, Европската унија и Република Македонија. Во продолжение на главата, кандидатката прави осврт на примената на концептот на одржлив развој во Европската унија, ставајќи акцент на идниот ангажман и придонес на ЕУ во имплементација на глобалната Агенда 2030 и целите на одржлив развој. Постигнувањето на одржлив развој е голем предизвик за Република Македонија. Од тој аспект, кандидатката ги анализира законските основи за примена на концептот на одржлив развој и се осврнува на Националната стратегија за одржлив развој. На крајот од ова поглавје, кандидатката ја обработува усвоената глобална стратегија за одржлив развој „Промена на Светот: Програма за одржлив развој“ на Обединетите нации потенцирајќи ја уште еднаш потребата за целосна примена на холистичкиот концепт за економска, еколошка и социјална одржливост.

За разлика од претходната глава каде што акцентот е ставен на теориското образложение на поимот *одржлив развој*, ***втората глава***, под наслов „Стратегиски

менаџмент“, кандидатката ги истражува развојот, значењето и поврзаноста на стратегискиот менаџмент со одржливиот развој.

На почетокот на поглавјето се обработени содржини кои се однесуваат на поимот, општите карактеристики и фазите на стратегиски менаџмент. Посебно внимание им е посветено на стратегиите, приодите во нивното формулирање со ставање на акцент на стратегиите за одржлив развој и пристапот во нивното дефинирање.

Според мислењето на кандидатката, стратегиите за одржлив развој се средства преку кои глобалните цели и идеи се претвораат во конкретни национални политики, цели и активности. Кандидатката прави преглед на пристапите во дефинирање на стратегиите за одржлив развој на Обединетите нации и Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Поконкретно, станува збор за главните насоки дадени за изработка на националните стратегии за одржлив развој. Во продолжение се прикажани постојните видови на национални стратегии за одржлив развој, посебно осврнувајќи се на стратегиите во Европската унија. Во продолжение, кандидатката се осврнува на механизмите за хоризонтална и вертикална интеграција на стратегиите.

На крајот на оваа глава, прикажана е врската меѓу менаџментот на квалитет и одржлив развој. Претставени се најчесто користените стандарди за квалитет во оваа област (Стандардот ISO 9000 за менаџмент за квалитет, EFQM Модел на извонредност и Заедничка рамка за проценка).

Третата глава, насловена „Локалната самоуправа во Република Македонија“ ја проучува нејзината улога и значење за одржлив развој. На почетокот на главата е опфатена целокупната правна рамка за локалната самоуправа (Европската повелба за локална самоуправа, уставната рамка и законската рамка). Понатаму, кандидатката ги објаснува територијалната организација, структурата и обемот на надлежности на единиците на локалната самоуправа. Понатаму, се истакнува дека целосното спроведување на процесот на децентрализација ќе ја забрза транзицијата кон одржлив развој. Затоа, во овој дел, посебно внимание е ставено на процесот на децентрализација во Република Македонија.

На крајот на ова поглавје, кандидатката ја истакнува улогата на локалната самоуправа и нејзиното учество во одржлив развој. Посебен осврт во овој дел се прави на Локалната агенда 21 и Алборг повелбата и обврските. За Локалната агенда 21 истакнува дека има карактер на стратешки план за развој на заедницата и како таков треба да се третира во подготовките и процесот на планирање, како и во процесот на донесување и имплементација. Додека за Алборг повелбата смета дека е модел за подготовка и спроведување на процесот на локалната агенда 21 и градење на одржлив град.

Во ***четвртата глава*** со наслов „Стратешкото планирање за локален одржлив развој“, кандидатката се осврнува најпрво на трендовите во областа на стратешкото планирање врз основа на меѓународните искуства. Во овој дел, процесите на локален одржлив развој се категоризираат со групирање на земјите во регионален контекст како на пример „европски“, „латиноамерикански“, „африкански“, „азиско-пацифички“ итн. Покрај категоризацијата, направена е типологија на локалните процеси на одржлив развој според политичкото ниво и видот на организацијата кои ги иницира. Потоа, кандидатката се осврнува на трендовите на стратешко планирање за локален одржлив развој во Република Македонија. Најпрво се обработени законските можности за

стратешко планирање на национално и локално ниво, а потоа постојните методологии за стратешко планирање. Во овој дел, кандидатката прави анализа на тековната состојба на примена на стратешкото планирање во Република Македонија врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување. Кандидатката истакнува дека премногу е мал бројот на единиците на локалната самоуправа кои имаат стратегија за локален одржлив развој или Локална агенда 21.

Ваквата состојба многу се разликува од онаа што генерално е регистрирана на меѓународно ниво по одржувањето на Самитот Рио+20 во 2012 година каде што се повеќе локалните самоуправи го ставаат локалниот одржлив развој како еден од највисоките приоритети на развојната агенда. За успешно спроведување на процесот на одржлив развој на локално ниво, неопходно е вклучување на јавноста во подготовката и процесот на планирање и донесување на одлуки за идниот развој на заедницата. На крајот на поглавјето, кандидатката ги нотира општо прифатените елементи на опкружувањето за успешен локален развој и главните препреки врз основа на меѓународните искуства во процесот на градење одржлива заедница.

Петтата глава носи наслов **„**Имплементација на стратешко планирање за локален одржлив развој“, е обработена врз основа на добиените резултати од емпириското истражување во рамките на докторската дисертација. Преку фазите на планирање, имплементација, мониторинг и координација се утврдуваат начините, состојбите и можностите за примена на стратешко планирање и главните препреки и предизвици во процесот на локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа. Поаѓајќи од сознанието дека градовите се главни двигатели на идниот развој, во овој дел од главата, кандидатката се фокусира на концептот на одржлив град, неговото дефинирање, карактеристики и значење. Кандидатката забележува дека со примена на концептот на одржлив град се забрзува транзицијата кон одржлив развој. Одржливиот град применува холистички начин на размислување во градењето и донесувањето на политиките на развојот. Ова се надополнува со обработката на 11-тата Цел од поставените глобални цели на одржлив развој „ одржливи градови и заедници“. Анализирајќи неколку модели на најдобри практики за одржлив град (Сиетл, Копенхаген, Амстердам, Љубљана и Есен) се покажува како се имплементира концептот на одржлив град.

Во последната ***шеста глава*** на дисертацијата**,** насловена „Интеграциски пристап во примената на стратешкото планирање за одржлив развој“, кандидатката се осврнува на институционалните капацитети и можности за примена на одржлив развој во Република Македонија. Се утврдува тековната состојба од аспект на целите на одржлив развој. Се обработува процесот на градење на поддршка за одржлив развој на централно ниво и потребните административни капацитети на локално ниво за одржлив развој во Република Македонија. Во овој дел, кандидатката истакнува дека единиците на локалната самоуправа се повеќе стануваат свесни за предности од примената на стратешкото планирање и придобивките од процесот на одржлив развој. Исто така, ја нотира важноста од целосното спроведување на целта „Одржливи човекови населби“, поставена во Националната стратегија за одржлив развој на Република Македонија.

Во ***заклучокот*** се презентирани клучните наоди од теоретското и практичното истражување во трудот, меѓутоа дадени се и препораки во однос на понатамошна успешна примена на стратешкото планирање за одржлив развој на локално ниво.

3. Оцена и предлог

Докторската дисертација на кандидатката *м-р Татјана Стојческа* со наслов *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија* претставува истражување во областа на организациските и економските науки. Трудот има карактеристики на научно издржана дисертација која низ теориско и емпириско истражување третира современа и мошне актуелна проблематика.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет. Имено, докторскиот труд на кандидатката м-р Татјана Стојческа својата оригиналност ја црпи од истражувањето кое е фокусирано на примената на стратешкото планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа и ги интегрира различните сегменти со цел зголемување на ефикасноста на стратегиите за одржлив развој на локално ниво.

Commented [TS6]: Примената на стратешкото планирање

Научно-методолошкиот пристап кон предметот на истражувањето му дава карактеристика на трудот на комплексно и сестрано истражување во кое што кандидатката успеала, преку елаборирање на современите сознанија за примена на стратешко планирање за одржлив развој, да анализира и да заземе став во однос на можноста тоа да се инкорпорира во стратегиите и политиките на локален развој како перспектива на севкупниот развој на Република Македонија.

Вака понудената истражувачка рамка, со оглед на фактот дека е базирана на универзални научни факти е со универзален карактер и е широко применлива во други земји, со тоа што критичните компоненти можат да се модифицираат и да се приспособат кон разликите. Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување и нивна корелација, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло и значење.

Докторската дисертација *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија,* од кандидатката *м-р Татјана Стојческа*, се одликува со коректен методолошки приод. Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен докторски труд.

Кандидатката има солидно познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирањето на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат

непосредна примена во практиката, а едновремено отвораат можност за понатамошни истражувања во споменатите области.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап и според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката м-р Татјана Стојческа во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Согласно со законската обврска за оцена на степенот на преземање на сознанија од постоечки извори, докторската дисертација беше поставена на страницата на Министерството за образование и наука на Република Македонија, www.plagijati.mon.gov.mk, од која е добиен позитивен извештај, односно низок степен на преземање од други трудови (**6,78%**).

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

Commented [TS7]: Остануваат да се вметнат делот со тестирањето и научни трудови.

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација *Стратешко планирање за локален одржлив развој во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија;*
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. на кандидатката *м-р Татјана Стојческа* да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на

докторската дисертација

1. _____с.р.
/Д-р Васил Поповски/

2. _____с.р.
/Д-р Билјана Ангелова/

3. _____с.р.
/Д-р Силвана Мојсовска /

4. _____с.р.
/Д-р Елизабета Џамбаска/

5. _____с.р.
/Д-р Владимир Петковски/

ПРЕГЛЕД

НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Рег. бр.	***Име на кандидатот***	***Наслов на темата***	***Ментор***	***Одлука од Научен совет***
1.	Ивана Велковска	„Регулирање и ефекти од примената на регулативата за трансферните цени во националните економии“ „Regulation and effects from implementation of transfer pricing legislation in the national economies“	д-р Силвана Мојсовска	Бр. 02-274/2 од 27.2.2017 година
2.	Ева Зарезанкова	„Управување со ризиците во компаниите во Република Македонија-студија на случај “ „Risk management of companies of the Republic of Macedonia-case study“	д-р Неда Петроска-Ангеловска	Бр. 02-289/2 од 27.2.2017 година
3.	Јулијана Киселинова	„Управување со ИПА фондовите во Република Македонија и регионот “ „Management of the IPA funds in the Republic of Macedonia and the region“	д-р Снежана Костадиноска -Милошеска	Бр. 02-292/2 од 27.2.2017 година
4.	Иван Григоријевиќ	„Организациските фактори во функција на подобрување на услугите во Електро-енергетскиот сектор во Република Македонија-студија на случај АД МЕПСО “	д-р Ирина Мајовски	Бр. 02-290/2 од 27.2.2017 година

		„Organizational factors with focus on improving service provisions in EES of the RM – case study AD MEPSO“		
5.	Татјана Наумова	„Лиценцата како метод за настап на странски пазар- студија на случај “ „License as a method for entering new foreign market - A Case Study“	д-р Искра Станчева-Гигов	Бр. 02-284/2 од 27.2.2017 година

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ИНСИТИУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	М-р Милош Стокуќа дипл.град.инж.	„ФАСАДНИ И КРОВНИ СЕНДВИЧ-ПАНЕЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАКОСТА И ДЕФОРМАБИЛНОСТА КАЈ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ”	“FAÇADE AND ROOF SANDWICH PANELS IN FUNCTION OF IMPROVING THE STRENGHT AND DEFORMABILITY OF STEEL STRUCTURES”	проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска	09-130/1 од 03.02.2017
2	М-р Јордан Бојаџиев дипл.град.инж.	„ИНОВАТИВЕН МЕТОД ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СЕИЗМИЧКАТА ОТПОРНОСТ НА ЅИДОВИТЕ ОД ИСПОЛНАТА ВО АРМИРАНОБЕТОНСКИ РАМОВСКИ КОНСТРУКЦИИ”	“INNOVATIVE METHOD FOR IMPROVEMENT OF THE SEISMIC RESISTANCE OF THE MASONRY INFILL WALLS IN RC FRAME STRUCTURES”	проф. д-р Роберта Апостолска	09-128/1 од 03.02.2017